УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”- БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

# ГРУПНО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КАЈ ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2005- 2015 ГОДИНА

**Ивона Шушак**

**Докторска дисертација**

**С К О П Ј Е, 2019**

**М е н т о р:** проф. д-р Оливер Бачановиќ

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола

**Членови на Комисијата:**

Редовен професор д-р Цане Т. Мојаноски

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Редовен професор д-р Миодраг Лабовиќ

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Редовен професор д-р Пере Аслимоски

Факултет за туризам и угостителство – Охрид

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Вонреден професор д-р Весна Стефановска

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**Дата на одбрана:**

**Дата на промоција: ________________________________**

**БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

**ИЗЈАВА**

**од м-р Ивона Шушак**

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

**Изјавил:**

**м-р Ивона Шушак**

**Апстракт**

Здружувањето на луѓето заради остварување на заеднички цели е карактеристика на секој сектор од општествениот живот на човекот. Околноста дека со заеднички сили може да се постигне поголем ефект е основен мотив на здружувањето и во криминалната сфера. Но, здружувањето на поединците (соучесништво-concursus delinqventium), заради извршување на едно или повеќе кривични дела е особено опасна општествена појава.

Соучесништвото претставува не само посебен облик на извршување на кривичното дело, туку и посебен облик на криминалитет (групен криминалитет) кој е значително поопасен од поединечниот. Групниот криминалитет претставува, всушност, кумулација на криминалната енергија, односно злосторничката волја поради свесно и волево здружување во извршувањето на кривичното дело. Во теоријата на кривичното право е неспорно дека дело извршено од страна на повеќе лица го менува карактерот на општествената опасност на извршеното дело, бидејки соучесништвото го продлабочува проблемот со кривичното дело под одредени услови.

Еден од најзастапените феноменолошки белези на криминалитетот кај децата е токму групното извршување на кривичните дела, што подразбира учество на две или повеќе деца во превземањето на криминалното дејствие. Оваа карактеристика е нагласена токму кај овој вид сторители заради чувството на несигурност како составен елемент на личноста, потоа на потребата од поддршка при извршувањето на кривичното дело, како и мотивот да се биде забележан од другите како манифестација на неговата моќ и сила, божемна бестрашност и сл.

Од целокупното истражување спроведено со цел емпириски да се верификуваат хипотезите поставени во дисертацијата, се извлекуваат заклучоците дека криминалното здружување на децата во Република Македонија во наведениот период се реализира во помали групи од по неколку сторители, групите се формираат спонтано, со цел извршување на кривичното дело (при што доминираат тешки кражби) по чие завршување се распаѓаат како што и биле формирани. Засега не се регистрирани повеќебројни банди, со елементи на цврста хиерархиска организација и лидерство во групите, но тоа воопшто не треба да претставува околност поради која би требало оваа сложена проблематика да биде ставена надвор од интересот на надлежните.

Напротив, сево ова ова јасно зборува за сериозноста на здружувањето меѓу децата и нивното групно извршување на кривични дела. Заради тоа е неопходно да се превземат соодветни и на научни основи засновани мерки за спречување и сузбивање на ова општествено неприфатливо и опасно организирање на младите.

***Клучни зборови***: *соучесништво, група, деца, криминалитет, феноменолошки карактеристики,*

**Abstract**

Association of people in processes of fulfilling their common goals is a characteristic of every area of human's social life. The fact that together people can achieve a greater effect is the main motive why association is used in criminal sphere. But, we should never forget how dangerous "concursus delinquentium" is.

Co - offending is not only a special form of committing a crime, but also a special crime phenomenon (collective crime) which is much more dangerous than crimes committed by a single perpetrator. Collective crime is an accumulation of criminal energy, as a result of which a conscious and intentional association emerges. In criminal law's theory a crime committed by few persons changes the level of social danger, because co- offending deepens the problem of crimes.

One of the most common phenomenological signs of criminality among children is group commission of crime offences, which means the participation of two or more children when engaging in criminal action. This feature is emphasized among this type of perpetrators because of the sense of insecurity as an integral element of personality, then the need of support for committing the crime and the motive to be seen by others as a manifestation of his power and strength, feigned fearlessness etc.

From the overall research conducted in order to empirically verify the hypotheses set out in the dissertation, in the stated period it is concluded that children engage in criminal activities by forming groups of several perpetrators (usually two), the groups are spontaneously formed in order to commit a crime and it disbands after its exposure and initiation of criminal procedure. So far there haven't been registered many gangs with elements of strong hierarchical organization and leadership in the groups, but it should never be a mitigating circumstance, and this complex issue should always draw the interest of the authorities.

On the contrary, all of this clearly indicates children's criminal association and forming groups for criminal offending. Therefore it is necessary to take appropriate measures based on scientific grounds for prevention and suppression of this socially unacceptable and dangerous organizing of young people.

***Key words***: co - offending, groups, children, criminality, phenomenology

| **ПОПИС НА ТАБЕЛИ** |
|---|
| **Табела бр.1** Учество на криминалитетот кај децата во Република Македонија во вкупниот криминалитет, преку анализа на осудените лица за периодот од 2005-2015 година |
| **Табела бр.2** Коефициент на односите на полнолетни и деца сторители на кривични дела |
| **Табела бр.3** Осудени малолетни лица (базни и верижни индекси) |
| **Табела бр.4** Осудени малолетни лица според групите на кривични дела за периодот од 2005-2015 година |
| **Табела бр.5** Осудени деца за периодот од 2005-2015 година |
| **Табела бр.6** Осудени деца категоризирани според пол и возраст |
| **Табела бр.7** Осудени деца категоризирани според етничка припадност |
| **Табела бр.8** Осудени деца категоризирани според школската подготовка |
| **Табела бр.9** Возраст на сторители – Скопје |
| **Табела бр. 10** Број на членови во семејство кај сторители- Скопје |
| **Табела бр.11** Тип на семејство кај сторители –Скопје |
| **Табела бр.12** Рецидивизам кај сторители –Скопје |
| **Табела бр. 13** Материјална состојба кај сторители- Скопје |
| **Табела бр.14** Број на членови во групите- Скопје |
| **Табела бр.15** Структура на групите- Скопје |
| **Табела бр.16** Релација на варијбли возраст и структура на групата-Скопје |
| **Табела бр.17** Релација на варијабли материјална состојба и структура на групата- Скопје |
| **Табела бр.18** Релација на варијабли број на чл. во семејството и структура на групата-Скопје |
| **Табела бр. 19** Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата СГ-Скопје |
| **Табела бр. 20** ANOVA- критериумска варијабла СГ- Скопје |
| **Табела бр. 21** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата СГ- Скопје |
| **Табела бр. 22** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата СГ- Скопје |
| **Табела бр. 23** ANOVA- критериумска варијабла ВБЧГ- Скопје |
| **Табела бр. 24** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата ВБЧГ- Скопје |
| **Табела бр. 25** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата ВБЧГ- Скопје |
| **Табела бр. 26** Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата КД-Скопје |
| **Табела бр. 27** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата КД- Скопје |
| **Табела бр. 28** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата КД- Скопје |
| **Табела бр.29** Возраст на сторители – Битола |
| **Табела бр. 30** Број на членови во семејство кај сторители- Битола |
| **Табела бр.31** Тип на семејство кај сторители- Битола |
| **Табела бр. 32** Материјална состојба кај сторители- Битола |
| **Табела бр.33** Број на членови во групите- Битола |
| **Табела бр.34** Структура на групите- Битола |
| **Табела бр.35** Релација на варијабли возраст и структура на групата-Битола |
| **Табела бр.36** Релација на варијабли бр. на чл. во семејството и структура на групата-Битола |
| **Табела бр.37** Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата СГ- Битола |
| **Табела бр.38** ANOVA- критериумска варијабла СГ- Битола |
| **Табела бр.39** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата СГ- Битола |
| **Табела бр.40** Релација на варијабли возраст и број на членови во групата- Битола |
| **Табела бр.41** Релација на варијабли материјална состојба и бр. на членови во групата- Битола |
| **Табела бр.42** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата ВБЧГ- Битола |
| **Табела бр.43** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата ВБЧГ- Битола |

| |
|---|
| **Табела бр.44** Релација на варијабли кривично дело и структура на групата- Битола |
| **Табела бр.45** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата КД- Битола |
| **Табела бр.46** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата КД- Битола |
| **Табела бр. 47** Возраст на сторители – Штип |
| **Табела бр. 48** Број на членови во семејство кај сторители- Штип |
| **Табела бр.49** Тип на семејство кај сторители- Штип |
| **Табела бр. 50** Рецидивизам кај сторители-Штип |
| **Табела бр. 51** Материјална состојба кај сторители- Штип |
| **Табела бр.52** Број на членови во групите- Штип |
| **Табела бр.53** Структура на групите- Штип |
| **Табела бр.54** Релација на варијабли возраст и структура на групата-Штип |
| **Табела бр.55** Релација на варијабли структура на групата и број на членови во семејството/материјална состојба-Штип |
| **Табела бр.56** ANOVA- критериумска варијабла СГ- Штип |
| **Табела бр.57** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата СГ- Штип |
| **Табела бр.58** Релација на варијабли возраст и број на членови во групата- Штип |
| **Табела бр.59** Релација на варијабли семејство и број на членови во групата- Штип |
| **Табела бр.60** Релација на варијабли материјална состојба и број на членови во групата- Штип |
| **Табела бр.61** ANOVA- критериумска варијабла ВБЧГ- Штип |
| **Табела бр.62** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата ВБЧГ- Штип |
| **Табела бр.63** Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата КД- Штип |
| **Табела бр.64** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата КД- Штип |
| **Табела бр. 65** Возраст на сторители-Гостивар |
| **Табела бр.66** Број на членови во семејство кај сторители- Гостивар |
| **Табела бр.67** Тип на семејство кај сторители- Гостивар |
| **Табела бр.68** Материјална состојба на сторители-Гостивар |
| **Табела бр.69** Број на членови во групите-Гостивар |
| **Табела бр.70** Структура на групите-Гостивар |
| **Табела бр.71** Релација на варијабли возраст и структура на групата |
| **Табела бр.72** Релација на варијабли материјална состојба и структура на групата-Гостивар |
| **Табела бр.73** Релација на варијабли семејство и структура на групата-Гостивар |
| **Табела бр.74** Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата СГ-Гостивар |
| **Табела бр.75** ANOVA- критериумска варијабла СГ- Гостивар |
| **Табела бр.76** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата СГ- Гостивар |
| **Табела бр.77** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата СГ- Гостивар |
| **Табела бр.78** Релација на варијабли возраст и број на членови во групата-Гостивар |
| **Табела бр.79** Релација на варијабли семејство и број на членови во групата-Гостивар |
| **Табела бр.80** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата ВБЧГ- Гостивар |
| **Табела бр.81** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата ВБЧГ- Гостивар |
| **Табела бр.82** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата КД- Гостивар |
| **Табела бр.83** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата КД- Гостивар |
| **Табела бр.84** Возраст на сторители |
| **Табела бр.85** Број на членови во семејство кај сторители |
| **Табела бр.86** Тип на семејство кај сторители |
| **Табела бр.87** Рецидивизам кај сторители |
| **Табела бр.88** Материјална состојба на сторители |
| **Табела бр.89** Број на членови во групите |

| |
|---|
| **Табела бр.90** Структура на групите |
| **Табела бр.91** Релација на варијабли возраст и структура на групата |
| **Табела бр.92** Релација на варијабли структура на групата и семејство, материјална состојба и број на членови во семејството |
| **Табела бр.93** Вредности на Пирсоновиот $X^2$ во врска со варијаблата СГ |
| **Табела бр.94** Вредности на Пирсоновиот коефициент на корелација во врска со варијаблата СГ |
| **Табела бр.95** ANOVA- критериумска варијабла СГ |
| **Табела бр.96** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата СГ |
| **Табела бр.97** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата СГ |
| **Табела бр.98** Вредности на Пирсоновиот коефициент на корелација во врска со варијаблата ВБЧГ |
| **Табела бр.99** ANOVA- критериумска варијабла ВБЧГ |
| **Табела бр.100** Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата ВБЧГ |
| **Табела бр.101** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата ВБЧГ |
| **Табела бр.102** Вредности на Пирсоновиот коефициент на корелација во врска со варијаблата КД |
| **Табела бр.103** ANOVA- критериумска варијабла КД |
| **Табела бр.104** Корелации и важност на предикторите врз варијаблата КД |
| **Табела бр.105** Релација на варијабли рецидивизам и структура на групата |
| **Табела бр.106** Вредност на Пирсоновиот коефициент во врска со варијаблата рецидивизам |
| **Табела бр.107** Вредности на Пирсоновиот $X^2$ во врска со варијаблата рецидивизам |
| **Табела бр.108** Број на членови во групата според ставот на анкетираните |
| **ПОПИС НА ТАБЕЛИ ВО ПРИЛОЗИ** |
| **Табела бр. 1** Кривични дела кај сторители – Скопје |
| **Табела бр. 2** Изречени санкции кај сторители – Скопје |
| **Табела 3** Релација на варијабли семејство и структура на групата- Скопје |
| **Табела бр. 4** Релација на варијабли возраст и број на членови во групата-Скопје |
| **Табела бр.5** Релација на варијабли материјална состојба и број на чл. во групата-Скопје |
| **Табела бр.6** Релација на варијабли семејство и број на чл. во групата-Скопје |
| **Табела бр.7** Релација на варијабли кривично дело и структура на групата-Скопје |
| **Табела бр.8** Рецидивизам кај сторители- Битола |
| **Табела бр.9** Кривични дела кај сторители – Битола |
| **Табела бр. 10** Санкции кај сторители – Битола |
| **Табела бр.11** Релација на варијабли семејство и структура на групата-Битола |
| **Табела бр.12** Релација на варијабли материјална состојба и структура на групата-Битола |
| **Табела бр.13** Санкции кај сторители-Штип |
| **Табела бр.14** Кривични дела кај сторители- Штип |
| **Табела бр.15** Рецидивизам кај сторители-Гостивар |
| **Табела бр. 16** Санкции кај сторители-Гостивар |
| **Табела бр. 17** Кривични дела кај сторители-Гостивар |
| **Табела бр.18** Релација на варијабли членови во семејството и структура на групата-Гостивар |
| **Табела бр.19** Релација на варијабли материјална состојба и број на членови во групата-Гостивар |
| **Табела бр.20** Релација на варијабли кривично дело структура на групата-Гостивар |
| **Табела бр. 21** Санкции кај сторители |
| **Табела бр.22** Кривични дела кај сторители |
| **Табела бр.23** Релација на варијабли материјална состојба и семејство и број на членови во групата |
| **ПОПИС НА ГРАФИКОНИ** |
| **Графикон бр.1** Базен индекс на движење на кривичните дела против имотот |
| **Графикон бр.2** Процентуално учество на насилничкиот криминалитет во вкупниот |

| |
|---|
| криминалитет кај децата |
| **Графикон бр.3** Приказ на нивото на образование на сторителите |
| **Графикон бр.4** Вкрстување на варијаблите возраст-соучесништво- Скопје |
| **Графикон бр.5** Вкрстување на варијаблите возраст-соучесништво-Битола |
| **Графикон бр.6** Вкрстување на варијаблите возраст-соучесништво-Штип |
| **Графикон бр.7** Вкрстување на варијаблите возраст и соучесништво-Гостивар |
| **Графикон бр.8** Релација на варијабли возраст и структура на групата |
| **Графикон бр.9** Однос возраст-вкупен број на членови во групата |
| **Графикон бр.10** Работна позиција на испитаниците |
| **Графикон бр.11** Работен стаж на испитаниците |
| **Графикон бр.12** Интензитет на групно извршување на кривичните дела |


**Листа на кратенки:**

САД – Соединети Американски Држави

ООН – Организација на Обединетите нации

МВР- Министерство за внатрешни работи

СГ- Структура на групата

ВБЧГ- Вкупен број на членови во групата

КД- Кривично дело

КЗ- Кривичен законик

КЗМ- Кривичен законик на Република Македонија

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| **ВОВЕД** | |
| 1. Формулација на проблемот | 1 |
| 2. Определување на предметот на научно истражување | 4 |
| 2.1. Теоретско определување на предметот | 4 |
| 2.2. Појмовно категоријален апарат | 9 |
| 2.3. Операционално определување на предметот | 11 |
| 2.4. Дисциплинарно определување на предметот | 16 |
| 2.5. Временско и просторно определување на предметот | 16 |
| 3. Цел на истражувањето | 17 |
| 4. Хипотези | 18 |
| 5. Начин на истражување (методи и техники) | 19 |
| 6. Научна и општествена оправданост | 21 |
| **I. ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ КАЈ ДЕЦАТА** | |
| 1. Дефинирање на поимот на делинквенцијата кај децата (малолетничка делинквенција) | 24 |
| 1.1. Поим за дете и неговиот посебен статус | 25 |
| 1.2. Поим за делинквенција и класификација на делинквентно однесување | 33 |
| 2. Појмовно одредување на криминалитетот кај децата | 37 |
| 3. Етиологија на криминалитетот кај децата | 38 |
| 3.1. Индивидуални ризик фактори | 39 |
| 3.2. Ризик фактори во семејното опкружување | 40 |
| 3.3. Ризик фактори на училишното опкружување | 44 |
| 3.4. Ризик фактори поврзани со врсниците | 46 |
| 3.5. Масовните медиуми како ризик фактор | 47 |
| 3.6. Слободното време како ризик фактор | 48 |
| 3.7. Ризични фактори во поширокиот општествен контекст | 50 |
| 4. Феноменологија на криминалитетот кај децата | 51 |
| 4.1.Општа динамика, обем и структура на криминалитетот кај децата | 52 |
| 4.2.Социодемогравски карактеристики на децата како сторители на кривични дела | 58 |

| | |
|---|---|
| **II. КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ГРУПНОТО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА** | |
| 1. Основни проблеми на учеството на повеќе лица во казненото дело | 64 |
| 2. Развој на соучесништвото | 65 |
| 3. Поим и правната природа на соучесништвото | 69 |
| 4. Правна природа на соучесништвото според нашето кривично право | 74 |
| 5. Форми на соучесништво | 76 |
| 5.1. Соизвршителство | 76 |
| 5.2. Поттикнување | 81 |
| 5.3. Помагање | 84 |
| **III. КРИМИНОЛОШКИ ТЕОРИИ ВО ВРСКА СО ГРУПНОТО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КАЈ ДЕЦАТА** | |
| 1. Теорија на кривата на криминалот и возраста - AGE CRIME CURVE THEORY | 89 |
| 2. Теорија на рутински активности- ROUTINE ACTIVITY THEORY | 97 |
| 2.1. Пристапот на рутинските активности групното извршување на кривичните дела кај децата | 102 |
| 3. Теорија на диференцијална асоцијација- DIFFERENTIAL ASSOCIATION THEORY | 106 |
| 3.1.Диференцијална асоцијација при групно извршување на кривичните дела | 112 |
| 4. Теорија на социјално учење- SOCIAL LEARNING THEORY | 114 |
| 4.1.Теоријата на социјално учење и групниот криминалитет кај децата | 122 |
| 5. Генерална теорија на напнатост- GENERAL STRAIN THEORY | 124 |
| 5.1.Теоријата на напнатост во контекст на криминалитетот кај децата и нивното групирање | 131 |
| 6. Теорија на социјална дезорганизација - SOCIAL DESORGANISATION THEORY | 133 |
| 6.1. Теоријата на социјална дезорганизација во контекст на криминалитетот кај децата и нивното групирање | 138 |
| **IV. ГРУПНОТО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КАКО КАРАКТЕРИСТИКА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ КАЈ ДЕЦАТА** | |
| 1. Актуелност на проблематиката, видови и типови на групирања | 141 |
| 2. Претходни искуства во врска со предметот на истражување | 147 |

| | |
|---|---|
| 3. Спецификација на истражувањето и проблеми при неговата реализација | 150 |
| I. Анализа на правосилни пресуди | |
| III. Анкетирање на лица вработени во Центрите за социјална работа | |
| V. Интервју со штитеници и вработени во Воспитно поправен дом | |
| 4.Резултати од спроведеното истражување и дискусија | 154 |
| 4.1. Резултати од спроведено истражување пред основните судови | 154 |
| 4.1.1. Резултати од спроведено истражување пред Основен суд- Скопје I Скопје | 154 |
| 4.1.2. Резултати од спроведено истражување пред Основен суд- Битола | 164 |
| 4.1.3. Резултати од спроведено истражување пред Основен суд- Штип | 172 |
| 4.1.4. Резултати од спроведено истражување пред Основен суд- Гостивар | 180 |
| 4.1.5. Сумарни резултати од спроведеното истражување пред судовите | 188 |
| 4.2. Резултати од спроведеното анкетирање на лица вработени во Центрите за социјална работа | 198 |
| 4.3. Резултати од спроведените интервјуа со штитеници и вработени во Воспитно поправен дом | 202 |
| **ЗАКЛУЧОК** | 206 |
| **ПРЕДЛОГ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | 214 |
| **КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** | 217 |
| **ПРИЛОЗИ**: | 229 |
| 1. Табели | |
| 3. Табела за евиденција на податоци во основните судови | |
| 5. Анкетен прашалник | |
| 7. Сет истражувачки прашања-Воспитно поправен дом | |

## ВОВЕД

### 1. Формулација на проблемот

Од најдревните времиња кога животните процеси и меѓусебните односи меѓу луѓето се остварувале во слобода, еднаквост, рамноправност, без наметнување еден над другиот со притисоци и насилство, од времето на полна зависност на човекот од природата, па се до денес кога човекот е на пат да ги совлада и потчини природните сили и закони на своите потреби, да ги спознае спротивностите на општествениот развиток и да пронаоѓа начини за нивно разрешување, останува отворено едно од централните прашања на човечките односи. Тоа е: како и на кој начин да се разрешат спротивностите помеѓу индивидуалните и општествените односи и интереси, како добрата и вредностите што ги создава човекот да се заштитат од неправото, недозволеното. Луѓето што ги напаѓаат тие приватни и општествени вредности и добра, што немаат поведение во сообразност со општоприфатените вредности и општоважечките норми, што имаат криминално поведение, како да се присилат да бидат "добри", да постапуваат во согласност со владеачките општествени норми.[1] Прашањето станува уште покомплексно кога се однесува на најмладите членови на општеството посебно поради фактот што секое општество, вклучувајќи го и нашето што мисли за својата иднина и перспективен развој, за зачувувањето на создадените општествени вредности, добра и традиции и на нивното натамошно унапредување, на своето опстојување и живеење, сето тоа го планира и прогнозира сметајќи и потпирајќи се врз она што ја продолжува неговата егзистенција, врз младата генерација.[2]

Неприфатливото однесување на младите од секогаш привлекувало посебно внимание на општеството. Историски оваа појава е присутна уште во најнеразвиените општества, а докази за тоа наоѓаме како на остатоците од материјалната култура, така и во сведочењата на древните мислители.[3] Со развојот на општеството, оваа појава

---

[1] Арнаудовски, Љ. (1981), *Малолетничко престапништво-предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81*, Скопје, стр.3

[2] Оттука и научно верификуваната поставка во криминологијата, според која "малолетничкиот криминалитет во дадено општество е најдобар, најсигурен индикатор за тоа каква е положбата на младата генерација во тоа општество и каков е односот на тоа општество кон сопствената генерација". (Арнаудовски, Љ. (2007), *Општ теоретски пристап кон новите состојби на малолетничкиот криминалитет, Студија-Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република* Македонија, Скопје, стр.12)

[3] Во литературата на малолетничкото престапништво се споменуваат зборовите на еден египедски свештеник кој уште пред 6000 години напишал на зидовите на еден гроб: "Нашата земја се дегенерира

претрпувала одредени модификации и промени и тоа како на феноменолошки - појавен план, така и во поглед на причините и условите што ја предизвикуваат и овозможуваат. Гледано во целина, правецот на овие промени се движел кон се позачестено и подрастично манифестирање на ова однесување. Тоа, во основа, е условено од се поголемата сложеност на општествениот живот, а со тоа и од се посилното и помногубројното манифестирање на влијанието на околностите, кои младите ги поттикнуваат кон такво однесување. [4]

Како резултат на современиот научен, технички и технолошки напредок, денешните млади генерации доживеаја такви измени во начинот на живеење и мислење, за кратко време, какви што не доживеала можеби ниту една претходна генерација. Настанаа големи структурни промени во процесот на технологизацијата, во комуникациите, се зголеми подвижноста на населението, се оствари висок степен на информираност и влијание.[5] Сите овие процеси целосно го изменија начинот на живеење и филозофијата на животот. Се срушија старите односи и норми создадени во традиционалните односи бидејќи тие повеќе не му одговараат на новиот начин на живеење.[6] Техниката ги натера луѓето да живеат побрзо и подинамично, а младите не покажуваат биолошки, психолошки и интелектуални капацитети за така брза адаптација и прифаќање на новото. Во тие нови и изменети услови на живеење младата генерација е изложена на најголеми промени во семејството, во потесната средина, во образованието и подготвувањето за живот, во оспособувањето да се прифатат одговорностите што ги наметнува животот.

Во рамките на сите овие општествени детерминанти што ја одредуваат положбата на младиот човек во современото општество нужно е да се сфати дека нивното значење и влијание може да се објасни во контекст со личноста на младиот човек и неговата

---

во овие последни денови. Постојат знаци дека светот дошол до конец, бидејќи децата веќе не ги слушаат своите родители" (Тодоровић, А. (1964) *Преступништво код омладине*, Документи данашњице, Нова серија Год. IV, бр.88, Београд, стр. 3)

[4] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције*, Naučna knjiga, Београд, стр.17

[5] Модерните средства за комуникација доживеаја таков развој што го скратија просторот на начин на кој младите можат да се запознаваат со се што се случува во светот во секое време и на секое место. Но современите медиуми што на младите им се достапни и до висок степен комерцијализирани, индоктринирани и со различни содржини што често не можат и да се контролираат, врз младата генерација вршат и многу негативни влијанија во нејзиното правилно формирање и воспитување.

[6] Тоа посебно поради фактот што од една страна младата генерација се покажува чуствителна на ритамот на животот и во името на напредокот таа сака да се емаципира од преживеаните, традиционални институции и систем на вредности и на тој начин доаѓа до продлабочување на јазот помеѓу генерациите.

биопсихолошка структура.[7] Нивното значење е во таа насока што на оваа личност тие влијаат на поинаков начин отколку што тоа е со возрасните. Кај младиот човек во овој период доаѓа до длабоки промени во структурата на личноста на физички и душевен план, кои оставаат одраз врз самата личност и нејзиното однесување. Младите се личности со низа својства кои може да имаат криминогено значење. Тие имаат фантастична глад за доживување која е во голема несразмерност со надворешните и внатрешните можности сето тоа да се задоволи на допуштен начин, вишок на телесни сили кои бараат активирање но без да постојат сопирачки како кај душевно и морално созреан човек, силна потреба за истакнување, преголемо нагласување на сопственото "јас", стремеж сам се да оствари и спротиставување на секоја принуда за авторитет што е во спротивност со внатрешната несигурност и можноста лесно да се падне под влијание, силно влијание на нагоните врз однесувањето, богатство на фантазијата, разузданост, палавост и непромисленост, непостојаност, силни полни желби, остра спротивност помеѓу желбите и можностите, меѓу она што се сака и што се смее.[8]

Тргнувајќи од претходните излагања за положбата на младиот човек во современото општество, како и од биопсихолошките карактеристики кои младината ја чинат нестабилна, несигурна, секогаш готова да внесува измени и да се стреми кон нешто ново, да обезбедува движење на општеството напред, отсуството на можности да ги изрази сите овие свои карактеристики има за последица излезите да се бараат и по патиштата и со средства и методи кои понекогаш и не се во согласност со важечките општествени норми и вредности. Овие состојби не само што го одредуваат, туку и влијаат и врз начините и облиците низ кои се изразува она поведение на младите кое го одредуваме како асоцијално, девијантно или криминално.

Феноменолошката страна на неадекватното однесување на младите заслужува посебно внимание, бидејќи само преку неа може да се согледа сериозноста и тежината на овој социјален проблем.[9] Феноменологијата се занимава со проучување на појавните

---

[7] Во објаснувањето на феноменот на асоцијалното, антисоцијалното и делинквентното однесување, кое воопштено се нарекува општествено неприфатливо однесување, посебно внимание покрај социјалните, културните чинители и стекот на околности му се посветува на особините на личноста. Општествено неприфатливото однесување не може да сосема да се објасни само преку учинокот на околината, како што често знаат да истакнат преставниците на некои од социолошките теоретски ориентации (Singer, M., Todorovič-Mikšaj, Lj. (1993), *Delinkvencija mladih-drugo izdanje*, Nakladni zavod, Zagreb, стр.7)

[8] Арнаудовски, Љ. (1983), *Малолетничкиот криминалитет во СР Македонија 1960-1974 год.*, Скопје, стр.25

[9] Како што и погоре веќе споменавме афирмирањето на овој проблем не е е воопшто нов, но сите овие претходно изнесени аспекти имаа и имаат за последица многу брз и динамичен пораст во речиси сите

облици на извршените кривични дела и со социјално- индивидуалните својства на нивните извршители, односно е рамна на дескриптивно опишување на соодветниот тип на криминал.[10] Оттука познавањето на обемот, но и на другите феноменолошки карактеристики се јавува како предуслов за негово потполно етиолошко спознавање и со тоа има посебно значење за адекватно превземање на мерки за превенција и ресоцијализација.

## 2. Предмет на истражувањето

### 2.1. Теоретско определување на предметот на истражувањето

Кога зборуваме за поимот на малолетничката делинквенција овој поим во литературата и законодавствата на определени земји опфаќа широк спектар на разни однесувања– од запуштеност до криминално однесување. Во тој контекст се употребуваат мноштво, често и неадекватни и неприфатливи поими и термини за означување на разни девијации и однесувања на младите, како на пример: запуштени млади, општествено неприлагодени млади, асоцијални, делинквенти, хулигани, силеџии, малолетни престапници итн.[11]

Прашањето што всушност се подразбира под малолетничката делинквенција не е потполно објаснето во релевантната литература која се занимава со овој проблем. Во криминолошка литература се издвојуваат три групи на сфаќања. Првата група инсистира на се поголемо *проширување на поимот на малолетничката делинквенција* која ќе ги опфати сите девијации на однесувањето на младите луѓе, како што се: воспитна запуштеност во најширока смисла на зборот, скитање, бегање од училиште и од дома, пушење, и слични други манифестации кои често излегуваат од рамката на законското лимитирање. Со тоа се сака овој поим да добие една особено широка и богата појмовна содржина која ќе биде адекватна на разните облици на девијантно однесување на младата популација. При тоа се повеќе се употребува терминот делинквенција за кој се смета дека е во состојба адекватно да ги изрази сите тие облици на негативни девијации во однесувањето на малолетните лица. Со тој поим се сака да

---

земји во светот па и кај нас. Криминалитетот кај децата се наметна на општествата како сериозен проблем не само поради брзиот растеж (преку постојаното зголемување на неговото учество во вкупниот криминалитет и на зголемување на квотата на криминалитетот кај децата), туку и поради облиците низ кои се изразува по вид, тежина и опфатеност. Со тоа оваа појава со право се сместува помеѓу најтешките социјални проблеми на современите општества.

[10] Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.417

[11] Љубичиќ, С., *Малолетнички криминалитет*, Култура полиса, Нови Сад, http://kpolisa.com/KP8-9-10/Pdf/kp08-VI-1-StankoLjubicic.pdf, стр.333

се опфати однесувањето кое е својствено за младите, со кое се кршат специфични норми кои дозволуваат примена на легална акција против нивните извршители, било да станува збор за поединци или групи, но и такви облици како (бегање од училиште, вандализам и сл.) кои не се јавуваат кај повозрасните лица.[12] Карактеристична во овој контекст е дефиницијата на А.Тодоровиќ кој под овој поим подразбира "таков вид на девијантно однесување на младите од определена возраст со кое се кршат легалните норми, како и моралните норми на општествената средина".[13] Во таа смисла е формулирана и дефиницијата на Јашовиќ кој вели дека "Престапничкото поведение на младите е секое поведение на поединец или група на млади кое е противопштествено, односно општествено неприфатливо, т.е. со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кои, кога тоа е општествено видливо предизвикуваат спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општетствените вредности и добра како и самите актери на тоа поведение."[14] Од друга страна, се смета дека овој поим е адекватен за изразување на општоприфатеното становиште: малолетниците кои извршиле кривично дело не треба да се сметаат како криминалци, туку како млади спрема кои треба, со оглед на нивната возраст, да се применат превоспитни третмани и мерки." [15]

Другата група на сфаќања, под поимот малолетничката делинквенција ги подразбира кривичните дела сторени од малолетниците и сите оние однесувања кои се во судир со позитивно-правните прописи на одредено општество. [16] Па така според овој пристап делинквенција претставува вршење не само на кривични дела, прекршоци, туку и дисциплински престапи и останати правно регулирани поведенија.[17] Според тоа, кога би се зборувало за малолетничка делинквенција тоа би значело дека

---

[12] Милутиновић,М. (1971), *Основни феноменолошки и етиолошки проблеми омладинске делинквенције, Зборник чланака- Етиологија малолетничког преступништва*, Београд , стр.55

[13] Тодоровић, А. (1971), *Узорци малолетничког преступништва, Институт за криминолошка и криминалистичка истраживања*, Београд, стр.22

[14] Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.589

[15] Milutinović, M. (1976), *Kriminologija sa osnovama kriminalne politike I penologije drugo dopunjeno izdanje,* Savremena administracija, Beograd, стр.205

[16] Ваквиот пристап е споменат и на вториот конгрес на ООН за превенција од криминал и третманот на сторителите каде се нагласува дека при формулирањето на стандардна дефиниција за тоа што треба да се смета под терминот за малолетничка делинквенција во секоја земја, се препорачува: а) значењето на терминот малолетничка делинквенција треба да биде ограничен колку што е можно повеќе само на повреди на кривичното право, и (б) дека дури и за заштита, во поимот може да се сместат и конкретни прекршоци (кои предвидуваат казни за мали нерегуларности или неадекватно однесување на малолетниците), но ако за нив нема да бидат гонети возрасни лица, тие не треба да влезат под тој поим. (Kvareceus, W. (1964), *Juvenile delinquency- a problem for the modern world,* Unesko, стр.13)

[17] Вакви одредишта се прифатени во САД, во која поимот се проширува и на прекршувањето на месни и градски прописи.

треба да се занимаваме со разновидни дела на лица чија единствена заедничка точка е определената возраст.[18]

Третата група, под малолетничка делинквенција подразбира такво однесување кое за последица има кршење на норми на кривичното право, односно вршење на кривични дела. Ваквите сфаќања укажуваат дека не постои суштинска разлика помеѓу криминалитетот на возрасните и криминалитетот на малолетниците во поглед на дејствието на извршување и последицата, па според тоа и не треба ни да се разликуваат.[19] Државите кои го прифаќаат ова становиште, не даваат посебна дефиниција на малолетничката делинквенција, туку во рамките на своите законски одредби укажуваат на различната материјална и процесно правна положба на малолетниците[20].

Во криминолошката литература често се среќава и поделбата на општествено неприлагодените млади на предделинквенти и делинквенти, која поделба во основа се однесува на законската лимитираност. Делинквент е оној малолетник кој извршил некое дејствие (сторување или несторување) кое е инкриминирано според позитивно-правните прописи на материјалното казнено право, а предделинквент е малолетник кој не извршил кривично дело во смисла на законска инкриминација, но неговото однесување почнува да добива атипичен карактер и може да одведе во делинквентна активност, доколку истиот не биде подложен на соодветни третмани на превоспитување. Станува збор за лица кои имаат извесни проблеми, но сеуште не реализирале деликтна активност. [21]

Тргнувајки од аспект на криминалната политика, поимот малолетнички делинквенција мора да биде јасно и прецизно дефиниран. Неговата јасност е од посебно значење за одредувањето на мерки на криминалната политика, а донекаде и ресоцијализација, па според тоа мора да биде лишена од секаква дифузност и

---

[18] Игњатовић, Ђ. (2015), *Криминалитет малолетника- стара тема и нове дилеме, Зборник: Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела и прекршаја*, Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Београд, стр.20

[19] Општо земено, малолетничката делинквенција законски се дефинира *како секое дело што, кога би било сторено од страна на возрасно лице, би претставувало кривично дело. (*Томпсон, В., Бинам, Џ. (2014), *Малолетничка делинквенција- социолошки пристап,* Арс- ламина публикации, стр.9*)*

[20] Така и Законот за правда за децата предвидува дека истиот го уредува постапувањето со деца во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци. (Закон за правда за децата, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.148 од 29.10.2013 година, чл.1)

[21] Milutinović, M. (1976), Kriminologija *sa osnovama kriminalne politike i penologije drugo dopunjeno izdanje,* Savremena administracija, Beograd, стр.205

релативност. [22] Па гледано од овој аспект, а и за потребите на оваа дисертација, под тој поим се подразбираат само оние видови на противправно однесување кои се карактеризираат со кршење на кривично-правните норми, инкриминирани како опасни дела за кои со закон согласно тежината на тие дела, се пропишува соодветна санкција.[23] Оттука поимот малолетничката делинквенција ќе го сведеме на малолетнички криминалитет, односно криминалитет кај децата, и **на таа основа *криминалитетот кај децата*[24] ќе се одредува како негативна, динамична општествена појава која претставува активност на едно или повеќе лица во одреден период и простор, условена од општествените односи и инкриминирана со законските прописи, за чие непочитување и кршење следува и адекватна кривична санкција.[25]**

Криминалитетот кај децата претставува сериозен општествен проблем. Младите се почесто се вклучуваат во криминална активност и на тој начин своето криминално однесување го прифаќаат како животна определба. Веќе неброен број пати е нагласувано дека криминалитетот кај децата заслужува потполно внимание од аспект на рационалната политика за сузбивање на криминалитетот бидејќи со бројни криминолошки истражувања се дошло до научно верификувани податоци дека од еден мал дел од младата делинквентна популација се регрутираат понатаму рецидивисти, повеќекратни рецидивисти и делинквенти од навика, кои го сочинуваат »најтврдокорниот дел на секоја криминална популација, отпорен на сите мерки на пенолошки третман«[26]. Доколку тој проблем биде разбран од заедницата во рамки на сета негова сериозност, тежина, опасност, долгорочни последици итн., дотолку е

---

[22] Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.589

[23] Ваква констатација можеме да извлечеме и од анализа на точка 2.2.б. од Пекиншките правила која го дефинира прекршокот како секое однесување кое е казниво со закон според соодветните правни системи. Оттука недвосмислено се упатува на стеснувањето на поимот на малолетничката делинквенција како модел кој го применуваат овие правила. (United nations Standard Minimal Rules for the Adimistration of Juvenile Justice ("The Bejiing Rules"), General Asembly resolution 40/30, 29 Novembar 1985)

[24] Во сообразност со членот 1 на Конвенцијата за правата на детето (Детето е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на животот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано). Нашиот Закон за правда на децата ***терминот малолетник го замени со терминот дете*** (Дете е секое лице на возраст до 18 години).

[25] Законот за правдата на децата исто така тргнува од рестриктивниот поим на делинквенција кој ќе го сочинуваат само оние дејствија кои со закон се предвидени како казнени дела или прекршоци, а не и други противправни или пределиктни ситуации, па пропишува примена на своите одредби исклучиво спрема деца и деца во ризик кои сториле некое кривично дело или прекршок. И професорите Спасески, Алсимовски и Бачановиќ под поимот на малолетничката делинквенција го подразбираат вкупниот криминал (кривични дела и прекршоци), во државата, кои се сторени од страна на лице кое е на возраст до 18 години (Спасески, Ј., Аслимоски, П., Бачановиќ, О. (2011), *Педагошка социопатологија*, Битола)

[26] Singer, M. (1996), *Kriminologija-drugo izdanje,* Nakladni zavod Globus, Zagreb, стр.193

поголема можноста општествената заедница да се организира, мобилизира и да постигне поголема ефикасност во превенирањето и контролата на овој општествено-негативен феномен.

Феноменолошката проблематика на криминалитетот кај децата претставува предмет на интересирање на низа регионални и пошироки научни и стручни собири. Реализирани се и низа емпириски истражувања кои внесуваат светлина во оваа проблематика, но и покрај споменатите напори, може со сигурност да се каже дека не е остварен комплетен увид во обемот и другите феноменолошки карактеристики на оваа појава. Проблемот се појавува во тоа што за обемот и општествената опасност на криминалитетот кај децата, најчесто кај нас се суди врз основа на квантитативни податоци за осудените лица. На основа на промена во тие податоци се изведуваат заклучоци за порастот или опаѓањето на криминалитетот кај децата и се изведуваат заклучоци за поголемиот или помалиот степен на негова општествена опасност. Меѓутоа, не е тешко да се утврди дека "овие критериуми не се егзактно пресудни во таа смисла". "Тие не се"– како што истакнува професорот М.Милутиновиќ - "сигурни дури ни за оцена на обемот на делинквенција, а не да зборуваме за степенот на опасност кој се манифестира преку извршените кривични дела или девијантното однесување од страна на определени млади луѓе". [27]

За веродостојно заклучување за овие и други феноменолошки својства на криминалитетот, потребни се не само повеќе квантитативни показатели, туку и нивно изучување од различни аспекти и релации. Квантитативните показатели мора да бидат интерпретирани и од агол на нивната квалитативна страна. Попрецизно кажано, потполната анализа на феноменолошките димензии на криминалитетот кај децата треба подлабоко, покрај согледувањето на обемот и динамиката, да се продлабочи во структурните карактеристики на извршените кривични дела и нивните извршители, особено да ги согледа некои посебни својства на овој криминалитет, како што се **здружувањето за вршење кривични дела**, рецидивизмот и сл., **кои се особено индикативни во смисла на неговата општествена опасност.** За да се воочат одредени промени и да се утврди општата динамика и внатрешната структурна тенденција, потребно е и да се следат соодветните индикатори во релативно подолг

[27] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције,* Naučna knjiga, Београд, стр.101

временски период. Дури на основа на таква анализа можат да бидат извлечени релевантни заклучоци.

Токму затоа, предмет на истражување на оваа докторска дисертација во поширока смисла ќе биде криминалитетот кај децата во Република Македонија во периодот од 2005 до 2015 година. Вака одредениот временски период овозможува доволно простор да се согледаат карактеристиките на криминалитетот кај децата, како од аспект на измените во законодавството[28], така и од аспект на влијанието на општите општествено-економски и политички движења, процеси и промени во нашето општество. Преку комбинација на истражувачки методи ќе се проанализира обемот, динамиката, структурата на криминалитетот кај децата и структуралните промени кај испитуваната појава. *Особено внимание ќе биде посветено на групното извршување на кривичните дела како значајна карактеристика на криминалитетот кај децата.*

### 2.2. Појмовно категоријален апарат

**Феноменологија е** наука за појавите, наука за природните и другите појави, независно од искуството, опишување и анализирање на појавите во едно одредено порачје. Или како што Ханс Грос ја дефинира, феноменологијата се занимава со изучување на надворешните симптоми, на кои влијаат внатрешните настани.

**Феноменологија на криминалитетот или криминална феноменологија** е наука за манифестацијата на кривичното дело. Таа претставува подрачје на криминологијата како наука и се занимава со појавните облици, конкретните и општите манифестации на криминалитетот и делинквенцијата во општествената реалност, со обемот, динамиката и структурата и структуралните промени, со распространетоста на криминалитетот и делинквенцијата и нивните карактеристики што се израз на времето и просторот, со квалитативни и кванититативните карактеристики што произлегуваат од неговиот карактер на индивидуална и општествена појава, со штетните последици и

[28] Донесувањето на Законот за правдата на децата ("*Службен весник на Република Македонија*" бр.148 од 29.10.2013 година), со чие донесување, вон сила се стави Законот за малолетничка правда ("*Службен весник на Република Македонија*" бр. 87 од 12.07.2007 година). Што со однесува до фактот дека е донесен нов закон, битно е да се подвлече дека тоа значително не ги менува состојбите особено во поглед на кривичноправната положба на децата. Претходното донесување на Законот за малолетничка правда, го укина пак законското нормирање на оваа проблематика во рамките на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка. Законот за малолетничка правда беше поставен врз доминантните принципи за положбата на малолетникот во казненото право врз концептот "4Д".

жртвата и сето тоа како потреба да се стекнат сознанија за објаснување на нивната етиологија.[29]

**Феноменолошки карактеристики** – Обем, структура, динамика, појавни облици...

**Карактеристика**- 1. Суштествено својство, главна, суштинска црта, особина на некое лице, предмет, појава и сл. 2. Опис на важните, основни својства на некого или на нешто; оцена, суд за некого или за нешто.

**Криминалитет кај децата**- негативна, динамична општествена појава која претставува активност на едно или повеќе лица во одреден период и простор, условена од општествените односи и инкриминирана со законските прописи, за чие непочитување и кршење следува и адекватна кривична санкција.

**Дете**

- е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на животот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано (Конвенцијата за правата на детето, чл. 1)
- е секое лице на возраст до 18 години (Закон за правда на децата, чл. 19)[30]

**Република Македонија** - држава сместена на Балканскиот Полуостров. Земјата е една од наследничките држави на поранешната Југославија, од која прогласи независност во 1991 година. Таа е суверена, самостојна, демократска и социјална држава.[31]

---

[29] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.244

[30] Нашиот закон прави и дополнителна спецификација врз основа на возраста и видот на кривичното дело кое го превзело детето и тоа : **дете во ризик** е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело; **дете во ризик до 14 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието наполнило седум, а не наполнило 14 години; **дете во ризик од 14 до 18 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието наполнило 14, а не наполнило 18 години; **дете во судир со закон од 14 до 16 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието наполнило 14, а не наполнило 16 години; **дете во судир со закон над 16 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години. (Закон за правдата на децата, "*Службен весник на Република Македонија*" бр.148 од 29.10.2013 година).

[31] Со амандманот XXXIII на Уставот доаѓа до промена на уставното име од "Република Македонија" во "Република Северна Македонија" ("*Службен весник на Република Македонија"* бр.6 од 12.01.2019

**Кривично дело** – Противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.[32]

**Групно извршување на кривичните дела –** (плуралитет на сторители) – Подразбира учество на две или повеќе лица во извршувањето на едно казнено дело (concursus plurium in idem deluctrum).[33]

**Група** - Под група, банда или друго злосторничко здружение или организација се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кој број влегува и организаторот на здружението.[34] Бидејќи во текот на истражувањето ќе се укаже дека кај криминалитетот на децата не постои класично организирано криминално делување[35], авторот е на став, дека во конкретното истражување и двајца сторители ќе се третираат како група, особено поради фактот што кривично правно соучесништвото постои и кога **две** или повеќе лица заеднички извршат кривично дело.[36]

### 2.3. Операционално определување на предметот

Операционалното определување на предметот ги опфаќа причините, условите, учесниците, мотивите, интересите, целите, активностите.

Причините и условите кои му погодуваат на криминалитетот кај децата се разновидни и мошне комплексни. Во основа тие треба да се бараат во неповолните социјални, семејни и други животни услови, недоследности во воспитувањето и образованието, запуштеноста на децата од страна на родителите, недоволната ангажираност во училиштето и другите воспитно образовни институции и

---

година). Со оглед дека во анализираниот период (2005-2015 година) во функција е сеуште терминот Република Македонија, истиот ќе биде користен понатаму во текстот.

[32] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година , чл.7

[33] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казеното дело*, Скопје, стр.7

[34] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.122 ст.28

[35] Според професорот Лабовиќ, **организирано криминално делување** имаме кај н*ајмалку три или повеќе лица*, кои постапуваат според одреден (не)формален договор/план за поделба на улогите. (Лабовиќ, М., Николовски, М. (2010), *Организиран криминал и корупција*, Факултет за безбедност, Скопје, стр.66)

[36] На сличен став е и Кајзер кој смета дека првенствена позиција кај заедничката делинквенција на децата го оправдува истакнувањето на поврзувањето и во **двојки** во овде концепираните тематски рамки, макар што за "група" криминолошки може да се зборува дури кај соучесништво од повеќе од две лица. (Кајзер, Г. (1996), *Криминологија-вовед во основите,* Александрија, Скопје, стр.239)

општествени организации што опфаќаат млади. Во услови на недоволно воспитување, насочување и укажување на вистинските вредности на човекот и отсуството на адекватно ангажирање на младите во слободното време, слабите можности за вработување или друго работно ангажирање се создаваат реални можности тие да станат престапници или криминалци.

Постои уверување дека да се биде млад никогаш не било лесно. Но денеска е потешко од секогаш. Конфузијата, сложеноста и ирационалноста на современото урбано време му нудат на младите малку цврсти основи за разбирање на работите кои ги опкружуваат и нивното значење.[37] И токму таа збунетост на младиот човек, како индивидуа која се наоѓа на крстопат помеѓу светот на возрасните, кон кој толку се стремат, и светот на детството, од кој толку силно сакаат да се одвојат, може да ги одведе по патот на криминалитетот. Адолесцентите[38] сосема поинаку реагираат на промените во светот околу себе токму поради недовршениот развој на својата личност и немањето доволно искуство да се соочат со тие промени и на нив да се прилагодат на прифатлив начин. Оваа неприлагоденост резултира со делинквентно, па и криминално однесување.

Прашањето за појавните облици на криминалитетот кај децата претставува тема која завзема се поголем простор. Тоа е условено од околноста што е во прашање таква појава во редовите на младата генерација која треба ефикасно да се спречува, што таа појава се наоѓа во пораст во низа земји и што оваа појава претставува најчестиот резервоар од кој се регрутираат криминалци, па оттука кон превентивните акции против овој криминалитет се концентрирани може да се рече сите земји во светот.

Кога се зборува за овој феномен често се укажува не само на зголемувањето, туку и на новите облици на однесување кај младите. Ова е посебно видливо кај земјите во

[37] Кларк, Р. (2009), *Криминалитет у Америци – запажања о његовој природи, узорцима, превенција и контроли*, Београд, стр.164

[38] Адолесценцијата е специфичен, често драматичен и еден од најзначајните периоди во создавањето на човекот како био-психо-социјално битие. Во овој период, индивидуата е во процес на преобразба и е подложна на мноштво надворешни детерминанти, како и внатрешните физиолошки промени. Адолесценцијата е време на неизвесност за младите луѓе. Тие можат да станат исклучително ранливи на емоционални превирања и чувствуваат вознемиреност, понижување, и чести промени во расположението. (Siegel, L., Welsh, B. (2009), *Juvenile delinquency-theory, practice, and law,* Wadsworth, стр.5)

развој, земји во транзиција, меѓу кои и Република Македонија, кај кои се појавуваат определени облици кои за нив се нови во конкретната етапа на развојот.[39]

Оттука се истакнува дека криминалитетот не толку нагло расте, колку што се јавува се почесто во обем кој, судејки по елементите и обележјата кои го карактеризираат, по степенот на општествена опасност, ги преминува досегашните рамки. Притоа најмногу се мисли на се почестата појава на тешки облици кои се карактеризираат со насилност како основно обележје[40], на појава на организирања кои на таа насилна црта му даваат уште поекстремен облик, на се почесто манифестирање на вандализам (намерно уништување на имотот со вршење на кривични дела ), како и на поместувањето на старосната граница на отпочнување на криминална кариера во надолна линија.

Не постојат специфични кривични дела кои може да ги извршуваат само децата, а не и полнолетните лица. Но кај оние деликти кои подеднакво им се достапни, можеме, само во случаи кога тие се извршени од деца, да воочиме некои карактеристики во однос на мотивите и начините на кои се извршени делата.

Па така, криминалитетот кај децата во феноменолошка смисла се разликува од криминалитетот на возрасните, меѓу другото и по тоа што децата почесто од возрасните кривичните дела ги вршат во помали или поголеми групи. Таквото вршење на кривичните дела тесно е поврзано и може во голем дел да биде сфатено како резултат, повторно на биопсихолошките и социјалните особености на младите. Познато е, имено, дека кај младите е особено нагласена потребата за здружување и интензивна социјална комуникација. Младите настојуваат да живеат во група бидејќи

---

[39] *Сменета е структурата на криминалот кој го вршат малолетниците.* Ако до пред три години децата провалуваа во трафики или одземаа моторни возила, сега се сторители на многу потежок криминал. Водиме многу постапки со насилства, разбојништва, разбојнички кражби, убиства, полови напади врз деца и сообраќајки со смртни последици каде што сторители се малолетни лица. Децата носат ладно оружје со себе, се тепаат, се бодат со шрафцигери..."(Досие: Малолетнички криминал во Република Македонија *(2008,* Јануари *19*), Уште се деца, а се големи криминалци. *Вест*.
Превземено од (http://star.vest.com.mk/default.asp?id=146225&idg=8&idb=2276&rubrika=Revija)

[40] *Насилството и меѓу младите во Србија постанува се поприсутно и се побрутално.* Шипки, пајсери, ножеви, па и огнено оружје, можат секојдневно да се најдат во многу српски школи. Податоците се подеднакво речити и сурови. Од 2005 до 2012 година бројот на кривични дела кои се сторени од страна на лица помлади од 18 години пораснал за повеќе од пет пати, а посебно поразително е сознанието дека насилниците секоја година се се помлади и поагресивни. Воедно, истражувањата покажуваат дека далечната 2004 година малолетниците извршиле околу 300 кривични дела, додека веќе во 2008 година таа бројка пораснала на 1.200. Само од 2007- 2009 година малолетници извршиле дури 15 убиства, 36 обиди за убиства, 25 силувања и нанеле преку 400 телесни повреди. (*Tufegdžić, V. (2012),* Vršnjačko nasilje: Mladi i bezdušni. *Novi Magazin*. Превземено од http://www.novimagazin.rs/vesti/vrsnjacko-nasilje-mladi-i-bezduni/0/nedeljnik67

во неа се чувствуваат посигурни, но преку неа и се реализираат, се потврдуваат, го задоволуваат чувството на припадност.[41]

Гореспоменатите потреби и мотиви младите ги задоволуваат или можат да ги задоволат како преку формални облици на организирање и колективни активности во рамките на училиштето и другите институции и организации, така и преку разни видови на нивно неформално здружување. [42] Меѓутоа не е редок случај да во таквите неформални групи дојдат до израз и негативни мотиви, кои се најчесто спореден продукт на групната интеракција, а во ретки случаи постануваат и доминантна преокупација на групата.[43] Таквите мотиви во групата, пред се, ги внесуваат поединци кои се, во извесна смисла, се со веќе формирани склоности кон престапничко однесување. Останатите поединци често и немаат делинквентни намери. Дури во заедница со таквата група на врсници нивната активност делинквентно се насочува, бидејки не сакаат да биде изложени на потсмевања и да бидат дискриминирани од врсниците.[44] Па така, наидуваме на деца кои во соучесништво крадат или учествуваат во некој насилнички акти, а тоа претходно ниту го сакале или планирале, ниту сами истото би го сториле. [45]

---

[41] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија,* 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр. 467

[42] Училиштето и соседството во оваа ситуација се истакнуваат како битни фактори на здружувањето на децата во тие групи. Тоа поврзување се врши на основа на прифаќање на истоветни ставови, погледи и вредности во групата, што доаѓа особено до израз кога семејството, училиштето и други институции не се привлечни за нив, па оваа "група" им служи како «заменско семејство», во кое младите, психолошки доживуваат непосредна комуникација, која им недостасува во семејството. (Milutinović, M. (1990), *Kriminologija - šesto izdanje,* Savremena administracija, Beograd, стр.247)

[43] Парадоксално, коренот на првиот општествен стимул за потенцијално делинквентно однесување кај некои деца е пронајден во невините групи за игра од соседството. "Кога крадевме од продавници, секогаш тоа го правевеме како да си играме. На пр. ќе се обложевме кој ќе украде капчиња од од најмногу продавници или кој може да краде во присуство на детектив...Секогаш се предизвикувавме дали сме доволно смели еден со друг и секогаш смислувавме нови начини. Тоа беше најдобриот дел од играта. Мене ми се допаѓаше забавата, не ми требаше капчето. Вака правев со месеци, а потоа почнав да ги продавам работите на еден човек. Тоа беше времето кога почнав да крадам за да заработам пари." (Томпсон, В., Бинам, Џ. (2014), *Малолетничка делинквенција- социолошки пристап,* Арс ламина – публикации, стр.295)

[44] Кога значајноста на групниот идентитет станува посилна од моралниот фокус на детето, станува тешко да се примени моралното расудување насочено кон одредена ситуација со врсниците. Врз социјалните одлуки силно почнуваат да влијаат прашањата поврзани со групата (на пример, "Што обично прави групата?", "Какви се убедувањата на групата?". Во вакви околности, децата имаат потенцијал да искажуваат соодветно некомформистичко однесување, а следствено на тоа социјално да исклучуваат други деца кои им се закануваат на вредностите или на нормите на нивната група. (Killen,M. ,Rutland, A. (2011), Children and social exclusion: morality, prejudice, and group identity, Wiley-Blackwell, стр.59)

[45] Singer, M. (1996), *Kriminologija-drugo izdanje,* Nakladni zavod Globus, Zagreb, стр. 211

За разлика од овој вид, каде децата "не се здружуваат за да крадат, туку се здружуваат па потоа крадат"[46], постојат и такви групи кои настануваат како резултат на зедничкиот афинитет за вршење на такви дела, а кои групи често можат да бидат организирани и раководени од возрасни криминалци. Основен мотив и цел на ова здружување е вршење на кривични дела и други недозволени активности и на тој мотив му е подредена целокупната внатрешна ограназација, интерперсонални односи и динамика на групата. Ваквите групи, доколку не се навремено откриени, и со општествена реакција "растурени", прераснуваат во банди[47] или гангови, како цврсто структурирани, внатрешно хомогени и солидарни групи, во кои се создава и негува посебна субкултура.[48]

Групното функционирање како појавен облик на делинквентно однесување на децата во секој случај недоволно критички се зема како показател на сериозноста на делинквентното однесување на сторителите од ова возрасно доба. Оваа незаинтересираност кај нас може делимично да се објасни со фактот што во нашата земја здружувањето кај децата не се развило во таков облик и број како во некои други земји. Судејки според некои сознанија, најголемиот број од овие групи не се ни по состав бројни ни цврсто структурирани, но сосема неосновано би било да се тврди дека вакви "дружини" не постојат, односно дека нивната манифестација кај нас е таква за да може да се занемари. Ова посебно и од аспект на нивното евентуално понатамошно делинквентно однесување, за што во литературата често се застапува стојалиштето дека децата кои сами сторуваат кривични дела обично немаат негативна криминолошка прогноза за разлика од оние кои делата ги сториле во група.

Се разбира, без посебни емпириски истражувања не е можно егзактно да се покаже распространетоста и престапничката активност на групите кај нас. Уште помалку пак е можно да се влезе и да се анализира организираноста на внатрешните односи и динамиката на определен вид здружувања. Оттука произлегува и конкретниот интерес на авторката да се позанимава со оваа тема.

---

[46]J.Chazal.цит.сп (Арнаудовски, Љ. (1981), *Малолетничко престапништво-предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81*, Скопје , стр.62)

[47] Според Милер**, банда** е група поединци што постојано се здружуваат, со лидерство и внатрешна организација што можат да се идентификуваат, што се идентификува со или што тврди дека поседува контрола врз територијата во една локална заедница и што се занимава, поединечно или заеднички, со насилнички или други форми на незаконско однесување. (Franzese, R., Covey, H., Menard, S. (2014), *Youth gang-fourth edition,* Charles C Thomas Publishers,стр.5)

[48] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције,* Naučna knjiga, Београд, стр.131

### 2.4. Дисциплинарно определување на предметот

Конкретно феноменологијата на криминалитетот кај децата претставува дел од **криминологијата**, поточно криминалната феноменологија како научно подрачје на криминологијата која ги проучува појавните облици на криминалитетот, неговата динамика и класификација.[49]

Со оглед на фактот што погоре се определивме предмет на истражување да претставува *криминалитетот кај децата* сфатен како *како негативна, динамична општествена појава која претставува активност на едно или повеќе лица во одреден период и простор, условена од општествените односи и инкриминирана со законските прописи, за чие непочитување и кршење следува и адекватна кривична санкција,* примена ќе најде и **казненото право** како научна дисциплина која ги опфаќа правните норми за казнивите дела и санкциите пропишани за истите. [50] Исто така и самото учеството на повеќе лица во извршувањето на едно кривично дело влегува во редот на најкомплексните прашања на теоријата на казненото право. Во овие ситуации тоа е исправено пред мошне сериозен проблем: тоа треба да ја дефинира улогата и значењето на секој од овие учесници сообразно со придонесот во релизацијата на делото.

Тука би го споменале и **малолетничкото казнено право** како дел, сегмент на казненото право на една земја, кој поради изобилството на специфични решенија во однос на категоријата на лица на кои се однесува го презема ликот на самостојна правна (позитивно правна), како и научна дисциплина. Ова е збир на законски прописи со кои се утврдува кривично-правниот статус на малолетниците (како сторители на кривични дела и малолетните лица како жртви на криминал).[51]

Па оттука бидејќи комплексноста на криминалитетот воопшто, а особено криминалитетот кај децата имплицира широка и мултидисциплинарна опсервација, ние, со оглед на димензионираноста на овој труд, ќе се задоволиме со лапидарно објаснување на истиот, но сепак со одговор на вкупната негова димензија и значење.

### 2.5. Временско и просторно определување на предметот

[49] Крстаноски, М. (2010), *Криминалитет и детекција*, Охрид, стр.161
[50] Камбовски, В., Крстаноски,М. (2010), *Казнено право-општ дел*, Охрид, стр.9
[51] Jovasević, Đ. (2006), *Osnovne karakteristike novog maloletničkog krivičnog prava Republike Srbije,* Zbornik Pravnog fakulteta Sveuilišta u Rijeci, vol. 27, br. 2, стр.1055

Временскиот период во истражувањето е интервал од 11 години и тоа од 2005 до 2015 година. Ова временско определување на предметот на истражување во потполност ги задоволува можностите за успешно согледување на состојбата и проблемите во врска со криминалитетот кај децата, а на основа на податоци кои се достапни и организирано се следат. Вака одредениот временски период, како што и претходно споменавме, овозможува доволно простор да се согледаат карактеристиките на криминалитетот кај децата во контекст на движењата, процесите и промените во нашето општество.

Од територијален аспект во потесна смисла, со истражувањето е опфатена територијата на Република Македонија, а во поширока смисла направена е и компаративна анализа со некои други држави, согледувајќи ги и нивните искуства и сознанија за третираната проблематика.

## 3. Цел на истражувањето

Како што и погоре веќе споменавме афирмирањето на проблемот на делинквенцијата кај младите не е е воопшто нов. Тој се наметна на општествата како сериозен проблем поради тенденцијата на движење, како и поради облиците низ кои се изразува по вид, тежина и опфатеност. Точно од овие причини криминалитетот кај децата како општествен феномен со голема значајност и многустрани влијанија врз општествените односи и развој, бара да биде предмет на постојан општествен интерес и научен ангажман.

Конкретната проблематика неспорно е дека била предмет на голем број студии кои во секој случај го свртиле вниманието на определените елементи кои се каузални за овој вид на криминално однесување. Сепак, авторот е на став дека постоеше потреба за нови истражувања базирани на модерни теоретски основи и најсовремени техники на квалитативни и квантитативни анализи.

Научната цел на ова истражување се состои во добивањето на една проширена и попродлабочена слика за состојбата со криминалитетот кај децата на територија на Република Македонија, за периодот од 2005-2015 година, односно запознавање со карактеристиките на овој феномен. Посебен акцент во истражувањето е ставен на научната анализа на групирањето, според кое децата, односно криминалитетот кој тие го вршат се разликува од тој на полнолетните. Од овој аспект, во самиот труд, се

укажува на распространетоста и престапничката активност на групите составени од млади делинквенти кај нас, и се дава и анализа на структурата, бројноста и организираноста на внатрешните односи и динамиката на овој определен вид здружувања. Преку анализа на таквите податоци сметам дека ова истражување дава придонес, поместувајќи ги границите на научното сознание од оваа област која е значајна и чуствителна за секое современо општество.

На овој начин ова истражување ќе одговори и на својата општествена цел. Општествената потреба за вакви истражувања е голема и се огледува во фактот што општеството може благовремено да реагира само доколку овој проблем навремено го воочи и предвиди. Потребата за вакви истражувања е уште поголема ако општеството се наоѓа во состојба на нестабилност, што се повеќе е карактеристика на нашето. Имено, вакви услови му погодуваат на експанзија на криминалитетот, па оттука потребата од превидување и детекција е се поголема доколку општествената заедница сака правовремено да реагира на девијантното и криминалното однесување на децата и да создаде ефикасен систем на превенција.

Цел на истражувањето е истото да им е од корист на сите оние кои во секојдневната работа се сретнуваат со проблемот на криминалитетот кај децата и да на научната и пошироката општествена јавност му помогне да го согледаат и разберат овој и тоа како сложен општествен феномен.

## 4. Хипотези

### Главна хипотеза

Извршувањето на кривичните дела во група е значајна и константна феноменолошка карактеристика на криминалитетот кај децата.

### Поединечни хипотези:

1. Односот помеѓу возраста и криминалот кај децата е криволиниски во вид на ѕвонче, односно постои зголемување на престапничкото однесување, особено на групното, во периодот на раната адолесценција (околу возраста определена за кривична одговорност), кулминација во текот тинејџерски години (15-17 години), а потоа таквото однесување опаѓа.

2. Дисфункционалноста и тешката материјална состојба на семејствата, значајно го детерминира нивното ризично однесување и припојување кон групите на врсници во кои може да доминираат делинквенти облици и криминално однесување.
3. Во криминалитетот кај децата колективноста (соучесништвото) се манифестира во облик на соизвршителство. Структурата на групите е доминантно хомогена, составена од две до три деца на иста или слична возраст, а децата поретко се солидаризираат со полнолетни лица кои и во тој случај најчесто се јавуваат во улога на поттикнувачи.
4. Соучесништвото како значајна карактеристика на криминалитетот кај децата е во поврзаност со природата на кривичните дела. Сепак, непосредните ефекти од заедничкиот криминален чин се најчесто во втор план, а примарна е желбата за заеднички возбудливи доживувања, стекнување на искуства, докажување на храброст и сила, стекнување на адекватен статус во групата, а особено желбата за припаѓање кон истата.
5. Групите се формираат спонтано, од страна на лица кои не се непознати меѓу себе и истите се со релативна стабилност. Во Република Македонија засега не се регистрирани повеќебројни делинквентни младински групи, со елементи на цврста хиерархиска организација и лидерство во групите.
6. Децата кои во група ги сторуваат кривичните дела имаат негативна криминолошка прогноза и често се јавуваат како рецидивисти.

## 5. Начин на истражување (методи и техники)

Во истражувањето на криминалитетот кај децата и нивното групирање за утврдување на вистинската ситуација се применети повеќе научно-истражувачки методи и техники на прибирање податоци, нивна обработка и анализа.

Од научните методи се применуваат хипотетичко-дедуктивниот и аналитичко дедуктивниот, статистичкиот и компаративниот метод.

Самото истражување е спроведено во три фази.

Првиот дел од истражувањето е спроведено во Основните судови со проширена надлежност и тоа судовите во Битола, Гостивар, Скопје и Штип. Извршен е увид во достапните предмети (правосилно завршени предмети против деца како сторители на

кривични дела за период од 2005-2015 година).[52] Преку **анализа на содржината** како оперативен метод се собрани податоци потребни за добивање на определени сознанија за криминалитетот кај децата, преку кои се анализираат сторителите, кривичните дела, а особено податоците за повторништвото и групното извршување на кривичните дела.[53]

Вториот дел од истражувањето е спроведен во воспитно поправните установи/дом. Тука со примена на **методот на интервју** е обавен разговор со штитениците, во однос на мотивите на сторувањето на кривичното дело (особено мотивите за сторувањето на истото во група од две или повеќе лица, изборот на членови од кои ќе се состои криминалната група и сл.). Разговорот беше доброволен и анонимен, а притоа се обави и разговор со членовите на стручниот тим (воспитувачи, педагози, социјални работници).[54]

Третиот дел од истражувањето е насочен кон добивање на слични податоци, но овој пат од страна на дел од тимовите кои работат во рамките на Центрите за социјална работа ширум републиката[55]. Преку одговарање на однапред приготвен писмен **анкетен прашалник**[56] тие го дадоа своето видување во однос на дел од истражувачките прашања, а таквите информации беа потребни особено поради фактот

[52] Изборот на примерокот е направен на начин што се избрани судови со проширена надлежност од четирите апелациони подрачја од територијата на Република Македонија, односно посебен акцент е ставен на градовите каде е доминантно сконцентриран криминалитетот кај децата според сознанија од досегашните истражувања. Притоа на подрачјето на Основниот Суд 1 Скопје опфатен е перодот од 2010-2014 година, каде поради обемноста на предметите сметам дека и 5 годишниот период е доволен за потврда на поставените хипотези.

[53] Во примерокот на истражувањето влегуваат СИТЕ правосилни предмети од периодот кој е земен за анализа, а во моментот на истражувањето се достапни во архивата на соодветниот суд. Предметите каде како сторител се јавува едно лице се земаат само во евиденција, а предметите каде како сторители се појавуваат групи од две или повеќе деца се подложуваат на опсежна анализа по однапред утврдена истражувачка постапка.

[54] Ова посебно поради фактот што дел од групите кои се јавуваат како континуирани сторители на кривични дела (рецидивисти), својата генеза ја имаат токму во овие установи.

[55] Во примерокот се опфаќаат по најмалку две вработени лица од 31(триесет и еден) Центар за социјална работа во Република Македонија (Фокус група се оние кои непосредно работат со децата како сторители на кривични дела, без разлика дали во споведувањето на мерки на помош и заштита или при реализацијата на некоја од воспитните мерки). Анкетниот прашалник, однапред приготвен, беше испратен на нивната електронска адреса поради економичност и ефикасност во прибирањето на податоците.

[56] Преку анкетно испитување се прибираат податоци за ставовите на испитаникот за најважните димензии на нивната перцепција за испитуваниот проблем.( Đurić S. (2015), Istraživanje bezbednosti kvalitativni pristup, Univerzitet u Beogradu, Fakultet bezbednosti, Beograd, стр.313)

што дел од криминалитетот кај децата останува неевидентиран во судските анали, па на ваков начин се комплетира сликата за анализирана проблематика.[57]

Што значи комплетната научно-истражувачка работа ги опфати и теоретскиот и емпирискиот пристап на прибирање на податоци од областа на криминалитетот кај децата и нивното групирање. Изворите на сознанија за теорискот дел произлегуваат од проучување на постојната домашна и странска литература од областа на малолетничката делинквенција, криминалистика, криминологија, виктимологија, социологија, психологија, кривично право, методологија, како и стручни ревии и списанија, зборници и сл. Емпирискиот сегмент е создаден од примарни и секундарни податоци.[58]

## 6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Истражувањата кои се или претендираат да бидат научни, мораат со своето постоење да ја оправдаат својата научна смисла, но во ист момент да го оправдаат и општественото егзистирање, односно да понудат одредени сознанија и одредени заклучоци преку кои ќе го презентираат нивното значење за секојдневниот живот на граѓаните. Гледајќи низ призмата на проблемот, предметот и целите на ова истражување повеќе од очигледно е дека постои голема, како научна така и општествена, оправданост за изработка на истото.

Во современиот свет, денес, е се почесто извршувањето на кривичните дела кај децата во група. Кога е овој криминалитет во прашање тој генерално се манифестира во облик на соизвршителство, повеќе деца заедно или во друштво со полнолетни лица учествуваат во извршувањето на кривичното дело.

Секојдневните дружења од забавен карактер, во одредени околности под дејство на криминогени фактори (алкохолизам, непромисленост, авантура,..) често доведуваат и до вршење на кривични дела. Во вакви прилики се случува само еден или двајца извршители да поседуваат криминални предиспозиции и да ги наговорат и останатите непромислено да учествуваат во извршувањето на едно или повеќе кривични дела. Не се ретки случаите дел од децата да учествуваат во извршувањето на деликтот и поради

[57] Земајќи го во превид фактот што скоро една третина од пријавените деца не се изведуваат пред суд поради фактот што во времето на сторувањето на кривичното дело не наполниле 14 години. Во популацијата пак на млади делинквенти на возраст од 14-18 години во значителен обем се применува и начелото на опортунитет на казненото гонење. (Законот за правда на децата- *"Службен весник на Република Македонија" бр.148 од 29.10.2013 година*, чл.17 ст.1, чл.20)

[58] Податоци од Државен завод за статистика, анализи на пресуди и сопствено емпириско истражување

солидарност со останатите во групата, покрај поради стравот дека ќе остане изолиран од истата како кукавица. На таков начин во криминал се вовлекуваат и оние срамежливи, колебливи деца, кои после бројни вакви случаи се одлучуваат и сами да сторуваат кривични дела. Децата се често наведени на извршување кривични дела и од страна на полнолетни лица, кои претходно како неполнолетни повеќе пати биле сторители на деликти.

Децата како извршители на кривични дела може да ги поделиме на индивидуалци или колективни сторители на кривични дела. Колективното престапништво се карактеризира со извесна компонентата на организираност, а појавата на ваквата компонента во криминалитетот кај децата е загрижувачка појава. Престапништвото им се огледува во тероризирање и застрашување на збунетите граѓани, при што секојдневно изведуваат акции во кои напаѓаат и физички и материјално загрозуваат одбрани жртви, на начин кој се движи од вандализам до најдрски и сурови напади, вршење на имотни деликти, акти на насилство и сл.

Поради својата идентификација со колективитетот и посветеноста кон групата постои голема опасност ваквиот криминалитет на децата да прерасне во организиран криминалитет, особено кога е во прашање и ширењето на наркоманијата и другите видови на софистициран криминалитет.[59]

Научната оправданост на ова истражување оттука посебно добива на значење пред се поради сериозноста на ваквиот вид на криминалитет, а особено поради фактот што ретки се студиите кои ја разработуваат оваа проблематика, особено кога се децата во прашање. [60] Самиот факт што за ова постојат скромни сознанија, е доволен мотив и причина за актуелизирањето на овој истражувачки проблем. Од овие причини потполно е научно оправдано истражувањето кое укажува на распространетоста и престапничката активност на групите составени од млади делинквенти кај нас, и е основа за анализа на структурата, бројноста и организираноста на внатрешните односи и динамиката на овој определен вид здружувања. Истражувањето е во функција на проширување на фондот на знаење на криминолошката наука и е прилог кон проектирањето на научниот концепт во мултидисциплинарното истражување и

[59] Љубичиќ, С., *Малолетнички криминалитет*, Култура полиса, Нови Сад, http://kpolisa.com/KP8-9-10/Pdf/kp08-VI-1-StankoLjubicic.pdf, стр.342

[60] Во Република Македонија не постои континуирано следење и проучување на феноменологијата на малолетничкиот криминалитет, ниту пак се воспоставени научно методолошки основи и концепт на постојано следење на појавата, што би морало да биде сторено на национално ниво.

следење на криминалитетот кај децата, во рамките на одделните институции за превенција и сузбивање на криминалитетот кај децата.

Кога е општествената оправданост во прашање потребата од вакво истражување е неспорно, од причина што криминалитетот кај децата, како сегмент од криминалитетот воопшто, претставува значаен облик на загрозување на безбедноста на секое општество. Имено, овој облик на загрозување делува на децата како популација која е иднината и потпората на секое општество, па затоа заштитата на оваа популација од деструктивните влијанија е уште поголема. Од друга страна пак во пракса, кога се во прашање децата, реакција на општеството на нивното криминално однесување најчесто доцни и доаѓа откако детето ќе влезе во сферата на криминалитетот. Општеството настојува да реагира на таквиот начин на криминалното поведение, но едновремено не си префрла себе си, не си забележува или, подобро, не сака да се занимава со своите пропуштени обврски на детето да му создаде поволни услови за негов правилен раст и развој и формирање во позитивна личност.[61]

Поради сето ова потребно е да се воочат и да се истражат проблемите кои ја обременуваат оваа сензитивна општествена област и преку научно засновани сознанија да се дојде до податоци со помош на кои ќе се добие една поцелосна слика за криминалното однесување на децата, па оттука да произлезе и можноста да се превземат правовремени и ефикасни мерки се со цел превенирање и сузбивање на криминалитетот кај децата, особено на неговите колективни (групни) форми. Имајќи го предвид фактот дека сите модерни држави во сузбивањето на криминалитетот, посебно на децата, даваат предност на превенцијата над репресијата, општествената оправданост на ова истражување е неспорна.

[61] Арнаудовски, Љ. (2008), *Законот за малолетничка правда и малолетноста, Зборник на трудови – Малолетничка правда - од идеја до практика*, Скопје, стр.51

# I. ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ КАЈ ДЕЦАТА

## 1. Дефинирање на поимот на делинквенцијата кај децата (малолетничка делинквенција)

Како и кај сите други криминолошки појави, така и кај малолетничката делинквенција присутни се проблеми околу дефинирањето на поимот. Проблемот не е во непостоење дефиниции, туку во постоење на многубројни дефиниции што тргнуваат од различни критериуми.[62]Овој поим различно се определува во криминолошката, правната, социолошката и другата литература, што е условено од повеќе фактори. За тоа, пред се, придонесува сложеноста на самиот феномен и неговото различно правно регулирање во определени земји. Значаен удел има и фактот што со оваа појава, освен кривичното право, се занимаваат и низа други научни дисциплини и области, кои секоја од свој агол и на различен начин ја определуваат. При тоа се користат разни концептуални апекти, кои водат, се разбира кон различни решенија. Оттука е многу тешко да се даде еден продлабочен и комплетен преглед на сите овие сфаќања, од кои некои се разликуваат само во помали нијанси. Затоа ќе укажеме само на битните разлики кои постојат при сфаќањето на овој поим, односно на основните негови елементи. [63]

Раното впуштање во помалку или повеќе масовно вршење на кривични дела, како и друго социјално девијантно однесување, кое му претходи или му следи на делинквенцијата на најмладите популациони слоеви, не претставува општествена појава која ја регистрирал современиот свет.[64] Всушност, Сократ уште во 470-300 година п.н.е. им упатил критика која и денес звучи многу современо: "Децата сега сакаат луксуз, имаат лошо однесување, презир кон авторитетите, тие не ги почитуваат постарите и сакаат да брборат наместо да учат. Децата веќе не стануваат кога повозрасен влегува во просторијата. Тие им противречат на своите родители, брборат пред друштво, страсно голтаат колачи од масата, ги прекрстуваат нозете и ги тероризираат своите учители". Меѓу другото слични "жалопојки" сме се изнаслушале и од нашите баби, дедовци и родители, а и нашите деца најверојатно ќе ги слушнат од нас: "Денешната младина е непослушна, порано тоа не беше така". Оттука се чини дека "загриженоста за следната генерација" е константна, и од тоа време до ден денешен,

---

[62] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.451
[63] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције*, Београд, стр.43
[64] Шкулић, М. (2003), *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела*, Досије, Београд, стр.15

ништо значајно не се променило.[65] Се променуваат само ставовите во однос на кривичната одговорност на децата, при што тие постепено се издвојуваат во посебна категорија на кривично-правни субјекти.[66] Трансформација на мислата која се јави како резултат на голем број социјални, политички, економски и религиозни промени на крајот доведе до серија законски промени на крајот на деветнаесеттиот век кои го создадоа правниот статус на "малолетен делинквент". Оваа промена имала за последица и дефинициите на оваа појава да станат побројни и понеодредени, што би се рекло дефинирањето на оваа појава станало посложено и потешко. Во денешно време под овој поим се подразбираат широк спектар на различни, општествено неприфатливи однесувања на малолетните лица, од асоцијални, антисоцијални па се до делинквентни и криминални облици на однесување.[67]

Во дефинирањето на поимот малолетничка делинквенција треба да се тргне од критериуми според кои се утврдува негативната природа на појавата и се изразуваат нејзините специфичности како посебен вид криминалитет и делинквенција. Како основни критериуми треба да се земат возраста на делинквентот и видот и обликот на делинквентно поведение.

### 1.1. Поим за дете и неговиот посебен статус

Човековото индивидуално "патување низ времето", во текот на неговото постоење подразбира премин низ различни периоди, од рано детство, преку младост, зрело доба, поодминати години до староста, како последна етапа во биолошкиот и психолошкиот развој на човекот, чија "животна патека" не завршила пред биолошки проектираното време. Возраста има големо значење во разни социјални области[68], но секако можеби највпечатлива по своите очигледни и по правило далекусежни

---

[65] Burfeind, J., Bartusch, D. (2011), *Juvenile Delinquency: an Integrated Approach-second edition,* Jones and Bartled Publishers, стр.17

[66] Во основата на сфаќањето на овој поим лежи секако кривично-правниот пристап, кој низ целата историја настојува малолетноста да се земе и да се вреднува како фактор што оправдува, што доведува до поблаго казнување или до поинаков систем на кривични санкции со настојување малолетните делинквенти што повеќе да се издвојуваат од системот на постапување со возрасните сторители на кривични дела. (Арнаудовски, Љ. (1981), *Малолетничко престапништво-предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81*, Скопје, стр.24)

[67] Скакавац, Т. (2012), *Рецидивизам малолетних учинилаца кривичних дела-докторска дисертација,* Универзитет у Нишу-Правни факултет, Ниш, стр.7

[68] Таа влијае на изборот на едукативни модели во текот на развојот, начинот на вкупната социјализација, таа исто така има влијание и при извршувањето на разновидни граѓански обврски кои му се наметнуваат, како што е на пример служењето на воен рок, тоа може да претставува и услов за стекнување со определени права, како што е на пример активно и пасивно избирачко право, право на работа, брак, пензија и сл.

последици е нормативното значење што возраста го има во кривичното право, кога на основа на неа се оценува дали некое лице воопшто ќе одговара за кривичното дело, кои кривични санкции може да му се изречат, кој тип на постапка може да се води против него, на кој начин ќе се извршуваат кривичните санкции, како тие во закон ќе се дефинираат и практично ќе се остварува нивната цел. На ваков начин децата се одвојуваат од категоријата на полнолетни лица.

Во психијатриска и психолошка смисла, според возраста децата припаѓаат на периодот кој се означува како адолесценција. Адолесценцијата (adolescentia- младо доба, младост) претставува временски недоволно јасно ограничен период во животот на една индивидуа помеѓу детството и зрелото доба.[69] Иако постојат различни мислења околу одредувањето на временската рамка на асолесценцијата[70], сите автори и лица кои се занимаваат со оваа проблематика, се единствени во оценката дека оваа животна раскрсница претставува бурен период на развој.[71]Тој се манифестира како во анатомско-физиолошки раст, така и во развивање и формирање на адекватни психички својства и особини на личноста како што се темпераментот, карактерот, способностите и други карактеристични особини на човековата личност. Тоа е период на психичко созревање, на сеуште недостигната и нереализирана емоционална рамнотежа, хаотичен стадиум на внатрешни кризи и немири, фаза на идеен и социјален радикализам и антиконформизам.....се она што може да се означи како *"луди години"*.[72]

Нормативно пак гледано возраста на децата може да се определи на два начини: 1) *во апсолутна смисла* – со создавање на одредени крути и практично механички

[69]Денес, земаме здраво за готово дека детството и адолесценцијата се одделни фази во животот, специфични и одвоени од другите фази. Уште старите Грци биле свесни дека возраста е определувачка категорија, карактеризирана со специфично однесување, ставови и емоции, но, концепцијата на развојните фази и социјална диференцијација врз основа на возраст всушност беше "откриена" многу бавно, со почеток на ренесансата. Детството и адолесценцијата, како што ги знаеме денес, не беа дадени во целосен израз како развојни фази во текот на животот до крајот на деветнаесеттиот век. Постепено идеите на John Locke i Jean-Jacques Rousseau алармирале дека младите луѓе бараат заштита, нега, надзор, дисциплина, обука и образование, со цел да растат и созреваат во здрави и продуктивни лица. Овој аспект кулминираше во доцните 1800-ти, кога нашироко почна да се промовира идејата дека младите треба да се "ослободени од учество во поширокото општество се додека тие тие се концентрирани на личен развој. "(Burfeind, J., Bartusch, D. (2011), *Juvenile Delinquency: an Integrated Approach-second edition,* Jones and Bartled Publishers, стр.20)

[70] Според дефиницијата на Светска здравствена организација, адолесцентите се млади луѓе на возраст од 10 до навршени 19 години. Според З. Ћирић и Б. Димитријевић, во адолесценцијата се издвојуваат три периоди: рана адолесценција (12-14 година), вистинска адолесценција (14-18 година) и доцна адолесценција (18-26 година).

[71] Bilandžija, G. (2014), *Prevencija devijantnog ponašanja adolescenata,* Tehnika i informatika u obrazovanju, 5ta Konferencija sa međunarodnim učešćem, FTN Čačak,

[72] Шкулић, М. (2003), *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела*, Досије, Београд, стр.66

граници, според бројот на навршени години и 2) *во релативна смисла*, со оглед на реално достигнатиот степен на био-психолошки развој, независно од бројот на години кои поединецот ги има. И покрај тоа што вториот начин е несомнено пореален, бидејќи е потврден фактот дека лица со ист број на години можат значително да се разликуваат според својот објективен био-психолошки развој[73], тој е многу тежок за егзактно утврдување, така да не постојат сигурни методи на проценка на достигнатиот степен на био-психолошки развој. Затоа денес во казненото право без исклучоци, а со цел создавање на сигурни "нормативни параметри", како и заради тежнеењето кон правна сигурност и елимининирање на компликуваните арбитрерности, се прифаќа методот на дефинирање на возраста во апсолутна смисла, со одредување на конкретни граници, со оглед на бројот на години.[74]

Долната граница во кривичното право претставува своевиден влез во криминалната зона. Под долна граница за кривична одговорност[75] подразбираме одреден број на години на живот неопходно потребни за да едно лице може да се смета способно да биде субјект на кривичното право и против него да може да се поведе кривична постапка.[76]

Повеќе од половина век се вложуваат напори во меѓународното право да се постави некоја универзална долна граница за одредување на способноста за кривична

---

[73] Критериумот на календарска возраст, секако дека не е доволен, бидејки календарската возраст не може да се поистовети со биолошката, псиохолошката и социјалната зрелост, ниту пак оваа зрелост е поврзана едиствено со бројот на години. Пример, границите на малолетноста се исти и за девојчиња и за момчиња, иако е научно докажано дека помеѓу нив постојат разлики во поглед на почетокот и траењето на пубертетот. (Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić,M. (2010), *Kriminologija,* Prometej, Beograd, стр.225)

[74] Škulić, M. (2010), *Starosna granica sposobnosti za snošenje krivice u krivičnopravnom smislu,* CRIMEN(1)2, стр.205

[75] Кривичната одговорност во рамките на поимот минимална возраст за кривична одговорност не треба да се меша со споменатиот поим на кривична одговорност кој би упатувал на заклучокот дека се исполнети сите елементи на општиот поим на кривично дело вклучувајќи ја и вината. Како што нашиот закон вели "Кривично е одговорен сторителот кој што е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и притоа бил свесен и можел да биде свесен за неговата забранетост." (Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, член 11)

[76] B.Čejović смета дека лицата кои не навршиле законски определена возраст не **се во состојба да го сфатат значењето на своето дело и да управуваат со своите постапки**, и на таков начин извршеното дело не е резултат на нивниот асоцијален став, туку резултат на недостаток на контрола, надзор од страна на родителите. Иако директно не зборува за нивна кривична неодговорност, тој сепак се изразува имплицитно со тоа што користи терминологија која упатува на проблематиката на кривичната одговорност (вината според законската терминологија) и тоа нејзините два содржински компоненети – *интелектуалната*(не се во состојба да го сфатат значењето на своето дело) и *волунтаристичката*(и да управуваат со своите постапки). (Čejović, B. (1987), *Krivično pravo u sudskoj praksi,* Prva kniga opšti deo, Beograd, стр.494)

одговорност. Уште во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година се воспоставува обврска државите да определат минимална возраст за кривична одговорност, со обврска истата таа минимална возраст да се применува и на девојчиња и на момчиња.[77] Иако скромно, но сепак највисоко достигнување на меѓународно ниво постигнале двата поврзани документи од втората половина на осумдесеттите години на минатиот век. Овој единствен меѓународно правен механизам го сочинуваат Конвенцијата за правата на детето[78] и нешто пред неа усвоените Стандардни минимални правила за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила)[79], кои претставуваат непосреден извор за примена и толкување на одредбите за минималната возраст за кривична одговорност од Конвенцијата. Нацрт Правилата истакнуваат дека "возраста помеѓу 12 и 14 години е меѓународно распространета, и дека пониски долни граници за утврдување на кривичната одговорност тешко може да се сметаат за компатибилни со правните и социјалните последици на кривичната одговорност." [80] Сепак, конечно усвоениот текст на Правилата не ја прецизира точната минималната возраст за кривична одговорност, но скромен резултат е изразен преку правилото дека "минималната возраст за кривична одговорност не би требало да е поставена премногу ниско."[81] Во отсуство на меѓудржавна согласност, а со оглед на фактот дека ги обврзува потписниците, Конвенцијата за правата на детето во член 40.3. (а) само срамежливо предвидува дека страните договорнички ќе настојуваат да го

[77] Самарџић, С. (2011), *Универзална доња старосна граница способности*, Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 2-2011, стр.444

[78] Генералното собрание на Обединетите нации ја донесе Конвенцијата и на 20 ноември 1989 година, на 30-годишнината на Декларацијата за правата на детето, ја стави на потпишување. Откако беше ратификувана од потребниот број нации, на 2 септември 1990 година, Конвенцијата стапи на сила. Од ноември 2009 година, 194 земји ја ратификуваа, вклучувајќи ги и сите членки на Обединетите нации со исклучок на Сомалија и Соединетите Американски Држави.

[79] UN Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice (познати како Пекнишки правила), усвоени од Генералното собрание на ОН со Резолуцијата 40/33 од 29.11.1985 година. Овие правила не се обврзувачки сами по себе. Некои од нивните основни принципи се вградени во Конвенцијата за правата на детето, па така се формално обврзувачки за страните договорнички на Конвенцијата.

[80] Самарџић, С. (2011), *Универзална доња старосна граница способности*, Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 2-2011, стр.445

[81] Современиот пристап подразбира да се разгледа дали детето може да ги сфати моралните и психолошките компоненти на кривичната одговорност, односно, дали детето, врз основа на неговите или нејзините индивидуални расудувања, може да се почувствува одговорно за своето асоцијално однесување.... Правилата советуваат дека треба да има тесна врска помеѓу концептот за одговорност за делинквентно или криминално однесување и другите социјални права и одговорности (како што се брачна состојба, работна способност, и сл.). Ако возраста како критериум за влез во кривична одговорност е фиксирана на низок степен или ако долната граница воопшто не постои, поимот на одговорност ќе ја загуби смислата. (United nations Standard Minimal Rules for the Adimistration of Juvenile Justice ("The Bejiing Rules"), General Asembly resolution 40/30, 29 Novembar 1985, Коментар на правило бр.4)

поттикнуваат утврдувањето на најниската возрасна граница под која што децата не можат да бидат сметани за способни за вршење на кривични дела.[82]

Оттука оправдано е и постоењето на многу различни компаративни решенија.

Во рамките на Европската унија, долго време најниската минимална возраст на кривична одговорност се применува во Обединетото Кралство. И денес во Шкотска лице може да биде повикано на кривична одговорност со наполнети 8 години, додека во Англија, Велс и Северна Ирска се бараат навршени 10 години живот.

Надвор од ЕУ, на европскиот континент, Швајцарија способни за кривична одговорност, ги смета лицата со навршени 10 години. Од друга страна францускoто кривичното право за постоење на способност за кривична одговорност не поставува прецизна возраст, па способно за кривична одговорност може да биде секое дете кое може да се смета за разумно, без оглед на возраста. Естонија бара само 7 години, додека Ирското законодавство како минимална возраст на кривична одговорност бара возраст од 10 години, а за одредени кривични дела 12 годишна возраст, како и Кипар. Холандија способни за кривична одговорност ги смета лицата откако ќе навршат возраст од 12 години, а во Грција долната старосна граница за способност за кривична одговорност е 13 години. Одреден број на земји членки на ЕУ, како и земјите од поранешна Југославија, низ призмата на кривичното право ги гледаат само сторителите постари од 14 години, а долната граница на кривична одговорност во скандинавските земји вклучувајќи го и Исланд навршените 15 години живот, што претставува европски максимум.

Највисока минимална возраст на кривична одговорност во светот од 16 години е предвидена во границите на Русија, но за сериозни кривични дела може да одговара и лице кое навршило 14 години. Во САД, ова прашање е оставено на законодавните тела на државите, од кои многу не ја наведуваат потребната возраст за кривична одговорност, па така долната старосна граница варира помеѓу 0 и 14 со дополнителни услови за спроведување на одредени мерки. Кина начелно предвидува дека лицата од 14 години може да бидат повикани на кривична одговорност, додека за одредени кривични дела се бара возраст од 16 години, со исклучок на Хонг Конг во кој за влез

---

[82] Комитетот за правата на детето сепак во анализата на истиот член е јасен во ставот дека возраста под 12 години ја смета за неприфатлива и дека истата е минимален меѓународно прифатлив минимум за возраст за кривична одговорност. (Committee on the Right of the Child, *General Comment No. 10- Children's rights in juvenile justice*, CRC/C/GC/10 (2007), точка 32, страна 11)

во кривичното право, во согласност со британското колонијално наследство, се доволни и 10 години живот.

Примена на тестови за разборитост[83] на лица на возраст помеѓу 7 и 12 години се среќаваат на Бахамите, во Брунеи, Гренада, Индија, Малави, Мјанмар, Нигерија, Пакистан, Сингапур. Иако на поголема возраст, неприфатлива пракса на примена на разборитоста се сретнува и во Кенија и Шри Ланка (8-12), по што следи Австралија, Кина, Нов Зеланд (10-14), додека во Кипар, Фиџи и во Малезија овој опсег опфаќа возраст од 10 до 12 годишна возраст. Иако е предвиден минимум над меѓународно препорачаниот, и во Романија исто така се применуваат овие тестови на лица кои делото го извршиле помеѓу 14 и 16 години. [84]

Не се применуваат исти критериуми ни во одредувањето на горната старосна граница која се движи од 15 до 21 годишна возраст. Најниска горна граница од 15 години имаат: Египет и Ирак, на 16 години: Бурма, Индија, Пакистан, Израел, Шпанија, Португалија и други. На 17 години се одредува во: Англија, Грција и Полска, а на 18 години: Австрија, Унгарија, Романија, Германија, Холандија, Данска, Франција, Перу, Аргентина, Куба, Мароко и други земји. Највисока старосна граница од 20 години има Јапонија, а од 21 година Шведска, Финска, САД и некои други земји...[85]

Внатре во овие граници, се прават и подгрупи со значење за видот на санкциите што може да се применат. Оваа категорија ја познава и нашето кривично законодавство.

Во Република Македонија пред донесувањето на Законот за правда за децата и пред донесувањето на неговиот претходник- Законот за малолетничка правда, прашањето за кривичната одговорност на децата беше уредено со Кривичниот законик. Имено во Кривичниот законик беше утврден посебен статус за следните возрасни категории: **дете (**малолетник кој во моментот на извршувањето на кривичното дело не наполнил 14 години), како кривично неодговорна група, **малолетници** (од 14 до 18 години) во рамките на кои се издвојуваа две категории (*помлад малолетник*- кој наполнил 14, а не наполнил 16 години, и *постар малолетник* кој наполнил 16, а не

[83] Соборлива правна претпоставка дека конкретно лице е зрело и разумно за да биде кривично одговорно.
[84] Самарџић, С. (2011), *Универзална доња старосна граница способности*, Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 2-2011, стр.448,449
[85] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија,* 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.454

наполнил 18 години), со посебен кривичноправен статус и група на **помлади полнолетни лица** (помеѓу 18 и 21 година) како преодна фаза со специфичен кривичноправен статус.[86]

Во Законот за малолетничка правда дефинирањето на категориите што тој ги опфаќаше исто така беше двојно и ги познаваше и категоријата "дете" и категоријата "малолетник". Во македонското казнено законодавство со Законот за правда за децата се напушти терминот "малолетник" и се прифати единствениот поим "дете" по примерот на Конвенцијата за правата на детето. Според Конвенцијата за правата на детето (член 1), "дете" е секое човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на животот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано.

Основната дефиниција во Законот за правда за децата е дека под "дете" се подразбира секое лице на возраст до 18 години, а се притоа се нагласува дека спрема дете кое во време на извршување на дејствието, кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, не наполнило 14 години, не може да се примени санкција утврдена со овој закон. [87]

Со цел да се разграничат различните категории деца според возраста, превземените дејствија, состојбите на ризик, можните казнени реакции, мерки и санкции што може да се определат односно изречат, поимите на дете се групираат во три групи:

*Деца во ризик*:

- *дете во ризик* е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или

[86] Марјановиќ, Ѓ. (1996), *Кривичен законик со вовед, објаснувања и регистар на поимите*, Службен весник на Република Македонија, Скопје, стр.56

[87] Закон за правда на децата - "*Службен весник на Република Македонија*" бр.148 од 29.10.2013 година, чл.19, 20

може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

- *дете во ризик до 14 години* е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило седум, а не наполнило 14 години

- *дете во ризик од 14 до 18 години* е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 години. [88]

Од прифатените дефиниции произлегува дека законодавецот се определил за двојно значење на ризикот. Ризикот прво ги опфаќа различните ризик фактори кои го загрозуваат правилниот раст, развој, воспитание и социјализација на детето. Второто значење на ризикот е отсуство на кривична одговорност во случај кога детето на возраст од 7 до 14 години превзело дејствие со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок. Ризикот се проширува и врз децата од 14 до 18 годишна возраст, но само во случај кога тие ќе сторат полесно кривично дело што се одмерува според пропишаната казна во Кривичниот законик.[89]

*Категории на деца што подлежат на кривична одговорност*:

- *дете во судир со закон од 14 до 16 години* е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години,

- *дете во судир со закон над 16 години* е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години.[90]

[88] Закон за правда на децата - "*Службен весник на Република Македонија*" бр.148 од 29.10.2013 година, чл.20

[89] Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015), *Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот*, Правен факултет "Јустинијан Први"- Скопје, Скопје, стр.106

[90] Закон за правда на децата - "*Службен весник на Република Македонија*" бр.148 од 29.10.2013 година, чл.20

Во оваа група спаѓаат всушност двете старосни групи кои претходно беа означувани како постари и помлади малолетници. Суштината им е иста само е прифатена новата терминологија, со една важна разлика во однос на кривичната одговорност само за потешки кривични дела казниви со затвор над три години, бидејќи за полесните се применува начелото на целесообразност и истите се третираат како деца во ризик.

*Помлад полнолетник*:

- *помладо полнолетно лице* е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.

Со воведувањето на оваа категорија, горната старосна граница станува релативна и еластична. Законодавецот, имено, ја обврзува судската пракса во секој поединечен случај, кога како сторител на кривичното дело се јавува лице кое е на возраст помеѓу 18 и 21 година, да го утврди нивото на биопсихолошка и социјална зрелост и во зависност од тоа да го определи неговиот кривично правен третман, или како што вели законот "судот може да му изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска мерка, ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е сторено делото може да се очекува дека и со воспитната мерка ќе се постигне целта што би се остварила со изрекувањето на казната."[91]

### 1.2. Поим за делинквенција и класификација на делинквентно однесување

Вториот критериум на поимот малолетничка делинквенција ја налага потребата од јасно одредување на поведенијата што се сметаат за делинквентни.

Не се знае од кога точно датира изразот »делинквенција«, но се претпоставува дека не е постар од еден век. Сигурно е, меѓутоа, дека неговата првобитна употреба била врзана за малолетните сторители на кривични дела. Изменетиот, и во многу нешта специфичниот правен статус на малолетниците во однос на полнолетните сторители, ја наметнал потребата таа разлика и терминолошки и појмовно да се изрази. Во тој контекст првично се употребувала терминолошката конструкција »малолетничка делинквенција«. Според ова, и денес, доста вообичаено значење, малолетничката делинквенција и во феноменолошка смисла не се разликувала од криминалитетот на возрасните, бидејќи и во

---

[91] Закон за правда на децата - "*Службен весник на Република Македонија*" бр.148 од 29.10.2013 година, чл.20, чл.70

едниот и во другиот случај се работи за кршење на одредбите на кривичниот законик. Се разликуваат само субјектите- извршителите и со нив условеното различно правно реагирање. Со други зборови се разликува малолетниот делинквент од возрасниот криминалец, а не нивното поведение.[92]

Подоцна, преку овој поим се настојува да се изразат и некои феноменолошки карактеристики што ова поведение го чинат различно од она на возрасните. Се смета дека ова разликување добило своја правна смисла и содржина во првиот малолетнички закон донесен во државата Илиноис во САД според кој: "Делинквент е секое машко дете кое не наполнило седумнаесет години или секое женско дете кое со ненавршени осумнаесет години крши некој закон, или е непоправливо или свесно се дружи со крадци, неморални и порочни лица; или бега од домот без согласност на своите родители или старатели, расте во безработица и криминалитет, посетува куќи кои се на лош глас, свесно посетува коцкарници или места каде се продаваат алкохолни пијалоци, скита ноќно време по улици, лута по железнички станици или раскрсници, употребува вулгарности и непристоен јазик на јавно место или во некое училиште, или се однесува непристојно, односно секој оној кој ќе изврши било кое од гореспоменатите дела."[93] Како што е очигледно, во неможноста да се одреди јасно дефиницијата во однос на однесувањата, по правило се прибегнува кон набројување на различни форми и облици на негативно поведение за на тој начин да се постигне поголема прецизност.

Ваквата состојба во дефинирањето на оваа појава беше предмет на разгледување на неколку меѓународни конгреси и други видови собири. Меѓутоа, и на овие собири се завземале различни ставови и се донесувале различни препораки. Па оттука може слободно да се каже дека сите тие напори, како ни бројните обиди за законско дефинирање на оваа појава, не довеле до една општоприфатена солуција. Уште помалку усогласување на авторите за различните теоретски и научни ориентации. Оттука во криминолошката, правната, социолошката и другата литература наоѓаме многу различни и често исто толку непрецизни одредувања на поимот на малолетничката делинквенција.

Сите тие сфаќања може во најопшта смисла да се класификуваат во три групи:

[92] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције*, Naučna knjiga, Београд, 1991, стр.49
[93] Тодоровић, А. (1964), *Преступништво код омладине*, Документи данашњице, Нова серија Год. IV, бр.88, Београд, стр.8

Првата група ја сочинуваат сфаќањата според кои во поимот на делинквенцијата влегуваат само поведенијата кои се инкриминирани со кривично-правните норми.[94] Ова сфаќање е правно детерминирано и го издвојува вршењето на кривичните дела како општествено најопасен облик. Според ова потесно гледиште, вршењето на кривичните дела од страна на малолетниците треба да се разликува од предделиктните фази[95], кои не можат да се третираат како криминалитет, туку служат како аларм за превземање на превентивни мерки и акции.[96] На ваков начин терминолошки доаѓа до изедначување на малолетничката делинквенција и малолетничкиот криминалитет. Ова стојалиште е најмногу застапено во европските земји, а е присутно и кај нас. Ова е и причината зошто нашиот законодавец не ја дефинира малолетничката делинквенција, туку само ја определува посебната положба која малолетникот ја има во материјалното и процесното казнено право.

Според втората група во поимот на делинквенцијата влегуваат, покрај кршењата на кривично- правните прописи, и сите останати закони. И оваа група сфаќања, всушност, поаѓа од законските норми и делинквенцијата ја смета »она што законот кажува дека е во одредена држава«, со тоа што ја проширува и на кршењето и на другите правни прописи. Овие сфаќања се јавуваат во повеќе варијанти. Најширока од нив е онаа која е застапена во најголемиот број држави во САД, според кои малолетничката делинквенција, покрај кршењето на државните прописи, го опфаќа и кршењето на градските и месните прописи, и однесувања кои со тоа посебно законодавство се пропишани како делинквентни.[97] Во оваа група спаѓаат и теоретичарите кои во поимот на малолетничка делинквенција ги вбројуваат покрај кривичните дела и прекршоците.

---

[94] Малолетничката делинквенција се третира како криминално однесување сторено од дете (Siegel, L., Welsh, B. (2009), *Juvenile delinquency-theory, practice, and law*, Wadsworth, стр.9)

[95] Антисоцијалното однесување се дефинира како однесување кое се спротивставува на основните норми на општеството; тоа, исто така, се дефинира како однесување кое ги нарушува општествените норми. Криминалот и делинквенцијата се однесуваат пак на сите однесувања кои се забранети со закон. Малолетни делинквенти се оние лица на возраст под законски предвидената, кои вршат активности со кои го кршат законот. *Антисоцијалното однесување, оттука, може да се дефинира како тенденција за вклучување во делинквентно однесување*. Quinsey, Skilling, Lalumiere, & Craig укажуваат на тоа дека антисоцијалното однесување е "индивидуална карактеристика која ја зголемува веројатноста за појава на делинквентно однесување."(Frías-Armenta, V., Corral-Verdugo, V. (2013), *Environmental and Individual Factors in Adolescent Antisociality: A Structural Model of Mexican Teenagers*, International Journal of Criminal Justice Sciences, Vol. 8 (2), стр.199).

[96] Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić, M. (2010), *Kriminologija*, Prometej, Beograd, стр.223

[97] Малолетничка делинквенција се состои од дела или прекршоци кои се забранети во статутите на поединечните држави. Дефиницијата е рестриктивна со тоа што се ограничува на делата и прекршоците забранети со законите, а не ги зема во предвид оние поведенија кои имаат потенцијал да станат забранети. (Gibbons, D. (1976), *Delinquent behavior - 2nd edition*, Practice hall, New Jersey, стр. 5)

Третата група уште поекстензивно го дефинира овој поим проширувајќи го на сите други »состојби и ситуации кај малолетникот кои претставуваат девијации или се сметаат за непожелни«.[98] Со нив се опфаќаат, како што кажува еден застапник на ова сфаќање »и случаите каде со оглед на особините на личноста и неповолните животни услови, несоодветните односи во семејството итн. може да се очекува дека ќе дојде до делинквенција«.[99]Или како што Moriss и Hokins потенцираат: Малолетничка делинквенција не е едноставен поим. Тој означува различни работи за различни лица, а тоа значи различни работи за различни групи. Тоа значи различни работи во истата група во различно време... Во популарна употреба, терминот малолетничка делинквенција, се користи за да се опишат голем број неодобрени однесувања на децата и младите. Во оваа смисла, речиси се што младите прават, а другите не го одобруваат се нарекува малолетничка делинквенција.[100]

Секоја од овие групи сфаќања има свои добри и лоши страни. Па така дефинициите кои поаѓаат од кривично правните норми, и покрај тоа што се најјасни и најпрецизни и лишени од неодреденост и релативност, се покажуваат претесни од аспект на превенција и ресоцијализација, бидејќи доследната примена на така сфатениот поим ги остава надвор од опфатот поведенијата кои се означуваат како "претсобје за делинквентно односно криминално однесување". [101] Практиката не уверува дека кога се во прашање малолетниците, некои поведенија можат да бидат поопасни од кривичните дела што се случајно сторени. Бидејки општествената реакција после веќе реализираниот криминален настан, има карактер на задоцнета интервенција, на таков начин успехот во општествената заштита на малолетникот значително се намалува.[102] Од друга страна, на најшироката дефиниција, и се замерува дека е непрецизна, дифузна, и во текот на нејзината примена се можни одредени злоупотреби со практични последици[103], а

---

[98]Szabo смета дека треба да се проучуваат лошите однесувања како потенцијално криминални, преку индивидуалната и колективната моралност, исто колку и криминалните. (Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија,* 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.458)

[99] Jašović, Ž. (1974), *Slobodno vreme i prestupničko ponašanje mladih*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, стр.42

[100]Regoli, R., Hewitt, J., DeLisi, M. (2017), *Delinquency in Society- Tenth edition,* Jones&Bartlett Learning, Burlington, стр.17

[101] Jašović, Ž. (1974), *Slobodno vreme i prestupničko ponašanje mladih*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, стр.43

[102] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције*, Naučna knjiga, Београд, , стр.52

[103] Антисоцијалното однесување може да биде нормален дел од растењето или почеток на долгорочна шема на криминални активности. Ријадските правила тврдат дека "младешкото однесување или однесување кое не е во согласност со севкупните општествени норми и вредности често е дел од процесот на созревање и развој и има тенденција да исчезне спонтано кај повеќето поединци при

нејзиното постоење се оправдува со можностите за широко превентивно делување против сите облици на непожелно однесување кај младите.[104] Во овој труд прифатена е потесната дефиниција на малолетничката делинквенција, односно нејзиното изедначување со криминалитетот.

## 2. Појмовно одредување на криминалитетот кај децата

Вршењето на кривични дела се третира како најтешка форма на делинквентно однесување кај децата, која е инкриминирана со одредбите на кривичното законодавство. По своите појави и по објективниот карактер, како и по законските инкриминации ваквите поведенија на децата претставуваат исто што и криминалитетот на возрасните.[105] Оттука произлегува дека криминалното однесување на децата е составен дел од криминалитетот во целина. Криминалитетот кај децата како подсиситем има мноштво карактеристики и обележја кои се заеднички со криминалитетот на возрасните, но заради своите специфичности се издвојува во посебна категорија. Специфичностите, пред се гледани од социолошко- криминолошки аспект се огледуваат во особините на личноста на детето како криминалец, етиологијата, потоа феноменологијата, криминалната политика, како и низа превентивни мерки кои ги превзема општествената заедница заради сузбивање на оваа негативна појава.

Во нашиот закон нема изречна одредба што се подразбира под криминалитет кај децата, но од соодветните членови може да се заклучи дека под тој поим се опфаќааат децата на возраст од 14 до 18 години како сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Според професорот Милутиновиќ, при определувањето на поимот на криминалитетот битно е да се определи неговиот општествен карактер, неговата социјална условеност и законитост во поглед на неговото јавување под дадени услови и структури, во кои се врши процесот на криминализација на определени лица, водејќи

преминот кон полнолетство" (World YOUTH Report (2003), *The global situation of young people*, Department of Economic and Social Affairs, United Nations, стр.191)

[104] Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić,M. (2010), *Kriminologija*, Prometej, Beograd, стр.223

[105] Според Милутиновиќ, кој се смета за пионер на криминологијата на Балканот, криминалитетот се состои од кривични дела кои се детерминирани како дела со кои се кршат нормите на кривичниот закон од страна на лица кои ги нарекува престапници (правна детерминација), и од криминалното однесување како производ на општествениот живот воопшто (социолошка детерминација). (Милутиновиќ М. (1988), *Пенологија*, Савремена администрација, Белград)

сметка дека тој претставува општествена појава, која се манифестира во конкретно инкриминирани активности на определени лица. На таа основа, ***криминалитетот кај децата*** **можеме да го дефинираме како негативна, динамична општествена појава која претставува активност на едно или повеќе лица во одреден период и простор, условена од општествените односи и инкриминирана со законските прописи, за чие непочитување и кршење следува и адекватна кривична санкција.**

### 3. Етиологија на криминалитетот кај децата

Криминалитетот како појава е несоодветно општествено прилагодување на поединецот во тешки ситуации. Факторите кои ги сочинуваат овие тешки ситуации, заедно со менталната и физичка состојба кои влијаат врз капацитетот на поединецот да се прилагоди, претставуваат причини за истиот.

Секое кривично дело сторено од страна на дете е резултат на комплексност на вакви фактори. Некои од нив своите корени ги влечат години пред самиот криминален настан, а други се многу очигледно временски поврзани со чинот на делинквенција. Докажано е дека различен сет од причини е клучен во секој поединечен случај.[106] Невозможно е затоа, да се прецизираат група на причини кои што секогаш, во секој поединичен случај, ќе резултираат со криминален настан.

Факторите[107] кои придонесуваат однесувањето на детето да го одведат во еден правец наместо на друг можат да бидат многу нејасни, и многу од нив сеуште се надвор од делокругот на детекција од страна на експерти: социолози, психолози, криминолози и други. Често се чини дека сосема различни дела се резултат на иста група на причини, но понатамошна анализа покажува дека сепак дополнителни фактори во секој случај го детерминираат типот на делинквенција. На пример, сиромаштијата, дисфункционалниот дом и нередовните приходи кај едно дете може да доведат тоа да бега од училиште со цел да заработи повеќе пари, кај друго да краде, кај трето со приклучување кон улична банда и коцкање. Поинтензивна анализа во секој

---

[106] Светските криминолошки формули, кои се обидуваа малолетничкиот криминалитет да го сведат на една причина, се покажаа многу неиздиференцирани, секојдневно-теоретски, а со тоа и неупотребливи. (Кајзер, Г. (1996), *Криминологија-вовед во основите,* Александрија, Скопје, стр.284)

[107] На поимот "криминоген фактор" му се даваат многу различни значења, кои треба да водат кон истата цел-објаснување на етиологијата на малолетничката делинквенција. ([107] Milutinović, M.(1976), Kriminologija *sa osnovama kriminalne politike i penologije drugo dopunjeno izdanje,* Savremena administracija, Beograd, стр.213)

случај ќе ги изнесе на виделина специфичните фактори кои се одговорни за овие разлики.[108]

Однесувањето на секое дете (но и на возрасните лица) е резултат на генетски/биолошки, социјални и околински фактори, па оттука е општо прифатен пристапот за поделба на ризик факторите на три темелни категории: 1) индивидуални ризик фактори (карактеристики на личноста), 2) ризик фактори во семејното и училишното опкружување и 3) ризични фактори во поширокиот општествен контекст.[109]

### 3.1. Индивидуални ризик фактори

Во објаснувањето на феноменот на криминалното однесување кај децата, посебен акцент му се поклонува и на личноста на детето.[110] Овие лица покажуваат: 1) поголема лабилност, 2) заземаат негативистички ставови спрема се и кон секого (се спротиставуваат и бунат на секој авторитет), 3)нивното поведение е неконтролирано и во прв ред диктирано од големата потреба и желба за афирмација на сопствената личност (субјективизам и егоцентричност), 4) голема желба да се сврти вниманието кон себе (посебно облекување, истакнување на физичката сила, посебно поведение), 5) преовладување на емоционалното над рационалното поведение, 6) изразена сугестибилност и склоност кон имитација, 7) слаб отпор кон надворешните влијанија во однос на негативното и забранетото и 8) незрело расудување кое често е одраз на несредена емоционална душевна состојба.[111] Оттука, овој фактор се објаснува со специфичностите во биолошките и психолошките промени кои се јавуваат во фазата на нивниот развој и специфичниот статус и улога која е поврзана со нивната возраст позната како пубертет и адолесценција.

---

[108] Bridges, B. (1927), *Factors Contributing to Juvenile Delinquency*, Journal of Criminal Law and Delinquency, Volume 17 Issue 4, стр. 531

[109] Неопходно е меѓутоа, да се подвлече дека факторите кои доведуваат до криминално однесување се многубројни и доаѓаат како од објективното, така и од субјективното подрачје. Иако одлучувачкото дејство му припаѓа на објективните фактори, тие делуваат во единство и преку субјективните фактори. Со други зборови, субјективно и објективно определените фактори делуваат заеднички, па криминалното однесување на младите се јавува како резултат на тоа заедничко делување. Издвоеното третирање на било кој од тие фактори не може да даде комплетен одговор на прашањето поради што и под кои околности настанува криминалното однесување кај младите. (Jašović, Ž. (1974), *Slobodno vreme i prestupničko ponašanje mladih*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, стр.52)

[110] Иако правната теорија не се обидува да го одреди, истражи и дефинира поимот личност, правната дефиниција на личноста би можела да изгледа вака: Личноста е особен збир на усвоени правила за воспоставување на општествените односи, во кои ирационалноста има несомнена улога, но која првенствено почива на одговорност и слобода на изборот. (Kostić, M. (2002), *Forenzička psihilogija,* Zavod za udžbenike i nastavma sredstva, Beograd, стр.24)

[111] Сулејманов, З. (2000), Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, стр.596

Во рамките на оваа категорија фактори, една група ја чинат оние теоретичари, кои во објаснувањето на етиологијата, нагласено значење му придаваат на био-физичките, антрополошките и психопатолошките фактори и карактеристики на личноста и во таа насока го насочуваат својот интерес наоѓајќи објаснување во фактот што се работи за физички и психички недооформена и несозреана личност. Втората група ја чинат авторите кои тргнуваат од психолошките теории, кои нагласено место им придаваат на интелегенцијата, малоумноста, влијанието на нагоните врз неприлагоденоста на личноста и слично.[112] Оттука, индивидуалните ризик фактори сочинуваат хетерогена група на фактори од кои секој поединечно има свој придонес во разбирањето на криминалното однесување на децата.

Без познавањето на личноста секако не може да се објасни криминалното однесување, но исто така не може да се заклучува дека био-психолошките фактори делуваат самостојно и дека преку нив може да се објасни ова општетствено поведение. Другите неповолни услови, што се јавуваат во меѓусебна поврзаност, имаат решавачко значење во формирањето на криминално однесување. По правило, во процесот на криминализација на личноста потребно е долготрајно дејство на неповолни услови во кои постепено доаѓа до промени во личноста, што се изразуваат како нов квалитет и покренуваат на акција. И токму тогаш кога ќе се занемари овој процес на негативни влијанија, во кои се остварува криминализацијата на личноста, изгледа како одредени лични својства да имале решавачко значење. Затоа е потребно при објаснувањето на оваа појава значењето и влијанието на личните карактеристики и состојби да се разгледува во поврзаност односно во дијалектички однос со другите ризик фактори, особено со семејното опкружување како прво ниво.

### 3.2. Ризик фактори во семејното опкружување

Една од околностите која никој не ја спори е секако дека семејството ја претставува најзначајната средина што го овозможува правилниот психофизички развој на личноста. Почнувајќи од најраното детство, ова е средината во која се одвива животот на една единка, се обликуваат темелните вредности на личноста и се остварува процесот на нејзиниот развој и социјализација.[113] Семејството е место на првите општествени допири, извор на првиот поим за светот, околината, животот и работата. Семејството е првото училиште за морално, интелектуално, физичко и

---

[112] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.469
[113] Singer, M. (1996), *Kriminologija-drugo izdanje*, Nakladni zavod Globus, Zagreb, стр.222

естетско воспитување, што во голема мерка го одредува интелектуалното и општествено- моралното однесување на младите. Накратко, семејството му ги дава основните насоки на личноста кои стануваат негови трајни вредности.

Се разбира, имајќи ја во предвид деликатната воспитна и социјална функција на семејството во правилното формирање на членовите на општеството, јасно е дека таа задача можат успешно да ја извршат само складни и функционално адекватни семејства, со пријатен семеен амбиент во кој не се присутни негативни појави и девијации.[114] Спротивно на тоа, семејствата во кои доаѓаат до израз различни елементи или облици на структурна разореност или функционална дезорганизација постануваат центар на девијантен притисок, кој се манифестира и преку криминалното однесување на младите членови.[115] Како што Hans Von Hentig наведува "Често семејството не е пристаниште на кое се одмараат духот и телото, туку легло на немирот во кое цветаат конфликти и емоционални напнатости ". [116]

Во современото општество се е поголем бројот на семејства кои се деградирани или дефициентни, па во нив односите не се одвиваат складно и хармонично. [117]

Деградирано семејство е она во кое не постои љубов, доверба, разбирање и почитување, туку се афирмираат спротивни принципи, тоа семејство не е во состојба да ја оствари својата основна функција, која се состои во изградба и правилен развој на поединецот кој флексибилно ќе се однесува кон надворешниот свет. Такви се оние семејства во кои отсуствува позитивен пример на родителите и каде владеат често тешки материјални услови, алкохолизам, проституција, кавги и несогласувања, авантуризам и слични негативни однесувања. [118]

Stouthamer и Loeber развиле 4 модели на "ризични семејства" кои се карактеризираат со следното:

---

[114] Млађеновић-Крупић, Р. (2001), *Криминологија*, Универзитет у Сарајеву, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, стр. 177-178.
[115] Јашовић, Ж. (1991),*Криминологија малолетничке делинквенције*, Београд, стр.237
[116] Шкулић, М. (2003), *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела*, Досије, Београд, стр.22
[117] Хрнчић, Ј. (1999), *Делинквент или пацијент-студија породичног неуспеха*, Задужбина „Андрејевић“, Београд
[118] За такви семејства, во кои родителите практично ги стимулираат децата да вршат кривични дела и да превземаат други противправни активности, се употребува терминот “криминогено семејно огниште”. (Мирић, Ф. (2014), *Савремена схватања феноменологије и етиологије малолетничке делинквенције-докторска дисертација*, Универзитет у Нишу-Правни факултет, Ниш, стр.199)

- *Занемарувачки семејства* – Во нив родителите му посветуваат малку време на своите деца и ретко ги надгледуваат. Не проверуваат каде и со кој нивните деца го поминуваат времето, ниту што прават.
- *Конфликтни семејства*- Постојат постојани кавги и несогласувања помеѓу родителите, и родителите и децата, често пропратени со насилничко однесување. Методите за дисциплинирање на децата се неделотворни. Децата учат дека несогласувањата можат да се разрешат единствено со насилство, често се чувствуваат отфрлени од родителите и се повлекуваат од нив.
- *Девијантни семејства*- Толерираат дури и го поттикнуваат делинквентното однесување. Во такви семејства и самите родители се најчесто агресивни и склони кон делинквентно однесување, а детето е под висок ризик да развие тешки форми на такво однесување вклучувајќи и насилни деликти.
- *Хаотични семејства*- Во овие семејства не се знаат граници, ниту кој за што е одговорен. Чуството на припадност е помалку развиено, а близината помеѓу членовите е мала. Дури и многу значајни и тешки одлуки се донесуваат брзоплето и во кратко време. Родителите често не водат сметка за потребите на децата. Таквите семејства имаат низок социо- економски статус, а членовите имаат многукратни потешкотии во социјалното и емоционалното функционирање. [119]

Како што може да се забележи, за разлика од материјално- статусните обележја на семејството, индикаторите на семејната атмосфера покажуваат далеку поголем степен на поврзаност со однесувањето на децата.[120] Семејните односи и атмосфера се огледуваат низ односот помеѓу брачните другари, родителите и децата, децата кои живеат во семејството, остварувањето на воспитното влијание и методот на воспитување. Најсилно криминогено влијание имаат лошите односи помеѓу родителите и лошиот и педагошки неоправдан однос на родителите спрема децата. Истражувањата покажуваат дека занемарувачкиот родителски стил (ниско ниво на дисциплина, надзор, емоционалност и поврзаност) е значаен предиктор на сите облици на делинквентно однесување кај младите, што би се рекло семејства во кои отсуствува

[119] Ricijaš, N. (2009), *Pripisivanje uzročnosti vlastitog delinkventnog ponašanja mladih-doktorska disertacija,* Sveučilište u Zagrebu- Pravni fakultet, Zagreb, стр. 49

[120] Во семејставата каде што владеат конфликти, каде односите се нарушени, што е најтежок вид на семејна дисфункција, децата често манифестираат антисоцијални реакции. Нивното асоцијално и антисоцијално однесување е врзано со драми, семејни кризи и проблемите на нивните родители, па од таква атмосвера се и нагоните за вршење кривични дела, како единствен излез од нив.

јасна структура и кои немаат дефинирани заеднички правила.[121] Овој фактор, спрема некои истражувачи, дури подобро го предвидува идното делинквентно однесување отколку агресивното однесување во рана адолесценција.[122]

Со оглед дека семејството претставува основна структура во која се врши воспитувањето и социјализацијата на личноста, секое отсуство на еден од неговите членови– дефициентно семејство претставува голем хендикеп што има значајно влијание врз наведените процеси. Семејството каде што неговите членови се одвоени и децата оставени без соодветна грижа и надзор од возрасните, извонредно лошо се одразува на неговото функционирање.[123] Поточно, непотполноста на семејството еднакво како и кај деградираното и разореното семејство, доведува до опасност од прифаќање на обрасци на социопатолошко и криминално поведение.[124] Но, во овој контекст мора да се нагласи и дека во поимот непотполно или дефициентно семејство се сместуваат по својата состојба разни ситуации, а тука често не се води сметка дали непотполноста на семејството настапила поради злонамерно напуштање на семејството од страна на едниот родител, развод, смрт на еден од родителите, објективно условено отсуство на еден од родителите, вонбрачно раѓање, а ниту за тоа каква семејна атмосфера му претходела на тоа случување, дали загубата на член од семејството е компензирана, што таквата загуба значела за детето и во која фаза на неговиот развој истата се случила.[125] Основано е, оттука, да се истакне дека дури со земање предвид на сите овие околности и нивната поврзаност со другите чинители кои ја карактеризираат

---

[121] Од сите анализирани карактеристики на семејството и семејните прилики, најголема поврзаност со делинквентно однесување како во време на детството, така и во подоцнежните периоди од животот има композитната варијабла **грижа за детето**. Потоа според нивото на поврзаност доаѓа потполноста на семејството во раниот развој на детето, зад кој веднаш следат социјално патолошките појави во семејството, потполноста во семејството во подоцнежниот развој на детето и семејната атмосфера во раниот период на развојот. (Bajer, M., Kljajić, S. (1990), *Kasniji životni put delinkventne djece*, Radna zajednica Republicke konferencije Saveza socijalisticke omladine Hrvatske, Zagreb, стр.146)

[122] Ricijaš, N. (2009), *Pripisivanje uzročnosti vlastitog delinkventnog ponašanja mladih-doktorska disertacija,* Sveučilište u Zagrebu- Pravni fakultet, Zagreb, стр. 48

[123] Широко распространет е ставот дека веројатноста од криминално однесување е поголема кај деца чии семејства се непотполни поради смртта на еден или двајцата родители, развод, напуштање, или одвојување на родителите, отколку кај деца кои живеат во потполни семејства. Без разлика дали ова произлегува од сфаќањето за семејството како примарна социјална институција чии што расцеп мора да биде важен, или од евидентно високото учество на непотполни семејства кај делинквентните деца како што е заведено во нивните досиеја, нотирано е верувањето дека непотполните семејства се еден од најважните фактори за делинквенција. (Shaw, C., McKay, H. (1932), *Are Broken Homes a Causative Factor in Juvenile Delinquency*?, Social Forces, Vol. 10, No. 4,стр. 514)

[124] Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.658-659

[125] Изненадна смрт на еден од родителите за кој детето било емотивно врзано може да предизвика стрес, а развод и одвојување на родителот може во одредени околности да значи растеретување или олеснување.

личноста на членовите на семејството, може да се оценува криминогеното влијание кое го има непотполното семејство.[126]

### 3.3. Ризик фактори на училишното опкружување

Училиштето после семејството претставува најзначајната социјална група во која детето се припрема за чесен, активен живот во поширокота општествена заедница. Училиштето претставува еден од најорганизираните, најспецифичните институции на кои општеството им ја доверува образовната и воспитната функција и заради фактот што детето најголемиот дел од времето на оваа возраст го поминува во него. Тоа е институција во која непрекинато и непосредно пред детето се ставаат нови обврски и одговорности, преку кои кај децата се создаваат квалитетни знаења и умеења и преку кои се придонесува кај нив да се развијат морални својства, културни, работни и други општествено посакувани навики и квалитети, без кои не би била можна нивната интергација во животот на општествената заедница, ниту нивното позитивно општествено обликување.[127]

Не случајно се вели дека детето, со стапнувањето во училиштето, за прв пат стапнува на јавната сцена на животот, за прв пат превзема обврски спрема себе, спрема семејството и спрема општеството, почнува да се учи на работа и да стекнува навики, да изградува однос спрема себе и другите.[128] Голем број деца во училиштето се соочуваат со свет во кој веќе ја немаат повластената позиција која ја уживале во семејството. Неретко се соочуваат и со вредности кои се разликуваат од оние на родителите, а кои често се и спротивни на нив. Новата околина и новите проблеми кои настануваат со влезот на детето во училиштето побаруваат способност за прилагодување, која е одлучувачки фактор за неговиот понатамошен однос кон училиштето и евентуалната појава на делинквентно однесување.[129] Оттука, кај учениците со развиени потешкотии и психосоцијални неповолни услови на живот, училиштето може да ги открива и да го засилува влијанието на веќе постоечките пореметувања во однесувањето. Но понекогаш и предизвикува, во корелација со другите фактори, нови пореметувања чиишто основен извор е токму училиштето.

---

[126] Singer, M. (1996), *Kriminologija-drugo izdanje*, Nakladni zavod Globus, Zagreb, стр.228
[127] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције*, Naučna knjiga, Београд, стр.246
[128] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.476
[129] Singer, M., Todorovič-Mikšaj, Lj. (1993), *Delinkvecija mladih-drugo izdanje*, Nakladni zavod, Zagreb, стр.208

Вакви ситуации се јавуваат особено кога не се води доволно сметка за диференцијата на учениците кои се вклучени во образовниот процес. На пример, децата кои потекнуваат од пониските општествени слоеви при самото вклучување во училиштето се наоѓаат во неповолна положба. Тие започнуваат со образованието со многу понизок степен на претходни знаења, а родителите често не им всадиле навики кои би ги оспособиле за училишната дисциплина. На ваков начин тие немаат шанса во текот на школувањето да го надокнадат тој недостаток поради недоволно развиената интелегенција и недостатокот на поддршка од семејството. Покрај тоа ако нивните соученици и наставници кон нив се однесуваат со предрасуди и омаловажување, сето тоа може кај некои ученици да создаде анимозитет кон учењето, образованието и се останато што го симболизира училиштето.[130] Ако до тоа дојде, ученикот може да манифестира и извесни тенденции кон делинквентно, па и криминално однесување. [131]

Меѓу останатите училишни фактори кои придонесуваат за појавата се истакнуваат и следните: недостаток на адекватно оспособени наставници на елементарно ниво, придржување кон застарени методи во наставата, комформизам во однос на преживеаните стандарди кои се спротиставуваат на воведувањето нови идеи во воспитувањето, фаворизирање на деца од повисоките општетствени слоеви, развивање на стандарди базирани на основот пари и привилегии, спречување на ученичката иницијатива, неправилни интерперсонални и групни односи кај училишната младина, недостаток на професионални советувалишта, психолози и психијатри за обавување на нужните консултации итн. [132]

Споменатите околности и слични други, иако секој ден се се поретки, негативно се одразуваат на воспитно образовната функција на училиштето. Како последица на сето тоа доаѓа до слаб успех во училиштето, повторување на соодветна година и воопшто заостанување на дел од учениците во стекнувањето на училишните квалификации. Ниското ниво пак на образование е значајна карактеристика на криминалитетот. Децата без соодветно образование, без одредени квалификации, тешко доаѓаат до работа и тешко се вклучуваат во општествено корисни активности, што доведува до безделничење, со што се создаваат погодни услови за јавување на

---

[130] Bajer, M., Kljajić, S. (1990), *Kasniji životni put delinkventne djece,* Radna zajednica Republicke konferencije Saveza socijalisticke omladine Hrvatske, Zagreb, стр.102)

[131] Неприфатеноста од наставниците и врсниците, одбивноста на семејната средина ги тера на тоа да бегаат од училиште и од дома, да се дружат со слични на себе и на таков начин и самите почнуваат делинквентно да се однесуваат.

[132] Мирић, Ф. (2014), *Савремена схватања феноменологије и етиологије малолетничке делинквенције-докторска дисертација*, Универзитет у Нишу-Правни факултет, Ниш, стр.207

асоцијално однесување. Секако, би било недопуштено да се заклучи дека секој оној кој што има проблеми во училиштето, кој бега од настава и слично мора да се занимава и со вршење на кривични дела. Меѓутоа неспорно е влијанието што нивото на образование го има на криминалното однесување, и скоро сите автори, кои се занимаваат со оваа проблематика, наоѓаат дека својствата и околностите кои личноста ја чинат отпорна на делинквентно однесување недостасуваат во голема мерка кај лицата со пониско ниво на образование кај кои полесно се развиваат негативните црти, навики и тенденции подложни на криминални влијанија.[133]

### 3.4. Ризик фактори поврзани со врсниците

Врсниците, со семејството, од најрана возраст сочинуваат важен аспект на социјализацијата на секое дете. Најинтензивно, сите деца доаѓаат во допир со своите врсници со почетокот на образованието, па токму затоа, влијанието на врсниците расте со возраста на детето, во раната адолесценција го достигнува својот максимум, а опаѓа со постигнувањето на независноста од родителите или старателите и формирањето на автономен идентитет. [134]

Денес е добро познато дека дружењето со лица кои имаат асоцијално однесување е значаен предиктор на делинквентното однесување. Меѓутоа, не е многу јасна природата на таа поврзаност. Дали влијанието на антисоцијалните врсници е тоа што го поттикнува и го активира делинквентното однесување на детето или тој однос сликовито би го објасниле со поговорката дека "секоја птица лета кон своето јато". [135]

Резултати од бројни истражувања покажуваат дека децата кои не ги усвоиле социјалните вештини и кои се непослушни, агресивни и некооперативни во своето семејно опкружување најверојатно така ќе се однесуваат и во односите со своите врсници. Токму поради тоа однесување ваквите деца се често непопуларни и отфрлени од страна на врсниците. Отфрлањето пак од страна на врсниците го зголемува ризикот од развој на антисоцијално однесување по пат на процесот на присилба и негативно

---

[133] Singer, M., Todorovič-Mikšaj, Lj. (1993), *Delinkvecija mladih-drugo izdanje,* Nakladni zavod, Zagreb, стр.208

[134]Значајноста на групите на врсници во периодот на адолесценцијата не значи дека родителите престанале да бидат важна референтна рамка. Многу истражувања покажуваат дека во овој период родителите им се подеднакво важни и дека често нивните совети се вреднуваат повеќе од оние на врсниците, особено ако станува збор за некои важни одлуки и избори. (Vranjesevic, J., Trikić, Z., Koruga, D., Vidović, S., Dejanović, V. (2003), *Vršnjačka medijacija – priručnik za voditelje radionica iz oblasti obrazovanja za veštine medijacije***,** Kinderberg and GTZ, Beograd)

[135] Ricijaš, N. (2009), *Pripisivanje uzročnosti vlastitog delinkventnog ponašanja mladih-doktorska disertacija,* Sveučilište u Zagrebu- Pravni fakultet, Zagreb, стр.51

поткрепување. Како што децата се повеќе доаѓаат во контакт со врсниците во училиштето и соседството, почнуваат да ги одбираат своите пријатели, и тоа врз основа на тоа колку тие им се слични. Децата се трудат да се дружат со оние врсници со кои интеракцијата ќе им резултира со позитивни социјални искуства и да ги избегнуваат оние кои ќе резултираат со негативни социјални искуства. Па така со тек на време децата на кои им недостасувале социјалните вештини и кои се агресивни и отфрлени од своите врсници почнуваат да се дружат со други отфрлени и агресивни деца. Оттука може да се заклучи дека децата склопуваат пријателства со себе сличните како би осетиле чувство на припадност и прифатеност.[136] Природата на односот може да се анализира и на начин што децата најчесто ги одбираат групите на врсници со кои ќе се дружат според некои слични обележја, а најчесто се работи за сличности поврзани со особините на личноста, семејните вредности, образовниот статус, социјалниот статус и неретко и етничкото потекло.

Многу важен фактор во групите на врсници е и притисокот во смисла на наговарање, поттикнување и општо прифаќање на делинквентното однесување како нормално. Во желбата да биде дел од групата, да има некаков статус помеѓу врсниците, детето може да ги прифаќа правилата на групата и да ги потиснува вредностите стекнати до тој степен на развој и социјализација. Ако изостане родителскиот надзор и грижата за детето, тоа сигурно под притисокот ќе го прифати предизвикот на врсниците, макар бил тој некаков облик на делинквентно или криминално однесување.[137]

### 3.5. Масовните медиуми како ризик фактор

Современото општество и секојдневниот живот на човекот речиси и да е невозможно да се замислат без влијанието на медиумите. Порастот на научно-технолошките знаења, се поголемата дигитализација во областа на медиумите и нивното се поголемо присуство во животот на современиот човек предизвика медиумите да делуваат на обликувањето на нашите естетски, но и етички и политички ставови, да ја пробудуваат човековата имагинација, да градат систем на вредности, да поставуваат норми на однесување.

[136] Vrselja, I. (2010), *Etiologija delinkventnog ponašanja: Prikaz Pattersonove i Moffittine teorije razvojne psihopatologije*, Psihologijske teme 19/1, Institut društvenih znanosti Ivo Pilar, Zagreb,стр. 149-150

[137] Martinjak, D., Odeljan, R. (2016), *Etiološki I fenomenološki čimbenici maloljetičke delinkvencije,* Ministarstvo unutrašnjih poslova Republike Hrvatske, Policiska Akademija, Zagreb, стр.40

Во тој контекст, посебно е значајно да се разработи и влијанието на медиумите на децата и младите личности, кои сеуште се наоѓаат во процес на формирање и развој. Познато е дека денес децата, дури и на најмала возраст, се страствени гледачи на телевизија, дека нивната слика на светот во најголема мерка се формира под влијание на малите екрани, отколку под влијание на родителите и воспитно образовните институции. На подоцнежна возраст, во периодот на адолесценцијата, доминација преземаат други медиуми, пред се интернетот, како моќно средство за комуникација, но и за социјализација и развој.

Преку медиумите младите денес го запознаваат општеството, па и самите себе, стекнуваат основни принципи и правила на социјализација. Масовните медиуми создаваат слика на состојбата, можностите, потребите, интересите, насоките и вредностите во општеството. Етиката во медиумите сепак често изостанува и тоа има разорен ефект на психолошката и социјалната состојба на младите луѓе. Во содржините кои преку медиумите им се презентираат на младите не изостанува насилство, манипулации, лоши примери и девијантни модели на однесување, а сето тоа може да влијае на формирање на искривен стил на живот на младите луѓе.[138]

### 3.6. Слободното време како ризик фактор

Процесите на воспитување, образование и социјализација на младите се многу сложени и тоа не само по својата внатрешна структура и динамика, туку и по бројните средства и патишта за нивна реализација. Бројни чинители, организирано или неорганизирано, учествуваат како што видовме во одвивањето на тие процеси. Еден од таквите чинители кои, некогаш организирано, а некогаш и сосем случајно, активно учествува во обликувањето на младите и го насочува нивното однесување е и слободното време, односно активностите, содржините и други фактори кои во тоа време доаѓаат до израз. [139]

Токму поради тоа слободното време двојно е поврзано со неадекватнтото однесување кај младите. Од една страна, неговите позитивни содржини и активности може да ги помогнат воспитувањето и социјализацијата и на таков начин претставуваат препрека за разни девијации во однесувањето на младиот човек. Но од друга страна,

[138] Shushak, I. (2015), The impact of media violence on childen, Зборник радова "Супростављање савременим облицима криминалитета- анализа стања, европски стандарди и мере унапређења, Том 3', Криминалистичко-полицијска академија, Београд, стр. 317

[139] Jašović, Ž. (1974), *Slobodno vreme i prestupničko ponašanje mladih*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, стр.10

разни негативни влијанија кои во тоа време доаѓаат до израз учествуваат, покрај или заедно со други фактори, во условувањето на истото. Кои од овие облици на поврзаност ќе дојдат до израз зависи од квалитетот на содржините и активностите, односно од тоа како се користи слободното време. [140]

Неорганизираното користење на слободното време, кое младите го имаат во изобилство, доведува до досада, па се бараат најразлични начини за нивно надминување. Отсуството на организирани облици и институции, домови, игралишта, клубови, здруженија и други форми на опфаќање на децата во организирани форми на забава и разонода, како и недоволната опфатеност на младите во овие форми на слободни активности, некои автори ја доведуваат во непосредна врска со пропаѓањето на детето во криминалитет или делинквенција. Многу истражувања покажуваат дека во времето кога децата немаат корисен и плански ангажман во вид на игра, кога се досадуваат, кога не знаат да го исполнат своето време со корисни содржини, се впуштаат во авантуристички подвизи, превземаат постапки и активности што ги водат во потврдување и докажување на погрешен начин. [141]

Кога се анализира влијанието на слободното време и неговото неадекватно користење, посебно треба да се истакне дека младите кои се склони кон делинквентно однесување често тежнеат кон моментално задоволување на потребите обоени со чувството на хедонизам, односно желбата за полесно доаѓање до задоволство. Зад таквите желби често се крие многу изразен степен на осаменост, па вршењето на кривични дела по кафичи, дискотеки, кафани и слични места на кои се собираат голем број на млади луѓе, претставува компензација за нивниот неостварен мотив на лична и социјална афирмација. Овие млади мотивот за социјална афирмација и лично достигнување, за разлика од своите неделинквентни врсници, ја остваруваат со вршење на кривични дела и други општествено опасни активности како што е алколизмот и наркоманијата, како своевидно бегство во светот на противправноста. Сето ова на нивното однесување им дава криминолошко значење.

[140] Слободно време на децата им е неопходно потребно за одмор и рекреација, надвор од училиште, но слободно време опфатено со социјални активности, како што се организирани игри, спорт, хоби, итн, со кои не се остава можност за непожелни форми на изразување на природната енергија и импулси. Нејзиното неадекватно насочување им овозможува на можност за сонување со отворени очи, што може да доведе до инровертност и активирање на морбидни фантазии, илузии и опсесии. (Bridges, B. (1927), *Factors Contributing to Juvenile Delinquency*, Journal of Criminal Law and Delinquency, Volume 17 Issue 4, стр.574)

[141] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.477

### 3.7. Ризични фактори во поширокиот општествен контекст

Од досегашните излагања можеше да се забележи дека сите настојувања да се пронајде една единствена причина за криминалното однесување кај децата се покажа како безуспешно теоретизирање. Сосема е јасно дека криминалитетот е хетерогена појава која може правилно да се сфати и научно да се објасни само ако се набљудува како еманција на делувањето не само на индивидуалните влијанија, туку во прв ред во зависност од делувањето на објективните фактори чија генеза се наоѓа во општите услови на животот и општествените односи на кои почива едно општество.[142]

Општествената состојба во нашата земја во последните повеќе од две децении е таква што после делувањето и влијанието на војните во непосредното опкружување, тешките политички и нестабилните економско- финансиски ситуации, општа ерозија на општествениот, а со самото тоа и на личниот морал, претставува плодна почва (социјален амбиент) за развој на криминалитетот во неговите најтешки облици. Тоа е во согласност со познатите социолошки и криминолошки концепции за т.н. изгубени генерации, кои доаѓаат после големи општествени потреси како што се војни, радикални социјални превրати, тешки општествено економски кризи, нагли промени на владеачкиот политички и економски систем, драстични прераспределби на општествениот капитал, големи социјални немири и револуции.[143] Неспорно е дека младите во нашата земја во последните десеттици години постанаа "заложници" на општите општествени прилики, кои не можат никако поинаку да се оквалификуваат, освен како особено тешки, дури и драматични.

Суштинската општествена дезорганизација произведе фатални последици по децата и младите, кои и сами постануваат во голема мерка дезорганизирани, без соодветен "вредносен компас" во општество во кое преку рапидно класно раслојување и очигледна поделба на мала група ултра богати и огромна маса на претежно сиромашни, со практично "изумирање на средната класа", пропратено со комплетно

142 Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.611

143 Искуствата на сите поранешни социјалистички земји кои се најдоа во ситуација на промени на општествено-економската структура (т.н. транзиција), во кои спаѓа и нашата, покажаа дека драстичните промени и во оваа сфера се значаен извор за појава и енормен пораст на криминалните однесувања. Во оваа сфера и нашата земја ќе остане како историски пример за грандиозно царување на криминалитетот кој на одделни гарнитури и поединци од власта, како и луѓе блиски до владечката партија, направија ршум во државата зграбувајќи го неказнето сето она што можеше да се разграби. Од друга страна негативниот пример на власта не остана без соодветен одраз и кај обичниот граѓанин, чија реакција уследи како протест, како бунт, секогаш проследен со голема доза на интимно оправдување "Ако некои можат да грабнат многу, зошто јас да не земам барем малку". (Сулејманов, З. (2000), Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, стр.625)

еродирање на моралните вредности типични за тоа "тивко мнозинство", почнува со голема брзина да генерира разновидни вредносно- деструктивни фактори.

Конечно, во такви ситуации, децата (како личности склони кон сугестибилност), само лесно се вклопуваат во веќе постоечките шаблони, изразени преку фаворизирање на лажни вредности, а притоа самите деца во време на вакви кризи можат, преку примерот на своите родители, да се уверат дека чесната работа практично не се исплаќа. На сето ова, родителите и сами комплетно преокупирани со нараснатите егзостенцијални проблеми не можат потполно да им се посветат на децата, постануваат деморални и го губат воспитниот елан, што се заедно, во содејство и со другите негативни социјални фактори, доведува до генерирање на силни криминогени влијанија. Оттука во теоријата со право се истакнува дека општествените и економските услови се значаен фактор кој влијае на етиологијата, но и на феноменологијата на криминалитетот.[144]

## 4. Феноменологија на криминалитетот кај децата

При состојба на разлики во појмовното и содржинското сфаќање на феноменологијата на криминалитетот како посебно подрачје на истражувањето на криминалитетот, ние овде ќе се позанимаваме со проблемите на неговите појавни облици, структурата и структурните промени и начинот на изразувањето на неговата динамичност[145], како и со социјално-индивидуалните својства на неговите извршители.

Кога станува збор за криминалитетот кај децата во литературата често се истакнува дека од аспект на феноменолошките карактеристики тој значително не се разликува од криминалитетот воопшто. Оваа констатација во основа е прифатлива, особено ако се земе во предвид поимното определување на криминалитетот кај децата, во кој поим се опфатени само оние девијантни поведенија кои се предвидени како кривични дела, односно што се предвидени со кривичното законодавство. Но и при таа состојба, се покажуваат и утврдуваат одредени специфичности и карактеристики на личностите што ги сторуваат овие кривични дела, местото и улогата кои тие како млада генерација ја имаат во општеството, како и други посредни и непосредни фактори кои што влијаат на појавата на криминалитетот кај децата. Па од тука и произлегуваат определените разлики во внатрешната структура, како и во други посебни карактеристики. Сите овие елементи во меѓусебна поврзаност го оправдуваат

[144] Шкулић, М. (2003), *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела*, Досије, Београд, стр.29
[145] Milutinović, M. (1990), *Kriminologija - šesto izdanje,* Savremena administracija, Beograd, стр.161

посебното, специфицирано разгледување на феноменологијата на криминалитетот кај децата како еден од изворите на сознанија за поуспешно организирање на превенцијата и неговото сузбивање.

Во насока на согледување на феноменолошките карактеристики на криминалитетот воопшто, па и на криминалитетот кај децата, се користат одредени извори на податоци и методи и постапки од кои статистичкиот метод и статистиката како извор на податоци имаат големо значење. Статистиката е неизбежен извор на податоци во проучувањето на секој облик на криминалитет бидејќи со адекватна интерпретација на статистичките податоци може да се дојде до важни заклучоци кога станува збор за феноменолошките карактеристики на испитуваната појава.[146] Во продолжение ќе бидат интерпретирани статистички податоци за структурата на криминалитетот кај децата, имајќи го предвид неговиот обем, полот на сторителите, видот и тежината на извршените кривични дела. [147]

### 4.1. Општа динамика, обем и структура на криминалитетот кај децата

Во Македонија годишно се осудуваат околу 9693 полнолетни лица и 622 деца.[148] Процентот на движење на полнолетните санкционирани извршители на кривични дела со мали осцилации покажува релативна стабилност, особено во последните години од анализираниов период. Меѓутоа осцилациите на кривично одговорните санкционирани деца се нешто поизразени така да нивната процентуална застапеност во рамките на севкупниот криминалитет се движи од 8.3 % во првите

[146] За веродостојно заклучување за овие и други феноменолошки својства на криминалитетот потребни се не само повеќе квантитативни показатели туку и нивно изучување од различни аспекти и релации. Квантитативните показатели мора да бидат интерпретирани и од агол на нивната квалитативна страна. (Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције*, Naučna knjiga, Београд, стр.101)

[147] При анализите во конкретниот случај ќе биде земена судската статистика односно ќе бидат опфатени само оние случаи во кои кривичната постапка е завршена со правосилна судска пресуда. Податоците се секундарни, односно изведени од официјаните публикации на Државниот завод за статистика за сторители на кривични дела за периодот од 2005-2015 година.

Во овој контекст корисно е да се укаже на извесните ограничувања кои овој метод ги носи со себе во однос на определените извори на податоци. Ваквите податоци не се потполни, пред се поради "темната" бројка на криминалитет, но и од други причини. Бројот на кривични дела често не го отсликуваат реалниот криминалитет и поради фактот што често пријавите, обвинителни акти па и пресудите се однесуваат на повеќе кривични дела сторени во стек. Да не зборуваме и за тоа што дел од децата кои се јавуваат како сторители на кривични дела не наполниле 14 години, и тие воопшто не се опфатени во оваа категорија бидејќи против нив не се поведува кривична постапка. Таквата ситуација се јавува и при примената на начелото на опортунитет на казнено гонење. Меѓутоа, со оглед на тоа што податоците од судската статистика се однесуваат на најтешките дела кај децата и дека опфаќаат, така да кажеме, едно море од криминални активности, тие можат барем приближно точно да укажат на основните обележја на криминалитетот кај децата во нашата земја.

[148] Вредностите се добиваат преку утврдување на аритметичка средна големина како најприменуваниот метод во презентирањето на статистички серии. Таа уште се нарекува и просек. Едно од основните својства на аритметичката средина е што таа ги израмнува, високите апсолутни разлики во серијата.

години, за со повремени падови и подеми во последните години на анализираниот период да се спушти на некоја бројка од само 2.8 % од вкупниот криминалитет.

***Табела бр.1*** *Учество на криминалитетот кај децата во Република Македонија во вкупниот криминалитет, преку анализа на осудените лица за периодот од 2005-2015 година*[149]

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО ОСУДЕНИ | 9607 | 10124 | 10315 | 10218 | 10549 | 9716 | 10532 | 9598 | 10012 | 12144 | 10660 |
| ПОЛНОЛЕТНИ<br>% | 8845<br>**92,0** | 9280<br>**91,6** | 9639<br>**93,4** | 9503<br>**93,0** | 9801<br>**92,9** | 9169<br>**94,3** | 9810<br>**93,1** | 9042<br>**94,2** | 9539<br>**95.2** | 11683<br>**96.2** | 10312<br>**97.2** |
| ДЕЦА<br>% | 762<br>7,9 | 844<br>8,3 | 676<br>6.5 | 715<br>6,9 | 748<br>7,0 | 547<br>5,6 | 722<br>6,8 | 556<br>5,7 | 473<br>4.72 | 461<br>3.8 | 348<br>2.8 |

Компаративно гледано, и највисокиот процентуален износ на ваквото учество кај нас, во споредба со состојбите во другите земји, може да се оцени како релативно низок. Во голем број земји учеството на децата како сторители на кривични дела во вкупниот криминалитет се движи од 15 до 20 %, а во некои земји тој достигнува и до 45 % од вкупниот криминалитет, што е во голема диспропорција со застапеноста на оваа популација во општата популација.[150]

Тенденцијата на движење на криминалитетот на децата во однос на полнолетните лица како сторители на кривични дела може да ја прикажеме и преку **коефициентот на односите**.

***Табела бр.2*** *Коефициент на односите на полнолетни и деца сторители на кривични дела* [151]

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| X/x | 0.086 | 0.0909 | 0.0701 | 0.0752 | 0.0763 | 0.0596 | 0.0736 | 0.0614 | 0.0495 | 0.0394 | 0.033 |
| (X/x)*100 | **8.6** | **9.09** | **7.01** | **7.52** | **7.63** | **5.96** | **7.36** | **6.14** | **4.95** | **3.94** | **3.37** |

Преку овој коефициент констатираме дека на секои 100 осудени лица во просек 5 лица се деца. И тоа најмногу деца како сторители на кривични дела се појавиле во текот на 2006 година кога на 100 осудени лица дури 9 деца партиципирале во вкупниот криминалитет, а најмалку во 2015 година кога таа бројка опаѓа на 3 деца на 100 осудени сторители на кривични дела.

Погоре понудената табела 1 ја опфаќа и динамиката на криминалитет кај децата во Република Македонија во изминатите единаесет години. При анализата на апсолутните цифри дадени во неа забележуваме трендови на движење кои од година во година генерално се со незначителни отстапувања, но сепак евидентно е дека опаѓа

---

[149] http://www.stat.gov.mk

[150] Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić, M. (2010), *Kriminologija*, Prometej, Beograd, стр.225

[151] http://www.stat.gov.mk

бројот на пресуди што основните судови ги изрекуваат против децата. Од 2005 година до 2015 година бројот на пресуди против деца како сторители на кривични дела опаднал од 762 на 348. Основните судови осудиле најмногу деца во 2006 година, 844, а најмалку во 2015, кога на само 348 деца им биле изречени соодветни санкции. [152]

Во табела 3 се прикажани промените во криминалитетот кај децата споредени со оние во 2005 година (базни индекси) и промените во движењето на криминалитетот споредени со оние во претходната година (верижни индекси).

***Табела бр.3*** *Осудени малолетни лица (базни и верижни индекси)*

| | Вкупен број на к.д. | *Базен индекс* | Пораст | *Верижен индекс* | Пораст |
|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | **762** | - | - | - | -13.12 |
| 2006 | **844** | *110.76* | 110.76 | *110.76* | 10.76 |
| 2007 | **676** | *88.71* | -11.29 | *80.09* | -19.91 |
| 2008 | **715** | *93.83* | -6.17 | *105.76* | 5.76 |
| 2009 | **748** | *98.16* | -1.84 | *104.61* | 4.61 |
| 2010 | **547** | *71.78* | -28.22 | *73.12* | -26.88 |
| 2011 | **722** | *94.75* | -5.25 | *131.99* | 31.99 |
| 2012 | **556** | *72.96* | -27.04 | *77.00* | -23 |
| 2013 | **473** | *62.07* | -37.93 | *85.07* | -14.93 |
| 2014 | **461** | *60.49* | -39.51 | *97.46* | -2.54 |
| 2015 | **348** | *45.66* | -54.34 | *75.48* | -24.52 |

Преку нивната анализа можеме да донесеме многу појасни заклучоци и добиваме појасна претстава за динамиката на оваа појава.

Кога е во прашање вкупниот број на кривични дела почнувајќи од 2005 година земена како основа за споредување бројот на кривични дела со исклучок на 2006 година, постојано е во опаѓање, кое во 2015 година достигнува дури 54.34 % што значи дека за единаесет години скоро двојно се намалил криминалитетот кај децата. Но таквите заклучоци изведени само врз основа на анализата на базниот индекс се лоцираат само на споредување на бројот на извршени кривични дела од децата во споредба со годината земена како основа за споредување (2005 година). Токму затоа го пресметуваме и верижниот индекс кој ни обезбедува поцелосна и појасна слика како тој број варирал во однос на претходната година. Кога го анализираме истиот најголемите промени во движењето на криминалитетот кај децата ги пронаоѓаме во 2010 година кога бројот на кривични дела опаднал за 26.88 индексни поени во однос на

[152] Скопскиот регион е доминантен во бројност на сторени кривични дела и опфаќа скоро половина од вкуниот криминалитет кај децата во Република Македонија (46.77%). После него следи Вардарскиот регион со 17.64 %, Југоисточниот регион со 9.2 %, Источниот регион со 8.9 % а после нив следат Полошкиот, Југозападниот и Пелагонискиот регион со процентуална застапенот од околу 6%. Североисточниот регион е најмалку застапен со скоро 1 % од вкупниот број на кривични дела каде како сторители се јавуваат децата.

2009 година, за да веднаш потоа да проследи 31.99 процентен раст на бројот на осудени лица во 2011 година во однос на оние од 2010 година, по што следи константен тренд на опаѓање на бројот на осудени деца како сторители на кривични дела.[153]

Она што е видливо во сите статистички показатели, од кога тие се водат во светот па и кај нас, а се покажува дека е едно од најуниверзалните феноменолошки карактеристики на криминалитетот кај децата, е всушност, високото учество на имотниот криминалитет. Тргнувајќи од фактот дека имотните кривични дела преовладуваат и во општата феноменолошка слика на криминалитетот, нивната доминантност е впечатлива во структурата на кривичните дела кои се вршат од страна на децата. Уште повеќе, може и оправдано да се претпостави дека статистичките податоци за пријавените деца пристрасно се искривени кон потешките дела, така да вистинскиот удел на имотните деликти, посебно оние полесните, кои по правило ретко се пријавуваат, во структурата на криминалитетот кај децата е уште поголема.

***Табела бр.4*** *Осудени малолетни лица според групите на кривични дела за периодот од 2005-2015 година*

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **762** | **844** | **676** | **715** | **748** | **547** | **722** | **556** | **473** | **461** | **348** |
| Кривични дела против животот и телото | 60 | 54 | 49 | 44 | 49 | 59 | 79 | 43 | 39 | 47 | 43 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 5 | 1 | - | 2 | 4 | 1 | 5 | 1 | 5 | - | 2 |
| Кривични дела против честа и угледот | - | 1 | - | - | 1 | - | 2 | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 10 | 13 | 11 | 16 | 14 | 7 | 12 | 8 | 5 | 14 | 13 |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 7 | 9 | 5 | 5 | 6 | 7 | 15 | 7 | 12 | 4 | 7 |
| Кривични дела против бракот, семејството и младината | 1 | 1 | 2 | - | - | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - |
| Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството | 5 | 5 | 9 | 6 | 4 | 13 | 7 | 9 | 3 | 3 | 5 |
| Кривични дела против имотот | **608** | **672** | **537** | **529** | **547** | **403** | **513** | **409** | **353** | **267** | **198** |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 1 | 4 | 7 | 7 | 2 | 1 | 6 | 4 | 4 | 6 | 2 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 27 | 35 | 22 | 50 | 46 | 35 | 39 | 26 | 24 | 14 | 28 |

[153]При анализата на овие податоци треба да се земе предвид и фактот дека од 2007 година (со стапувањето во сила на Законот за малолетничка правда), а потоа и со стапувањето во сила на Законот за правдата на децата кај популацијата на млади делинквенти на возраст од 14-18 години во значителен обем се применува и начелото на опортунитет на казненото гонење. (За дејствие на дете над 14 години кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, надлежните органи и институции **по правило не поведуваат судска постапка** за да се избегне штетното влијание врз детето. (Законот за правда на децата - *"Службен весник на Република Македонија" бр.148 од 29.10.2013 година*, чл.17 ст.1)

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични дела против правниот сообраќај | - | 5 | 5 | 37 | 20 | 1 | 1 | 1 | - | - | 1 |
| Кривични дела против јавниот ред | 33 | 40 | 24 | 16 | 45 | 16 | 35 | 43 | 25 | 100 | 42 |
| Останати кривични дела | 5 | 4 | 5 | 3 | 10 | 3 | 7 | 5 | 1 | 5 | 6 |

Децата како извршители на кривични дела против имотот учествуваат со 73,49 % од вкупната маса на кривично санкционирани деца. Воочлива е и тенденцијата на смалувањето на учеството на имотниот криминалитет во последните години со што ако во 2005 година се работело за процентуална застапеност од 79,8 % , последните две анализирани години имотниот криминалитет опфаќа околку 57% од вкупниот криминалитет. И графичкиот приказ на базниот индекс на движењето на имотниот криминалитет кај децата укажува на истата динамика, споредено со 2005 година неговата застапеност се намалила за цели 28.71 индексни поени.

***Графикон бр.1*** *Базен индекс на движење на кривичните дела против имотот*




Друга група по учество ја сочинуваат кривичните дела против животот и телото (8,29 %), па следи групата на кривични дела против јавниот ред и мир со 6.11 % и кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај (5.04 %).

Речиси минимална застапеност од 1.80 % имаат кривичните дела против половата слобода и половиот морал, а останатите глави имаат занемарливи процентуални учества.

Статистичките податоци, меѓутоа, покажуваат на неповолната динамика на тешкиот насилнички криминалитет[154]кај децата во последната деценија. Земено воопштено, за разлика од имотните деликти без елементи на насилство, тешкиот насилнички криминалитет покажува впечатлива тенденција на раст.

[154] Бачиќ во својот обид да го дефинира насилничкото однесување смета дека тоа претставува примена на физичка или психичка сила, било да се работи за постапки со кои се сака жртвата да се присили на нешто, било без таа намера, но секогаш мора да се работи за агресивност од поголем интензитет. Поимот опфаќа физичка агресивност спрема одредена личност, т.е. примена на физичка сила спрема физичкиот интегритет на друг, напад кој донесува повреда или загрозување на животот или телото, тешки малтертирања од физичка природа. Насилството може да биде и со психичка присилба, потешко психичко малтретирање, предизвикување трајно и посилно чувство на лична несигурност, вознемиреност. (Bačič, F. (1989), *Opšti pogled na krivično pravnu problematiku delikta nasilija*, Prosveta, Beograd, стр.3)

***Табела бр.5*** *Осудени деца за периодот од 2005-2015 година*[155]

| **Кривични дела** | ***2005*** | ***2006*** | ***2007*** | ***2008*** | ***2009*** | ***2010*** | ***2011*** | ***2012*** | ***2013*** | ***2014*** | ***2015*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 762 | 844 | 676 | 715 | 748 | 547 | 722 | 556 | 473 | 461 | 348 |
| Насилнички | **144** | **154** | **131** | **120** | **175** | **115** | **193** | **130** | **99** | **151** | **113** |
| % | **18.89** | **18.24** | **19.37** | **16.78** | **23.39** | **21.02** | **26.3** | **23.4** | **20.93** | **32.75** | **32.47** |

На табелата 5 и на графиконот 2 прикажан е обемот на криминалитетот кај децата за периодот од 2005 до 2015 година и застапеноста на криминалитетот со елементи на насилство која застапеност се движи од 11,40 % па се до 32.75 %.

***Графикон бр.2*** *Процентуално учество на насилничкиот криминалитет во вкупниот криминалитет кај децата*




За разлика од вкупниот криминалитет кај децата, насилничкиот криминалитет ја укажува својата тенденција на постојано зголемување и тоа најтурбулентен временски период е периодот по 2010 година кога имаме осцилации на опаѓање, па нагло зголемување на бројот на насилнички кривични дела.

Овој факт не би требало толку да изненадува ако се земе предвид дека децата и адолесцентите во Македонија растеле во време на големи социјални фрустрации, криминализација на општеството, извитоперени општествени и морални вредности и голема изложеност на насилство. Општествениот контекст на нивниот раст претставувал ризично милје за развој на малигни и брутални агресивности која претставува клучно одредиште на криминалитетот на децата во последните 20-тина години и во Македонија и пошироко на Балканот.[156]

[155] http://www.stat.gov.mk

[156] Статистиката потврдува дека во Србија зголемен е бројот на кривични дела со насилничко однесување чии извршители се малолетници. За жал, во последно време од година во година се повеќе малолетници се впуштаат во кривични дела со елементи на насилство, загрозувајќи и животи на други луѓе. Податоците зборуваат дека тој раст изнесува цели 10 % и тоа навистина би требало да загрижува. Во прашање се убиства, лесни и тешки телесни повреди, учества во тепачки и сл. Според статистичките податоци, пак, на Државниот завод за статистика на Република Хрватска кога станува збор за криминалитет со елементи на насилство тој е значително повеќе зачестен кај малолетните лица во Хрватска со огромна тенденција на пораст. (Shushak, I., Kleckaroska,K (2014), *Violence in the minors in*

Во контекст на сериозноста на состојбата е и фактот што рецидивизмот кај децата е исто така во пораст[157], како и криминалитетот кај децата здружени во групи или банди за кој ќе стане збор подоцна.

## 4.2. Социодемографски карактеристики на децата како сторители на кривични дела[158]

Во криминолошките истражувања полот како една од карактеристиките на сторителот на кривичното дело, привлекува научно и криминално политичко внимание, пред се, поради фактот што женските лица, како во вкупниот криминалитет, така и во криминалитетот кај децата имаат релативно ниско учество.[159] Од анализираните податоци за структурата на криминалитетот прикажани во Табела 6 се гледа дека во целиот период учеството на женските деца изнесува помалку од 7%. Во 2012 година го имаат најмалото учество од само 1.61 % од вкупниот број, а во 2015 година го имаат максимално учество од 6.32 %. Земено во целина просечната застапеност од 3.85 % од вкупниот криминалитет кај децата не претставува сериозен проблем, иако имаме случаи на тешки кривични дела кои и тоа како бараат сериозен пристап.

***Табела бр.6*** *Осудени деца категоризирани според пол и возраст*[160]

| | Вкупно | Жени | 14-16 години | 16-18 години |
|---|---|---|---|---|
| 2005 | 762 | 20 | 235 | 527 |
| 2006 | 844 | 32 | 271 | 573 |
| 2007 | 676 | 24 | 197 | 479 |
| 2008 | 715 | 38 | 205 | 510 |
| 2009 | 748 | 39 | 210 | 537 |
| 2010 | 547 | 20 | 162 | 385 |
| 2011 | 772 | 22 | 220 | 502 |
| 2012 | 556 | 9 | 140 | 416 |

---

*the Republic of Macedonia,* Зборник радова- "Насиље у Србији- Узорци, облици, последице и друштвене реакције", Том 2, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, стр.116)

[157] Најчесто кај децата рецидивизмот се јавува во криминолошка смисла на зборот. За разлика од кривично- правното сфаќање, криминолошкото поаѓа од извршувањето на ново кривично дело без разлика на претходната осудуваност, осносно постоењето на кривичното дело не мора да биде утврдено како такво во спроведена формална кривична постапка. Може да постои кривично дело но да не е покрената кривична постапка или да не е довршена од процедурални или други причини. (Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić, M. (2010), *Kriminologija,* Prometej, Beograd, стр.232)

[158] Овие карактеристики се издвојуваат во посебен сегмент, со цел личноста на детето како централна категорија во изучувањето на криминалитетот кај децата, да го добие своето право место и да се разгледа во односи кои би овозможиле претставата да биде поцелосна и попотполна.

[159] Причините за помалото учество на жената во криминалитетот воопшто, во криминолошката литература се објаснува со биопсихолошките и општествено-економските разлики помеѓу мажот и жената. (Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.441)

[160] http://www.stat.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2013 | 473 | 24 | 123 | 350 |
| 2014 | 461 | 16 | 107 | 354 |
| 2015 | 348 | 22 | 73 | 275 |
| Вк. | 6852 | 266/ 3.88% | 1943/ 28.35% | 4908/ 71.63 % |

Податоците пак за структурата и динамиката на криминалитетот кај децата според возраста покажуваат дека во целиот разгледуван период, учеството на категоријата на деца на возраст од 16-18 години (или претходно нарекувани постари малолетници) е забележливо и се движи во просек 71.6 % од вкупниот број сторители. Но тоа воедно покажува и дека категоријата на деца на возраст од 14 до 16 години е со високо учество (28.4 %) и со тоа им се приближува на претходно анализирана група. Со оглед на фактот што бројни истражувања ја покажуваат поврзаноста помеѓу раното започнување на криминална кариера и подоцнежното запаѓање во рецидивизам[161], се наметнува потребата од благовремено реагирање на првите манифестации на такво однесување.[162]

***Табела бр.7** Осудени деца категоризирани според етничка припадност*[163]

| | **Вк./100%** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Останато** | **Непознато** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 762 | **479** 62,86% | 119 15,62% | 14 1,84% | 126 16,54% | 0 | 2 0,26% | 5 0,66% | 14 1,84% | 3 0,39% |
| 2006 | 844 | **407**/ 48,22% | 164 19,43% | 34 4,03% | 164 19,43% | 0 | 0 | 12 1,42% | 39 4,62% | 24 2,84% |
| 2007 | 676 | **364** 53,85% | 136 20,12% | 17 2,51% | 138 20,41% | 0 | 3 0.44% | 5 0,74% | 6 0,89% | 7 1,04% |
| 2008 | 715 | **378** 52,87 | 150 20,98% | 16 2,24% | 136 19,02% | 0 | 5 0,70% | 7 0,98% | 13 1,82% | 10 1,40% |
| 2009 | 748 | **418** 55,88% | 101 13,50% | 29 3,88% | 173 23,13% | 0 | 3 0,40% | 8 1,07% | 9 1,20% | 7 0.94% |
| 2010 | 547 | **324** 59,23% | 67 12,25% | 39 7,13% | 102 18,65% | 0 | 0 | 1 0,18% | 9 1,65% | 5 0,91% |
| 2011 | 722 | **268** 37,12% | 209 28,95% | 36 4,99% | 97 13,43% | 1 0,14% | 1 0,14% | 7 0,97% | 8 1,11% | 95 13,16% |
| 2012 | 556 | **198** 35,61% | 101 18,17% | 36 6,47% | 96 17,27% | 0 | 0 | 15 2,70% | 1 0,18% | 109 19,60% |
| 2013 | 473 | **172** 36,36% | 129 27,27% | 32 6,77% | 66 13,95% | 0 | 0 | 4 0,85% | 5 1,06% | 65 13,74% |
| 2014 | 461 | **206** 44,69% | 121 26,25% | 26 5,64% | 85 18,44% | 0 | 0 | 11 0,65% | 3 0.65% | 9 1.95% |
| 2015 | 348 | **110** 31,61% | 85 24,43% | 8 2,30% | 81 23,28% | 1 0,29% | 0 | 0 | 2 0,57% | 61 17,53% |

[161] Mannhain и Willkins покажуваат дека кај оние што првото дело го сториле на околу 16 годишна возраст рецидивирале 46 %, а оние кои делото го сториле на 11 години покасно се јавиле како рецидивисти 65 %. (Арнаудовски, Љ. (1981), *Малолетничко престапништво-предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81*, Правен факултет-Скопје, Скопје, стр.59)

[162] За да ја пополниме возрасната слика и да ја потврдиме онаа теза што постојано ја истакнуваме за поместување на границата на отпочнување на криминалната кариера надолу, во прилог треба да се земе и податокот дека голем дел од кривичните пријави кои се поднесуваат кај помладите деца се отфрлуваат поради возраста или пак поради примена на начелото на целесообразност.

[163] http://www.stat.gov.mk

Евидентно од Табела бр. 7 е дека во анализираниот десет годишен период Македонците како извршители на кривични дела процентуално доминираат во големата слика. Сепак, повторно евидентно од податоците во табелата е и дека тоа учество е во постојан пад со секоја следна година, па од учество со дури 62,85 % од вкупниот број на сторители во 2005 година, 2015 година се карактеризира со учество на само 31,61 % на Македонци во вкупниот број на извршители. Релативно високо е и учеството на Албанците како анализиран етникум. Од првичната застапеност со само 15,62 %, нивното максимално учество е во 2011 година со 28,95 % од вкупниот број на извршители, кога практично им се приближиле на Македонците.

Сепак, во анализираната категорија најиндикативно е високото присуство на Ромите како етникум. Имено во анализираниот период нивното учество се движи од минимални 13,95 % во 2013 година, па се до максимални 23,28 % во 2015 година. Но, и тука при извлекување на соодветни заклучоци треба да се погледне големата слика, односно да се утврди како ова учество на соодветниот етникум соодветствува со неговото учество во структурата на населението на територијата на соодветна држава. Па оттука, ако се земе во предвид податокот дека според последиот попис во 2002 година само 2,7 % од граѓаните на Република Македонија се идентификувале како Роми[164], можеме да заклучиме дека Ромите во огромен процент како етникум учествуваат во криминалитетот кај децата како анализирана категорија.

Следна застапена категорија се Турците, чие процентуално учество се движи од 1.84 до максимални 6.77 % од вкупниот број сторители, а останатите националности се со занемарливо процентуално учество во вкупниот криминалитет кај децата.

Во криминолошката теорија често е присутен и емпирискиот доказ за позитивна корелација помеѓу ниското образование и вршењето на негативни противоопштествени поведенија.

---

[164] Спиталски, А., (2018), Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита, (https://minorityrights.org/wp-content/uploads/2018/11/MRG_Brief_Mac_MAC_Nov18.pdf).

***Табела бр.8*** *Осудени деца категоризирани според школската подготовка*[165]
**Во официјалните публикации на Државниот завод за статистика недостасуваат податоци според горенаведениот критериум*

| Осудени според школската подготовка | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | Основно | Средно | Више/Високо | Непознато | Не посетува училиште |
| 2005 | 762 | 68<br>8,92% | 338<br>44,36% | 3<br>0,39% | 20<br>2,62% | 333<br>43,70% |
| 2006 | 844 | 64<br>7.58% | 379<br>44,91% | - | 8<br>0,95% | 393<br>46,56% |
| 2007 | 676 | 36<br>5,33% | 335<br>49,56% | / | 12<br>1,78% | 293<br>43,34% |
| 2008 | 715 | 57<br>7,97% | 359<br>50,21% | 4<br>0,56% | 12<br>1,68% | 283<br>39,58% |
| 2009 | 748 | 51<br>6,82% | 416<br>55,61% | / | 19<br>2,54% | 262<br>35,03% |
| 2010 | 547 | * | * | * | * | * |
| 2011 | 772 | 63<br>8,73% | 367<br>50,83% | 1<br>0,14% | 17<br>2,35% | 274<br>37,95% |
| 2012 | 556 | 48<br>8,63% | 317<br>57,01% | 2<br>0,36% | 15<br>2,70% | 174<br>31,29% |
| 2013 | 473 | 25<br>5,29% | 210<br>44,40% | / | 47<br>9,94% | 191<br>40,38% |
| 2014 | 461 | 22<br>4,77% | 315<br>68,33% | 2<br>0,43% | 7<br>1,52% | 115<br>24,95% |
| 2015 | 348 | 30<br>8,62% | 158<br>45,40% | / | 13<br>3,74% | 147<br>42,24% |

***Графикон бр.3*** *Приказ на нивото на образование на сторителите*




За целиот анализираниот период, евидентно од Табелата бр. 8 и Графикон бр.3, е дека мал број од сите осудени деца се вклучени во образовниот процес. Имено, со исклучок на 2014 година, кога "само" 24,95 % од вкупниот број на деца сторители на кривични дела останале надвор од образовниот процес, останатите анализирани години се карактеризираат со високо учество, кое во 2006 година покажува дека дури 46,56 % од вкупниот број на анализирани сторители **не** посетуваат училиште.

[165] http://www.stat.gov.mk

Од оние кои сепак посетуваат настава процентуално најзастапени во целиот анализиран период се децата од средно училиште, потоа основците, а мал и незначителен е бројот на деца кои се дел од високообразовниот процес. Ова е и очекувана распределба од аспект на периодот на достигнување на криминална зрелост од една страна, како и влегување во зоната на полнолетство од друга страна.

Во секој случај, овие податоци мошне илустративно покажуваат дека неуспехот во училиштето, негативниот однос кон трудот е битна карактеристика на децата како сторители на кривични дела во Република Македонија и дека тој елемент има многу големо значење не само за феноменологијата, туку и за етиологијата на овој криминалитет бидејќи тој овде најчесто не се јавува со самостојно значење како самостојна детерминанта, туку во поврзаност со многу други детерминанти кои ја одредуваат општествената и социјалната положба на детето во општеството.

Не треба посебно да се докажува дека микрогрупната состојба, ситуацијата и атмосферата во семејството на детето е од значење за развојот вклучувајќи го и неговиот однос кон образованието. Но притоа со внимание треба да се пристапува кон давањето на негативни квалификативи на семејствата од гледиште на објаснувањето на криминалитетот кај децата, бидејќи секогаш не е така. Во анализираниот период 80,62 % од децата потекнуваат од комплетни семејства и живеат со двата родители, 12,36 % живеат со еден родител, 2.59 % од децата се сместени во установи, а многу мала е процентуалната застапеност на децата кои живеат со други роднини, живеат со брачен другар или сами. Овој факт на појавата и дава подруго значење бидејќи станува збор за способноста на родителот, во современите услови правилно да го водат и воспитуваат своето дете, да му обезбедат услови за развој, контрола, надзор и сл. За оваа оценка идникативен е и податокот според кој речиси 90 % од дводородителските семејства во анализираниот период поседуваат занимање кое го одредува нивниот општествено-економски, материјален и социјален статус како неповолен[166], а таквата положба во меѓусебна поврзаност со личноста на детето често има негативен тренд на развој на личноста кон делинквентно однесување.

Сите претходни согледувања покажуваат дека криминалитетот кај децата според размерите и феноменолошките карактеристики оправдано се сместува во редот

[166] Татковците се најчесто земјоделци, ракувачи на машини, елементарни работници или невработени лица, а мајките домакинки или невработени.

на тешките социјални проблеми на нашето општество. Оттука, гледано од тој агол, тоа е должно да ги превземе сите мерки на сопствена заштита и заштита на своите млади членови, дури и тогаш кога криминалитетот кај децата би се манифестирал во значително помала мерка отколку што е сега случај.

# II. КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ГРУПНОТО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА

## 1. Основни проблеми на учеството на повеќе лица во казненото дело

Учеството на повеќе лица во извршувањето на едно кривично дело припаѓа во редот на најкомпликуваните прашања на теоријата на казненото право. Неговата сложеност е иницирана со самото учество на повеќе субјекти[167] во реализацијата на делото (concursus plurum in idem delictum). Таа натаму се усложнува поради различниот придонес на секој од нив во криминалниот акт. Притоа не е истоветна и кохезијата меѓу учесниците од извршителскиот круг. Една ситуација е ако тие моментално или случајно се поврзале заради извршување на кривичното дело, а сосема друга ако дејствуваат како злосторничка организација, со однапред утврден план за недозволена акција и со определени улоги за неговото извршување. Кривичното дело само по себе е општествено опасна дејност, но тоа е уште поопасно ако е резултат на дејствување на повеќе лица, особено ако тие се организирани како криминален колективитет. И изгледите да се доврши делото и да се предизвикаат тешки последици се многу поголеми ако се дејствува од страна на повеќе лица, отколку од еден.[168]

Учеството на повеќе лица во извршувањето на кривичното дело пред теоријата на кривичното право ја поставува задачата точно да ги дефинира посебните видови на тоа учество, давајќи прецизни критериуми за нивно разграничување и разликување.[169] Кривичното право мора да ги издиференцира формите на здружување и во своите норми, одредувајќи ги критериумите на разграничување, да го изрази и уважи така евидентниот факт дека на поединците им припаѓа различна улога во случај кога тие заеднички остваруваат едно кривично дело, на тоа треба да му одговара и нивното кривично правно рангирање во смисла на значење на казнивоста.

Во овој контекст, главното прашање кое се поставило, а кое и денес сеуште се поставува е: дали покрај извршителот на кривичното дело, како физички реализатор на последицата, треба да се казнат и другите лица кои со своите активности придонесуваат кон остварувањето на кривичното дело и, ако треба, кој е основот за нивната одговорност. Со други зборови, дали основот за нивната одговорност, а според

---

[167] Кривичното право разликува два вида на субјекти: активни и пасивни субјекти на кривичното право (сторител и оштетен). Нашиот интерес ќе го задржиме на активните субјекти, односно сторителите на кривични дела. (Крстановски, М. (2010), *Криминалитет и детекција*, Факултет за туризам и угостителство- Охрид, Охрид, стр.24)

[168] Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.326

[169] Марјановиќ, Ѓ. (1988), *Кривично право-општ дел*, Студенстски збор, Скопје, стр.305

тоа и казнивоста на соучесниците, лежи во нивните сопствени активности, или пак тој основ се наоѓа во активноста на извршителот со која е предизвикана последицата на кривичното дело. Од ова произлегува уште едно прашање, кое е многу значајно за законодавното и практичното решение за казнувањето на соучесниците, а тоа е: дали кај соучесништвото се конституира посебен и самостоен вид на кривична одговорност или тоа е оној ист основ кој се побарува кај поединечниот извршител, а кој се состои во постоење на психички однос изразен во форма на умисла или небрежност спрема кривичното дело [170]

Во барањето одговори на ова прашање, се појавиле различни погледи кои довеле до различни теоретски и законодавни решенија. Бројни различни гледишта покажале дека овој, во пракса едноставен човеков чин, всушност е многу комплициран кривично правен проблем. Многу автори, меѓутоа, дошле до убедување дека токму овие различни сфаќања, кои се тешко помирливи довеле до компликувње на овој проблем така што тој станал речиси нерешлив и претставува јаболко на раздорот во кривичното право.

## 2. Развој на соучесништвото

Пред да се пристапи кон разгледување на современите теориски поставки и практични решенија неопходно е низ еден краток историски осврт, кој би имал карактер на сумарна ретроспекција, да се согледа неговиот развој низ кривичното законодавство.

Соучесништвото како институт настанало во периодот на развиеното кривично право. Систематската обработка на овој проблем започнала во осумнаесеттиот век напоредно и во врска со проучувањето на кривичната одговорност. Како што е познато, проблематиката на субјективната кривична одговорност ја разработила и ја внела во кривичното право, како неопходен услов за казна, класичната школа. Логично е оттука дека, при разработувањето на проблематиката за субјективна кривична одговорност: извор, поим и облик на вина, класичната школа не можела да го избегне соучесништвото како стек на повеќе лица во извршувањето на кривичното дело, чија одговорност мора правно и теоретски да се вообличи, исто како и одговорноста на самостојниот, поединечен извршител. Ова особено, што од криминално-политички

[170] Јовановић, Љ. (1974), *Погледи и схватања о саучесништву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, стр.73

аспект овој начин на здружување за вршење на кривични дела одсекогаш се сметал за потежок вид од поединечното вршење на тие дела. Барајќи ги основите за одговорност класичарите пристапиле кон научна обработка на овој проблем и го формирале како кривичноправен институт кој има свои специфичности во однос на другите институти.[171]

Но, ова не значи дека соучесништвото како појава, не било познато на законодавствата пред неговото теоретско оформување како институт. Напротив, законодавствата може да се каже отсекогаш, ги казнувале сите соучесници и тоа генерално подеднакво без оглед на нивната улога, придонесот во извршувањето на кривичното дело, односно во настапувањето на општествено опасната и забранета последица. Тој период се карактеризира со арбитререн и мошне дифузен концепт, со непостоење на законска регулатива и прецизно одредени претпоставки за индивидуална и субјективна оговорност, односно со непостоење на посебни одредби кои би го регулирале соучесништвото во целина, како општ поим или неговите поединечни форми.

Во античкиот и средновековниот период, правните споменици, не содржеле посебни одредби за извршителот или соучесникот, а познавале само одредби за казнување на други дела што се во допир со казненото дело, како што е делото прикривање. Така на пример, Хамурабиевиот законик во својот чл.109 предвидувал:

-ако во куќата на гостилничарката се соберат злосторници и таа не ги задржи и не ги предаде на дворот, треба да се казни со смрт. Ова изедначување на активноста на сите учесници во реализацијата на кривичното дело, или подобро кажано, неразликувањето на сторување од соработка при заедничко сторување на кривичното дело произлегува од нашироко прифатената колективна одговорност која подразбирала дека кругот на учесници ги опфаќа не само непосредните извршители, поттикнувачи или помагачи, туку и сите кои на кој и да е начин го поддржале извршувањето на кривичното дело, учествувале во поделбата на остварената корист, или го прикривале делото и сторителот.[172]

Иако не прави разлика помеѓу соучесништвото и дополнителните криминалните активности кои денес претставуваат самостојни акти, Саксонското огледало-

[171] Tomić, M. (1983), *Pomaganje kao oblik saučesništva*, Glas, Banja Luka, стр. 14
[172] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненото дело*, Скопје, стр.12,13

најпознатиот акт од тринаесеттиот век, предвидува подеднакво казнување за крадците и за нивните прикривачи, *како и за оние кои им пружиле соработка во вид на помош или совет*. Тука впрочем, не само што е употребен терминот соработка, туку и е нагласено од што истата се состои, па затоа може да се каже дека со овој законски акт е направен првиот чекор кон сфаќањето дека соработка во делото не е исто што и неговото извршување, што покасно ќе доведе до формирање на поимот на соучесништвото.[173]

Во првата половина на шестнаесеттиот век во Европа се појавиле казнени законици во кои започнало диференцирање на одделни облици на учество од општиот поим на извршителство и индивидуализирање на казнената одговорност. Во Бамбершкиот законик од 1507 година се казнува свесна и умислена соработка во казненото дело по пат на договор, поттикнување на казненото дело, помагање или друг начин со кој се придонесува кон казненото дело.[174] На сличен начин, и во Каролина (Constitutio Criminalis Carolina) од 1532 година, најважниот правен споменик на средното доба на феудализмот, покрај соработката, која може да се сфати како форма на помагање, се споменува и поттикнувањето во врска со кривичните дела убиство, телесна повреда, предизвикување масовни нереди и лажна заклетва.[175] Слабеењето на поранешното становиште за изедначување на сите учесници во делото очигледно ги терало законодавците да внесуваат се повеќе одредби за казнување на одделните форми на учество.[176]

Баварскиот законик од 1751 година не покажува некој поголем напредок во поглед на развојот на соучесништвото, освен што во овој законик, покрај поттикнувачите и помагачите како посебни видови на соучесници се појавуваат лицата кои ја изразуваат својата солидарност со извршителот на кривичното дело и лицата кои го одобруваат или фалат кривичното дело. Ваквото решение е сосема непотребно, од една страна, поради тоа што изразувањето солидарност, одобрувањето или фалењето на кривичното дело пред неговото извршување може да се третира како поттикнување, а од друга страна ако тоа е извршено по сторувањето на кривичното дело нема никаква врска со

---

[173] Јовановић, Љ. (1974), *Погледи и схватања о саучесништву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, стр.76
[174] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненото дело*, Скопје, стр.16
[175] Јовановић, Љ. (1974), *Погледи и схватања о саучесништву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, стр.76
[176] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненото дело*, Скопје, стр.16

предизвикувањето на истото и не може да се смета за соучесништво.[177] Новина е што овој законик за прв пат разликувал однапред ветено прикривање, што се казнувало исто како и стореното кривично дело и прикривање по извршеното кривично дело, што се казнувало поблаго.[178]

Австријскиот Кривичен законик на Марија Терезија од 1768 година содржел веќе развиен систем на формално разликување според времето на учество во делото и тоа пред, за време и по довршувањето на делото, и го дефинирал соучесништвото, за првпат, како каузален придонес кон извршувањето на делото.[179] Како соучесништво законикот ги третирал само дејствијата кои се извршени пред или за време на извршувањето на кривичното дело, додека помагањето по извршеното дело го казнувал како посебно дело, освен однапред ветеното помагање кое останувало под поимот на соучесништвото. Делата на допир исто така за прв пат биле диференцирани на дела на непријавување и дела на прикривање на делото и сторителот.[180]

Револуционерниот Кривичен законик од 1791 година во духот на легалитетот, со законски одредби ги утврдува активностите на поттикнувачот и помагачот кои заедно со извршителот на делото влегуваат во категоријата на соучесници. Притоа точно се дефинираат активностите кои влегуваат во категориите на поттикнување и помагање и посебно се нагласува дека тие може да бидат казнети само ако постапувале со умисла и ако е делото извршено. На ваков начин овој и законот од 1810 година познат како Наполеонов кодекс, ја разработуваат субјективната страна на соучесништвото, со што се повлекува јасна граница помеѓу соучесништвото и "делата на допир".[181]

---

[177] Од денешен аспект, учеството по доврушувањето на кривичното дело не е соучесништво, бидејќи му недостига објективната компонента на тој поим: каузален придонес кон извршувањето на делото. Нема помагање откако делото е доврешено. Но, понекогаш и самото учество по доврушувањето на делото има свое посебно криминално политично значење, поради кое во определени случаи треба и да се казнува. (Камбовски, В. (2011), Казнено *право-општ дел, Четврто изменето и дополнето издание*, Скопје, стр.393)

[178] Јовановић, Љ. (1974), *Погледи и схватања о саучесништву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, стр.76

[179] Елементарен услов за определување на статусот на некое лице како учесник во делото е каузалниот придонес кон заедничкиот резултат. Учесник во делото може да биде тој чие што дејствие стои во причинска врска со остварувањето на делото и неговата последица. (Камбовски, В., Крстаноски, М. (2010), *Казнено право-општ дел*, Охрид, стр.160)

[180] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненето дело*, Скопје, стр.17

[181] На ваков начин се приближуваме кон денешното решение кое е на ставот дека доколку сите дејствија кои се во врска со казненото дело се третираат како соучеснички, казнената зона кај секое дело би била проширена до екстремни граници. Потребно е таа да се лимитира со поставување на објективен и субјективен критериум, под кои тие ќе се третираат како соучеснички дејствија. (Камбовски, В. (2011), Казнено *право-општ дел, Четврто изменето и дополнето издание*, Скопје, стр.362)

И конечно, баварскиот Кривичен законик од 1813 година, го сместува соучесништвото во редот на кривично-правните институти. Покрај категоријата на поттикнувачи и помагачи, се воведува уште една форма на соучесништво која е всушност организирањето на злосторничко здружение (во форма на она што денес би можеле да го наречеме соизвршителство). Со тоа соучесништвото се комплетира, онакво какво и денес го познаваме, а во текот на неговото понатамошно регулирање во кривичните законици на поделните држави истото се одвојува од категоријата на извршител . [182]

Преку догматско јуридистичкиот пристап кој во понатамошниот период, како што и претходно напоменавме, ќе го сврти вниманието на научниот интерес кон личноста на деликнвентот, веќе во текот на дваесеттиот век учењето за учеството на повеќе лица во извршувањето на кривичното дело еволуира, произведувајќи мошне динамични законодавни промени, кои се развиваат во правец на постапно диференцирање на различните фигури на учесници и прифаќање на некои општи правила за извршителството и соучесништвото во казнените законодавства. Тоа значи од една страна симплифицирање, односно прифаќање на бипартитната поделба на учесниците во делото на извршители и соучесници од една страна, и прифаќање на акцесорноста на соучесништвото и рестриктивниот поим на извршител од друга страна.

### 3. Поим и правната природа на соучесништвото

Како што и претходно веќе беше споменато, кривичното дело може да биде извршено од страна на едно или повеќе лица. Воопштено кажано, под соучесништво се подразбира остварување на казненото дело од страна на повеќе лица. Всушност, тоа е стек на повеќе лица во едно казнено дело.

За определена ситуација да може да се стави под категоријата на соучесништвото, неопходно е постојат извесни елементи, односно услови.

На прво место, за да можеме воопшто да зборуваме за соучесништво, неопходно е при извршувањето на едно кривично дело да учествуваат повеќе лица. Активностите со кои тие лица учествуваат во извршувањето на кривичното дело треба да се

[182] Јовановић, Љ. (1974), *Погледи и схватања о саучесништву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, стр.77

превземени пред настапувањето на последицата[183], односно, пред извршувањето на кривичното дело, или во текот на самото извршување. [184] Овие активности можат да бидат исти или различни, може да бидат превземени истовремено или сукцесивно (во фази), на исто или на различни места, но мораат да водат кон истиот резултат, а тоа е предизвикувањето на последицата на кривичното дело. Со други зборови, последицата на кривичното дело мора да биде резултат на севкупната активност на сите соучесници. Тоа значи дека помеѓу последицата на кривичното дело и секоја од превземените активности мора да постои каузална врска.

Вториот елемент е од субјективна природа. Овој елемент, изразен е преку потребата кај секој од соучесниците да постои свест за соработка, односно да постои свест за заедничко делување кое придонесува кон настапување на штетната последица, т.е. извршувањето на кривичното дело.[185] Постоењето на свест за заедничко делување значи и дека соучесниците знаат едни за други. Тука не станува збор за лична релација, но битен е фактот дека секој соучесник знае дека покрај него во извршувањето на кривичното дело учествуваат и други, и тоа одредени лица, и во тој круг на лица влегува и извршителот на кривичното дело. [186]

Соучесништвото може да се реализира на повеќе начини. Повеќе лица може да придонесат во остварувањето на едно кривично дело на начин што заеднички ќе партиципираат во дејствието на извршување. Во овој случај зборуваме за соизвршителство. А други лица може да учествуваат во извршувањето на кривичното дело и на начин што го наведуваат сторителот да го превземе дејствието на извршување, или пак му помагаат да го стори истото и да ја предизвика штетната последица. Во овој случај пак зборуваме за поттикнување или за помагање. Иако во теоријата соизвршителството се третира како соучесништво, редовно се прави разлика помеѓу соучесништвото кое го опфаќа и соизвршителството (соучесништво во поширока смисла), и соучесништвото кое ги опфаќа само другите видови на

---

[183]Ако дејствието се превземе потоа, може да постои некое посебно кривично дело (auxilium post delictum), но не и соучесништво, бидејќи тоа не е партиципација во извршувањето туку дејствие по завршувањето на кривичното дело (Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.345)

[184] Čejović, B. (1987), *Krivično pravo-opšti deo*, Naučna knjiga, Beograd, стр.318

[185] Ibid

[186] Bačić, F. (1980) *Krivično pravo-opči dio*, Informator, Zagreb, стр.330

партиципација во извршувањето на кривичното дело, односно поттикнувањето и помагањето (соучесништво по потесна смисла). [187]

Бидејќи соучесништвото претставува заедничко остварување на кривичното дело, од тоа треба да се започне и при определувањето на неговата правна природа. Тргајќи ги на страна сосема напуштените сфаќања според кои секој соучесник врши посебно, самостојно кривично дело, денес постојат два основни пристапи, две основни теории за определувањето на правната природа на соучесништвото.

Акцесорната, зависна или монистичка теорија смета дека кривичното дело е резултат на активноста на сите соучесници, односно нивно заедничко дело и таа поаѓа од идејата дека единството на делото му одговара на единството на одговорноста на учесниците. Оваа поставка се надградува врз појдовната основа дека во тоталитетот на кривичното дело од решавачко значење е главното дејствие на извршителот, а дејствијата на останатите учесници немаат своја автономност туку се зависни од дејствијата кон чија реализација се насочени. [188] Затоа постоењето на соучесништвото е зависно од извршувањето на кривичното дело, односно од превземањето на дејствието на извршување од страна на извршителот. Ако нема извршител или ако извршителот не се ни обидел да изврши кривично дело, нема ни соучесништво. Кривичната одговорност на извршителот се пренесува на соучесниците, односно тие ја позајмуваат од него.

Меѓу поддржувачите на оваа теорија, меѓутоа, не постои согласност околку тоа кои услови, врзани за кривичното дело за чие што извршување се придонесува, треба да бидат исполнети за да дојде до кривична одговорност на соучесниците. Со други зборови, прашањето се сведува на тоа за кои обележја на кривичното дело треба да се врзе кривичната одговорност на соучесниците и од нив да зависи.[189]Оттука разликуваме неколку ситуации, односно варијанти на акцесорноста.

Извесно време била прифатена теоријата на *потполна (екстремна) акцесорност* според која било нужно извршителот да го реализирал кривичното дело со сите негови општи обележја, а особено да е утврдена и неговата вина. Тоа довело до неприфатливи резултати, особено во ситуациите кога како извршител се јавува лице кое не е

---

[187] Tomić, M. (1983), *Pomaganje kao oblik saučesništva*, Glas, Banja Luka, стр. 16
[188] Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.347
[189] Čejović, B. (1987), *Krivično pravo-opšti deo*, Naučna kniga, Beograd, стр.326

пресметливо и виновно. Во овие ситуации, поаѓајки од потполната акцесорност, се доаѓа до резултат дека нема кривично дело, а според тоа ни соучесништво.[190] За да се избегнат негативните последици на оваа екстремност се пристапило кон конструкцијата- посреден извршител кој овозможува казнување на соучесникот кога лицето кое го превзело дејствието на извршување не било кривично одговорно. [191] Но, ни оваа коригирана теорија не можела да ги реши проблемите кои произлегувале во пракса, па затоа се преминало на теоријата на *лимитирана (ограничена) акцесорност.* По оваа теорија, кривичната одговорност на соучесниците зависи само од тоа дали извршителот превзел противправна активност за која кривичниот законик предвидува определена казна и соучесник е само оној кој што дава придонес кон противправното остварување на законското битие на едно кривично дело од страна на друго лице.[192] На ваков начин, може да се тврди дека лимитирана акцесорност го изразува принципот на субјективна лична одговорност на секој учесник во извршувањето на кривичното дело, дека секој од нив самостојно одговара за она што го сторил и во таа смисла кај секој од нив мора да бидат исполнети сите услови за нивна одговорност.[193]

Иако нема значење како потполното и лимитираното, потребно е да се спомене и сфаќањето за хиперекстремната акцесорност, според кое одговорноста и казнивоста на соучесниците во сите подробности зависи од одговорноста и казнивоста на сторителот на делото. Според ова стојалиште, секој личен однос, својство или околност поради која законот ја исклучува кривичната одговорност, или дозволува ослободување од казна, ублажување или поострување на казната, би се земале предвид и при пресудувањето на уделот на соучесниците. На ваков начин, комплетно се исклучуваат можностите за самостојна и лична одговорност на соучесниците како основни карактеристики на одговорноста во современото кривично право.[194]

Најпосле, според теоријата на минимална акцесорност, во казнената зона влегува тој кој што друг ќе поттикне или помогне да превземе такво дејствие кое е опфатено во законското битие на казненото дело, кое не мора да достигне степен на противправно дело. Можно е, според тоа, казнување на соучесникот и за учество во

[190] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo- opšti deo-dvadeset i drugo izdanje,* Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.252
[191] Tomič, M. (1983), *Pomaganje kao oblik saučesništva*, Glas, Banja Luka, стр.34
[192] Марјановиќ, Ѓ. (1988), *Кривично право-општ дел*, Студенстски збор, Скопје, стр.318
[193] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo-opšti deo- dvadeset i drugo izdanje,* Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.252
[194] Проевски, В. (1986), *Кривично право- општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.347

правно дозволено дело, односно дејствие чија што противправност е исклучена, на пример: во случај на помагање на лице кое постапува во нужна одбрана, во вршење на службената должност и сл.[195] И ова становиште не е апсолутно прифатено во современото казнено право, бидејќи води кон нелогични и несправедливи консеквенци.

Теориите за самостојната природа на соучесништвото, плуралистички или принципални теории (познати уште како теории ‘‘condition sine qua non’’) сметаат дека сите соучесници треба подеднакво да ги остварат условите за реализација на кривичното дело. Овие теории го ликвидираат поимот соучесништво како нешто што поимски претпоставува зависност од едно дело, ги изедначуваат сите облици на учество во кривичното дело и сите тие учесници начелно имаат еднаква положба.[196] Според едни теории, сите учесници во извршувањето на делото одговараат за истото дело, но секој самостојно и наполно независно од другиот учесник. Според други теории, секој учесник остварува свое кривично дело. Но и во едниот и во другиот случај институтот на соучесништвото станува непотребен. Според првите теории, кривичното дело е резултат на дејноста на сите учесници, дејноста на секој од нив е еднакво вредна, па затоа секој од нив е сторител на кривичното дело. Секој учесник е наполно самостојна кривично- правна фигура, ниеден не е учесник во дело на друг.[197] Вторите теории тргнуваат од тоа дека дејствијата на соучесниците немаат значење на причини, дека со нив неможе да се оствари последицата. Со оглед на тоа дека таа теорија едновремено ја негира акцесорноста кај соучесништвото, таа мора секое дејствие на соучесништво да го смета како самостојно кривично дело за да биде можно казнувањето на тие учесници.[198] За ова сфаќање постојат толку кривични дела колкав што е бројот на соучесници.[199]

Против ваквите сфаќања за соучесништвото со право се истакнува дека тие кинат и разделуваат нешто што претставува природна целина и што, само ако се земе како целина може правилно да се оцени. Дејноста на секој одделен соучесник земена

---

[195] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненето дело*, Скопје, стр.79

[196] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo- opšti deo-dvadeset i drugo izdanje,* Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.251

[197]Според ова, принципалната теорија се сведува на тоа дека поттикнувањето и помагањето се одвојуваат од извршувањето, и постануваат самостојни кривични дела. Кривичната санкција за нив е самостојно запретена и не е веќе акцесорно поврзана со казнувањето на она дело на кое е вршено поттикнување, односно помагање. Секое од тие дела има сопствена криминалност и се пресудува како самостојно кривично дело, без оглед на тоа што другиот сторил. (Tomić, M. (1983), *Pomaganje kao oblik saučesništva*, Glas, Banja Luka, стр. 41)

[198] Бачиќ, Ф. (1972), *Кривично право-општ дел*, Универзитет Кирил и Методиј во Скопје, Скопје, стр.493

[199] Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.349

сама за себе нема така опасен карактер за да треба да биде квалифицирана како самостојно кривично дело, и на тој начин доаѓа до прешироко казнување отколку што е тоа справедливо.

**4. Правна природа на соучесништвото според нашето кривично право**

Во современото кривично законодавство зачестена е теоријата на ограничена (лимитирана) акцесорност на соучесништвото. Начелно и нашиот закон ја прифаќа, особено поради фактот што кривичното дело кое е сторено од страна на повеќе лица го смета како едно кривично дело кое настанало како резултат на заедничката активност на извршителот и соучесниците. Значи, не постојат повеќе кривични дела, туку едно во чие што остварување учествувале повеќе лица, при што извршителот е непосреден предизвикувач на последицата на делото, а останатите придонесуваат во успешното остварување на таквата активност.

Во нашиот КЗ конкретизацијата на лимитирана акцесорност, ако формално се анализира, во секој случај би обврзувала со дејствието на извршителот да се остварени сите објективни и субјективни елементи на законското битие на кривичното дело. Тоа дејствие треба да е противправно, или попрецизно речено противправноста да не е исклучена по било која основа и за тоа дело да може да се изрече казна или друга санкција. Притоа извршителот треба да е способен за вина, да дејствува со умисла и умислено да се превземаат соучесничките дејствија.

Преку оваа анализа може да се каже дека становиштето на лимитираната акцесорност, иако е во пракса применливо, нема некое сигурно упориште во нашиот закон. Негативен аспект на ова становиште е најпрвин тоа дека учеството во противправно дело не може да има никакво значење по однос на казнивоста на соучесниците, зошто и самиот поим на противправно дело кај нас нема никакво посебно казнено-правно значење и дејство. Никој не може да биде осуден само за противправно дело, а дотолку повеќе тоа треба да важи и за соучесниците во таквото дело.[200] Имено, според КЗМ како поттикнувач или помагач се казнува тој што друг ќе

[200] *Argumentum a fortiori* (дотолку повеќе) е формално логичко правило, според кое ако постои правен однос за определена правна последица, дотолку повеќе треба да се земе дека таа последица треба да настапи ако има повеќе такви основи, или основ кој по своето дејство е посилен од оној кој што се смета за минимален. (Камбовски, В., Крстаноски,М. (2010), *Казнено право-општ дел*, Охрид, стр.101)

поттикне, односно ќе помогне на друг во извршувањето на казнено дело.[201] Законскиот поим на "казнено дело" во никој случај не може да се изедначи со "противправно дело", зошто покрај противправноста поимот на казнено дело ги вклучува уште и елементите на вина и казнивост. Па оттука, објаснувањето на правната природа би можела да се потпре единствено врз релативната теорија на екстремна акцесорност која би подразбирала дека за казнување на соучесниците е потребно да постои скривено казнено дело, односно, ако се работи за непресметливо лице делото да е израз на неговата опасност. Со други зборови соучесништвото би претпоставувало постоење на главно дело на извршител, спрема кого може да биде изречена казна или мерка за безбедност. Ако на страната на главниот извршител нема вина, нема ниту главно дело, нема ни учество во тоа главно дело. [202]

Но сепак, како што вели Стојановиќ, квалитатитивното степенување на зависната природа на соучесништвото не е оправдано да се бара да биде ни премалку, ни премногу определена, па доволно е од страна на извршителот да биде извршено дело предвидено во законот како противправно. Вината на извршителот не треба да се побарува и поради фактот што истата е индивидуална и како таква не е релевантна за соучесниците, за чија одговорност истата мора да постои кај секој соучесник.[203] Чл.25 ст.1 од КЗМ нагласува дека соучесниците се казнуваат во границите на својата умисла, па можеме од тука да заклучиме дека оваа одредба би ја определила смислата, границите и степенот на акцесорност, односно дека соучесништвото може да постои само ако извршителот на кривичното дело остварил реализација на криминалното неправо во вид на општествено опасна појава или загрозување на заштитено добро, а дека самата одговорност на соучесникот е независна од одговорноста на извршителот.

Смислата на лимитираната акцесорност не е соучесништвото како институција да го врзе за одговорноста на извршителот или да го ослободи од таа врска.Тој нема ни за цел да реши дали соучесништвото зависи од тоа дали делото на главниот извршител е сторено со умисла, или од небрежност или тој воопшто не е виновен за тоа дело. Смислата на овој принцип е да го услови постоењето на соучесништвото со влезот на

---

[201] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.23,24

[202] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненето дело*, Скопје, стр.83,84

[203] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo-opšti deo-dvadeset i drugo izdanje*, Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.254

сторителот во казнената зона и да обезбеди кривична одговорност на соучесниците во однос на одговорноста на главниот извршител.[204]

Акцесорноста (зависноста) понатаму подразбира и главниот извршител да се обидел или да го извршил делото. Според Кривичниот законик, поттикнувањето и помагањето претпоставуваат постоење на главно казнено дело. Ако на страната на главниот извршител не се превземени ни казниви подготвителни дејствија или казнив обид, постои неуспешно поттикнување или помагање. Принципалната теорија е применлива токму кај овој институт. Кривичниот законик во чл. 23 ст. 2 установува правило според кое поттикнувачот извршува самостојно кривично дело ако со умисла поттикнува друг на извршување кривично дело за кое според законот може да се изречат пет години затвор или потешка казна, а делото не биде ни обидено.[205] Со оглед дека одговорноста на поттикнувачот е автономна, тој ќе се казни со казната предвидена за кривичното дело на кое поттикнувал, како делото да останало во обид.[206]

## 5. Форми на соучесништво

Учеството на повеќе лица во остварувањето на кривичното дело може да биде реализирано со различни активности, во различен обем и на различни начини. Зависно од видот, природата и карактерот на превземените активности, се разликуваат повеќе облици на соучесништво. Според Кривичниот законик, тоа се:

1) соизвршителство,

2) поттикнување и

3) помагање

### 5.1. Соизвршителство

Соизвршителство, според одредбите на чл. 22 од Кривичниот законик, постои кога две или повеќе лица, со учество во дејствие на извршување или со друг особен придонес кон извршувањето на делото, заеднички сторат кривично дело. Тоа е свесно и волево заедничко учествување во превземањето на активности со кои се врши кривичното дело, кои активности може да се состојат од тоа два или повеќе (со)извршители заеднички да го превземат дејствието на извршување или кога два или

[204] *Komentar Krivičnog zakonika Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije* (1978), "Savremena administracija", стр.121

[205] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година,чл.23

[206] Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.350

повеќе соизвршители превземаат заеднички различни дејствија, од кои некои се дејствие на извршување, поединечно или заедничко, а некои пак не претставуваат дејствие на извршување.

Во одделни законодавства не постои законска дефиниција за овој поим, зошто преовладува мислењето дека поимот на соизвршителство е доволно одреден преку поимот на извршителството, така што сето она што важи за извршителот, се однесува и на соизвршителот. Околу повлекувањето на гранична линија меѓу овие два поими се развиени неколку теории, генерално групирани како објективни, субјективни и мешовити.

За *формално-објективното сфаќање*, соизвршител е секое лице што целосно или делумно го превзело дејствието на извршување. Иако се во прашање повеќе учесници, секој од нив што целосно или делумно го превзема дејствието на извршување го остварува она што претставува конститутивен дел на законското битие (предвидено во неговиот основен, привилегиран или квалифициран облик). Оттука, соизвршители се оние учесници кои заеднички го оствариле таквото дејствие со намера да го сторат кривичното дело. Соизвршителот не е некоја посебна кривичноправна фигура различна од извршителот. [207]

Основна предност на оваа теорија е што прецизно ги одвојува соизвршителите од другите учесници во извршувањето на кривичното дело. Соизвршител не може да биде лице кое превзело активност која лежи надвор од битието на делото.[208] Ако лицето за кое станува збор дало само свој придонес кон извршувањето на делото, но без земање учество во дејствието на извршување, туку во некои дејности сврзани со извршувањето, тоа не е соизвршител, туку соучесник (поттикнувач, помагач).

Прецизноста на оваа концепција никогаш не била доведувана во прашање, но со право и се забележува дека е претесна и преформална, бидејќи од соизвршители ги исклучува некои лица без оглед на големината и значењето на нивниот удел во извршувањето на делото.[209] Нејзината формалност е неприменлива и кај небрежните дела, омисивни деликти, дела на неправо на последицата и дела чии законски описи содржат генерална калузула во однос на определувањето на дејствието на извршување,

[207] Bačić, F. (1980), *Krivično pravo-opči dio*, Informator, Zagreb,стр.325
[208] *Komentar krivičnog zakonika Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije,* (1978), Savremena administracija, стр.126
[209] Марјановиќ, Г. (1988), *Кривично право-општ дел*, Студенстски збор, Скопје, стр.305

кај кои мора да се посегне по некој друг критериум што ќе ги комбинира објективните и субјективните елементи на законското битие.[210]

*Субјективните сфаќања* поаѓаат од субјективното битие во комплексот на соизвршителството. Според нив токму елементите од субјективна природа го обликуваат функционалниот критериум, неопходен за диференцирање на извршителството од соучесништвото. За застапниците на оваа теорија, врз основа на субјективното битие може да се разграничат дејствијата на помагачот од оние на соизвршителот. [211] Соизвршителството постои кога повеќе лица кои учествуваат во извршувањето на кривичното дело го посакуваат тоа дело како свое, кога постапуваат cum animus auctoris. Оттука, постои соучесништво во потесна смисла на зборот кога лицата кои учествуваат во извршувањето на кривичното дело, не го посакуваат тоа дело како свое туку како туѓо остварување (постапуваат cum animus socii).[212] Не е важна активноста која се превзема, ниту нејзиниот причинско последичен однос со последицата, туку само волевиот однос на учесникот спрема делото.[213]

Екстремно спроведени, според субјективните теории и оној кој самиот ќе го оствари битието на делото, сепак ќе остане соучесник ако има соучесничка волја. Така, според една одлука на германскиот Врховен суд, една жена што самата го убила детето на својата сестра, била осудена како соучесник, а не како извршител, зошто делото не го сакала како свое, туку го сторила во интерес на својата сестра.[214] Ова е очигледен пример за тоа како субјективните теории доведуваат до нелогични резултати. Затоа, тие, во ваквите свои екстремни консеквенции, денеска се отфлаат.[215]

---

[210] Камбовски, В. (2011), Казнено *право-општ дел, Четврто изменето и дополнето издание*, Скопје, стр.342

[211] Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.333

[212] Веселс, Ј., Бојлке, В. (2009), *Кривично право-општ дел*, Табернакул, стр.186

[213] Постојат всушност две субјективни теории. Едната е теоријата на целта или интересот, а другата теоријата на умислата. Според теоријата на целта или интересот како соизвршител може да се земе оној, кој со делото ја остварува својата цел или интерес, а не туѓа. Но поисправна е теоријата на умислата, според која одлучно кај соизвршителот е делото да го посакува како свое, а не како туѓо, без оглед на фактот дали притоа постапувал во име и за сметка на себе или на некој друг. Дека го посакува делото како свое, произлегува од тоа, што сам или заеднички со некој друг го извршува. Од објективниот момент тука се изведува заклучокот за субјективниот. Ваквото поставување на работите, би ги објективизирало изложените субјективни теории. (Zlatarić, B. (1956), *Krivični zakonik u praktičnoj primen*i, Narodne novine, Zagreb, стр.102)

[214] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo-opšti deo-dvadeset i drugo izdanje,* Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.255

[215] Субјективните теории не можат да ја издржат основната критика дека го пренебегнуваат законското битие на делото. Ако за определување на извршителскиот круг е релевантен само субјективниот момент, законот воопшто не би имал потреба да го определува објективното битие преку дејствието на извршување. (Камбовски, В. (2011), *Казнено право-општ дел, Четврто изменето и дополнето издание,* Скопје, стр.342)

За нашето кривично законодавство, ваквите субјективни теории се неприфатливи, бидејќи не се во состојба да дојдат до достатно доверливи критериуми за разграничување на разните фигури на учесниците во извршувањето на делото. Тие, всушност, му го препуштаат тоа на судијата, а со тоа го нарушуваат принципот на законитоста.

*Мешовитите теории*, како што покажува и името, ги комбинираат објективните и субјективните елементи, така што покрај значењето на објективниот придонес кон извршувањето на делото се потенцира и некој посебен субјективен момент, според кој извршителството се разликува од соучесништвото. Според *теоријата на поделба на трудот* соизвршителството се состои во заедничко, спогодбено, скривено учество на повеќе лица во извршувањето на кривичното дело или било кое друго дејствие во рамките и во времето на извршувањето на делото.[216] Соизвршител е секој оној учесник кој преку спогодбена поделба на улогите при заедничкото извршување на кривичното дело, го остварува својот дел од процесот, делот кој што му е доделен, при што остварувањето на делото го посакува како свое и заедничко. Било каква активност на еден учесник го прави соизвршител, ако истата е превземена во рамките на договорот за заедничко извршување на делото и ако тој учесник е носител на извршителската волја.[217]

Оваа теорија не го уважува значењето на самото дејствие, на самиот придонес на поединецот. Не е целесообразно и не одговара на реалноста како извршител (соизвршител) да се третира еден учесник, без оглед на вистинското значење на неговото дејствие, само затоа што врз основа на поделба на улогите превзел споредно дејствие. Затоа што на овие теории им недостига принципиелна основа за одредување на поимот на соизвршителството, можно е иста дејност еднаш да биде квалификувана како соизвршителство, а друг пат како соучесништво во потесна смисла.[218]

Теоријата на "власта врз делото", пак, соизвршителството го дефинира како заедничко извршување на делото од сторителот кој има власт врз делото и го води развитокот на каузалниот тек кон остварување на последицата на делото. (Со)извршител е она лице кое како централна, клучна фигура поседува умислена и решавачка власт над настанот со кој се реализира законското битие на некое кривично

[216] Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.334
[217] Бачиќ, Ф. (1972), *Кривично право-општ дел*, Универзитет Кирил и Методиј во Скопје, Скопје, стр.493
[218] Bačić, F. (1980), *Krivičnopravo-opči dio*, Informator, Zagreb , стр.328

дело.[219] За таквото "господарење" врз делото не е доволно да се превземе умислено помагачко, па дури и клучно помагачко дејствие, туку е потребно делото да вклучува и други субјективни елементи што го подигаат нивото на учество на соизвршителот и го подигаат на рамниште на оној што непосредно го превзема дејствието на извршување. Оттука, соизвршител е оној што ја држи акцијата во свои раце, што го води непосредниот извршител, што има доминантна позиција во остварувањето на делото.[220] Наспроти него, стои соучесникот, кој со своето дејствие го овозможува извршувањето на делото, но има споредна улога и не господари со самото дело.[221]

За соизвршителството како заедничко извршување на кривичното дело во нашето кривично право се побарува- заедничка одлука за извршувањето на делото и заедничко извршување на делото. Секој е носител на одлуката за извршување на делото, секој заедно со другиот го реализира своето дело, но и самиот придонес на секој е таков да во кругот на заедничките одлуки, поделбите на улогите и самото извршување на делото, претставува значаен дел во процесот на извршувањето на делото. На тој начин поимот на соизвршителството како функционално единство ги опфаќа и материјалната и објективната компонента. Материјалната, во смисла на посебниот квалитет на партиципацијата; објективната, бидејќи се врзува за делото, за придонесот во остварувањето на делото.

Со оглед на правната природа на соизвршителството, концепцијата за одговорноста и казнивоста на соизвршителите е заснована врз истоветни основи како и одговорноста и казнувањето на извршителот. Оваа ориентација наоѓа своја примена во одредбите на соизвршителството, според кои соизвршителот е кривично одговорен во границите на својата умисла или небрежност и ќе се казни со казната пропишана за кривичното дело, при што личните односи, својства и околности поради кои законот ја исклучува кривичната одговорност или дозволува ослободување од казна, ублажување или поострување на казната, можат да се земат предвид само за оној кај кого постојат такви односи, својства и околности.[222]

---

[219] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo-opšti deo-dvadeset i drugo izdanje,* Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.256

[220] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненето дело*, Скопје, стр.113

[221] Камбовски, В. (2011), *Казнено право-општ дел, Четврто изменето и дополнето издание*, Скопје, стр.344

[222] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.22, чл.25 ст.1,3

## 5.2. Поттикнување

Нашиот Кривичен законик не го определува поимот на поттикнувањето. Во чл. 23 ст. 1 само е речено: Тој што друг со умисла ќе го поттикне да стори кривично дело ќе се казни како да го сторил самиот, така што определувањето на поимот на поттикнување им е оставено на теоријата и судската практика. Овие пак, се наполно согласни дека поттикнувањето е умислено предизвикување или зацврстување на одлуката на едно лице да изврши кривично дело.[223]

Првата алтернатива на оваа дефиниција значи умислено создавање ваква одлука кај ова лице што воопшто ја немало, втората – умислено зацврстување на таквата одлука кај лице што се двоуми, се колеба околу извршувањето на делото. Законот не ги предвидува ни начините, ни средствата како поттикнувањето може да се реализира, но тоа може да се појави како секоја активност која создава или зацврстува одлука за сторување на кривично дело, како што е: молба, закана, давање на совет, создавање на претпоставка дека делото лесно ќе се прикрие односно тешко ќе се открие, ветување на поклони, нудење на кладба, исмејување, доведување во заблуда и слично.[224]Понекогаш поттикнувањето може да се изврши со привидно одвраќање од превземањето на дејствието на извршување, на начин со кој всушност се поттикнува на негово извршување.[225] Поттикнувањето, може да се изврши непосредно, но и посредно, кога тоа се прави преку друг(и) лица. И најпосле, во врска со активноста на поттикнувањето се поставува прашањето дали истото може да се реализира со несторување. Во теоријата постојат мислења дека поттикнувањето може да се реализира и со несторување, тогаш кога постои одредена обврска за сторување. Но сепак преовладува ставот дека поттикнувањето е активно човеково поведение, бидејќи, со несторување не е можно кај друго лице ниту да се создаде одлука за извршување на кривичното дело, ниту пак е можно да се зацврсти колебливата одлука.[226]

Поттикнувањето значи е формирање одлука кај друг да изврши одредено кривично дело, па доколку кај извршителот постоела веќе цврста одлука да изврши

---

[223] Создавањето на одлуката кај другото лице да изврши кривично дело е главна централна карактеристика на поттикнувањето. Па затоа некои автори поимот на поттикнувањето го одредуваат како умислено предизвикување или зацврстување на одлуката кај поттикнатиот да превземе противправна активност со која ќе се остварат обележјата на некое кривично дело. (Srzentić, N., Stajić, A. (1954), *Krivično pravo Federativne narodne republike Jugoslavije-opšti deo,* Arhiva za pravne i društvene nauke, Beograd, стр.367)

[224] Garačić, A. (2009), *Kazneni zakon u sudskoj praksi -opći dio,* Organizator, Zagreb, стр.208

[225] Јовашевић, Д. (2000), *Подстрекавање као облик саучесништва у кривичном праву*, Правни зборник, бр.1-2, Подгорица, стр.118-134.

[226] Čejović, B. (1987), *Krivično pravo-opšti deo*, Naučna knjiga, Beograd, стр.333

кривично дело (omnimodo facturus), нема да постои поттикнување, туку неуспешно поттикнување или психичко помагање. Но, треба да се има во предвид дека одлуката да се изврши кривично дело може да биде помалку или повеќе цврста, односно дека цврстината на одлуката може да се степенува, како и дека и најцврстата одлука може, но и не мора, да биде остварена. За постоењето на поттикнувањето важно е поттикнувачот кај некое лице да создал таква одлука, па на нејзина основа (и поради неа) кривичното дело е извршено. Доколку кај некое лице постоела недоволно цврста одлука која не би била остварена, или постоела некоја друга општа одлука која не била конкретизирана, поттикнувањето може да постои бидејќи сеуште постои можноста на поттикнувачот да ја создаде конечната одлука кај извршителот и на таков начин да учествува во остварувањето на кривичното дело.[227]

Поттикнувачот мора да знае кое лице го наведува на извршување кривично дело. Секое поттикнување претпоставува адресат. Тоа не значи дека поттикнувачот мора да го познава лицето што го поттикнува, ниту дека поттикнувањето секогаш треба да биде насочено кон индивидуално одредено лице. Можно е поттикнување и кога се влијае на еден круг на лица (на пример лица во една просторија, интернат, касарна, собир), па за поттикнувањето е достатно едно лице од тој круг да го изврши кривичното дело, при што поттикнувачот не мора да знае кое е тоа лице. [228]

За поттикнувањето не е потребно сторителот да знае дека бил поттикнат. Сторителот не мора да знае дека неговата одлука да изврши кривично дело настанала како резултат на свесното поттикнување на друго лице, дека тој е во извесна смисла жртва на поттикнувачот. Се случува извршителот на делото да мисли дека постапува според сопственото уверување, без да е свесен дека е, всушност, на еден вешт, перфиден начин наведен на таква одлука. Оттука, поттикнатиот и не мора да го познава поттикнувачот и не мора да знае кој и како ја предизвикал неговата одлука за извршување на делото.[229]

Поттикнувањето мора да биде насочено кон едно одредено кривично дело. Нема да се работи за поттикнување ако некој се наведува на вршење на казниви дејствија воопшто. Исто така, нема поттикнување ако некој создава одлука за извршување на определено дело, но без конкретизирање на неговите битни обележја. Свеста на

[227] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo-opšti deo-dvadeset i drugo izdanje*, Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.259
[228] *Komentar Krivičnog zakonika Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije* (1978), Savremena administracija, стр.133
[229] Камбовски, В. (2011), Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија- Интегрален текст, Матица, стр.303

поттикнувачот не мора да ги опфати сите поединости на конкретниот случај (дали убиството ќе се изврши со огнено оружје или на друг начин, или дали делото ќе се изврши дење или ноќе итн), сепак од друга страна, наведувањето на вршењето на кривични дела воопшто, па ни вршење дело без негова конкретизација не може да се смета за поттикнување во кривично-правна смисла. [230]

Поттикнувањето треба да резултира не само со одлука за извршување на делото, туку и со реализација на таквата одлука од страна на поттикнатиот. Ако изостане овој втор, суштински дел, не постои поттикнување, зошто не е исполнета основната претпоставка, а тоа е постоење на главно дело, односно извршител на главното дело. Во тој случај зборуваме за неуспешно поттикнување.

Неуспешното поттикнување е поттикнување што останало во обид: поттикнувачот не успеал кај друг да создаде или да зацврсти одлука за извршување на кривичното дело, или поттикнатиот, иако создал таква одлука, не започнал од било која причина со реализација на делото, односно тоа не влегло во казнивата зона (превземени се само неказниви подготвителни дејствија или неказнив обид).[231]

Неупешното поттикнување по дефиниција не претставува соучесништво, зошто, како што видовме, за постоење на делото е потребно да постои главно дело, како и придонес на соучесникот кон неговото извршување.[232]

Покрај ситуацијата поттикнатиот да не го превземе делото на кое е поттикнат, можно е поттикнатиот да изврши некое друго кривично дело, а не она на кое бил поттикнат.[233] Во овие случаи можеме да зборуваме за *квалитативен екцес* (excesus mandati), кога сторителот извршува сосема друго кривично дело од она на кое бил

[230] Бачиќ, Ф. (1972), *Кривично право-општ дел*, Универзитет Кирил и Методиј во Скопје, Скопје,стр.504

[231] До неуспешното поттикнување доаѓа и кога сторителот поттикнува лице кое веќе има создадено одлука за извршување на кривичното дело. (Tomić, M. (1983), *Pomaganje kao oblik saučesništva*, Glas, Banja Luka, стр.25)

[232] Сето тоа не дава одговор на прашањето: дали самиот обид за поттикнување треба да биде казнив, особено поради тоа што самиот чин на создавање одлука кај друг за извршување на кривично дело, претстваува и тоа како сериозен обид за загрозување на правните добра. Нашиот законодавец го инкриминира неуспешното поттикнување кај потешките дела, на начин што определува дека *тој што друг со умисла го поттикнува на извршување кривично дело за кое според законот може да се изречат пет години затвор или потешка казна, а нема да се направи ни обид за дело, ќе се казни како за обид на кривично дело*. (Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.23 ст.2)

[233]Тука нема разногласие ни во теоријата ниту во практиката, самиот закон во своите одредби пропишува дека поттикнувачот одговара во рамките на својата умисла. (Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.25 ст.1)

поттикнат, или *квантитативен екцес*, кога поттикнатиот извршил нешто повеќе или помалку од она на што бил поттикнуван.[234]

Што се однесува до казнувањето на поттикнувачот, него законот го изедначува со сторителот. Според чл.23 ст.1 од Кривичниот законик, поттикнувачот се казнува еднакво како и самиот сторител и во границите на казната предвидена за тоа кривично дело. Казната на поттикнувачот се одмерува во рамките на казната предвидена за сторителот (принцип на еквиваленција во казнувањето на поттикнувачот и извршителот). Не е тешко да се сфати зошто законодавецот постапува на таков начин. Поттикнувачот е мошне опасна криминална фигура, зошто тој другиот го наведува на извршување кривично дело. Токму неговата дејност може да биде судбоносна за определувањето на едно лице да изврши кривично дело. Затоа, не е исклучено, понекогаш во конкретниот случај поттикнувачот да биде казнет и потешко од самиот извршител на делото. Во секој случај, изедначувањето во казнувањето е оправдано само тогаш кога ќе се утврди дека поттикнувачот имал решавачка улога во целокупниот процес на извршување на делото, дека неговото влијание врз одреден поединец било толку големо што токму тој се јавува како главен виновник што дошло до извршување на кривичното дело.

### 5.3. Помагање

Помагањето е друг, и со оглед на можноста за поблаго казнување во споредба со поттикнувањето, полесен облик на соучесништво. Согласно легалниот поим, под помагање се подразбира умислено давање помош во извршување на одредено кривично дело.[235] Со други зборови, помагањето означува умислено овозможување на друго лице да изврши одредено кривично дело, односно тоа се сите оние активности што се на линија на олеснување, унапредување на туѓото дело.

Од аспект на причинско- последичниот однос, помагањето, слично како и поттикнувањето се појавува само како услов за последицата на кривичното дело, а не и како нејзина причина. Помагање постои тогаш кога се придонесува со определени активности, односно му се овозможува на едно лице да изврши кривично дело, а тоа лице веќе претходно ја донело одлуката да го изврши делото.[236] Елементот помагање

[234] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненето дело*, Скопје, стр.148,149
[235] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.24 ст.1
[236] Čejović, B. (1987), *Krivično pravo-opšti deo*, Naučna knjiga, Beograd, стр.339

не е од решавачко значење за да се заклучи дека без дејствието на помагачот делото не би било завршено, бидејќи во тој случај би зборувале за соизвршителство. Сепак тоа е дејствие што ги зголемува изгледите за успешно извршување на делото, зошто е мошне значајно извршителот да се чувствува посигурен и поодлучно да пристапи кон извршување на делото и поуспешно да го реализира.[237] Од друга страна пак се бара едно делотворно помагање, поддржување на сторителот, создавање поволни претпоставки за реализација на делото. Ако тоа не е случај, ако за една активност не може да се каже дека претставува поддршка на делото, ако прилогот на помагачот не влијаел на никаков начин на извршувањето на делото или пак сторителот воопшто не се послужил со него, ќе се работи за обид за помагање, за неуспешно помагање, кое законот не го казнува. [238]

Консеквенца на начелото на законитоста е легално да се определат најтипичните форми на помагачки дејствија, за какви се дефинираат особено: давање совети или упатства како да се изврши кривичното дело, ставање средства за располагање на сторителот за извршување на кривичното дело, отстранување на пречките за извршување на кривичното дело, како и однапред ветено прикривање на кривичното дело на сторителот, на средствата со кои е извршено кривичното дело, на трагите на кривичното дело или на предметите прибавени со кривичното дело.[239] Како помагање, се разбира, може да се третира и секој друг вид на придонес, што може да се даде кон туѓото дело.[240] Со секоја од овие форми се помага извршувањето на делото и се поткрепува и олеснува дејствието на извршување и решителноста и истрајноста во неговото превземање.

Со оглед на дејствието, помагањето може да биде психичко (интелектуално) и физичко (материјално). *Психичкото помагање* подразбира давање совети како да се изврши кривичното дело, ветување на прикривање на делото или на неговиот сторител, а во некои случаи и давањето поддршка да се изврши кривичното дело и неговото

[237] Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје, стр.354

[238] *Komentar Krivičnog zakonika Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije*,(1978), Savremena administracija, стр.136

[239] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.24 ст.2

[240] Притоа, дејствијата со кои се помага извршувањето на едно кривично дело, а кои веќе сами за себе значат остварување на законското битие на некое кривично дело, ќе се третираат како остварување на тоа кривично дело, а не уште и како помагачки дејствија во стек со тоа кривично дело. (Марјановиќ, Ѓ. (1988), *Кривично право-општ дел*, Студентски збор, Скопје, стр. 328)

одобрување. Тоа значи дека психичкото помагање е насочено кон психичката страна на извршителот, поради што во некои случаи се јавува проблем на негово разграничување од поттикнувањето. Но, како што и претходно беше споменато со дејствието на поттикнувачот се создава или зацврствува умислата за извршување на делото, а зацврстувањето на одлуката која и без тоа би била реализирана, претставува психичко помагање. *Физичкото помагање* постои кога се превземаат активности од материјален тип кои се поврзани со самиот криминален чин, а особено се насочени кон набавување и ставање на располагање средства за извршување на кривичното дело, отстранување на пречки за неговото извршување и сл.

За разлика од поттикнувањето, каде тоа е тешко да се замисли, помагањето може да се реализира и со несторување, под услов за помагачот да постоела должност на определно сторување со кое би се попречило извршувањето на кривичното дело. Не е нужно помагачот да имал можност со својата активност да го спречил конкретното казнено дело: доволно е дека со таквата активност можел да го отежне започнувањето на кривичното дело.[241]

За помагањето е многу битен моментот кога се остварува дејствието. Помагањето постои само пред или во текот на извршувањето на кривичното дело. Помошта која му се укажува по извршувањето на кривичното дело, освен ако не е однапред ветена, не влегува во категоријата на помагање како облик на соучесништво.[242]Ако дејствието било однапред ветено, тогаш самото тоа ветување значи унапредување и олеснување на извршувањето на превземеното дело и има карактер на психичко помагање. За таквото психичко помагање не е решавачко дали ветената помош и навистина ќе биде укажана[243] Во спротивно, помагањето кое би било извршено по извршувањето на кривичното дело не се смета за услов на последицата на кривичното дело, бидејќи последицата веќе настапила. За ваквото помагање, помагачот не би бил кривично одговорен, освен ако со неговата активност не се реализираат обележјата на законското битие на некое самостојно кривично дело предвидено во кривичниот законик (т.н. дела на допир).[244] Во овој контекст битно е да се нагласи дека

[241] Garačić, A. (2009), Kazneni zakon u sudskoj praksi -opći dio, Organizator, Zagreb, стр.225
[242] Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo- opšti deo-dvadeset i drugo izdanje*, Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.267
[243] Бачиќ, Ф. (1972), *Кривично право-општ дел*, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје, стр.512
[244] Čejović, B. (1987), *Krivično pravo- opšti deo*, Naučna kniga, Beograd, стр.340

помагањето како соучесништво и помагањето како самостојно кривично дело се исклучуваат и кај нив не може да дојде со стек.

За помагањето се релевантни и релациите помеѓу помагачот и извршителот на делото. Тука, како и кај поттикнувањето, не е потребно помагачот да го познава извршителот, доволно е сознанието дека му се помага на конкретен извршител во извршувањето на конкретно кривично дело. И умислата на помагачот[245] се состои во свеста дека му се помага на конкретен извршител во извршувањето на одредено кривично дело, конкретизирано според неговите основни елементи. Умислата притоа не мора да ги опфати специфичностите од типот на начин, време, место, средства за извршување на делото и сл. освен во случаите кога истите претставуваат битни обележја на казененото дело. Извршителот не мора да знае за помагачот, и за постоењето на помагањето не е потребно во неговата умисла да е опфатено помагањето. [246]

Во тој контекст, помагачот и одговара во границите на својата умисла. Но, за разлика од ситуацијата кај поттикнувањето, кај квалитативниот и квантитативниот екцес до различно решение води неказнувањето на неуспешното помагање. Така, ако едно лице му помогне некому да изврши едно дело, а тој изврши друго, помагачот нема да одговара за извршеното дело, зошто неговото дејствие не претставува придонес во тоа дело, како и за делото во кое помагал, зошто неуспешното помагање не се казнува. Исто и во случајот на квантитативен ексцес, ако извршителот изврши нешто повеќе, од она на што бил помогнат, помагачот ќе одговара во рамките на својата умисла, ако пак извршителот изврши нешто помалку, помагачот ќе одговара само за извршеното дело.[247]

Според законските одредби помагачот се казнува како самиот да го сторил делото, а може и да се казни поблаго[248] Според овој став, во поглед на кривичната одговорност и казнивост на помагачот, за разлика од поттикнувачот, постои и можност за

[245] Помагањето може да биде извршено и со директна и со евентуална умисла. Директна умисла постои во случај кога помагачот знаел дека со својата активност придонесува кон извршување на кривично дело и го посакува неговото извршување со таквиот придонес. Евентуална умисла постои во случај кога помагачот бил свесен дека со својата активност може да придонесе кон извршување на кривичното дело, но се согласил со неговото настапување.
[246] Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненето дело*, Скопје, стр.164
[247] Камбовски, В. (2011), *Коментар на кривичниот законик на Република Македонија-Интегрален текст*, Матица, стр.314
[248] Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година, чл.24 ст.1

ублажување на казната. Ова се оправдува со тоа што помагачот, за разлика од поттикнувачот, не е интелектуален автор на кривичното дело, па до негово извршување веројатно би дошло и да не би бил помагачот, иако тој во тоа извршување дал определен придонес, овозможувајќи кривичното дело полесно да биде извршено. Активностите на помагачот најчесто влегуваат во зоната на подготвителните дејствија односно дејствија од второстепено значење во процесот на остварувањето на кривичното дело.[249] Самото ублажување на казната е факултативно и се определува во конкретна ситуација, имајќи ги во вид сите околности под кои е сторено кривичното дело, односно под кои помагачот со своите активности придонел кон неговото извршувањето .

[249] Bačić, F., Pavlović, Š. (2004), *Komentar kaznenog zakonika,* Organizator, Zagreb, стр.192

# III. КРИМИНОЛОШКИ ТЕОРИИ ВО ВРСКА СО ГРУПНОТО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КАЈ ДЕЦАТА

Овој оддел е фокусиран на теории и теоретизирање на групното извршување на кривичните дела, со посебен акцент на криминалитетот кај децата. Преку елаборација и анализа, на некои од добро познатите теоретски конструкции, ќе се обидеме да дадеме одговор на бројни прашања поврзани со оваа битна феноменолошка карактеристика, особено на прашањето зошто децата се групираат при извршувањето на кривичните дела и како меѓусебно се пронаоѓаат и ги иницираат нивните злосторства.

## 1. ТЕОРИЈА НА КРИВАТА НА КРИМИНАЛОТ И ВОЗРАСТА- AGE CRIME CURVE THEORY

Постоењето на кривата на криминалот со возраста е еден од најконзистентните наоди во студиите за криминалитетот во различни земји и едно од најмалку демантираните прашања во криминологијата. Hirshi и Gottfredson во своите истражувања тврдат дека и во рамките на долг период на промени и развој, кривата на криминалот и возраста останала константна- следејќи го сличното движење во различни временски периоди, меѓу различни популации, па дури и помеѓу половите. Секако и многу извори на официјални криминални податоци - претежно на пријавени и обвинети лица- постојано покажуваат дека односот помеѓу возраста и криминалот е криволиниски во вид на ѕвонче, односно дека постои нагло зголемување на престапничкото однесување во периодот на раната адолесценција (околу возраста определена за кривична одговорност), кулминација во текот доцните тинејџерски години, а потоа таквото однесување опаѓа, првично нагло (до средината на 20-тите), а потоа со намален интензитет.[250]

Иако оваа крива е добро документирана и се смета за еден од "неспорните факти во криминологијата"[251], причинско-последичниот механизам кој ја нагласува

[250] McVie, S. (2005), *Patterns of Deviance underlying the Age-crime Curve: The Long Term Evidence*, Criminology and Criminal Justice, Vol 7, стр.1

[251] Ставот дека учеството во криминални активности пропорционално се намалува со возраста е еден од најстарите и најшироко прифатените во криминологијата. Почнувајќи со пионерските истражувања на Adolphe Quetelet во почетокот на деветнаесеттиот век, криминолошките истражувања постојано потврдуваат дека процентот на населението вклучено во криминал има тенденција да расте во периодот на адолесценцијата или раната зрелост, а потоа опаѓа. Оваа поврзаност меѓу возраста и криминалот се покажа стабилна низ разни историски периоди, географски локации и видови и типови на криминал.

оваа врска останува спорен. Во теоријата ефектот на возраста врз криминалот е нашироко дискутиран, при што од литературата може да се издвојат најразновидни перспективи.

Една од тие перспективи тврди дека еден непроменлив фактор го нагласува целиот спектар на форми на незаконско однесување. Ставовите кои се врзуваат за индивидуалните (ендогени) фактори на криминалитетот, тврдат дека причината за криминалното однесување зависи од една индивидуална особина на поединецот, а не од посебни околности кои се менуваат во текот на животот.[252] Оваа постојана или латентна особина тие ја означуваат како самоконтрола, која е замислена како тенденција да се избегнат акти чии долгорочни негативни последици ги исцрпуваат нивните моментални предности. Антисоцијалната особина на ниска самоконтрола се јавува најчесто рано во детството, а како резултат на несоодветни практики за одгледување може да остане како карактерна особина на лицето во текот на целиот негов или нејзин живот. Теоретски пубертетот и адолесценцијата се гледаат воопшто, како период карактеризиран со ранливоста која произлегува од намалената саморегулација и зголемената желба за превземање ризици, за кој се мисли дека се резултат на комбинацијата на сеуште недоволно развиен когнитивен систем за контрола. Децата всушност се карактеризираат со емотивност, импулсивност, со тенденција да се направи она што тие сакаат во истиот момент, без многу размислување и страв од последиците. Поради овие свои карактеристики тие не можат да го одложат непосредното задоволување на желбите, кои не секогаш се засновани на конкретни потреби, туку се ситуациони, односно зависат од интензитетот кој го привлекува детето во сегашната ситуација и ќе трае се додека тој не исчезне или не се замени со некој друг поатрактивен и импресивен.[253]

Самоконтролата има директно влијание на способноста за правилно донесување на одлуки. Во детството тоа делува прилично безопасно, но во текот на пубертетот, недостатокот на самоконтрола почнува да го покажува своето "грдо" лице. Адолсецентите на кои им недостига самоконтрола веројатно ќе донесуваат одлуки кои

(Pourheidari, A., Croisdale, T. (2010), *Understanding criminal co-offending: A historiography of research literature*, IPES/DCAF Working Paper No. 27, стр.6)

[252] Solzenberg, L. (2008), *Co-offending and the Age-Crime Curve*, Journal of research in crime and delinquency, Volume 45, Number 1, стр.66

[253] Casey, B., Caudle, K. (2013), *The Teenage Brain: Self Control*, Current Directions in Psychological Science 22(2), стр.82–87

многу лесно може да ги одведат на погрешен пат.[254] Во периодот на адолесценција доаѓа до промени во мозокот, кои всушност се случуваат со цел да го подготват детето за влез во светот на возрасните, а дел од тие подготовки вклучуваат и експериментирање и превземање на ризици. На таков начин адолесцентите се учат на вештини кои им се неопходни во светот на возрасните. Превземањето на ризици е здрав и нормален дел од растењето, но тинејџерите со високо ниво на самоконтрола се поспособни да го проценат ризик и да ја препознаат разликата помеѓу опасен ризик и оној од кој нешто ќе се научи.

Истражувањата во оваа насока потврдуваат дека самоконтролата се зголемува со текот на времето, додека девијацијата се намалува, на нелинеарен начин, што на некој начин ја оправдува криволиниската врска помеѓу возраста и делинквенцијата. Студии укажуваат дека: (а) самоконтролата се зголемува за време на детството, проследено со стабилизирање на растот во раната адолесценција, (б) девијантноста се намалува паралелно со забележаните зголемувања на самоконтролата, и (в) резултатите од самоконтролата предвидуваат развојни промени во девијација со текот на времето. Овие модели исто така сугерираат дека самоконтролата се зголемува за време на детството, проследено со забавување на развојните промени. Траекторијата на девијантност ги паралелизира промените забележани во самоконтролата; девијантноста се намалува со побрзо темпо на почетокот, проследено со забавена стапка на промени во доцното детство и рана адолесценција.[255]

На овие ставови може да им се забележи дека во нивниот концепт има релативно мала, ако воопшто за нив постои, разлика помеѓу криминалната активност и другите видови на ризично однесување, како и фактот дека неможноста на лицето да го одложи задоволството не се смета за единствена одлука за тоа дали тој или таа ќе учествува во незаконско однесување. Наместо тоа, клучен аспект за појава на одредено

[254] Во едно од пообемните истражувања на престапништвото кај децата, кое се однесува на личноста како фактор на престапничкото однесување, се наведува дека најголемиот дел од нив се одликуваат со егоцентрични карактерни црти, самопреценување, компензаторен облик на чувството на инфериорност, недостаток на чувство на одговорност, недостаток на позитивни ставови како спрема најблиските (мајка, татко), така и спрема општествените установи (училиште). Кај нив е е воочен понизок степен на интелегенција, **ниска самоконтрола**, психопатски црти, емоционална лабилност, понизок степен на толеранција на фрустрации, агресивност, нагласена потреба за забава, патувања, сексуални задоволства... На таков начин тие се во целина повеќе оптеретени со особини кои ја отежнуваат адаптацијата и со *самото тоа ја зголемуваат веројатноста од вклучување во делинквенција*. (Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić, M. (2010), *Kriminologija,* Prometej, Beograd, стр.413)

[255] Vazsonyi, A., Jiskrova, G. (2018), *On the development of self-control and deviance from preschool to middle adolescence,* Journal of Criminal Justice No.56, стр.66

кривично дело е интеракцијата помеѓу нивото на самоконтрола на поединецот и можноста да се случи такво кривично дело.

Второто и најверојатно почесто изнесувано објаснување за криволиниската врска помеѓу возраста и криминалитетот е дека концептуално различни причински фактори придонесуваат за присуство на криминалитетот во соодветни фази од животот на поединецот. Оваа перспектива се фокусира на разликите во општествените искуства на поединците, како и врз разликите во релевантните лични и социјални ресурси кои се поврзани со криминалитетот, а кои систематски варираат во текот на животот. Промените во моделите на криминално однесување се претпоставува дека се манифестираат како што човекот напредува од детството до старост, соочуваајќи се со различни темелни искуства во животот како што се вработување со полно работно време, воена служба, брак, родителство, запишување на факултет и слично. Овие преодни искуства го олеснуваат отпорот од криминал поради зголемената изложеност на социјалните врски.

Според тоа, силните врски со институциите на социјална контрола- семејство, училиште и врсници во детството и адолесценцијата; високото образование, бракот/ родителството, работата во зрелоста- го попречуваат девијантно однесување. Менувањето на врските со овие институции во текот на животот произведува изразени промени од конвенционално кон криминално однесување или обратно. [256]

Во овој контекст, Greenberg ја нагласува улогата на економските фактори во објаснувањето на кривата на криминалот со возраста. Бидејќи децата се исклучени од пазарот на трудот или се ограничени на работа со скратено работно време, која е во принцип слабо платена, тие немаат доволно средства од легитимни извори за да го финансираат посакуваното ниво на социјални активности. На таков начин, тие се мотивирани да вршат кривични дела со цел да ги актуелизираат нивните перципирани социјални потреби. Недостатокот на родителски надзор дома, предизвикан од отсуството на вработените родители, исто така ги прави децата помалку подложни на ограничувањата на неформалната социјална контрола. Кога стануваат полнолетни, вработувањето со полно работно време помага да се смират овие извори на криминогени фрустрации, а истовремено да се подобри неформалната социјална

[256] Warr, M. (2006), *Life-Course Transitions and Desistance from Crime*, CRIMINOLOGY, Volume 36, Issue 2, стр.184

контрола.[257] Но, и тука повторно критично прашање е дали менталното созревање и појавата на внатрешна контрола се поврзани со созревање на мозокот и дали и двете влијаат врз обликот на кривата на криминалот и возраста. Накратко, младите се разликуваат меѓу себе во брзината на созревање, а созревањето на мозокот придружено со социјално учење, предизвикува подобрена внатрешна контрола. Оваа подобрена контрола станува евидентна преку намалување на ризичното однесување, несовесно однесување, потрага по сензација, како и подобрување во решавањето на проблемите, идната ориентација и донесувањето одлуки. На ваков начин, се смета дека подобрената социјална (општествена) контрола го намалува девијантно однесување, вклучувајќи го тука и извршувањето на кривични дела и го зголемува социјално прифатливото однесување.[258]

Криминолозите со децении препознаваат дека криволиниската врска меѓу возраста и криминалот е сепак вкоренета во социјалната природа на делинквенцијата, односно дека бројот на делинквентни пријатели е најсилниот предиктор на престапничко однесување. Уште повеќе, за тоа говори и фактот што најголемиот дел од кривичните дела, во овој развоен период, се сторени во група.[259]

Според она што вообичаено се нарекува хипотеза на придружниот криминал, распределбата на криминалот според возраста произлегува од промените кои со текот на растењето настануваат во односите со врсниците.[260]Основната премиса е дека поединците претрпуваат драматична промена во нивната изложеност на делинквентни врсници за време на адолесценцијата и дека оваа зголемена изложеност ја засилува можноста од групно учество во разни типови на нелегално однесување.

---

[257] Solzenberg, L. (2008), *Co-offending and the Age-Crime Curve,* Journal of research in crime and delinquency, Volume 45, Number 1, стр.67

[258] Loeber, R., Farrington, D. (2014), *Age- Crime Curve,* Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference, New York, стр.15

[259]Тезата дека делинквенцијата е групен феномен, лесно се прифаќа како факт во постоечката литература. Matza пишува дека "константната девијација обично не е осамено искуство", додека Cloward и Ohlin забележуваат дека "најголемиот дел од делинквентното однесување се чини дека се појавува во асоцијација, наместо во изолација од истомисленици". Reiss и Farington исто така сумираат дека- "можеби најчесто документираниот заклучок за делинквентното однесување е тоа дека повеќето кривични дела се извршени со други, отколку од страна на лица што дејствуваат сами". (Reiss, A., Farrington, D. (1991), *Advancing Knowledge About Co-Offending: Results from a Prospective Longitudinal Survey of London Males,* The Journal of Criminal Law & Criminology, Vol.82, No.2, стр.360)

[260] Во оваа фаза, повеќе отколку во било која друга, тие трошат многу време со пријателите и сметаат дека се многу важни, што ја оправдува инвестицијата во истражување на поврзаноста меѓу врсниците и тинејџерското однесување. (Bazon, M., Estevão, R. (2012), *Juvenile Criminal Behavior and Peers' Influences: A Comparative Study in the Brazilian Context,* Universitas Psuchologica, V.11 No. 4, стр.1158)

Врсничките групи им ги претставуваат на своите членови моделите на однесување. Врз основа на тие модели, сите активности што се во спротивност со групната динамика се сметаат како индикатори на нелојалност и таквите случаи или врсници се санкционирани (казнети). Така, членовите на врсничката група често се под притисок да отстапуваат од законските норми.[261]

Влијанието на девијантни "соработници" е добро установено, но причините за таквите групирања се помалку јасни. Литературата е поделена во однос на ставот кое нормативното влијание има улога во воспоставувањето на вакви ставови и однесување. Адолесцентите со претходно утврдено асоцијално однесување, како и оние со психопатски особини, природно гравитираат кон девијантните врснички групи. Дополнително, присуството на социјални или невропсихолошки нарушувања што произлегуваат од детството може да ги зароби адолесцентите во слична припадност. Сепак, експлицитните мотиви исто така се утврдени како причини за здружување. Некои студии забележале и инструментални цели, вклучувајќи го и одржувањето на безбедноста и самозаштитата, како и постигнувањето на престиж или социјален статус, но и други фактори поврзани со припаѓањето, како што се пополнување на празнината и отуѓувањето од семејството, се идентификувани како мотивациони причини за приклучување кон делинквентна група на врсници. [262]

Зголемената интеракцијата меѓу врсниците во адолесценцијата ги зголемува можностите за групно извршување на кривичните дела, и тоа со поголем број на вклучени престапници. Зголемувањето на групното извршување на кривичните дела во текот на адолесценцијата не е засновано само на претпоставката дека криминогени пријатели му се повеќе на располагање на оваа возрасна група, туку и на теоретската претпоставка дека групата е важен фактор што придонесува, го олеснува извршувањето на кривични дела и во голема мера го проширува нивното ширење и опсег. На пример, се тврди дека овие пријатели обезбедуваат мотивација и/или средства за олеснување на соработката во нелегални активности. Исто така, се тврди дека помагаат во смирување на стравот на поединецот од казнување и на тој начин се зголемува веројатноста за групно извршување на делото.

[261] Esiri, M. (2016), *The Influence of Peer Pressure on Criminal Behaviour*, IOSR Journal Of Humanities And Social Science (IOSR-JHSS) Volume 21, Issue 1, Ver.III, стр.8-14
[262] Sabo, V. (2017), *Social Relationships in Young Offenders: Relevance to Peers, Poverty, and Psychological Adjustment*, , Electronic Thesis and Dissertation Repository (https://ir.lib.uwo.ca/etd/4364), стр.3

Оттука, со оглед на тоа што адолесцентите уживаат да учествуваат во групни активности, соучесништвото може едноставно да биде уште една групна активност за делинквентно ориентираните млади. Ова нуди објаснување и зошто повеќето адолесценти престануваат да бидат делинквенти при постигнување на зрелоста, дури и тогаш кога толку многу фактори кои традиционално се поврзани со криминалот, сè уште се присутни. Всушност, како поединците созреваат, врските со делинквентните врсници слабеат или целосно прекинуваат во текот на нивниот животен пат. Слабеењето или прекинувањето на овие врснички односи теоретски се смета дека предизвикува редукција на криминални активности, особено на оние кои се извршени во група.[263]Оваа промена почнува да се манифестира со почетокот на т.н. "зрели години" и продолжува понатаму во текот на тоа зрело доба. Животните транзиции низ кои минува една личност се претпоставува и тука дека предизвикуваат отпор од криминал, но овој пат не поради зголемувањето на социјалните врски, туку поради слабеење на врските со пријателите и соучесниците.[264]

Односот помеѓу возраста и соучесништвото, за кој предмалку зборувавме, не е од интерес само за конкретни дискусии во врска со улогата на заедничко извршување на делата во понатамошниот развој на индивидуалните криминални кариери, туку исто така има важни импликации и за поопшта дискусија во однос на неговото влијание врз изгледот на кривата на криминалот и возраста.

Соучесништвото, како начин на извршување на кривичните дела, може да влијае на кривата возраст- криминал на два начини:

Прво, од гледна точка на теоријата за општествено влијание, криволинискиот облик на кривата на криминалот и возраста би можел директно и каузално да се поврзе со кривата на возраст и соучесништво, притоа повикувајќи се на хипотезата на придружниот криминал. Силната и конзистентна поврзаност на поединецот со

[263] Групното извршување, како начин на извршување на кривичното дело, потоа се намалува во текот на животниот век. Покрај тоа што доведува до промени во застапеноста на соучесништвото како начин на извршување на кривичното дело, стареењето, исто така, се чини дека го обликува и карактерот на криминалните групи. Голем број на студии укажуваат на тоа дека, во просек, групите стануваат помали и по-хетерогени како што расте возраста на учесниците. Во однос на големината, на пример, соучесништво во група од три или повеќе е особено невообичаена појава, започнувајќи од доцна адолесценција. Така, можно е адолесцентите да бидат криминално активирани под влијанието на соученсиштвото со делинквентни врсници, а се префрлуваат самостојно да извршуваат кривични дела кога стануваат покомпетентни и самоуверени.

[264] Solzenberg, L. (2008), *Co-offending and the Age-Crime Curve,* Journal of research in crime and delinquency, Volume 45, Number 1, стр.68

делинквентните врсници, заедно со доказите дека малолетниците се попогодни од возрасните за извршување на криминал во групи, е претставен како доказ за поддршка на хипотезата за придружниот криминал. Не дека притисокот од врсниците нема никакво влијание врз соло- извршителството, туку, очекувањето е дека тој притисок од врсниците има поголем ефект врз групниот криминалитет, бидејќи овие видови престапи не можат да се реализираат без соучесници. Така, промените во притисокот од врсниците кој игра важна улога во гестацијата на криминалот за време на адолесценцијата, го прават групниот начин на извршување на кривичните дела повеќе распространет меѓу малолетниците отколку меѓу возрасните. Поголемата распространетост на овој начин, пак, објаснува зошто криминалот расте за време на адолесценцијата, а потоа почнува да опаѓа со почетокот на зрелоста.

Вториот начин на кој соучесништвото може да влијае на кривата на криминалот со возраста се однесува на аритметиката на групите. Вообичаено, табелите на кривата возраст- криминал се конструираат со користење на статистички податоци за сторителите на кривични дела. На таков начин, едно кривично дело со два соучесници се брои два пати, еднаш за секој сторител. Бидејќи извршувањето на едно кривично дело од страна повеќе лица е карактеристика на криминалитетот во младоста, ваквото двојно (или повеќекратно) броење, не е изедначено со анализите во понатамошниот период. Ова има важни импликации за заедничкот заклучок кој произлегува од стандардниот изглед на кривата, кој нагласува дека криминалитетот расте во тинејџерските години и дека младите се одговорни за непропорционален обем на криминалитетот. Како што голем број научници наведуваат, бројот на сторители и бројот на кривични дела не треба да се изедначуваат кога станува збор за учество на повеќе лица во извршување на кривичните дела. Стандардната крива возраст-криминал најдобро се сфаќа како крива на возраст-кривично дело. Со цел да се извлечат валидни заклучоци во врска со бројот на кривични дела извршени од различни возрасни категории, стандардната крива мора да се прилагоди и да го земе предвид просечниот број на соизвршители вклучени во кривичните дела, извршени од лица од различни возрасти. Кога ќе се направат такви прилагодувања, се чини дека бројот на кривични дела јасно се зголемува, но подоцна, во зрелоста.[265]

---

[265] Farrington, D., Kazemian, L., Piquero, A. (2019*), The Oxford Handbook Of Developmental and Life Course Crimilonogy,* Oxford University Press, стр.134

Ова се наоди кои го наведуват авторот да заклучи дека "високиот процент на кривични дела што често им се припишуваат на тинејџерите во официјалната статистика, е барем делумно, артефакт на соучесништвото". Ваквите наоди ја нагласуваат централната важност за разгледување на соизвршителството при пресметување и споредување на криминалните статистики во текот на животот.

## 2. ТЕОРИЈА НА РУТИНСКИ АКТИВНОСТИ- ROUTINE ACTIVITY THEORY

Пристапот на теоријата на рутински активности, за првпат претставен од страна на криминолозите Lawrence Cohen и Marcus Felson (1979) година, а подоцна развиен од страна на Felson, е една од најцитираните и највлијателни теориски конструкции во областа на криминологијата. За разлика од теориите на криминалитетот, кои во фокусот на вниманието го ставаат сторителот и психолошките, биолошките или социјалните фактори кои го мотивираат кривичното дело, во фокусот на теоријата на рутинска активност е проучувањето на криминалот како настан, истакнувајќи ја неговата врска со просторот и времето и нагласувањето на неговата еколошка природа и последиците од тоа.[266]

Во нивната првична формулација, Cohen и Felson претпоставуваат дека промените во структурата на моделите на секојдневните активности на луѓето во градовите, особено по Втората светска војна, може да го објаснат порастот на криминалот, според водечките студии настанати во тоа време. *Нивната хипотеза беше дека постмодернизмот ја олесни "средбата" во просторот и времето на мотивираните сторители, со нивната цел за вршење злосторства против адекватни (погодни) цели во отсуство на соодветни чувари.*[267] Од ова тие изведуваат две навидум едноставни идеи со значителни импликации: прво, дека за настанување на криминалот е неопходно постоењето на три елементи: адекватна или погодна цел (жртва/мета), недостаток на соодветен чувар (заштита) и присуство на мотивиран сторител; и второ, дека веројатноста за сторување на кривично дело може да зависи од конвергенција на овие посебни (иако нерасчленети) елементи и дека отсуството на било кој од првите два елементи (сторител и цел) или присуство на третиот (соодветен чувар) ќе биде доволно само по себе за да се спречи потенцијален кривично правен настан, односно со

---

[266] Kringen J. A., Felson M. (2014), *Routine Activities Approach*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice. Springer, New York, стр.4544

[267] Miro, F. (2014), *Routine Activity Theory*, The Encyclopedia of Theoretical Criminology- First Edition, Blackwell Publishing Ltd.

непостоењето на конвергенцијата помеѓу овие три елементи во времето и просторот, се намалува ризикот од појава на криминален настан.[268]

Теоријата на рутински активности е, накусо, обид да се идентификуваат, на макро ниво, криминалните активности, преку објаснување на промените во трендовите на стапката на криминал. Таа се заснова на самиот кривичен настан, на дистрибуцијата и групирањето во просторот и времето на минималните елементи кои го сочинуваат истиот, наместо во пребарување на мотивите на сторителите. Со тоа нуди референтна рамка за конкретни анализи и ја олеснува примената на реални политики и практики преку кои, со влијание врз неопходните елементи кои го прават постоењето на кривично дело возможно, е можно и нивно спречување.[269]

Во нивниот труд "Социјалните промени и стапката на криминал: Низ призмата на рутинските активности", Cohen и Felson посочија на еден мошне важен социолошки парадокс: додека индикаторите на благосостојба и социо- економски услови, кои дотогаш се сметаа за причини за насилничкиот криминал- како што се сиромаштијата, недостатокот на образование и невработеноста- општо земено се подобрија во 60- тите години на минатиот век, во статистичките извештаи на стапката на криминал е наведено дека имало значително зголемување на криминалот во текот на овие години. За да се објасни оваа контрадикција, тие се фокусираа на промените во структурните карактеристики на секојдневните активности на луѓето и како новата конфигурација обезбедува поголеми криминални можности и, според тоа, може да влијае на нагорните

[268] Prodanović, Vasilević, D. (2017), *Maloletni prestupnik kao žrtva kriminala*, Specijalna edukacija i rehabilitacija Vol. 16, br. 3, Beograd, стр.375

[269] Додека Cohen и Felson беа фокусирани на влијанието на општествените сили на макро ниво врз моделите на криминално однесување, подоцнежните анализи во овој контекст ја испитуваа компатибилноста на пристапот на теоријата на рутинските активности со перспективата на рационален избор и ситуационото спречување на криминалот. Беше сфатено дека трите неопходни елементи за настанување на еден криминален настан - сторител, цел и отсутен чувар - обезбедија рамка за анализа на динамиката на индивидуалните кривични настани и за утврдување точки на интервенција за спречување на криминалот. Познатиот криминален триаголник ("жешки" сторители, "жешки" локации, "жешки" цели) се користеше при оперативно искористување на можностите, па сите напори за спречување вклучуваа неутрализирање на еден или повеќе од овие три елементи. Некои кривични дела се случуваат поради присуството на мотивирани престапници и затоа интервенцијата вклучува стратегии за да ги пренасочи од можните проблематични места. Другите кривични дела се резултат на лошото управување со објектите и затоа бараат интервенции со кои ќе ја зајакнат контролата на тие локации. И други кривични дела се јавуваат поради лесна достапност на ранливите цели и затоа интервенцијата бара стратегии за зајакнување на целта (метата). (Wortley, R., Tilley, N. (2014), *Theories for Situational and Environmental Crime Prevention*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference, New York, стр.5170)

трендови забележани кај одредени видови криминал, особено кривичните дела против лица или имот.[270]

Трансформацијата во современото општество, на која авторите укажуваат, е всушност зголеменото значење на активностите надвор од домот. На пример, учеството на жените како работна сила на пазарот на труд, пристапот до високото образование, како и зголемување на должината на одморот, патувања надвор од градот, или постојана релокација, го зголеми контактот со можните сторители и ги остави домовите празни и незаштитени. Исто така, експанзијата на приградско живеење и речиси исчезнувањето на конвенционалните населби, го намали бројот на познати "чувари", како што се соседи, семејството или пријателите. Накратко, растечкиот број на слободни објекти, зголемувањето на бројот на ранливи домови и поголемите можности за директни контакти меѓу лица или нивниот имот и сторителите донесе зголемување на т.н. **адекватни цели** и намалување на **соодветните чувари** кои би го превенирале криминалниот настан. Како резултат на тоа, под изразот "рутински активности," Cohen и Felson ги подведуваат секојдневните и вообичаени активности во животот,  кои ги ставаат поединците во ситуации во кои се подигнува или се намалува ризикот од нивна криминализација и виктимизација. [271]

Согласно теоријата на рутински активности, како што и претходно спо менавме, комплетната слика на едно кривично дело е составена од три елементи: (а) потенцијален сторител со капацитет за извршување на кривично дело; (б) погодна цел или жртва; и, конечно, (в) отсуство на чувари (заштита) способни да ја заштититат целта.

- **Погодна цел**

Погодна цел на еден криминален настан може да биде секое лице или објект што најверојатно ќе биде преземен или нападнат од сторителот. Било што може да се таргетира за цел, доколку е атрактивно и исплатливо за криминалците.[272] Објектот може да биде многу атрактивен кога е видлив и неговата вредност е висока и лесно

[270] McNeeley, S. (2015), *Lifestyle-Routine Activities and Crime Events*, Journal of Contemporary Criminal Justice, Vol. 31(1) ,стр.31

[271] Argun, U., Dağlar, M. (2016), *Examination of Routine Activities Theory by the property crime*. International Journal of Human Sciences, 13(1), стр.1189

[272] Ова може да биде жена која се движи сама  ноќно време или чанта/паричник оставена на стол во ресторан, додека сопственикот е во тоалет. Целта е лесна, доколку не е тешко за мотивираниот сторител да и пристапи.

достапна, но сепак веројатноста дека целта ќе биде повеќе или помалку погодна е под влијание на четири нејзини обележја (вредност, инерција, видливост и пристап), со кои се дефинира нивото на ризик.[273]

• вредноста, вистински или симболично се оценува од гледна точка на сторителот;

• инерцијата, се однесува на големината, тежината и обликот, или физичките аспекти на лицето или добрата кои може да дејствуваат како пречка или пречки за сторителот да ја смета за соодветна;

• видливост, или изложеност, е атрибутот што го означува лицето или доброто погодно за напад;

• пристап, се однесува на дизајнот и поставување на таргетираната цел, што го зголемува ризикот од напад или го прави полесен за спроведување.

Со други зборови, погодна цел е нешто што обезбедува лесна и моментална добивка на сторителите. Употребата на поимот "цел", се избира за да се избегнат моралните импликации на зборот "жртва" и да се третираат лицата и имотот сосема исто- како објекти со позиција во просторот и времето. Секоја жртва, од оваа перспектива, се третира како тело во физичкиот свет, на тој начин игнорирајќи ги сите прашања од социо- економска или расна мотивација за напаѓање на некого, сите прашања од лична омраза, всушност, нешто што се случува внатре во главата на престапникот или жртвата. Секоја таква загриженост би ги пренасочила умовите кон конвенционалната криминологија и би ги одвлекувала од тоа што кривичните дела се всушност физички акти.[274]

- **Мотивиран сторител**

Мотивиран сторител би бил секој за кого постои веројатност да изврши кривично дело. Одговорот, како оваа веројатност настанува, се избегнува, бидејќи тоа ќе го покрене забранетото прашање за криминалната мотивација. Токму затоа, иако, во првичните формулации на теоретските конструкции се користи терминот "мотивиран сторител", во подоцнежните излагања, Cohen и Felson го избегнуваат терминот "мотивиран", кога се мисли на сторителот, бидејки она што тие навистина го сметаат за релевантно, не е диспозицијата или мотивацијата да се изврши кривично дело, туку

---

[273] Hsieh, M., Wang, S. (2018), *Routine Activities in a Virtual Space:A Taiwanese Case of an ATM Hacking Spree*, International Journal of Cyber Criminology,Vol 12 Issue 1,стр.337

[274] Clarke, R., Felson, M. (2015), *Routine activity and Rational choice*, Advance in Criminological Theory, Volume 5, Routledge, стр.2

физичките фактори кои овозможуваат тоа лице да се вклучи во криминал.[275]Кога соодветна цел е незаштитена од "чуварите" постои шанса дека криминалниот настан ќе се реализира. Следствено на тоа, последната компонента во оваа слика е дека најверојатно сторителот мора да биде присутен, на тоа место и во тоа време, за да дојде до извршување на кривичното дело.

Сепак, иако е неопходно да се обрне внимание на другите аспекти на криминалот, со цел да се разбере и да се спречи истиот, ова никогаш не значи дека на страна треба да ја оставиме "перспективата" на сторителот, особено поради тоа што, самата дефиниција на целта како "соодветна" е направена според оценката на сторителот за карактеристиките на потенцијални криминални цели.

Накратко, според теоријата на рутински активности, кривичното дело може да се изврши само ако сторителот најверојатно мисли дека целта е погодна и дека отсуствува нејзина соодветна нејзина заштита. [276]

- **Отсутен чувар (заштита)**

Способниот чувар игра одлучувачка улога во моделот на криминалниот настан предложен од теоријата на рутински активности, како актер/и кои ја превземаат одговорноста да бидат крајните заштитници и бранители на која било цел на криминалот- било да се тоа луѓе или имот. Теоријата на рутински активности објаснува дека криминалниот настан може да се случи само во отсуство на способен чувар, на начин што погодната цел е оставена незаштитена, напроти мотивираниот сторител во соодветен простор и време. Ова произлегува и од дефиницијата на Felson, кој чуварот го карактеризира, како секое лице чие едноставно присуство го спречува криминалот и чие отсуството го прави криминалот поверојатен. На овој начин, на чуварите може да се гледаа како на "контролни агенти".[277]

Оваа дефиниција го вклучува секој кој се движи низ една област или кој функционира како заштита на лица или имот, иако концептот не треба да се ограничи или да се меша со полицијата или служби за обезбедување. Тие се очигледно соодветна

---

[275] "За разлика од многу криминолошки истражувања, ние не испитуваме зошто се поединците или групите криминално наклонети, туку навлегуваме во криминална склоност како однапред дадена, а го испитуваме начинот на кој просторно- темпоралната организација на општествени активности им помага на луѓето своите криминални склоности да ги претворат во акција ". (Hollis-Peel, M., Reynald, D., Bavel, M., Elffers, H., Welsh, B. (2011), *Guardianship for crime prevention: a critical review of the literature*. Crime, Law and Social Change, Springer Verlag, стр.55)

[276] Walsh, E., Hemmens, C. (2008), *Introduction to criminology*, SAGE Publications, стр.81

[277] Reynald, D. (2010), *Guardians on guardianship: Factors affecting the willingness to supervise, the ability to detect potential offenders, and the willingness to intervene*, Journal of Research in Crime and Delinquency 47 (3), стр.358

заштита, но обично се отсутни кога ќе се случи кривично дело. Всушност, најадекватни лица кои од оваа перспектива би довеле до спречување на самиот настан, не се полициските службеници, туку соседи, пријатели, роднини, минувачи или сопственикот на целниот имот. Во принцип, тоа е физичко или симболично присуство на поединец (или група) што дејствува (намерно или ненамерно) со крајна цел превенирање на кривично- правниот настан[278], односно секое лице кое во вршењето на своите секојдневни активности може, преку присуство или некаква активност, да се заштити, да ги заштити другите, или да го заштити својот или нечиј имот.[279]

Сепак отсуството на соодветен чувар е од клучно значење. Дефинирањето на овој клучен елемент како отсуство, наместо присуство, е сигурно крајната деперсонализација на овој тип на објаснување на криминалот. Одредени луѓе, без сомнение, почесто се отсутни од другите, но фактот што е нагласено отсуството е уште еден потсетник дека движењето на физичките лица во просторот и времето е од централно значење за овој пристап. Сторителот мора да најде цел во отсуство на чувари. Моментот кога тоа ќе се случи, криминалниот настан е логичниот производ.[280]

## 2.1. Пристапот на рутинските активности и групното извршување на кривичните дела кај децата

Одамна е апсолвиран ставот дека е невозможно да се разбере криминалитетот во неговата суштина, без да се разбере соучесништвото како негов облик. Литературата покажува дека криминалот е суштински карактеризиран со групирањето, особено во периодот на адолесценцијата, кога околу половина од кривичните дела се случуваат во групи, обично од двајца или тројца престапници.

Многу истражувања ги испитале корелациите и последиците од групното извршување на кривичните дела, а некои од нив нагласуваат дека соучесништвото не може да се случи без определни ситуациони претпоставки; па така, тоа зависи од времето и просторот, како и од околностите и рутините. Секојдневниот живот ги доведува сторителите, заедно еден со друг, под одредени криминогени околности. Оттука, за два поединечни актери или мали групи на соучесници да пристапат кон здружување, тие мора да се пресретнат низ некои секојдневни процеси, вклучувајќи

[278]Еден пример, поставувањето на камери се смета за симболично присуство, бидејќи истите се управувани од страна на лице чие присуство на местото накривичното дело не е физичко.
[279] Miro, F. (2014), *Routine Activity Theory*, The Encyclopedia of Theoretical Criminology- First Edition, Blackwell Publishing Ltd.
[280] Clarke, R., Felson, M. (2015), *Routine activity and Rational choice,* Advance in Criminological Theory, Volume 5, Routledge, стр.3

(но не ограничувајќи) се тука на нивните рутини и омилени места, непосредните можности за криминал или потрагата по целите на истиот.[281]

Felson се концентрира на оној тип на соучесништво, каде најмалку двајца извршители, директно и истовремено соработуваат. Применувајќи го пристапот на рутински активности, во комбинација со теоријата на социјално учење, тој развива теорија со која ја нагласува важноста на местата каде извршителите се сретнуваат (дружат), или како што тој ги нарекува "места на здружување". Објектите и местата кои имаат капацитет да понудат голем број криминални можности, а притоа нудат еден голем спектар на потенцијални соучесници, се дефинирани како "места на здружување".[282] Според него, овие места значително ја олеснуваат можноста соучесниците да се пронајдат еден со друг и на таков начин рапидно ја зголемуваат стапката на криминал.

Основна хипотеза во оваа теорија е дека "пристапот до соучесници е неизбежно криминоген". За овој став се дадени неколку аргументи. Прво, кога потенцијалните извршители се здружуваат, постои зголемена шанса тие да се убедат еден со друг да го прекршат законот во блиска иднина. Второ, извршителите можат да научат многу практични работи едни од други. Тие можат да си обезбедат информации за потенцијалните цели и нивните локации, за најдобриот начин на кој може да им пристапат и да располагаат со нив. Трето, пристапот до соучесниците е потребен кога сторителот сака вистинска помош и подршка во извршувањето на кривичното дело. Со стапувањето во контакт со други потенцијални сторители, може да се најде потребната дополнителна работна сила или некој со специјализирани вештини или знаење.[283] Со други зборови, ако секојдневната рутина на извршителите ги доведува во чести контакти со други мотивирани сторители, во присуство на соодветна цел, голема е веројатноста дека соучесништвото ќе се јави како резултат.[284]

Сепак, како што забележува Tremblay, наоѓањето на соучесник не е воопшто едноставен, туку напротив доста комплициран процес на здружување.[285] Применувајќи

---

[281] Andersen, M, Felson, M. (2010), *Situational Crime Prevention and Co-Offending,* Crime pattern and analysis, Volume 3, Number 1, стр.5

[282] Bichler, G., Malm, A., Enriquez, J. (2014), *Magnetic Facilities:Identifying the Convergence Settings of Juvenile Delinquent,* Crime & Delinquency, Vol. 60(7), SAGE Publication, стр.973

[283] Weerman, F. (2014), *Theories of Co-offending,* Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice. Springer, New York, стр.5176

[284] McGloin, J., Povitsky Stickle, W. (2011), *Influence or Convenience? Disentangling Peer Influence and Co-offending for Chronic Offenders,* Journal of Research in Crime and Delinquency 48(3), Sage Pub, стр.424

[285] Schafer, D., Rodrigues, N., Decker,S. (2013), *The role of neighbordhood context in youth co-offending,* CRIMINOLOGY, Volume 52 Number 1, стр.119

ја теоријата на рутински активности, Felson вели дека за да се пронајдат еден со друг, мотивираните соучесници мора да можат да се пронајдат на определен простор и во определено време, без надворешни притисоци, и притоа да имаат доволно време да се подготват за криминалната соработка.[286] Овие три барања подразбираат дека "местата за здружување" треба да бидат стабилен и предвидлив извор на потенцијални соучесници. Местата за здружување може да бидат и комерцијални објекти. Карактеристично е што сторителите ги користат легитимните функции на овие места за свои цели.[287] Во пракса, мал број места може да го исполнат тој услов, и тоа: места како улични сегменти, барови, куќи и објекти во соседството, и често само во определен период од денот. Оваа релативна реткост подразбира дека тие се важна детерминанта на криминалот во одредена област, што ги прави потенцијално интересни цели за интервенција.[288]

Досега, нагласивме некои аспекти на соучесништвото. Се напомена фактот дека големината, составот, времето и локацијата на групните активности влијаат врз криминалот. Мора да се напомене, сепак, дека групниот начин на извршување на кривичното дело не ги исклучува поединечните актери и самите носители на одлуки во криминалниот настан. Прво, поединците често одлучуваат да вршат кривични дела со други од практични причини- подобро да го извршат кривичното дело. Второ, групната динамика и "местата на здружување" делуваат на поединците во процесот на созревање на идејата за извршување на кривично дело, правејќи ја истата полесна и поисплатлива.[289] Па така, колку повеќе сторители се присутни, толку повеќе криминални идеи, толку повеќе цели кои може земат предвид, па самите сторители толку повеќе се охрабруваат да реализираат некој од нив.

---

[286]За соучесништвото потребно е да се исполнат три неопходни услови. Првиот услов е дека кај сторителот треба да постои волја, односно сторителот мора да ја согледа можноста за соучесништво како "доволно профитабилна". **Вториот услов е дека еден или повеќе потенцијални соучесници се присутни или лесно можат да контактираат**.Третиот услов е дека партнерот мора да биде атрактивен за да се пристапи кон групно извршување на кривичното дело со него. Наоѓањето на потенцијални соучесници исто така е под влијание и на достапноста на други престапници и на честите средби со нив. Подалечни криминални познаници или делинквенти пријатели кои живеат на другата страна на земјата не се многу корисни. Од друга страна, постојаните места и постојаниот тајминг за средби, ја прават достапноста на потенцијалните соучесници речиси сигурна. Затоа, овие места го стимулираат присуството на потенцијални соучесници. (Weerman, F. (2003*), Co-offending as social exchange – Explaining the Characteristics of Co-offending,* British Journal of Criminology 43/2, стр.408*)*

[287] Agustina, J., Felson, M. (2015), *Routine activities, Delinquency and Youth Convergences,* The Handbook of Criminological Theory, Wiley, стр.149

[288] Weerman, F. (2014), *Theories of Co-offending,* Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice. Springer, New York, стр.5177

[289] Osgood, D., Wilson, J., O’Maley, P., Bachman, J., Johnston, L. (1996), *Routine activities and individual deviant behavior,* American Sociological Revew, Vol.61, стр.639

"Охрабрувањето" игра наголема улога кај децата како сторители на кривични дела. Osgood и неговите соработници, во едно свое истражување во кое ја применуваат теоријата на рутински активности, укажуваат дека три основни карактеристики "ситуационо ги мотивираат" адолесцентите и им "нудат" можност да се испробаат во криминалното однесување. **Тоа е присуство на врсници, недостаток на супервизија и недостаток на структура.**

Првите две се однесуваат на карактеристиките на актерите кои се присутни, односно отсутни. Накратко речено, нема возрасни (авторитативни фигури), а има врсници. Ваквата поставеност на работите придонесува овие активности полесно да се извршуваат, дури и да се наградуваат. Конкретно, во текот на овие активности постои опасност да се засили интеракцијата меѓу врсниците кои поддржуваат делинквентен начин на однесување. Колку повеќе такви врсници, толку поголема интеракција помеѓу нив, а со тоа таквото однесување станува поприсутно и подостапно.[290]

Сепак, крајната поента, е дека процесот на соучесништво, вклучувајќи ги и процесите на здружување и процесот на донесување одлуки што претходно ги дискутиравме, го збогатуваат нашето разбирање за тоа како се случува криминалот како настан. Овие информации може да се користат, на начин што, преку проширување на мерките за ситуациона превенција, би можеле да го намалат криминалот.

За да се наруши процесот на регенерација на криминалните партнери, истражувачите сугерираат промена или отстранување на одреден тип однесување, така што оние што бараат соучесници да имаат проблем да го направат тоа или да немаат доволно време да ги координираат следните криминални активности. Намалувањето или ограничувањето на конвергенцијата на сторителите, ќе го поткопаат формирањето на групи кои вршат кривични дела и ќе го нарушат нивниот пристап до целите на криминалот. Така, ќе има помалку адекватни "места за здружување" за сторителите и криминалната соработка ќе се намали. Задачата на научниците и практичарите е да ги идентификуваат истите, па заедно со сите околински или ситуациони измени тие да ги отстранат или барем да се направат помалку криминогени.

---

[290] Ozgud, D., Anderson, A., Shefer, J. (2005), *Unstructured leisure in the afterschool hours*. Organized activities as contexts of development: Extracurricular activities, after school and community programs, 70(3), стр.323-367.

## 3. ТЕОРИЈА НА ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА АСОЦИЈАЦИЈА- DIFFERENTIAL ASSOCIATION THEORY

Теоријата на диференцијална асоцијација означи голема пресвртница, донесувајќи ги социолошките перспективи во првите редови на криминологијата. Пред тоа, криминолошките истражувања и криминолошката мисла имаа тенденција да бидат еклективни и неорганизирани, без општа теоретска перспектива со која ќе ги интегрираат наодите и ќе ги водат истражувањата.

За основоположник на теоријата за диференцијална асоцијација се смета E.Sutherland кој за прв пат ја изложи во своето дело "Принципи на криминологијата" во 1939 година.[291] Во подоцнежните изданија, вкупно девет, делото е дополнувано и менувано, врз критичките забелешки кои што му биле упатени, но во суштина останува на првичните поставки. Конечно е сепак обликувана од неговиот ученик Donald Cressey.

Теоријата за диференцијална асоцијација се смета за прва чиста, социолошка теорија, во чија основа стојат: зачестеноста, интензивноста и значајноста на социјалните односи, а не својствата на личноста или карактеристиките на средината. Таа е доведувана во врска со криминалитетот преку поимот на *нормативен конфликт* чија основна идеја е дека поединците се наоѓаат под влијание на спротиставени нормативни модели од кои некои го одобруваат криминалното поведение. Теоријата на диференцијална асоцијација се заснова на механизмите за усвојување на такви модели на однесување под чие непосредно влијание индивидуата е подложена.[292]

Според Sutherland, криминалното однесување се учи во интеракција со други лица. Тој упорно се спротиставувал на оние ставови според кои делинквентите, според своите индивидуални својства, се разликуваат од останатиот дел од популацијата.

---

[291] Edwin H. Sutherland, студент на Чикашката школа, бил и ќе продолжи да биде влијателна фигура во криминологијата. Тој е заслужен за основањето на областа на криминологијата во 1924 година со својот учебник под наслов "Криминологија", во кој се содржани првите теории за криминално однесување на микро ниво. Во 1934 година, оваа теорија ќе заземе поразвиена форма со формални хипотези во второто издание на неговиот учебник. За пишувањето на овој текст, Sutherland не помислил дека неговата работа содржи "теорија" за криминално однесување. Наместо тоа, оваа етикета била назначена од страна на McKay во 1935 година, кој забележал дека неколку страници од работата на Sutherland потсетуваат на "теорија на криминално однесување". Иако "изненаден" од етикетата доделена од McKay, тој го прифати брендирањето. Третото издание на неговиот учебник (1939) ќе содржи поглавје што предлага "теорија", која првично е означена како теорија на "диференцијална асоцијација". (Boman, J. (2013), *The intersection of friendship, networks, and crime: A developmental extension and test of Sutherland's differential association theory*, University of Florida, стр.17)

[292] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.200

Познати се во литературата неговите остри напади на секоја криминолошка мисла која причините за еден кривичен настан ги наоѓа во вродената конституција на делинквентот, психопатијата или слабоумноста.[293] Криминалното поведение се јавува како резултат на врските со одделни групи и поединци кои веќе го прифатиле моделот на престапничко однесување. Колку тие врски и влијанија се потрајни и посилни толку, шансите на индивидуата да стане делинквент стануваат поголеми. Развитокот на криминалното однесување се набљудува, значи, преку истите процеси на учење како и кај однесувањата во сообразност со правото. Притоа решавачко значење и се придава на содржината на учењето, а не на процесот како таков.[294] На таков начин, оваа теорија се заснова на нагласувањето на културниот конфликт, па според тоа може да се каже дека и самата претставува една од варијантите на теориите на културен конфликт, макар што таа пројавува и други особености. [295]

Според оваа теорија, поединецот станува престапник затоа што повеќе е изложен на ставови кои го оправдуваат, величаат па дури и наложуваат нарушувањето на законот, одошто на ставови кои не го одбруваат и поттикнуваат нивното нарушување. Основата на оваа теорија ја чини тезата дека криминалното поведение се учи од оние со кои криминалецот е во непосредни врски и непосредно влијание, т.н. intimate personal groups, и ставот дека секое лице ќе ја асимилира девијантната култура која го опкружува, под претпоставка дека други кулурни обрасци не го спречуваат во тоа. Или поконкретно, престапникот се формира поради тоа што е во почести и интензивни контакти (допир, асоцирање) со влијанијата кои го стимулираат престапничкото однесување (криминални примери), и исто така поради изолирање (разликување, раздвојување, диференцирање) од антикриминални примери (кои дестимулираат криминално однесување). [296]

Притоа веднаш треба да се нагласи дека, според теоријата на диференцијална асоцијација, криминалното однесување не се учи само во непосреден контакт со криминалците и групите во кои преовладуваат криминални примери, или како што забележуваат некои автори, нејзиното сведување на изреката "со кој си- таков си" значи нејзино искривување и поедноставување. Потенцијалниот престапник не мора да стапи во директен контакт со криминалци за да се оддаде на криминал. За тоа често е

[293] Singer, M. *Kriminologija-drugo izdanje,* Nakladni zavod Globus, Zagreb, стр.99
[294] Кајзер, Г. (1996), *Криминологија-вовед во основите,* Александрија, Скопје, стр.59
[295]Milutinović, M. (1990), *Kriminologija - šesto izdanje,* Savremena administracija, Beograd, стр.128
[296] Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.305

доволно во определени ситуации да дознае за ставови кои го поддржуваат, односно што го одобруваат или го прикажуваат во позитивно светло криминалното однесување, а тоа може да го направи и преку читање книги, весници или гледање филмови.[297]

Теоријата на Sutherland дава објаснување на криминалитетот користејќи три меѓусебно поврзани концепти: нормативниот (културниот) конфликт, диференцијална асоцијација и диференцијална социјална организација, и тоа на две нивоа: на ниво на поединецот и на ниво на општествените групи.

Теоријата претпоставува дека, на два начина, криминалот во крајна линија е вкоренет во нормативниот конфликт. Нормативен конфликт постои кога општеството се сегментира во групи кои се во конфликт околу нормите, вредностите и интересите. Некои групи го дефинираат одреден закон како правило што треба да се следи во сите околности, други го дефинираат истиот тој закон како правило кое може да биде прекршено под одредени околности, додека трети може да го дефинираат тој закон како правило кое се прекршува под сите можни околности. Оваа состојба на нормативниот конфликт, карактеристика на хетерогените модерни индустриски општества, резултира со високи стапки на кривични дела. Спротивно на тоа, примитивните недиференцирани општества се релативно хармонични, интегрирани и консензуални, поради што имаат ниски стапки на криминал.

Од историска гледна точка, криминалот се изведува од усвојувањето на кривичните закони, што, пак, е политичкиот израз на нормативен конфликт. Поточно, однесувањето на една група во општеството ги загрозува вредностите, интересите или верувањата на политички помоќната група (нормативен конфликт). Моќната група потоа ја мобилизира државата да го пропише соодветното однесување. Во овој момент настанува нормативен конфликт околу законот. Членовите на моќната група го дефинираат законот како правило што треба да се следи. Некои членови на групата која е помалку моќна ќе се одвратат од однесувањето, бидејќи сега е спротивно на законот и ги менуваат своите ставови кон тоа. Други, сепак, истрајуваат во однесувањето, одржувајќи го нивниот став за она што сега е криминал.[298]

---

[297] Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić, M. (2010), *Kriminologija*, Prometej, Beograd, стр.309

[298] Matsueda, R. (1988), *The current state of Differential Association Theory*, CRIME&DELINQUENCY, Vol.34 No.3, Sage Publigations, стр.280,281

На нивото на поединецот, може да се разликуваат два вида објаснување на криминалното поведение: едно, поврзано со делувањето на факторите кои влијаат на создавање на извесно животно искуство на поединците- историско или генетско објаснување на криминалното поведение, и друго, поврзано за оние фактори кои делуваат во моментот на неговото случување и кои го сочинуваат комплексот на релација личност- ситуација.

Историското или генетичкото објаснување за криминалното однесување или процесот со помош на кој се создаваат услови одредена личност да стане криминалец, Sutherland ги изнел во девет точки кои ја претставуваат централната теза на теоријата за диференцијална асоцијација.

1. *Криминално однесување се учи.* Тоа значи дека криминалното однесување не е наследено, како такво.
2. *Криминалното однесување се учи при интеракција со други лица при процесот на комуникација.* Оваа комуникација е вербална во многу аспекти, но вклучува и "комуникација со гестови".
3. *Главниот дел од учењето за криминално однесување се јавува во интимни лични групи.* Тоа ова значи дека индиректните типови комуникација, заземаат помалку важен дел во генезата на криминалното однесување.
4. *Кога се учи криминалното однесување, учењето вклучува (а) техники на извршување на кривичното дело, кое понекогаш е многу комплицирано, понекогаш многу едноставно; (б) специфично насочување на мотивите, поривите, рационализациите и ставовите.*
5. *Специфичната насоченост на мотивите се формира и одредува во согласност со оценките на правните норми со кои се регулираат односите помеѓу луѓето како поволни или неповолни.* Во некои општества, поединецот е опкружен од лица кои постојано ги третираат законите како правила што треба да се почитуваат, додека во други, тој е опкружен со лица чии ставови се поволни за прекршување на правните норми. Во нашето општество овие ставови се речиси секогаш мешани и како резултат на тоа имаме културен конфликт во однос на правните норми.
6. *Поединецот станува криминалец како резултат на преовладување на неговите оценки за корисноста од нарушувањето на законот, над оценките за воздржување од тоа.* Ова е принципот на диференцијална асоцијација.

Кога лицата стануваат криминални, тоа го прават поради честите контакти со криминални модели и поради изолација од антикриминални модели. Секое лице неизбежно ја асимилира околната култура, освен ако другите модели не се во конфликт. Овој аспект на теоријата за диференцијална асоцијација значи дека влијанијата што се неутрални за криминалот имаат малку или никаков ефект врз генезата на криминалното однесување.

7. *Диференцијалните асоцијации може да се разликуваат по зачестеноста, времетраењето, значењето и интензитетот*. Ова значи дека односите со криминално и со некриминално однесување варираат во таа смисла. "Зачестеноста" и "времетраењето" како модалитети на овој однос се очигледни и немаат потреба од објаснување. "Значењето" се претпоставува дека е важно во смисла дека: почитувањето на правните норми развиено во раното детство може да остане во текот на животот, а истото правило важи и за делинквентното однесување. Оваа тенденција, сепак, не е соодветно демонстрирана поради нејзиното селективно влијание. "Интензитетот" не е прецизно дефиниран, но има врска со такви нешта како што е авторитетот на изворот и емоционалните реакции предизвикани од него.
8. *Процесот на учење на криминалното однесување ги вклучува сите механизми кои се дел од било кое друго учење.* Ова значи дека учењето за криминално однесување не е ограничено на процесот на имитација.
9. *Иако криминалното однесување е израз на општите потреби и вредности, тоа не се објаснува со тие потреби и вредности, бидејќи и некриминалното однесување е израз на истите тие потреби и вредности.* Крадците обично крадат за да обезбедат пари, но, исто така, и чесните работници работат за да обезбедат пари. Обидите на многу научници да го објаснат криминалното однесување со општите потреби и вредности, како што се принципот на среќа, стремежот кон социјален статус, мотивот за пари или фрустрацијата, биле и мора да продолжат да бидат бесполезни, бидејќи тие го објаснуваат законското однесување сосема исто како што го објаснуваат и криминалното однесување.[299]

[299] Verrill, S. (2005), *Social structure and social learning in delinquency: A test of Akers' social structure-social learning model*, Graduate Theses and Dissertations, (http://scholarcommons.usf.edu/etd/894), стр.25, 26

Сепак, треба да се напомене дека, според теоријата на диференцијална асоцијација, сите лица кои се изложени на дефинициите кои го одобруваат криминалното поведение секогаш не стануваат престапници. Своето објаснување за криминалното однесување, Sutherland го дополнил со објаснувањето на факторите кои делуваат во моментот на реализацијата на криминалниот настан. За да биде поведен од дефинициите кои го одобруваат криминалното поведение потребно е поединецот да се најде и во ситуација која според негова оценка, а не објективно, е погодна за извршување кривично дело. Истовремено, потребно е во тој момент да не постојат алтернативни начини за остварување на посакуваната цел, а дали ќе има или не алтернатива, со закон дозволена, зависи од претходниот процес на учење по пат на диференцијална асоцијација.[300]

Процесот на диференцијална асоцијација, со дефинициите поволни и неповолни кон криминалот, сепак не се случува во вакуум, туку е структуриран во поширока општествена организација во која поединците се инкорпорирани, за која тој предлага поинаков (попогоден) термин – диференцијална општествена дезорганизација.

На ниво на група или општество, диференцијалната општествена организација обезбедува објаснување за тоа како нормативниот конфликт во општеството се претвора во специфична групна стапка на криминал. Според диференцијалната општествена организација, стапката на криминал на групата или општеството се определува од степенот до кој таа група или општество е организирана против криминалот или во негова корист. Во современите индустриски општества, двете форми на организација постојат рамо до рамо- и навистина се понекогаш испреплетени на сложен начин. Со самото тоа, до временски промени во стапката на криминалитет во групата или во заедницата доаѓа поради промена на односот помеѓу силата на организацијата во корист на криминалот, наспроти силата на организација против криминалот.[301] Со тоа се објаснува од кои причини криминалитетот не може неограничено да расте. Во случај на поголем пораст на стапката на криминалот конвенционалните групи се организираат со медиумска кампања за негова контрола и спречување. Тоа влијае на зголемувањето на дефинициите против криминалитетот, го

[300] Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić, M. (2010), *Kriminologija*, Prometej, Beograd, стр.309
[301] Matsueda, R. (2006), *Differential social organization, collective action, and crime,* Crime, Law and Social Change, Volume 46, Issue 1–2, стр.6

смалува бројот на погодни сторители за вршење на кривични дела и ги зголемува алтернативните, дозволени начини за остварување на целите.[302]

Во врска со теоријата на диференцијална асоцијација се јавува и теоријата за диференцијална идентификација. Нејзината појава е поврзана со критиката на теоријата за диференцијална асоцијација, која Sutherland ја применува на сите облици на криминално однесување, па затоа е критикувана и во социолошката и во криминолошката литература. И се приговара дека не прави никаква разлика помеѓу обичните и случајните делинквенти, дека асоцијацијата ја третира како "контакт", дека не објаснува многу за кривични дела кај кои учењето не доаѓа во предвид и сл. Критичарите го истакнуваат ставот дека многу поединци кои се подложени на криминални влијанија не манифестираат криминално однесување, а други кои не се наоѓаат под ударот на такви влијанија често вршат кривични дела. Тоа значи дека секое лице самостојно ги одбира моделите на своето однесување. Тоа може да се идентификува со разни групи и поединци, со криминално или нормално однесување, а тоа го чини во онаа мера во која смета дека му е или не му е прифатливо нивното однесување. Со оглед на ова, pологично е акцентот да се стави на процесот на диференцијална идентификација и преформулирање на теоријата на диференцијална асоцијација во теорија на диференцијална идентификација.[303]

### 3.1 Диференцијална асоцијација при групно извршување на кривичните дела

Една од причините за широко распространетото прифаќање на теоријата на диференцијалната асоцијација е фактот што истражувачите постојано потврдуваат дека поединците со поголема веројатност сторуваат кривични дела, кога се здружуваат со врсници кои одобруваат и сторуваат криминал.

Овие вмрежувања и здружувања се особено значајни за разбирањето на криминалитетот кај децата, бидејќи повеќето млади престапници имаат соучесници при извршувањето на кривичните дела.

Истражувачите често наоѓаат поддршка за централниот аспект на традиционалната теорија на диференцијална асоцијација, применлива особено во делот на покажувањето на механизмите на вклучување на младите во криминални групи и

[302] Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, стр.308
[303] Milutinović, M. (1990), *Kriminologija - šesto izdanje,* Savremena administracija, Beograd, стр.128

"учење на занаетот" од нив.[304] Многу теоретичари соучесништвото го гледаат како неопходен резултат на влијанието на врсниците или групната динамика. На пример, Shaw и McKay сметаат дека делинквенцијата е главно групно однесување, а соучесништвото е само еден од начините на кои се шири криминалитетот меѓу младите. Па така младите делинквенти ги научиле своите техники од постарите, повеќе искусни престапници.[305] Ако некој ги реконструира основните аргументи од оваа перспектива, причинско- последичната патека би се движела од тоа да се биде дел од група и/или да се има делинквентни врсници, па да се биде изложен на тие влијанија што доведува до тоа некој да се приклучи кон другите во извршување на кривични дела.[306] Па така, според оваа теорија, децата стануваат соизвршители бидејќи групата од која тие стануваат дел ги наведува, ги учи, да се приклучат на криминалните активности во рамките на истата.[307]

Во однос на децата, може да се додадат само три причини да се биде скептичен во однос на теоријата на диференцијална асоцијација во неговата наједноставната форма.

Прво, индивидуалната перцепција за **однесувањето** на нивните пријатели позначително делува на појавата на криминалното однесување, отколку нивната перцепција дека пријателите имаат **ставови** кои го одобруваат криминалот.[308]Ова откритие не е во спротивност со теоријата, но го поткопува тврдењето дека преносот или транформацијата на ставовите е најважниот дел од генезата на криминалното однесување.

Вториот збунувачки наод е дека неодамнешната интеракција со делинквентни врснички групи има значителен ефект врз криминално однесување и покрај фактот што овие групи се моментални, минливи и генерално неорганизирани. Ова укажува дека влијанието на делинквентните пријатели не го менува толку ставот на поединците, колку што има привремени и непосредни ефекти врз нивните постапки. Ефектите на

---

[304] Ignjatović. Đ. (2009), *Teorije u kriminologiji*, Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, стр.81

[305] Role моделот не мора да бидат само врсничките групи, туку и членови на семејството.

[306] Hochstetler, A. *Co-offending and offender decision making*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer, New York, NY, стр.574

[307] Weerman, F. (2014), *Theories of Co-offending*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice. Springer, New York, NY, стр.5174

[308] Taskin, S. (2014), *Contemporary developments in social learning theory in criminological research and its possible use in Turkish criminological research*, The Journal of International Social Research, Vol.7, Issue.34, стр.987

диференцијалната асоцијација не мора да бидат резултат на кумулативно учење во текот на животот од самата интеракција со пријателите. Наместо тоа, моменталните односи со делинквентните врсници резултираат со криминално однесување, кој и да е механизмот што го објаснува влијанието на овие неодамнешни односи.

Трета и поврзана недоследност е дека ставовите и однесувањето на врсниците има директен ефект и врз она криминално однесување кое **не** произлегува од сопствените ставови на детето. Постојат неколку добро познати теоретски интерпретации кои може да го објаснат овој директен ефект, како на пример кај Matsueda кој вели дека делинквенцијата е резултат на "привидната слика"[309] во која се претвораме како резултат на врснички влијанија. Тука особено се мисли на оние деца кои само во заедница со делинквентна група на врсници, својата активност делинквентно ја насочуваат, а тоа претходно ниту го сакале или планирале, ниту сами истото би го сториле. McCarty, пак, сугерира дека без криминални врсници, некои потенцијални престапници никогаш нема да започнат со криминални активности, првенствено поради тоа што не можат да ги обезбедат условите за да извршат кривично дело. По дефиниција, овие "криминално хедикепирани лица", нема да имаат сигурни контакти или пристап до соучесници потребни за остварување на некои дела. Па така, криминалните ситуации и можности се лесно достапни за оние кои, случајно или намерно, се опкружени со криминалци.[310]

Затоа, ако се прифати фактот дека здружувањето со делинквентни врсници е важно, исто така мора да се напомене дека влијанието на врсниците може да функционира и без пренесување на ставовите, од моделот на набљудувачот, забрзувајќи ги групните процеси кои водат кон криминал. Затоа, барем дел од она што се чини дека се ефектите од учењето преку здружување, може всушност да го отсликуваат фактот дека повеќето престапници се под директно влијание на врсници кога извршуваат кривично дело.

## 4. ТЕОРИЈА НА СОЦИЈАЛНО УЧЕЊЕ- SOCIAL LEARNING THEORY

Теоријата за социјално учење првично беше формулирана од Burgess и Akers во 1966 година, како теорија на диференцијална асоцијација- засилување. Како што и

---

[309] Начинот на кој ние мислиме дека другите нè гледаат е како ние се стремиме да се видиме себеси.
[310] Hochstetler, A., Copesb, H., DeLisia, M. (2002), *Differential association in group and solo offending* , Journal of Criminal Justice 30, стр.560

самиот назив на теоријата упатува, нивната намера во нејзиниот развој била да ја интегрираат претходно постоечката теорија за диференцијална асоцијација на Sutherland со неколку основи на бихевиоралната психологија.[311] Ревидираната теорија, ги вклучува принципите на бихејвиористичките теории на учење, особено оперантното условување, според кое секое однесување е резултат на награди и казни.[312]За да се нагласи групниот контекст на учењето, тие упатуваат и на социјалните процеси на награди и казни како диференцијално засилување.[313]

Овие промени беа општо прифатени како подобрувања, нагласувајќи ја еквиваленцијата на "бенефициите и трошоците", онака како тие функционираат во секојдневното живеење на човекот, покрај препознавањето на значењето на другите фактори. Сепак, имаше некои критики на теоријата, што доведе до дополнителни појаснувања и прилагодувања.[314]

При развивањето на неговата ревидирана, која сега се нарекува теорија за социјално учење, Akers тврди дека процесот на социјално учење главно може да биде определен од четири различни, но меѓусебно зависни, конструкции: диференцијални асоцијации, дефиници, диференцијално засилување и имитација.

**Диференцијална асоцијација**

Теоријата на социјално учење започнува со претпоставката дека целото учење се одвива во контекст на структурни интеракции со другите. Најважниот социјален контекст во кој функционираат механизмите на учење е преку диференцијалните

---

311 Taskin, S. (2014), *Contemporary developments in social learning theory in criminological research and its possible use in Turkish criminological research,* The Journal of International Social Research, Vol.7,Issue.34,стр.983

312 Според Akers девијантното однесување не треба да се разликува од конформистичкото и треба да се разликуваат двата негови видови: "оперантно" од "респондентно" однесување. Првото е под влијание на централниот нервен систем и тоа е волево, додека другото е прост одговор на организмот (попрецизно-вегетативниот нервен систем) на надворешни дразби и затоа е неволево. Обликот и нивото на кое се одвива оперантното однесување зависи од инструменталното условување. Оперантно однесување се базира на идејата дека промените во однесувањето се резултат на индивидуалните реакции на стимулите од надворешната средина. Кога некоја комбинација на стимул – реакција ќе биде соодветно наградена, индивидуата ќе биде условена да реагира на ист начин. По тоа, оваа теорија, се разликува во однос на претходната, по фактот дека индивидуата е во состојба да генерира одговор, наместо едноставно да реагира на стимули од надворешната средина (Jeffery, C. (1965), *Criminal behavior and learning theory,* The Journal of Criminal Law, Criminlogy and Police Science, Vol.56,No.3, стр.294,295)

313 Burfeind, J., Bartusch, D. (2016), *Juvenile Delinquency- An integrated approach, Third edition,* Routledge, стр.401

314 Henderson, B. (2015), *Exploring the Interactive Effects of Social Learning Theory and Psychopathy on Serious Juvenile Delinquency,* Graduate Theses and Dissertations, University of South Florida, (http://scholarcommons.usf.edu/etd/5854)

асоцијации што ги имаат поединците. Оваа конструкција во голема мера се потпира врз теоријата на Sutherland, која ја нагласува важноста на "интимните лични групи" во процесот на учење. Највважни од овие групи се примарните: семејството и пријателите, но концептот на диференцијалната асоцијација, исто така, вклучува директна и индиректна интеракција и изложеност на секундарни и референтни групи, како и масовни медиуми, интернет, компјутерски игри и други "виртуелни групи".[315]

Akers тврди дека диференцијалната асоцијација може да влијае на делинквенцијата, како преку димензиите на однесувањето/интеракцијата, така и преку нормативната димензија. Првиот концепт се однесува едноставно на директното поврзување и интеракциите што поединците ги имаат со другите и дали моделите на однесување на кои овие здружувања го изложуваат поединецот се погрешни или соодветни. Со други зборови, тој се однесува на природата на однесувањето (на пример, девијантно, наспроти комформистичко). Вториот, сепак, се заснова на тоа дека преку овие здружувања, поединецот е изложен на различни модели на норми и вредности. Претходно, ставот на Sutherland за диференцијалната асоцијација беше спорен во однос на пренесувањето на дефинициите во рамките на овие диференцијални интеракции. Akers, во суштина, овозможува во рамките на оваа конструкција да се инкорпорира многу поширок спектар на девијантни влијанија присутни при интеракција со други, вклучувајќи пренос на девијантните дефиниции, обезбедување реакции поволни за делинквентно однесување, кои го менуваат односот кон перцепираните награди/трошоци од криминалот, и изложување на поединци на девијантни модели кои може да се имитират. Крајната цел е да се вклучи не само групниот контекст во кој се учат делинквентните ставови и однесувања, но исто така и способноста на групата да моделира и да ги засилува овие ставови и однесувања.[316]

Како и Sutherland, теоријата на социјално учење на Akers не ги гледа сите интеракции подеднакво влијателни врз човековото однесување. Наместо тоа, Akers ги задржува четирите модалитети дискутирани од Sutherland, тврдејќи дека здружувањата и нивното последователно влијание врз девијантното однесување варираат во однос на фреквенцијата, времетраењето, приоритетот и интензитетот. Фреквенцијата е колку

[315] Akers, R., Jensen, G. (2006), *The empirical status of social learning theory of crime and deviance: The past, present, and future,* Taking Stock: The Status of Criminological Theory ,Vol. 15, Transactions Publishers, стр.40

[316] Burfeind, J., Bartusch, D. (2016), *Juvenile Delinquency- An integrated approach, Third edition,* Routledge, стр.398

често индивидуата комуницира со определена група или поединец. Времетраењето се однесува на должината и релативниот износ на времето поминато во различни групи. Приоритетот се однесува на периодот кога здружувањето започнало, со други зборови, кои здруженија се први во времето. Конечно, интензитетот е поврзан со значењето или важноста на асоцијацијата со поединецот или групата. Па оттука, Akers тврди дека здруженијата ќе имаат поголемо влијание врз обликувањето на однесувањето на поединецот, ако тие почесто се појавуваат, ако тие се во интеракција подолго време, ако се појавиле порано во животот на поединецот и имаат големо значење за него. Овој конструкт на диференцијална асоцијација супсумира многу од главните елементи на теоријата на диференцијални асоцијации на Sutherland. Akers признава дека интеракциите што ги имаат поединците кога се поврзуваат со другите се од централно значење за процесот на учење и тој продолжува да ја нагласува важноста на модалитетите под кои овие асоцијации го обликуваат однесувањето. Всушност, со оглед на тврдењето на Akers дека најголем дел од учењето е обликувано од социјални засилувања- наместо несоцијални (на пример, внатрешни награди/казни)- диференцијалната асоцијација е неопходен услов во перспективата на социјалното учење.[317]

**Дефиниции**

Дефинициите, како што треба да се разберат според теоријата за социјално учење, се сопствени вредности и ставови на поединецот за тоа што е или не е прифатливо однесување.[318]Тие се ориентации, рационализации на ситуацијата и други евалуативни и морални ставови кои го дефинираат извршувањето на делото како правилно или погрешно, добро или лошо, посакувано или непосакувано, оправдано или неоправдано. Овие ставови и вредности се научени и зајакнати преку процесот на диференцијална асоцијација.

Теоријата на социјалното учење ги поврзува ставовите и вредностите со влијанието на општите и специфичните дефиниции. Општите дефиниции би опфаќале широки верувања за конформистичко однесување кое е под влијание главно на конвенционални норми, како и верски и морални вредности. Општо земено, овие

---

317 Thomas, K. ,Simpson, S. (2014), *Social Learning Theory*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer, стр. 4953

318 Akers, R., Krohn, M., Kaduze, L., Radoshevich, M. (1979), *Social Learning and Deviant Behavior: A specific test of a General Theory*, American Sociological Revew, Vol.44, стр.638

верувања се оние кои не го поддржуваат извршувањето на кривични дела. Специфични дефиниции се сметаат оние кои го насочуваат лицето кон одредени дела или серија дела. Главната премиса зад овој поим дефиниции е дека колку е поголем бројот на дефиниции поволни за девијантно или криминално однесување, толку е поголема веројатноста дека поединецот ќе учествува во тој вид на однесување. Па оттука, согласно овие аспекти на теоријата на социјално учење, едно лице може да прифати адекватни ставови и вредности за одредени однесувања, а истовремено да ги развие ставовите и вредностите кои ги оправдуваат некои видови на неприфатливо однесување.

Во објаснувањето на криминалното однесување, дефинициите се поставени за одобрување или за неутрализирање на однесувањето. Дефинициите кои се одобрувачки генерално го карактеризираат криминалното однесување во позитивно светло, додека неутрализирачките дефиниции делуваат како средство за оправдување на некои или сите форми на криминално однесување.[319]Когнитивно, дефинициите поволни за девијација обезбедуваат состојба на умот која поединецот го прави поподготвен да изврши кривично дело кога ќе се создаде можност. Бихевиористички, таа состојба се јавува во облик на внатрешни или надворешни дразби кои делуваат врз извршувањето на девијантното однесување. Оттука, важно е да се забележи дека поединецот кој усвоил одобрување или неутрализирање на дефинициите за девијантното однесување не мора нужно да дејствува врз основа на нив. Всушност, тоа е интерактивен процес при кој конвенционалните норми можат да бидат слабо одржани, со што се обезбедува малку или никакво ограничување против криминалното однесување и дефинициите кои се поволни за девијантното однесување го олеснуваат кршењето на законот во конкретниот сет на околности. Следствено на ова, контекстот под кој се одвиваат овие однесувања е редефиниран во светло на овие одобрувачки и неутрализирачки дефиниции.[320]

**Диференцијално засилување**

Веројатно, диференцијално засилување е елементот од најголемо значење, во теоријата на социјално учење на Akers. Диференцијалното засилување се однесува на

---

[319] Akers, R., Sellers, C. (1999), *Criminological Theories: Introduction and Evaluation*, Second edition, Fitzroy Dearborn Publishing, стр.65

[320] McMurtry, M., Curling, A. (2008), *The Review of the Roots of Youth Violence*, Ontario Publications, стр.101-102

рамнотежата на очекуваните или вистинските награди и казни кои следат или се последица на некое однесување. Ако поединецот верува дека најверојатно ќе биде награден за криминално ангажирање и/или казнет, доколку се одлучи за конформистичко однесување, тогаш тој поединец веројатно ќе се вклучи во девијација. Ова во крајна линија доведува до она што е најверојатно најважното тврдење во теоријата на социјално учење: "Дали поединците ќе се воздржат или ќе иницираат, ќе продолжат да вршат или ќе отстапат од криминални и девијантни дела, зависи од релативната фреквенција, обем и веројатност од минати, сегашни и очекувани награди и казни за кои се смета дека се поврзани со однесувањето".[321] Од гледна точка на социјалното учење, човековото однесување е регулирано од засилување и казнување, при што првото ја зголемува веројатноста да се случи соодветното однесување, а второто ја намалува. Засилувањата и казните можат да бидат или позитивни или негативни, што укажува на фактот дека некои последици влијаат врз однесувањето со додавање на стимули (позитивни), додека други влијаат со отстранување на стимули (негативни). Според тоа, позитивните засилувања ја зголемуваат веројатноста за започнување или повторување на девијацијата преку обезбедување на позитивен исход или реакција на него (на пример, одобрение на пријатели, пари или внатрешни чувства на задоволство). Негативните засилувања ја зголемуваат веројатноста за девијација со отстранување на аверзивно или непријатно чувство или настан (на пример, отстранување на потсмев од соучениците). Во меѓувреме, позитивните казни ја намалуваат веројатноста за криминално однесување, преку обезбедување болна или непријатна последица поврзана со однесувањето (на пример, апсење), а негативните казни влијаат врз однесувањето со отстранување на пријатни последици или награди (на пример, дисфункционален родителски однос).[322] Исто како и кај диференцијалните асоцијации, континуитетот за засилување и казна не е подеднакво распореден, туку се условени од обемот, фреквенцијата и веројатноста на нивно појавување. Колку е поголема количината или вредноста на можните засилувања, колку почесто е применета, и колку е поголема веројатноста за доживување на засилувањето, сето тоа ја зголемува веројатноста за ангажирање во девијантно однесување. Така, на пример, ако поединецот става голема вредност на односот што го има со некој пријател, кој често наградува девијантно однесување, и притоа е сигурен дека неговиот пријател ќе

[321] Akers, R. (2010), *Social Learning and Social Structure: A General Theory of Crime and Deviance*,Transaction Publishers, стр. 65
[322] Brady, C. (2017), *Social learning theory*, The Encyclopedia of Juvenile Delinquency and Justice, Wiley

го награди за учество во кражба, тој поединец има голема веројатност да се вклучи во девијантно однесување. Меѓутоа, засилувањата и казните што ги даваат непознати лица, со кои лицето нема лични односи, најверојатно ќе имаат мал ефект и врз сегашната и идна перцепцијата за наградите и казните. Иако претставените примери се фокусираат главно на социјални засилувања и казни (т.е. врсници и родители), засилувањата може да бидат и несоцијални. На пример, физиолошките ефекти на лековите и алкохолот можат да претставуваат награда за некого, што пак ја зголемува веројатноста за повторна употреба.[323] Освен тоа, некои поединци може да гледаат на девијантно однесување како "суштински наградувачко". Ова би се случило ако самото однесување, без оглед на општествените реакции, се смета за "забавно" или "возбудливо", што е честа ситуација кај децата.

Накратко, вклучувањето на диференцијалното засилување во оваа криминолошка теорија, го пополни важното прашање за тоа како се учи криминалното однесување (односно, дека фокусот е на "приемот", а не на "преносот"). Иако овој придонес од Akers е веројатно најважниот аспект во теоријата за социјално учење, тој, исто така, останува и еден од најпогрешно разбраните. Идејата дека поединците се погодени од можно засилување, не значи дека луѓето се пасивно условени од нивната околина, едноставно реагирајки на стимулите како да се кучиња. Напротив, теоријата за социјалното учење гледа дека поединците најчесто се активно ангажирани и се приспособуваат на очекуваните последици од однесувањето, што претпоставува дека поединците го обработуваат определеното сознание пред да се вклучат во делинквенција. Покрај тоа, теоријата за социјално учење тврди дека актуелната последица поврзана со однесувањето ќе влијае и на нивната идна веројатност за криминален ангажман: ако поединецот се ангажира во антисоцијално однесување и биде награден за тоа, постои зголемена веројатност да ја повтори акцијата кога ќе се соочи со слична ситуација во иднина. Спротивно на тоа, ако поединците се вклучат во девијација, но имаат значително ниво на негативни последици, веројатно ќе избегнат девијантно однесување во иднина. Едноставно кажано, теоријата за социјално учење тврди дека претходните искуства на поединецот влијаат на тоа како тие ги

[323] Akers, R. Krohn, M., Kaduze, L., Radoshevich, M. (1979), *Social Learning and Deviant Behavior: A specific test of a General Theory,* American Sociological Revew, Vol.44, стр.638

интерпретираат очекуваните последици во иднина и дека овие очекувани последици се од суштинско значење кога се одлучува за избор на поведение.[324]

**Имитација**

Друг концепт во теоријата на социјалното учење, кој произлегува од когнитивната психологија, е имитацијата. Иако Shuterland тврдеше дека учењето за криминално однесување вклучува многу повеќе од едноставна мимикрија на однесувањето на другите, Akers ја вклучува имитација како неопходна компонента на теоријата за социјално учење. Имитацијата подразбира започнување со соодветен тип на однесување по директна или индиректна опсервација на слично однесување од страна на другите. Дали моделот на однесување ќе биде имитиран е под влијание на карактеристиките на моделите, набљудуваното однесување и набљудуваните последици од однесувањето.[325] Класичен пример за имитација се истражувањата на Albert Bandura. Тој во 1961 година, направил експеримент со Бобо кукла (кукла на надувување) за да докаже дека човековото однесување произлегува од друштвените имитации, а не од генетските фактори. Како што е очигледно во овие експерименти, не секое забележано однесување се имитира од другите. Од особена важност е набљудуваната последица на однесувањето. Па така, ако некој забележи дека поединецот кој се вклучува во определено однесување, притоа е награден за истото, веројатно е дека тоа однесување ќе биде предмет на имитација. Ова е познато како засилено засилување.[326]

Друг фактор што влијае врз примената на нечие однесување се карактеристиките на моделот. Најистакнатите модели се оние лица со кои поединецот е во директен контакт во примарните групи. Ова најочигледно значи дека поединците имаат поголема веројатност да го имитираат однесувањето на блиските: семејство, врсници, но и лични соработници, соседи и слично. Но, оваа изјава, исто така, подразбира дека поединците се со поголема веројатност да моделираат однесување забележано во директна интеракција, отколку однесување забележано преку разни медиумските форми.[327] Akers тврди дека технолошките и општествените промени ја зголемиле релативната важност на моделот на однесување на телевизија, филмови и

---

[324] Thomas, K., Simpson, S. (2014), *Social Learning Theory*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer, стр. 4956

[325] Akers, R. (2010), *Social learning theory*, Encyclopedia of Criminological Theory, Sage Publishing, стр.24

[326] Jones, S. (2006), *Criminolgy-third edition*, Oxford University Press, стр.414

[327] Akers, R. (2010), *Social learning theory*, Encyclopedia of Criminological Theory, Sage Publishing, стр.24

видео игри (во поново време и социјалните мрежи). Поконкретно, со оглед на тоа што во текот на изминатите неколку децении се зголемило релативното време за гледање телевизија и филмови, играње видео-игри, модалитетите на учење, исто така, се зголемија (фреквенција, времетраење, приоритет и интензитет), со што медиа-моделите станаа почести.

Интуитивно, имитирањето на однесувањето на другите е најважно во стекнувањето и изведбата на новото однесување, но има мала улога во одржувањето на девијантното однесување. Продолжувањето на однесувањето е под влијание на директни засилувања и казни, но имитацијата сè уште може да игра улога во стекнувањето криминални вештини што може да го олеснат криминалот и да го направат помалку ризичен.[328]

### 4.1.Теоријата на социјално учење и групниот криминалитет кај децата

Влијанието на врсниците е најзастапено во студиите за социјално учење, особено во однос на нејзината применливост, при објаснувањето на групниот карактер на криминалитетот кај децата. Општиот став во однос на влијанието на врсниците е дека "лошите" деца влијаат на "добрите" деца, преку менување на нивните морални стандарди, верувања или ставови. Сепак, авторите тврдат дека децата можат да се прилагодат на однесувањето на "лошите" деца и без да се согласуваат со нив. Затоа, во теоријата се користат два концепта: *усогласеност*, е првиот концепт кој подразбира дека детето се однесува онака како што групата сака, иако не се согласува со нејзините ставови.[329] Вториот концепт е *приватно прифаќање*, кое веќе подразбира менување на ставовите или верувањата во насока на групните.[330]Теоријата на диференцијална асоцијација се базираше на концептот на приватно прифаќање.

Децата го започнуваат животот со многу блиска приврзаност кон нивните родители. Меѓутоа, како што растат, тие стануваат поблиски кон своите пријатели. Пријателите имаат големо влијание врз однесувањето на децата, вклучувајќи ја и нивната евентуална делинквентна ориентација.

---

[328] Akers, R., Krohn, M., Kaduze, L., Radoshevich, M. (1979), *Social Learning and Deviant Behavior: A specific test of a General Theory,* American Sociological Revew, Vol.44, стр.638

[329] Во овој случај, кога тие криминално се активираат во рамките на групата, толпата го отстранува притисокот преку дифузија на моралната одговорност за тие дела. Овие механизми на колективно однесување може да послужат како водечка причина за делинквенција во групата, наместо самото влијание на врсниците.

[330] Warr, M. (2002), *Companions In Crime,* Cambridge University Press, стр.6

Влијанието на врсниците се разгледува од аспект на социјалните механизми, како што се стравот од потсмев, лојалност и статус. Овие механизми беа корисни за да го разберат влијанието на врсниците, на поинаков начин отколку традиционалното верување, каде стои на ставот дека учењето и инкорпорирањето на определен тип на дефиниции е причината за криминалното инволвирање. Поради стравот од исмевање, адолесцентите можат да се вклучат во делинквентно и опасно однесување во рамките на групата. Ако адолесцентите не се вклучат во тие активности, тие можат да бидат протерани од групата, напуштени/отфрлени од неа, а понекогаш губењето на групата значи губење на идентитетот и следствено, на престижот, како и чувството на припадност.

Имањето девијантни врсници, сепак, не секогаш резултира со впуштање во делинквенција и не влијае на секој поединец на ист начин. Примената на концептот на рамнотежа, ни помага да разбереме како девијантните врсници може да ги зголемат или намалат шансите за впуштање во криминално однесување, или да немаат никакво влијание врз субјектот. Адолесцентите, во рамките на групата, побаруваат складни нивоа на девијација со своите блиски пријатели и имаат влијание врз промените во нивото. На пример, ако субјектите биле помалку делинквентни од нивните врсници, тие го зголемуваат нивото на делинквенција. Доколку субјектите се повеќе делинквентни отколку нивните врсници, тие го намалуваат нивото на делинквенција. Па така, доколку во целост ги примениме техниките на позитивно и негативно засилување кои претходно детално ги објаснивме, ќе дојдеме до заклучокот дека делинквентните врсници, ризични за едно дете, може да бидат заштитни за друго.[331]

Семејството е друга клучна примарна група во која функционира диференцијалната асоцијација. Процесот на стекнување, постојаност или промена во однесувањето е процес на изложеност на нормативни вредности, модели на однесување и диференцијално засилување и во рамките на семејството. Самата семејна средина, вклучувајќи ги тука и родителската контрола, дисциплина и родителски санкции се транспарентни мерки на диференцијално социјално засилување (награди и казни), за соодветно или девијантно однесување. Од друга страна, неформалната

[331] Taskin, S. (2014), *Contemporary developments in social learning theory in criminological research and its possible use in Turkish criminological research*, The Journal of International Social Research, Vol.7, Issue.34, стр.987

социјална контрола во семејството одамна е концептуализирана како дел од процесот на социјално учење (учење на вредности и санкционирање на однесувањето).

Улогата на семејството обично е конвенционален социјализатор. Таа обезбедува конвенционални, анти-криминални дефиниции, соодветни модели за имитација и засилување на усогласеноста преку родителска дисциплина. Децата учат да се однесуваат конвенционално, кога родителите доследно ги користат позитивните награди за правилно однесување и наметнуваат умерено негативни последици за несоодветно однесување. Во семејството, рамнотежата на интерактивни и нормативни димензии на диференцијалната асоцијација, моделите на однесување, јакнењето на ставовите е вообичаено во просоцијална, не- девијантна насока. Но, делинквентното и девијантно однесување, може да има и семејна генеза и може да биде резултат на внатрешна семејна интеракција. Стекнување и одржување на таквите модели може да бидат директен производ на девијантни родителски модели, неефикасен и непредвидлив родителски надзор и дисциплина и одобрување на вредности и ставови поволни за девијација. Во некои случаи, родителите директно ги обучуваат своите деца да вршат девијантно однесување, па генерално, родителската девијантност и криминалитет ја предвидуваат иднината на делинквенција и криминалот кај нивните деца. Младите со делинквентни браќа и сестри во семејството, се со поголема веројатност да бидат делинквенти, бидејќи се регрутираат во најразлични семејни криминални активности уште од најмала возраст.[332]

## 5. ГЕНЕРАЛНА ТЕОРИЈА НА НАПНАТОСТ- GENERAL STRAIN THEORY

Merton (1938) ја развил првата теорија на напнатост во криминологијата, позната како теорија на аномија.[333] За определување на криминалитетот, според Мертон е значаен и односот меѓу општествените цели и можностите тие цели да се остварат. Девијантното и криминално поведение, според него, не е ништо друго туку "симптом на раздвојување помеѓу културно пропишаните аспирации и социјално структурираните излези за остварување на овие аспирации". Или со други зборови, противречност помеѓу прокламираните културни вредности, кои им се понудени на

[332] Akers, R., Jensen, G. (2006), *The empirical status of social learning theory of crime and deviance: The past, present, and future,* Taking Stock: The Status of Criminological Theory ,Vol. 15, Transactions Publishers, стр.20-23

[333] Тргнувајки од теоријата на аномија на Емил Диркем, Роберт Мертон ја проширува идејата за аномија во однос на сите видови на девијантно однесување. Сепак, мора да се напомене, дека терминот аномија во Мертоновата теорија има пошироко значење и се поврзува со општествената структура.

сите членови во општеството без разлика на нивната општествена положба и институционализираните норми со кои се определуваат и контролираат дозволените начини за остварување на тие цели. Изборот на средствата за постигнување на културните цели секогаш е ограничен со овие норми. Оттаму неговата теорија на девијантно поведение има за основна цел да открие на кој начин општествената структура врши притисок врз определени поединци да отстапат од просекот т.е. да се ангажираат кон неконформистичко, наместо кон конформистичко однесување.[334]

Coen (1955) се потпрел на теоријата на Merton за да го објасни потеклото на адолесцентните машки банди од пониска класа, кои биле вообичаени во 1950-тите. Тој тргнува од афинитетите на младите луѓе себеси да се доживуваат под влијание на ставовите кои другите ги имаат за нив. Вредностите кои преку училиштето и масовните медиуми им се наметнуваат претставуваат вредности на средната класа. Меѓутоа, младите кои припаѓаат на ниската класа утврдуваат дека во рамките на нивната класа малку внимание им се посветува на тие вредности и на таков начин тие не се адекватно подготвени за постигнување општествен успех. Со други зборови, ним не им се достапни или им се помалку достапни легитимните средства за остварување на целите кои ги прокламира оваа култура. Како последица на тоа се јавуваат стресни фрустрации и тие наоѓаат колективно решение во создавањето еден алтернативно-вредносен нормативен систем чии цели се во склад со нивниот општествен статус. Така настануваат делинквентните подкултури карактеристични за малолетничките банди.[335]

Cloward and Ohlin (1960), развиле уште една слична верзија, при што тврдат дека неможноста да се постигнат конвенционалните цели за успех низ легитимни канали придонесуваат за создавање банди. Но, она што најмногу ја разликува нивната теорија е аргументот дека секое објаснување за криминалот не треба да се гледа само низ можностите на поединецот да ги постигне конвенционалните цели за успех, туку и нелегитимните. Имено, тие сметаат дека за делинквентната субкултура е карактеристично дека од своите членови бара делинквентно однесување кое е неопходно за стекнување на статус во рамките на самата група. Таквата субкултура произведува тешки и бројни кривични дела, бидејќи посакуваниот статус во неа може

334 Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија,* 2-ри Август С- Штип, Скопје, стр.213

335 Jang, S. J., Agnew, R. (2015), *Strain Theories and Crime*, International Encyclopedia of the Social & Behavioral Sciences, 2nd edition, Vol 23.Elsevier, стр. 495

да се стекне само со суровост, упорност и одлучност во извршувањето на кривичните дела.[336]

Agnew уште во текот на 1985 година, продолжува со тенденцијата на развој на повеќе напредни и систематски објаснувања на односот напнатост- делинквенција, кои ги означува како генерална теорија на напнатост. За разлика од сите негови претходници, тој воведува и различен извор на напнатост, а тоа е неуспехот да се избегнат негативни ситуации или стимули. Понатаму, тој го вклучил концептот на гневот и условувачките фактори, иако подоцна само имплицитно. Сепак, седум години подоцна, доаѓа до профилирање на она што се нарекува генерална теорија на напнатост базирана на три централни компоненти: извори на напнатост, негативни емоции и стратегии за справување.

**Извори на напнатост**

Генералната (општа) теорија на напнатост, вели дека голем број негативни настани и услови го зголемуваат криминалот. Овие извори на напнатост, доведуваат до негативни емоции, како што е лутина, што создава голема потреба за корективни дејства. Криминалот е еден од начините за справување со напнатоста и негативните емоции. Поединците може да се вклучат во криминал: *за да ја избегнат или намалат напнатоста, за да му се одмаздат на изворот на напнатост, како и заради олеснување на негативните емоции*. Меѓутоа, дали сето тоа ќе доведе до криминал, сепак останува под влијание и на неколку други фактори- вклучувајќи ги тука: вештините за справување и нивото на социјална поддршка.[337]

Оваа теорија се фокусира на три општи видови на напнатост: реалниот или очекуваниот неуспех да се постигнат позитивно вреднувани цели, непостоењето или опасноста од губење на позитивно вреднувани стимули и постоењето или веројатноста од појава на негативни стимули.

*Неуспехот да се постигнат позитивно вреднувани цели како извор на напнатост*

Класичната теорија на напнатост, става силен акцент на првиот извор, блокирање на позитивно вреднуваните цели. Напнатоста секогаш се мери како разлика

[336] Singer, M. (1996) *Kriminologija-drugo izdanje*, Nakladni zavod Globus, Zagreb, стр.98
[337] Baron, S., Agnew, R. (2014), *General strain theory an offending over the life course*, Criminological Theory: A Life-course Approach, Jones and Bartled Learning, стр. 118

меѓу аспирациите и очекувањата. За Agnew, тенденцијата на претходните истражувачи, да се измери напнатоста само на овој начин, доведе до емпириски неуспех на теоријата. Agnew тврди дека напнатоста, во вид на разлика меѓу аспирациите и очекувањата, му дава големо значење за идните цели, и сугерира, неуспехот да се постигнат позитивно вреднуваните цели, да се мери како разлика меѓу нивото на очекувањата и реалните достигнувања. Притоа, Agnew смета дека постојат неколку причини да се биде оптимист во врска со ваквото концептуализирање на напнатоста. Прво, разликите меѓу очекувањата и достигнувањата се чини дека се пореални од разликите помеѓу аспирациите и очекувањата. Второ, оваа алтернативна концепција става силен акцент на процесот на општествена споредба во формирањето на нечие очекување, што беше занемарено кај претходните теоретичари, па оттука, не признава дека целите се културно дефинирани, туку се поврзани со самата реалност.[338]

*Непостоењето или опасноста од губење на позитивно вреднувани стимули*

Во психолошката литература се упатува на тоа дека напнатоста вклучува многу повеќе од потрагата по позитивно вреднувани стимули, посочувајќи дека неуспехот од нивното наоѓање е релативно слаб индикатор на агресија, особено кога целта никогаш не била доживеана претходно. Наместо тоа, во фокусот на вниманието се стават стресните настани во животот кои може да вклучуваат: губење на дечко/девојка, смрт или сериозна болест на пријател/родител, преместување во ново училиште, развод/одвојување на родителите, суспензија од училиште и присуство на различни несакани состојби. Таквите настани може да доведат до делинквенција, поради обидите на поединецот да се спречи губењето на позитивните стимулации, обидот да ги поврати изгубените стимули или да добие замена за загубата, барањето одмазда и сл.[339]

*Постоењето или веројатноста од појава на негативни стимули*

Присуството на негативни стимули беше уште еден извор на напнатпост, дискутиран во психолошката литература, кој криминолозите го занемаруваа се додека Agnew не го претстави во својата ревидирана теорија. Agnew тврди дека негативните односи со семејството, наставниците и другите од непосредна социјална средина на адолесцентите може да доведат до делинквенција, кога тие: (1) се обидуваат да ги

---

[338] Wen-Hsu, L. (2011), *General Strain Theory and Juvenile Delinquency: A Cross-Cultural Study*, Graduate Theses and Dissertations, (http://scholarcommons.usf.edu/etd/3208), стр.34

[339] Agnew, R. (1992), *Foundation for a General Strain Theory of Crime and Delinquency*, Criminology, Volume 30, No.1, стр.47

избегнат негативните стимули; или (2) се обидуваат да го отстранат изворот на тие стимулации; (3) бараат одмазда против изворот на негативни стимули; и (4) се обидуваат да се справат со ситуацијата оддавајќи се на разни социопатолошки појави. Agnew наведува некои од најцитираните фактори на негативни стимули како: злоупотреба на деца и занемарување, криминална виктимизација, физичко казнување, негативни односи со родителите, негативни врски со врсниците, негативни училишни искуства, вербални закани и навреди, физичка болка и сл.[340]

Генералната теорија на напнатост прави разлика помеѓу "објективен" и "субјективен" извор на напнатост. Објективниот се дефинира како настан или состојба што повеќето поединци ќе го перцепираат како негативен, за разлика од субјективниот, кој зависи од индивидуалната перцепција на поединецот во моментот кога се доживува тој настан или ситуација. Поединците, притоа, се разликуваат во субјективна реакција на истиот објективен извор на напнатост. Двата типови може да влијаат врз етиологијата на криминалот, иако јасно е дека позначајниот аспект на овој однос е извлечен низ призмата на индивидуалниот став за ова искуство.[341]

Покрај опишувањето на изворите на напнатост, Agnew во својата теорија наведува и некои карактеристики кои можат да го направат секој од нив повлијателен. Покрај напнатоста поврзана со ниската социјална контрола или притисоците што создаваат иницијативи за криминално справување, оние кои се квалификуваат како неправедни или значајни најверојатно ќе доведат до криминал. Изворот на напнатост се смета за неправеден, кога поединецот верува дека направената неправда била доброволна и намерна (на пример, криминална виктимизација). Овој тип на напнатост има тенденција да генерира емоции како лутина, што за возврат ја ослабува менталната способност на поединецот да се справи со него на легитимен начин. Слично на тоа, изворите на напнатост кои се оценуваат како значајни, исто така, најверојатно ќе предизвикаат криминал. Додека зачестеноста на напнатоста е позитивно поврзана со значајноста, постарите настани се уште можат да имаат значителен ефект кога се високо поставени и делуваат заканувачки на основните цели, потреби, вредности, активности и/или идентитети на засегнатото лице. На пример, искуството со

---

340 Yilmas, I., Koca,G. (2015), *General Strain Theory of Delinquency: the Developmental Process of Robert Agnew's Works from a Historical Perspective*, International Journal of Business and Social Science, Vol. 6, No. 11, стр.173

341 Polizzi, D. (2011), *Agnew's General Strain Theory Reconsidered: A Phenomenological Perspective*, International Journal of Offender Therapy and Comparative Criminology, 55(7), SAGE Publications, стр.1054

злоупотреба и запоставување во детството може да се означи како "дамнешен" извор на напнатост на возрасниот поединец. Сепак, малтретирањето на дете кое ги уништува вредностите и идентитетот на поединецот во најсензитивните години во животот, најверојатно, ќе има долгорочно директно и индиректното влијание на голем број на однесувања во текот на животот, со тоа што придонесува кон задоцнето созревање и води до антисоцијални особини, како агресивност или ниска самоконтрола[342]

**Негативни емоции**

Секој извор на напнатост, всушност ја зголемува веројатноста дека поединците ќе искусат една или повеќе од низата негативни емоции, како што се гнев, фрустрација, депресија или понижување. Критичната емоција во оваа теорија е гневот или лутината. Лутината е погодна за криминал, бидејќи ги поттикнува поединците на дејствување, создава желба за одмазда, ја намалува загриженоста за последиците од однесувањето, обезбедува оправдување за криминалот (исправување на погрешното) и ја поткопува употребата на одредени форми на справување со критични ситуации, како на пример преговорите.[343]Agnew сугерира дека истражувачите треба да ги испитаат "долгорочниот или хроничниот гнев и зачестеноста на гневни епизоди". Состојбата на гнев е преодна емоционална состојба предизвикана од вознемирувачки или фрустрирачки ситуации, додека гневот, како особина, се однесува на предиспозициите на поединецот да доживува низа ситуации како вознемирувачки или фрустрирачки и да одговора на таквите ситуации со значителен пораст на состојбата на гнев. Па така, поединците кои се гневни во природа е поверојатно да доживуваат константно ниво на состојба на гнев, за разлика од другите.

Иако, за Agnew, гневот е "најкритичната емоционална реакција", исто така се важни и други негативни емоции, како што се депресија и анксиозност. Всушност, Agnew предлага дека различни видови на негативни емоции може да доведат до различни девијации. На пример, внатрешно-насочената емоција на депресијата може да биде поповолна за интернализирани дела, како што е употребата на дрога, додека спротивното функционирање на емоциите на гневот може да биде поповолно за екстернализирачки дејства како агресијата. Конечно, додека класичните теории на

[342] Jong Jung, S., Rhodes, J., (2012), *General strain and non-strain theories: A study of crime in emerging adulthood*, Journal of Criminal Justice, Vol. 40, стр.177
[343] Bernburg, J. (2014), *Anomie and Crime*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference, New York, стр.83

напнатост имаат тенденција да бидат ограничени во објаснувањето зошто не сите засегнати поединци се вртат кон криминал прилагодувајќи се на изворот, Agnew ова прашање го одговара преку идентификување на низа фактори кои влијаат на веројатноста за криминални наспроти некриминални справувања.[344]

**Стратегии за справување со изворот на напнатост**

Третиот елемент на теоријата на напнатост се стратегиите за справување, кои затегнатите индивидуи ги користат за справување со изворите на напнатост и негативни емоции. Agnew идентификуваше три главни типа на стратегии за справување: когнитивни, емоционални и бихевиорални.

Когнитивната стратегија за справување главно се фокусира на реинтерпретирање на изворот на напнатост, на начин на кој се минимизираат нечии негативни чувства. Поединецот може да ја искористи оваа стратегија на три начини: прво, поединецот може да ја игнорира/минимизира важноста на исходот; второ, може да се максимизираат позитивните резултати и да се минимизираат негативните резултати; а индивидуата едноставно може и да ја прифати одговорноста за негативните резултати. Оттука може да се види, оваа стратегија главно претставува не-делинквентен одговор на изворот на напнатост.

Емоционалните стратегии за справување, директно се справуваат со негативните емоции што произлегуваат од изворот на напнатост. Agnew нуди неколку примери на емоционални стратегии за справување, како што се: употреба на дрога, медитација, физички вежби и разни психолошки техники (на пример, играње). Повеќето од овие стратегии се конвенционални; сепак, употребата на дроги за намалување на негативните чувства може да биде антисоцијална (на пример, со користење на нелегална супстанција).

Конечно, постојат три главни подвидови на бихевиоралните стратегии за справување: максимизирање на позитивни стимули, бегство од негативни стимулации

[344] Jang, S., Agnew, R. (2015), *Strain Theories and Crime,* International Encyclopedia of the Social & Behavioral Sciences, 2nd edition, Vol 23, Elseiver, стр.496,497

или барање одмазда. Бихевиоралната стратегија, за разлика од емоционалните или когнитивните стратегии за справување, е тесно поврзана со делинквенцијата.[345]

Сепак, неколку фактори влијаат врз тоа дали поединецот ќе се впушти во неконвенционално справување со ситуацијата. Овие фактори вклучуваат вештини за справување и соодветни ресурси. Пред се, се мисли на достапноста и квалитетот на конвенционалната социјална поддршка, со чие постоење се намалува веројатноста за криминално справување со изворот на напнатост. Криминалното справување е исто така поверојатно кога придобивките од криминалот се високи и трошоците се ниски. На пример, криминалното справување е поверојатно кај оние кои немаат што да изгубат со впуштањето во криминал, односно оние со слаби семејни врски, слаб интерес за училиште и без работа. Понатаму, криминалното справување е поверојатно кај оние кои се изложени на криминал, вклучувајќи ги и оние со криминални врсници и со верувања поволни за криминалот. Криминалните врсници ја зголемуваат веројатноста за криминално справување со "зајакнување" на криминалното однесување преку: моделирање кривични дела, дефинирање на конкретните активности како соодветен одговор на изворот на напнатост и служејќи како поттикнувачи на криминал.

## 5.1. Теоријата на напнатост во контекст на криминалитетот кај децата и нивното групирање

Како што беше претходно забележано во анализираните теории, и според оваа теорија, во периодот на адолесценцијата, делинквентното и криминалното однесување е во пораст. Причините за тоа се гледаат во фактот дека адолесцентите поверојатно, од децата и/или возрасните: 1) се соочуваат со одредени извори на напнатост погодни за криминал, 2) ги сметаат овие извори како многу аверзивни и 3) се справуваат со изворите на напнатост преку криминал.

Адолесцентите се со поголема веројатност да доживеат напнатост од неколку причини. Децата живеат во мал, тесно контролиран свет во кој доминираат родители и наставници, и како такви, тие се повеќе заштитени. Адолесцентите, се со поголема слобода од децата, и на тој начин тие често комуницираат со другите далеку од

[345] Wen-Hsu, L. (2011), *General Strain Theory and Juvenile Delinquency: A Cross-Cultural Study*, Graduate Theses and Dissertations, (http://scholarcommons.usf.edu/etd/3208), стр.36,37

будното око на "чуварите". Поминувајќи доста време во интеракција со врсници, надвор од домот и училиштето, од нив се очекува сами да се справат со проблемите.

Понатаму, адолесцентите живеат во поголем и поразновиден општествен свет отколку децата и возрасните. Накратко, нивниот социјален живот станува се потежок. Училиштето станува потешко, а и оценувањето е поригорозно. Врсничките врски стануваат најважни, вклучувајќи ги тука и романтичните, а во сето ова, тие често немаат вештини за ефективно да се движат низ овие сложени општествени односи. Зголемените барања со кои се соочуваат ја зголемуваат веројатноста за негативен третман, како што е на пример неуспехот на училиште.

Покрај тоа, адолесцентите имаат повеќе проблеми во остварувањето на своите цели, за разлика од децата и возрасните. Тие, веќе се во фаза да посакуваат низа привилегии кои обично се резервирани за возрасните, како што се статусот, автономијата и парите (често неопходни за постигнување на популарност кај врсниците). Адолесцентите често пати се спречени да ги постигнат овие цели на конвенционален начин. Родителите и наставниците, на пример, често им ги негираат автономијата и статусот што го посакуваат, а и ретко се во можност да ги обезбедат потребните пари. Во овие ситуации може да се прибегне кон делинквентно однесување.[346]

Адолесцентите, не само што се со поголема веројатност да го доживеат, туку и таквиот извор на напнатост го толкуваат како изразито аверзивен. Адолесцентите почнуваат да стануваат свесни и вознемирени од настаните и се повеќе склони да ги обвинуваат другите за тешките искуства, што е тенденција која опаѓа во зрелоста. Родителите и наставниците очекуваат адолесцентите да се справуваат сами, па оттука, тие честопати се колебаат да се обратат кај нив кога имаат проблеми, делумно поради културното очекување самите "да го носат сопствениот товар". Во психологијата, токму поради тоа, се нагласува дека првиот мотив на дружење кај адолесцентите настанува од потребата да се "исповедаат", своите интимни доживувања, проблеми и тајни да му ги доверат некому. Тука се појавува потребата за дружење со врсниците што доведува до нивно спонтано здружување во врснички групи. Животот во групата почнува да врши решавачко влијание на формирањето на самата личност, на неговото

[346] Baron, S., Agnew, R. (2014), *General strain theory an offending over the life course,* Criminological Theory: A Life-course Approach, Jones and Bartled Learning, стр. 120

однесување, ставови, начин на реагирање, доаѓа до прифаќање на одредени вредности и идеали, а со тоа и општо потчинување на општествените стандарди на стандардите на групата. Во овој период во самата личност се појавува една амбивалентна состојба. Од една страна, чувствуваат изразен отпор кон родителскиот авторитет, отпор кон домашните, училишните и општествените обврски и норми на однесување, а од друга страна, редот и нормите кои ги поставува групата се прифаќаат без дискусија и се извршуваат со слепа послушност. Ова организирање во групи, можно е во една добро организирана средина, да се канализира кон превземање на позитивни активности и остварување на општествено посакувани цели. Но, во помалку контролирани услови доаѓа до израз здружувањето во помали или поголеми групи кои манифестираат делинквентно или криминално однесување.[347] Оттука, како што Милутиновиќ наведува, првично се поврзуваат децата кои имаат извесни психолошки или општествени проблеми, па до самото поврзување доаѓа на основа на прифаќањето на истоветните ставови, погледи и вредности во групата, што доаѓа до израз кога семејството, училилиштето и другите институции не се привлечни за нив. Тогаш групата им служи како секундарно семејство, во кое ја доживуваат непосредната комуникација која им недостасува во семејството, а дури подоцна се јавува криминалното однесување, како предмет и цел на нивното дејствување.[348] Или како што вели Chazal, "тие не се здружуваат за да крадат, туку се здружуваат па потоа крадат".[349]Значи здружувањето во вакви ситуации, не претставува толку организационен облик на сторување на кривичното дело, колку што само по себе има етиолошко- каузално значење за детското престапништво.

## 6. ТЕОРИЈА НА СОЦИЈАЛНА ДЕЗОРГАНИЗАЦИЈА- SOCIAL DESORGANISATION THEORY

Криминолошката теорија на социјална дезорганизација, чија генеза ја следиме од почетоците на 20 век, ја покажува својата актуелност дури и денес. Ова е сосема разбирливо со оглед на фактот дека тоа е теорија која ги објаснува причините за криминалот и сите форми на општествено неприфатливи феномени низ призмата на социјалните фактори. Авторите што ја прифаќаат оваа теоретска ориентација во

[347] Шкулић, М. (2003), *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела*, Досије, Београд, стр.68
[348] Milutinović, M.(1976), Kriminologija *sa osnovama kriminalne politike I penologije drugo dopunjeno izdanje*, Savremena administracija, Beograd, стр.211
[349]Арнаудовски, Љ. (1981), *Малолетничко престапништво-предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81*, Скопје, стр.62

криминологијата и социјалната патологија, општеството го сфаќаат како динамична категорија, во кое организацијата и дезорганизацијата се јавуваат како спротивни, но релативни поими. Ниту едно општество не функционира потполно ефикасно и затоа може да се говори за различни степени на организација или дезорганизација.[350] Социјалната дезорганизација се појавува особено тогаш кога ќе настапат промени во рамнотежата на општеството, така што хармоничните процеси што ги обединуваат различните општествени сили, во функционална смисла се нарушени. Бидејќи основната единица на општеството ја чини групата[351], оттука социјалната дезорганизација се дефинира како процес на внатрешно распаѓање на групите.[352] Тогаш кога општествените групи и институции не ги остваруваат своите улоги и функции, по воспоставениот ред и редослед, доаѓа до нарушување на функционирањето на воспоставениот поредок и до неостварување на поставените цели. На тој начин се нарушува рамнотежата во општеството, се јавуваат социјални проблеми, а во потешките облици на неговотото нарушување и социјални кризи што нужно бараат акција за нивно разрешување. Во фактот што предизвикуваат социјални проблеми и појави, се согледува и нивното значење за криминалитетот, бидејќи ваквата дезорганизирана или неврамнотежена состојба се толкува како причина за оневозможување на општествена контрола и сопирачка на процесите на насочување на објективните услови и промени во насока на постигнување општествено корисни цели.[353]

Еколошките карактеристики на населбите влијаат на степенот на социјална неорганизираност во заедницата. Тоа е затоа што одредени карактеристики можат да го попречат развојот на општествените врски кои ја промовираат способноста за решавање на заедничките проблеми, вклучувајќи го и криминалот. Еколошките карактеристики од најголем интерес кај истражувачите за социјална дезорганизација вклучуваат сиромаштија, невработеност, мобилност на населението, етнички состав и нарушувања во семејството, помеѓу другото. Иако карактеристиките на заедницата, како што се сиромаштијата или станбената нестабилност се поврзани со криминалот,

---

[350] Социјално организираната заедница се карактеризира со (1) солидарност или внатрешен консензус за основните норми и вредности; (2) кохезија, или силна врска меѓу елементите; и (3) интеграција, со социјална интеракција на редовна основа. (Kubrin, C. (2009), *Social Disorganization Theory: Then, Now, and in the uture,* Handbook on Crime and Deviance, Springer, стр.226)

[351] Групата се сфаќа како збир на луѓе меѓу кои постои интеракција: од различен степен на поврзаност и со различно траење, без оглед на тоа дали се работи за семејство, заедница или нација.

[352] Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија,* 2-ри Август С- Штип, стр.205

[353] Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје , стр.304

овие фактори сами по себе не предизвикуваат директно криминал, според оваа теорија. Еколошките карактеристики се поврзани со криминалот само индиректно, пред се преку својот придонес во парализирањето на механизмите на социјална контрола. Според Sampson, карактеристиките на соседството како што се: нестабилност на семејството, станбена мобилност, и структурната густина ги ослабуваат неформалните мрежи за социјална контрола. Неформална социјална контрола е попречена и од слабите локални социјални врски, намалената приврзаност кон заедницата, анонимноста и намалениот капацитет за надзор и заштита. Други фактори како што се сиромаштијата и етничкиот состав исто така може да влијаат врз неформалната контрола, иако нивното влијание е најверојатно индиректно. Жителите на областите кои се карактеризираат со неорганизираност на семејството, мобилност и густина на населението се помалку способни да вршат заштитни активности, со помала веројатност да пријават општа девијација кај надлежните, да интервенираат во јавни вознемирувања и да преземат одговорност за надзор на однесувањето на нивните млади. Резултатот е дека отстапувањето е толерирано и нормите на социјална контрола не се ефективни.[354] Во светлината на горенаведената дискусија, основниот причински модел на социјална дезорганизација може да се изрази како:[355]




Кога станува збор за социо-економскиот статус, како прв извор на социјална дезорганизација, првичните истражувања кои беа спроведени под покровителство на креаторите на теоријата, Shaw i McKay, покажаа силна врска помеѓу социјалната дезорганизација и социјалните проблеми како што се сиромаштијата. Сиромаштијата и бедата претставуваат еден од најзначајните криминолошки фактори. Пред се, поединците кои се економски разорени се наоѓаат во потисната и деградирана положба, тие на секој чекор доживуваат понижување на својата личност и своето

[354] Sampson, R. J. (1987), *Urban black violence: The effect of male joblessness and family disruption*, American Journal of Sociology,Volume 93, No.2

[355] *Модел на социјална дезорганизација според Sampson* (Kubrin, C., Wo, J. (2016), *Social Disorganization Theory's Greatest Challenge: Linking Structural Characteristics to Crime in Socially Disorganized Communities,* The Handbook of Criminological Theory -First Edition, John Wiley & Sons,стр.123)

достоинство.[356] "Осаменоста и чувството дека не сте пожелни е најлошата сиромаштија", е познатата изјава на Мајка Тереза, која експлицитно и непогрешливо го опишува она што сега го нарекуваме социјално исклучување. Сиромаштијата и невработеноста резултираат со социјална исклученост од општеството, а глобалните структурни нееднаквости резултираат со масовна депривација и општо зголемување на стравувањата од социјална маргинализација.[357] Ваквата општествената поставеност ги спречува поединците да ги артикулираат своите цели и интереси на општествено прифатлив начин. Токму поради недостатокот на овие основни можности за достоинствен живот, тие можат да се одлучат за алтернативни одговори на оваа состојба, што доведува до тоа "долните" слоеви во општеството да создаваат т.н. "гнезда на злочинот". Во градовите има "обележани територии" - кои се разликуваат во обемот и структурата на криминалитетот, во зависност од социјалните и економските разлики. Криминалните групи овде го усвојуваат својот кодекс на однесување, кој се пренесува од генерација на генерација, населението е со недостаток на културна и морална вредност, или накратко социјално дезорганизирано. Луѓето што живеат во такви области прифаќаат такви модели на однесување и на некој начин придонесуваат кон тоа областа да биде таква каква што е. Според теоријата на Shaw и McKay, социјалната дезорганизација која е присутна во овие лоши населби е клучен фактор во делинквентното однесување. Криминалното однесување оттука веќе не е резултат на лични особини или карактеристики, туку е поврзано со условите на средината.[358]

Не е тешко да се разбере и како постојаната мобилност на членовите на заедницата ги крши општествените врски. Тоа значително ја попречува способноста на членовите на заедницата да се запознаат, да изградат однос на доверба и да комуницираат едни со други, што резултира со намалување на неформална социјална контрола, која е призната како клучен фактор во превенцијата на криминалот. Членовите на заедницата може да развијат способност за преземање акциии од взаемна корист само врз основа на меѓусебно познавање, што е предуслов за стекнување на взаемна доверба и градење на солидарност меѓу нив. Честата промената на местото на живеење ја ограничува оваа можност. Во такви заедници слободно можеме да кажеме

[356] Radović-Stojanović, J. V., Tomić, M. J. (2019), *Socioekonomske karakteristike punoletnih učinilaca krivičnih dela u Republici Srbiji*, Journal of Criminalistics and Law Vol. 24, No. 1, стр.50,51
[357] Magerl, A. (2014), *Utjecaj drustva na prevenciju kriminaliteta*, Zbornik radova -Nova naucna edukativna misao, No.3, Nomotehnički Centar Beograd, стр.134
[358] Hasaković, E. (2018), *Social disorganization theory testing in the light of Bosnian reality- Criminological and security discourse*, Drustvena Ii tehnička istrazivanja, Godina IV, br. 1, стр.48

дека луѓето се туѓинци, а каузалните последици на ова се анонимноста, недостатокот на односи меѓу членовите на заедницата и незаинтересираноста за организираноста на истата.

Третиот извор на социјална дезорганизација, расната или етничката хетерогеност, во делата на Shaw и McKay, како и нивните следбеници, е призната како фактор кој ја осуетува способноста на членовите на заедницата да постигнат консензус. Хетерогеноста е придружена со страв и недоверба, што во крајна линија резултира со здружување на припадниците на заедниците врз основа на лични критериуми (на пр. возраст, пол). Како резултат на овој вид на здружување, општествениот поредок станува фрагментиран, малограѓански и персонализиран.[359] Покрај фактот што различните етнички и расни групи можат да ги поддржат конвенционалните вредности, хетерогеноста ја попречува комуникацијата и ја попречува потрагата по решенија за заедничките проблеми и реализацијата на заедничките цели. Ова ја поткопува социјалната кохезија на заедницата, која обезбедува најплодна почва за остварувањето на социјалната контрола, како неопходен начин за ограничување и контролирање на криминалот и спречување на сите други форми на општествено неприфатливи појави.

Во продолжение ќе ги разгледаме уште и нарушувањата во семејството, кои се речиси оправдани во проучувањето на теоријата за социјална дезорганизација, бидејќи семејството е основната општествена клетка и како таква претставува услов за социјален просперитет. Се разбира, имајќи ја предвид деликатната воспитна и социјална функција на семејството во правилното формирање на членовите на општеството, јасно е дека таа задача можат успешно да ја извршат само складни и функционално адекватни семејства, со пријатен семеен амбиент во кој не се присутни негативни појави и девијации.[360] Спротивно на тоа, семејствата во кои доаѓаат до израз различни елементи или облици на структурна разореност или функционална дезорганизација постануваат центар на девијантен притисок, кој се манифестира и преку криминалното однесување на младите членови.[361]

Нарушување на семејните односи може да настане и поради гореспоменатите социо-економски карактеристики на семејството. Поволните материјални услови ја олеснуваат воспитната улога на семејството, додека пак семејствата кои се затекнати

---

[359] Sampson, J. R., Groves, B. (1989), *Community Structure and Crime: Testing Social-Disorganization Theory*. American Journal of Sociology, Volume 94, No.4, стр. 781

[360] Млађеновић-Купчевић, Р. (2001), *Криминологија*, Универзитет у Сарајеву, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, стр. 177-178.

[361] Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције*, Београд, стр.237

во тешки материјални услови, не се во состојба доволно внимание и грижа да му посветат на своите деца. Оттука е јасно дека социјалната дезорганизација може да влијае на криминалитетот, и преку влијанието врз структурата и стабилноста на семејството, со отстранување на механизмите за контрола на однесувањето на младите луѓе, од една страна, и преку создавање на поголеми можности за виктимизација (поради недостигот на соодветна контрола), од друга страна. Од ова евидентно е дека семејните нарушувања имаат значително директно влијание врз стапката на криминал во заедницата, бидејќи тие влијаат на намалувањето на неформалната социјална контрола на ниво на заедницата.

### 6.1. Теоријата на социјална дезорганизација во контекст на криминалитетот кај децата и нивното групирање

Shaw и McKay ги увидоа причините за криминалот во општествената дезорганизација, распространета во оние делови на градските области кои се доминантно населени со сиромашни луѓе, кои често доаѓаат од етнички малцинства. Во овие населби, доминантната општествена култура врши само слабо влијание и населението релативно често избира изразито девијантен, отколку конвенционален животен стил. Таквите избори често се колективни по природа. Младите во овие области, антагонистички расположени кон општествените норми, лесно наоѓаат поддршка за девијантните стилови на живеење меѓу своите врсници, па дури и меѓу своите родители. Ова често доведува до формирање на групи. Таквата група, развива првично делинквентна традиција по сопствениот вкус, а потоа преминува кон нови регрути. Откако ќе се воспостави групна традиција, таа често ќе продолжи без оглед на какви било промени кои се случуваат во соседството.Така, традицијата се пренесува од една генерација до друга, или од едно етничко малцинство во друго, како што нови групи почнуваат да доминираат.[362]

Shaw и McKay сугерираат дека во такви области традицијата на делинквентно однесување има тенденција да стане воспоставена норма, бидејќи неформалните делинквентни групи настојуваат на секаков начин да придобијат нови членови, особено од помала возраст. Со своето однесување, идеализирање на светот на криминалот, прокламирање на непочитувањето на општествените правила, норми на

[362] Sarnecki, J. (2001), *Delinquent networks – Youth co-offending in Stockholm*, Cambridge University Press, стр.10,11

однесување и законот, истакнувањето на лесната заработувачка како највисока вредност, со игнорирање на општествените обврски и сл. делуваат како "криминална инфекција". Младите кои растат во областа, гледаат голем број на поединци кои "успеваат" во овој свој делинквентен животен стил и ги користат како пример за нивното сопствено однесување. Алтернативните модели за успех не се достапни во овие области, па негативното влијание на соседството лежи токму во идентификувањето со негативните обрасци на однесување. Особено важна е идентификацијата со лидерот на криминална група, бидејќи лидерот на таква група секогаш бара апсолутна послушност, што резултира со таканаречената дефанзивна идентификација. Дефанзивната идентификација во суштина значи послушност кон една личност или група која е крајно агресивна и му се заканува на поединецот кој му се приближува на групата. Во страв од можна казна, таквиот поединец не се претвара во агресор кон луѓето кои му се закануваат, туку кон заедничкиот "непријател", општеството како целина. [363]

Соседството може да биде моќен криминоген фактор и поради силните интерперсонални односи кои постојат меѓу членовите. Ова е уште поизразено во адолесценцијата кога силно се изразува потребата за припадност кон различни општествени групи. На ваков начин, младите влегуваат во ваквите неформални групи, на основ на прифаќање на истоветни ставови, погледи и вредности, што најмногу доаѓа до израз кога семејството, училиштето и другите формални институции потфлиле околу нив, па оваа група им служи како заменско семејство, во кое психолошки ја доживуваат непосредната комуникација која им недостига. Покасно се јавува и криминалното однесување, како предмет и цел на нивното групирање, кога се структурираат во солидарни групи со цврсто и јасно фиксирани криминални ставови и цели.

Ставот на Shaw и McKay околу начинот на кој ваквите девијантни техники се пренесуваат е под влијание на верзиите на теоријата на диференцијална асоцијација. Оттука тие нагласуваат: од особена важност е интимното поврзување на детето со предаторски групи или други форми на делинквентна или криминална организација. Преку неговите контакти со овие групи и врз основа на неговото учество во нивните активности, тој ги учи техниките, ги зацврстува односите со своите делинквентни

[363] Хајдуковић Ч., (1975), *Преступништво понашање младих*, Савремена администрација, Београд, стр.54.

пријатели и се здобива со ставови соодветни на неговата позиција како член во таквата група.[364]

∴

Врз основа на досега изложеното може да се поентира дека криминолошките теории сумарно упатуваат кон:

- ✓ Возраста;
- ✓ Влијанието на врсниците и
- ✓ Изложеноста на делинквентно влијание во микро и макро средината,

како директни или индиректни идентификувани фактори кои го детерминираат групното извршување на кривичните дела кај децата.

[364] Shaw, C., McKay, H. (1942), *Juvenile delinquency and urban areas*, University of Chicago Press, стр.436

# IV. ГРУПНОТО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КАКО КАРАКТЕРИСТИКА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ КАЈ ДЕЦАТА

## 1. Актуелност на проблематиката, видови и типови на групирања

Остварувањето на одреден криминален резултат може да биде дело на едно или повеќе лица. Здружувањето на луѓето заради остварување на заеднички цели е карактеристика на секој сектор од општествениот живот на човекот, па околноста дека со заеднички сили може да се постигне поголем ефект е основен мотив на здружувањето и во криминалната сфера.

Здружувањето на поединците (соучесништво- concursus delinqventium) заради извршување на едно или повеќе кривични дела е особено опасна општествена појава. Соучесништвото претставува не само посебен облик на извршување на кривичното дело, туку и посебен облик на криминалитет (групен криминалитет), кој е значително поопасен од поединечниот. Групниот криминалитет, всушност претставува, кумулација на криминалната енергија, односно злосторничката волја поради свесно и волево здружување во извршувањето на кривичното дело.[365] Оттука, неспорно е дека дело извршено од страна на повеќе лица го менува карактерот на општествената опасност, бидејќи соучесништвото го продлабочува проблемот со кривичното дело под одредени услови.[366]

На проблемот на соучесништвото му посветуваме посебно внимание меѓу останатото и поради фактот што во криминолошките истражувања често се истакнува сторувањето на кривичните дела во група, како карактеристика на криминалитетот кај децата.[367] Овој проблем без сомнение заслужува посебно проучување и затоа ќе се обидеме да укажеме на некои негови основни карактеристики.

Кај криминалитетот на децата колективноста (соучесништвото) генерално се манифестира во облик на соизвршителство, повеќе деца заедно или во друштво со

365 Bačić, F. (1980), *Krivično pravo-opči dio,* Informator, Zagreb, стр.321

366 Јовашевић, Д. (2014), *Саучесништво у савременом кривичном праву,* Зборник радова правног факултета у Нишу, Број 67, Година LIII, стр.158

367 Научниците уште од почетоците на дваесеттиот век постојано сигнализираат дека делинквенција е во основа општествена активност во која често се вклучени соработници. Всушност, раните истражувања покажаа дека над 90% од кривичните дела во кои како извршители се појавуваат децата, во дејствието на извршување се вклучуваат две или повеќе млади лица. (Vasques, B., Zimmerman, G. (2014), *An investigation into the empirical relationship between peers, friendship and delinquency,* Journal od Criminal Justice, No.42, стр.244)

полнолетни учествуваат во дејствието на извршување на кривичното дело. Ваквиот тип на криминално функционирање и организирање воопшто не изненадува и може да се сфати и објасни со фактот што тој претставува и стандарден израз на менталитетот на младите луѓе. Младите настојуваат да живеат во група бидејќи во неа се чувствуваат посигурни, но преку неа и се реализираат, се потврдуваат, го задоволуваат чувството на припадност. Непосредните ефекти од заедничкиот криминален чин се најчесто во втор план, а примарна е желбата за заеднички возбудливи доживувања, стекнување на искуства, докажување на храброст и сила, желба за самодокажување, стекнување на адекватен статус во групата, а особено желбата за припаѓање кон истата.[368] Во ваква ситуација групата се јавува како фактор на влијание, групата е таа која воспоставува образец, обезбедува стимул, наградува со слава и со другарство, нуди заштита и лојалност и повеќе од се, му дава етичка содржина на животот на детето без кое тој не би можел да истрае. Поединците често и немаат делинквентни намери, но соединувањето со врсниците под одредени околности и под дејство на разни криминогени фактори доведуваат и до вршење на кривични дела. Во такви ситуации се случува само еден или двајца учесници да ги наговорат останатите непромислено да учествуваат во вршењето на едно или повеќе кривични дела. Законот на групата овде го одредува правилото за постапување на секоја индивидуа. Во ситуација кога сака ја одржи својата „репутација", да избегне да биде „кукавица или мекуш", да се докаже пред себе дека е „силен", членот на групата под нејзиниот притисок го прави тој фатален чекор преку демаркационата линијата на социјално прифатливо и неприфатливо однесување. На таков начин на патот на криминалот зачекоруваат и оние срамежливи, неодлучни деца, кои после бројни такви случаи продолжуваат, па и со самостојно извршување на кривични дела.[369]

За разлика од овој тип на природно формирани групи кај кои делинквентната активност се јавува како случајна непромисленост, лекомисленост и младешка лудост, постојат и такви групи кои настануваат како резултат на зедничкиот афинитет за вршење на кривични дела. Облиците на тоа здружување, во кои се се поприсутни и возрасни криминалци, се различни во определени земји и се движат од обични и недоволно цврсти здружувања, па до цврсти организации, формирани за остварување на криминални цели (банди и гангови). Овие групи во однос на членството се

[368] Singer, M. (1996), *Kriminologija-drugo izdanje*, Nakladni zavod Globus, Zagreb, стр.211

[369] Љубичиђ, С., *Малолетнички криминалитет*, Култура полиса, Нови Сад, http://kpolisa.com/KP8-9-10/Pdf/kp08-VI-1-StankoLjubicic.pdf, стр.342

многубројни, статусот им е нелегален, по правило се раководени од најекстремниот делинквент, имаат специфични внатрешни норми и начин на комуникација и заеднички и единствен мотив на дејствување- противправниот.[370] Возможно е, и неформалните групи со првобитно позитивни интереси да се трансформираат во банди доколку вршењето на престапнички активности постане нивна доминантна преокупација, но тоа е релативно редок случај.[371]

Иако криминолозите и социолозите неколку децении посветувале сериозно внимание на овие малолетнички банди, поради големата разновидност и многубројните димензии на нивното однесување било невозможно да се извлече сеопфатен одговор на прашањето, што е тоа банда. Едноставно кажано, улична банда е злосторничка организација која не подразбира група лица случајно вклучени во непосредно извршување на едно дело.[372] Сепак, за објективна анализа, потребно е да се наведе како тие се разликуваат од другите криминални групи, поточно да се наведат критериумите врз основа на кои една група може да се класифицира како улична криминална група, малолетничка банда.

Во САД се спроведени многу истражувања на оваа тема и американските истражувачи успеале за речиси еден век да постигнат договор околу единствената дефиниција која поимно би ги опфатила уличните банди. Канцеларијата за малолетничка правда и превенција од делинквенција од Одделението за правда на САД ги дефинира овие банди како: Самоформирани врснички здруженија кои ги имаат следните карактеристики: име, препознатливи симболи, лидерство-водач, географска територија, постојан модел на состанување и колективно (групно) дејствување во потрага по нелегални активности.[373] Слична дефиниција извел и Walter B. Miller. По спроведените разговори со професионалци задолжени за спроведување на законот и оние што работат во социјалните служби, а кои се занимаваат со младинските банди од

---

[370] Велкова, Т. (2006), *Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот 1981-2000 година,* Штип:2-ри Август-С, стр.281

[371] Трашер сугерира дека бандите произлегуваат од спонтано формираните групи на млади луѓе кога силите кои ги поврзуваат членовите на групата едни со други се зајакнуваат како резултат на конфликт. Овој процес се состои од неколку фази. Во текот на првата фаза, групните врски и раководната структура стануваат поопределени. Ако, во периодот што следи, членовите на групата не направат премин кон нормален живот на возрасни, како дел од конвенционалното општество, врските меѓу нив може уште повеќе да зајакнат и активноста на групата и целото нејзино постоење да се насочи кон делинквенција. (Sarnecki, J. (2001), *Delinquent networks-Youth Co-Offending in Stockholm,* Cambridge Unversity Press, стр.17)

[372] Department of Public Security, General Secretariat of the Organization of American States (2007), *Definition and Classification of Gangs -Executive Summary*, Washington, стр.6

[373] Howell, J. C. (1997), *Youth Gangs*, OJJDP Fact Sheet (Office of Juvenile Justice and Delinquency Prevention, U.S. Department of Justice).

шест американски градови, тој на едно место ги комбинирал дел од најважните променливи и извел една од пофункционалните дефиниции за поимот банда, во која нагласува: Банда е група поединци што постојано се здружуваат, со лидерство и внатрешна организација, што се идентификува со или тврди дека поседува контрола врз територијата на една локална заедница и што се занимава поединечно или заеднички, со насилнички или со други форми на незаконско однесување.[374] Во конвенционалните расправи, сепак уличните банди во САД се дефинирани како бројни, добро организирани субјекти што можат да контролираат населби, делови од градот населени со посиромашно население. Во овој контекст, се посочува дека ваквите карактеристики на бандите честопати се изведуваат само врз основа на полициските и медиуските известувања за бандите во Лос Анџелес и Чикаго. Имињата на некои од овие банди се добро познати: „Crips", „Bloods", „Latin Kings", „Black Gangster Disciples". Сепак, карактеристиките на овие улични групи не ги поседуваат повеќето банди во САД, а уште помалку во Европа.[375]

На Европска почва, најголемиот напредок во оваа насока го направија тимот истражувачи на Еуроганг кои работеа на создавањето инструмент- дефиниција која што би била широко прифатена и погодна во мултикултурен контекст. Во срцето на оваа дефиниција се ставени пет општи критериуми врз основа на кои се оценуваат компетенциите на некоја група да постане младинска банда. Големината, возрасната композиција, локацијата, стабилноста и групниот идентитет се дефинирачки, а сите други карактеристики можат да се сметаат за описни варијабли, наместо како важен елемент на дефиницијата. Тука се вклучени следните карактеристики, како на пример: возраст, пол и етничка припадност, специфични индикации (како што се: облека, тетоважи, амблеми), структурни проблеми (како што се постоење на подгрупи, лидерство, големина, името на бандата) и сл. Земајќи ги превид гореспоменатите критериуми, уличните банди (или проблематични младински групи кои кореспондираат со улични банди) се дефинираат како *постојани, младински групи чиј идентитет вклучува вмешаност во нелегални активности кои се преземени на улицит*е. Оваа дефиниција се користи во скоро сите европски истражувања на ваквите криминални групи. Терминот „долготрајност, постојаност" се однесува на група која опстанува и покрај флуктурација на членовите, кои може да се променат. Терминот

[374] Томпсон, В., Бинам, Џ. (2014), *Малолетничка делинквенција- социолошки пристап,* Арс Ламина- публикации, стр.296
[375] Đurđević, Z., Vuković, S., Radović, N. (2013), *Violence of crime street groups*, Nauka, bezbednost, policija, 18(1), стр.26

„младост“ може да биде двосмислен, но под него се подразбира како членови на групата да доминираат лица кои се адолесценти или се во раните дваесетти години. Терминот „незаконски“ значи преземање на дејствија кои се категоризирани како кривични дела и прекршоци, а „идентитетот“ се однесува на тоа што е прифатено како став од групата, а не индивидуата. Конечно, дефиницијата вклучува и упатувања на „проблематични младински групи кои кореспондираат со улични банди“. Оваа фраза е додадена на дефиницијата затоа што има значителен број истражувачи кои не сакаат да го користат зборот „банда“ или поконкретно, преводите на овој збор на свој јазик. Можно е јавноста во една земја да има силни стереотипи или асоцијации за значењата поврзани со овој поим. Дискусијата за овој проблем беше решена со тоа што им овозможи на локалните истражувачи да користат фраза „проблематична младинска група“ или нејзин превод, наместо зборот „банда“, доколку сакаат да спречат заблуди од страна на пошироката јавност. [376]

Оваа дефиниција се покажува како апликативна бидејќи од една страна прави разлика помеѓу улични и други криминални групи, како што се терористички групи, нарко банди и сл.[377], а од друга страна ги раздвојува уличните банди од многуте останати типови на формални и неформални младински групи што се карактеристика на пред-адолесцентниот и адолесцентниот период.[378]

---

[376] Weerman, F., Maxson, C., Esbensen, F., Aldridge, J., Medina, J., Gemert, F. (2009), EUROGANG PROGRAM MANUAL, Background, development, and use of the Eurogang instruments in multi-site, multi-method comparative research, стр. 19,20

[377] Тоа се т.н. Организирани криминални групи, кои Конвенцијата на ООН против транснационален организиран криминал (Палермо, 2000), ги дефинира како: составени од три или повеќе лица, која егзистира одреден период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе сериозни казнени дела условени со оваа Конвенција, заради остварување на директна или индиректна финансиска корист или друг вид на материјална корист. (Лабовиќ, М., Николовски, М. (2010), *Организиран криминал и корупција*, Факултет за безбедност, Скопје, стр.55)

[378] Важно е да се прават разлики помеѓу различните видови групирања кај младите. Во типологијата на Гордон , во оваа ситуација е битно да се издвојат следните:

• младински движења - социјални движења карактеризирани со специфичен начин на облекување или други телесни украси, користење на слободното време и други специфични одлики (на пример: панкери, рокери);

• младински групи - мали групи на млади луѓе кои се дружат на јавни места, како што се на пример трговските центри;

• "wannabe" групи- млади луѓе кои се здружуваат во лабаво структурирана група првенствено со цел вклучување во спонтана социјална активност, но некогаш и во возбудлива, импулсивна криминална активност;

• криминални групи - мали групи на пријатели кои се здружуваат, обично за краток временски период, со крајна цел извршување на кривично дело првенствено за финансиска корист;

• **улични банди -** групи на млади кои заедно формираат структурирана организација, чија примарна цел е да се вклучат во планирано и профитабилно злосторничко однесување. (White, R. (2002), *Understanding Youth Gangs*, Trends and Issues in Crime and Criminal Justice series, No.237, Australian Institute of Criminology, стр.2)

Makson и Klein, врз основа на шест структурни карактеристики (големина, постоење на подгрупи, возраст на членови, време на постоење, територијалност и криминална разноврсност), ги поделија сите улични криминални групи на пет типа: традиционални, неотрадиционални, улични криминални групи кои извршуваат разни кривични дела, групи кои што се специјализирани за конкретни кривични дела и криминални групи чии членови имаат иста идентификациона карактеристика (на пример, националност). Овие пет типа криминални групи опфаќаат 75% до 95% од сите американски улични банди. Прелиминарната анализа на европските извештаи за уличните криминални групи покажува дека оваа типологија може да се користи и во Европа, иако постојат разлики во пропорциите на овие пет форми во однос на американската слика. Според типологијата Makson- Klein, доминантна форма во САД се уличните криминални групи кои вршат разни кривични дела. Претежно тоа е адолесцентна група, која трае од 10 до 15 години и има 10 до 50 члена. Нивната шема на криминално однесување е разновидна. Според присуството, следната најчесто регистрирана улична криминална група, особено во Европа, е специјализираната, со помалку членови, во просек малку повозрасни, кои својата криминална активност тесно ја дефинираат во мал број на типови на кривични дела. Традиционалните или неотрадиционалните типови на улични криминални групи, кои се вообичаени во САД, сè уште ретко се јавуваат во Европа. Тие потсетуваат на стереотипните американските банди. [379]

Што се однесува до криминално здружување на младите кај нас, засега не се регистрирани повеќебројни банди, со елементи на цврста хиерархиска организација и лидерство во групите. Но затоа пак, голем дел од криминалитетот кај децата е извршен во групи од по неколку сторители, кои може да се карактеризираат како „делинквентни младински групи“ или "делинквенти што дејствуваат заедно".

Дефиницијата за „делинквентни младински групи“е прикажана подолу. Истата е заснована врз три Еуроганг критериуми (трајност, улична ориентација и вклученост во делинквенција), како и дополнителен критериум кој подразбира постоење на најмалку една структурна карактеристика. "Делинквенти кои дејствуваат заедно" се млади лица кои функционираат со група делинквентни пријатели, но таа група не ги исполнува сите потребни критериуми за да биде класифицирана како делинквентна младинска група.

---

[379] Đurđević, Z., Vuković, S., Radović, N., (2013), *Violence of crime street groups*. Nauka, bezbednost, policija, 18(1), стр.29

**Елементи на дефиницијата на делинквентна младинска група**:
• Млади кои поминуваат време во групи од три или повеќе лица (вклучително и самите).
• Групата поминува многу време на јавни места.
• Групата постои веќе три месеци или повеќе.
• Групата се вклучила во делинквентно или криминално однесување во последните 12 месеци
• Групата има најмалку една структурна карактеристика (или име, област, лидер или правила).

2. **Претходни искуства во врска со предметот на истражување**

Уште во 1912 година, Breckenridge и Abbott изјавиле дека едвај да постои делинквент, кој не бил придружуван од некого во своите недозволени активности. Скоро еден век подоцна, оваа опсервација постана криминолошки аксиом и гледано од денешна перспектива се чини дека опсегот на овој тип на извршување на кривичните дела останува доминатен низ времето и просторот, без разлика дали при донесувањето на таквите заклучоци се користат службени записи или самопријавување. Од овие причини, се чини точен заклучокот на Warr кој во своите истражувања сугерираше дека групната природа на делинквенцијата е суштинска, а не инцидентна карактеристика.[380]

Според Reiss најголем дел од литературата на оваа тема се засноваше на примероци кои беа премногу мали за да се направи опсежна анализа на типовите на криминал и возраста на сторителите, но и покрај ова ограничување тој идентификува две основни емпириски регуларности и тоа дека групното извршување на кривичните дела како карактеристика на криминалитетот е младински феномен и се намалува со возраста.[381]

Најраните студии покажуваат дека групирањето како карактеристика е присутно во значителен процент кај детското престапништво. Shaw and McKay (1931) објавија дека 82% од кривичните дела, извршени во текот на 1928 година од страна на малолетни момчиња, биле извршени во соучесништво, а 81% од момчињата имале барем еден соучесник во своите делинквентни кариери. Erickson (1971) при анализа на над 11 студии за малолетничка делинквенција, откри дека пријавената фрекфенција на

[380] McGloin, J.M., Sullivan, C., Piquero, A., Bacon, S. (2008), *Investigating the stability of co-offending and co-offenders among a sample of youthful offenders*, Criminology, Volume 46, Number 1, стр.156
[381] Reiss, A. (1988), *Co-offending and criminal careers,* Crime and Justice, Vol.10, University od Chicago Press

соучесништвото се движела помеѓу 70% и 80% од кривичните дела, а неговото сопствено истражување откри дека 65% од делата биле извршени во група. [382]

Проценките врз основа на поновите податоци се малку пониски. Sarnecki (2001) заклучил дека 56% од младите престапници регистрирани од полицијата во Стокхолм меѓу 1991 и 1995 година биле вклучени во најмалку едно соучесништво во тој период. 51% од регистрираните кривични дела, извршени од лица на возраст меѓу 10 и 32 години вклучени во Кембриџ студијата, биле исто така во соучесништо, како што заклучиле Reiss and Farrington.[383] Слични податоци изведуваат и Mastrigt and Farrington, доаѓајќи до заклучок дека 37% од делата извршени од младите лица заведени во британските полициски регистри за периодот од 2002– 2005 година се во група. Малку помала процентуална застапенот од 25% од делата кај младите престапници извел и Carrington во истражувањето на млади лица за периодот 1992-1999 година.[384] Неодамнешните истражувања на Carrington[385], како и на Andresen и Felson[386] ги поддржуваат овие наоди, но други ја доведуваат во прашање "големината" на овој феномен. Сепак, дури и студиите како онаа на Solzenberg и D’lessio, кои се критички ориентирани кон огромната застапенот на соучесништвото во некои истражувања, сепак покажуваат дека здружувањето е значајна компонента на криминалитетот кај децата, како генерален заклучок.[387] Како што вели Felson, без разлика дали бројката е 50% или 80% од вкупниот број на кривични дела, разбирањето на карактеристиките на овој тип на извршување на кривичните дела не е важно само за системот на кривично право, туку и за проучување на етиологијата на криминалот во целост.[388]

Од останатите карактеристики кои во речиси сите досегашни истражувања, спроведени во балкански и светски рамки, се покажуваат генерално како константни може да се издвојат следните:

---

[382]Andersen, M. (2013), *The Science of Crime Measurement: Issues for Spatially Referenced Crime Data*, Roudledge, стр.7

[383] Reiss, A., Farrington, D. (1991), *Advancing knowledge about co-offending: results from a prospective longitudinal survey of London males*, The Journal of Criminal law & Criminology, Vol.81, No.2, стр.371

[384] Carrington, P. (2014), *Co-offending*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference, стр.549

[385] Carrington, P. (2009), *Co-offending and the development of the delinquent career*, Criminology, Volume 47 Number 4, стр.301-335.

[386] Andresen, M.A., Felson, M. (2010), *The impact of co-offending*, British Journal of Criminology, Volume 50/1, стр. 66-81.

[387] Solzenberg, L., D’lessio, S. (2008), *Co-offending and the Age-Crime Curve*, Journal of research in crime and delinquency, Volume 45, Number 1, стр.74

[388] Andersen, M., Felson, M. (2012), *Co-offending and the diversification of crime types*, International journal of Offender Therapy and Comparative Criminology 56(5), стр.318

1. Децата,  по правило вршат кривични дела во група со врсници, ретко со полнолетни лица, но и во тој случај генерално со лица кои не се постари од 23 години.[389]
2. Групите во кои децата ја обавуваат својата делинквентна активност не се особено бројни и најчесто се состојат од два или три учесници, и како "стареат" се поголем е бројот на лица кои во соодветните активности се впуштаат сами, без соучесници.[390]
3. Бројноста на групата е условена, меѓу другото, и од типот на кривичните дела. Оттука, поголеми групи се присутни кај кривичните дела на толпа, додека стандардните групи се доминантни кај имотните деликти како најприсутни кривични дела кај кои децата партиципираат во група.[391]
4. Степенот на интегрираност на детето во девијантната група, па и самото негово однесување е дотолку поголемо, доколку тој/таа е помалку врзан за семејството, слабо е интегриран во воспитно- образовниот процес и има низок социо-економски статус.[392]
5. Заедништвото помеѓу нив најчесто не произлегува од потребата за вршење на кривични дела, туку од други причини, меѓу кои и живеењето во иста населба, користењето на исти игралишта, одењето во исто училиште и сл.[393]
6. Во овие групи, по правило не постои онаа внатрешна кохезија, поделба на задачи која би упатувала на постоење или опасност од создавање на оние младински банди, карактеристични за западните земји, напротив соучесничките мрежи се динамични и минливи, и ретко постигнуваат стабилност со текот на времето.[394] Сепак во крајна линија учеството во таква група не треба да се занемарува особено поради фактот што децата кои во група ги сторуваат

---

[389] Sarnecki, J. (2001), *Delinquent networks- Youth co-offending in Stockholm*, Cambridge University Press, стр.65

[390] Lantz, B., Hutchison, R. (2015), *Co-offender ties and the criminal career: The relationship between co-offender group structure and the individual  offender*, Journal of research in crime and delinquency, Vol 52(5), стр.661

[391] Mastrigt, S., Farrington, D. (2009), *Co-offending, age, gender ang crime type: Implications for criminal justice policy*, Brit.J.Criminol. No.49, стр.566

[392] Bajer, M., Kljajić, S. (1990), *Kasniji životni put delinkventne djece*, Radna zajednica Republicke konferencije Saveza socijalisticke omladine Hrvatske, Zagreb, стр.55

[393] Како што во својата студија од Стокхолм, Pettersson (2003) извлекува заклучок дека „изборот на соучесници е повеќе условен од тоа со кого младите доаѓаат во контакт во текот на нивниот секојдневен живот, отколку од свесно пребарување за адекватни лица" (McGloin, J., Piquero, A. (2010), *On the Relationship between Co-Offending Network Redundancy and Offending Versatility*, Journal of Research in Crime and  Delinquency 47(1), Sage Publication стр.68)

[394] McCord, J., Conway, K. (2002), *Patterns od juvenile delinquency and co-offending*, U.S. Department of criminal justice, Temple University

кривичните дела имаат негативна криминолошка прогноза и често се јавуваат како рецидивисти.[395]

Иако сите претходно анализирани податоци, кои се во врска со предметот на истражување, се спроведени во различни временски периоди и во различни земји и региони, нивните резултати, како што ќе видиме, во голема мера се поклопуваат со оние резултати кои во поглед на групното извршување на кривичните дела кај децата во Република Македонија ги добивме во нашето истражување.

### 3. Спецификација на истражувањето и проблеми при неговата реализација

Досегашните истражувања кои се реализирани на територијата на нашата држава, а би се рекло и пошироко во балкански рамки, се фокусираат на анализата на податоци кои во врска со криминалитетот кај децата се водат во статистичката евиденција на Државниот завод за статистика и Министерството за внатрешни работи. Ваквите податоци делумно може да дадат слика за обемот и динамиката на криминалитетот кај децата и преку парцијална анализа на бројот на сторени кривични дела и бројот на сторители да се дојде до заклучок за присуството на групирањето како карактеристика на криминалитетот кај оваа возрасна категорија.

Кога станува збор за криминалитетот кај децата, статистичките податоци сепак не ја покажуваат реално претставата за криминалитетот на едно подрачје од повеќе причини. Имено, прво, во статистичка евиденција се вклучени само оние кривични дела/сторители за кои е поведена кривична постапка и истата се наоѓа во некоја фаза. Кога станува збор за децата како категорија на извршители треба да се земе превид фактот дека речиси една третина од пријавените деца не се изведуваат пред суд поради фактот што во времето на сторувањето на кривичното дело не наполниле 14 години, а во популацијата пак на млади делинквенти на возраст од 14-18 години во значителен обем се применува и начелото на опортунитет на казненото гонење.[396] Оттука, дел од комплетната феноменолошка слика останува неевидентиран и неанализиран, а од друга страна самите статистичките податоци, се на таков начин интерпретирани што конкретно кога станува збор за групното извршување на кривичните дела како обележје на криминалитетот кај децата, не може да се утврдат никакви конкретни

[395] Andersen, S. (2019), *Partners in crime? Post-release recidivism among solo and co-offenders in Norway,* Nordic Journal of Criminology, Vol.20,No.1

[396] Законот за правда на децата - *"Службен весник на Република Македонија"* бр.148 од 29.10.2013 година, чл.17 ст.1, чл.20

карактеристики, освен горespоменатиот однос кој би упатил на тоа колку сторители **во просек** учествуваат при извршувањето на едно кривично дело.

Од овие причини, а со цел добивање на соодветни податоци потребни за утврдување на релативно јасна феноменолошка слика, ова истражување беше спроведено во три фази и тоа :

I. **Анализа на правосилни пресуди**
II. **Анкетирање на лица вработени во Центрите за социјална работа**
III. **Интервју со штитеници и вработени во Воспитно поправен дом**

## I. Анализа на правосилни пресуди

Првиот дел од истражувањето беше спроведено во Основните судови со проширена надлежност и тоа судовите во Битола, Гостивар, Скопје и Штип. Изборот на примерокот беше направен на начин што се избрани судови со проширена надлежност од четирите апелациони подрачја од територијата на Република Македонија. Во текот на престојот во секој од судовите беше извршен увид во достапните предмети (правосилно завршени предмети против деца како сторители на кривични дела за период од 2005- 2015 година).[397] Во примерокот на истражувањето се вклучени **сите** правосилни предмети од периодот кој е земен за анализа, а во моментот на истражувањето беа достапни во архивата на соодветниот суд.[398] Предметите каде како сторител се јавува едно лице се земаа во евиденција, а предметите каде како сторители се појавуваа групи од две или повеќе деца се подложуваа на опсежна анализа по однапред утврдена истражувачка постапка (*Прилог: Табела за евиденција на податоци во основните судови).*[399] Преку анализа на содржината се прибраа податоци потребни за добивање на определени сознанија, пред се од феноменолошка природа, и истите беа обработени со користење на софтверскиот пакет SPSS со чија помош се добиени резултатите кои ќе бидат прикажани подолу.

[397] Само на подрачјето на Основниот Суд I Скопје опфатен е перодот од 2010-2014 година, каде поради обемноста на предметите истражувачот сметаше дека и 5 годишниот период е доволен за потврда на поставените хипотези.

[398] Ова претставуваше од една страна отежнителна околност за истражувачот, но судовите не водат евиденција според која би можеле да ги издвојат предметите во кои кривичното дело е сторено во група. Но, во подоцнежната фаза на истражувањето се покажа за потребно постоење на податоци и за соло-извршителите, како би можело да се направи квалитативна, па и квантитативна дистинкција помеѓу нив и децата кои кривичните дела ги стторуваат во група.

[399] Фокусот во истражувањето е ставен на сторителот, а не на кривичното дело и при евидентирањето на податоците се внесуваат информации за самите сторители.

Соработката со одговорните лица од сите четири судови беше на завидно ниво. Истражувачот во текот на целиот период имаше просторија каде може да ги разгледува и забележува сите потребни податоци, што беше и една од причините во релативно краток временски период да успее да изврши преглед на големата бројка на достапни предмети.

## II. Анкетирање на лица вработени во Центрите за социјална работа

Целта на овој дел од истражувањето беше, преку одговарање на однапред приготвен (on-line) анкетен прашалник[400], тимовите кои работат во рамките на Центрите за социјална работа ширум републиката, да го искажат својот став во однос на дел од истражувачките дилеми. Ова особено поради фактот што дел од криминалитетот кај децата, како што споменавме претходно, останува неевидентиран во судските анали, па на ваков начин се сметаше дека би се комплетирала сликата за анализирана проблематика. Во примерокот беа опфатени вработени лица од 31 (триесет и еден) Центар за социјална работа во Република Македонија, а фокус група беа стручните тимови кои непосредно работат со децата како сторители на кривични дела, без разлика дали во споведувањето на мерки на помош и заштита или при реализацијата на некоја од воспитните мерки, за кои тимови знаеме дека се составени од педагог, социјален работник, психолог и дипломиран правник.[401]

За жал, овој дел од истражувањето не наиде на очекуваниот одзив. Истражувачот оствари контакт со сите Центри во државата и анкетниот прашалник беше испратен на официјалната е-маил адреса на секој Центар поединечно, или на е-маил адресата која за таа намена беше посочена од страна на лицето со кое истражувачот исконтактирал. Но, како што ќе може да се види и од подолу презентираните резултати, вкупниот број на пополнети анкетни прашалници, од очекувани стотина, за жал е шестнаест, што упатува на заклучокот дека оваа категорија на испитаници не биле заинтересирани да придонесат во истражувањето на една специфична материја со која секојдневно се соочуваат, а за која сеуште постојат сериозни дилеми и недостатоци во комплетната слика.

[400] Анкетниот прашалник беше приготвен во Google form формат (Прилог 2), поради економичност и ефикасност во прибирањето на податоците.

[401] Законот за правда на децата- *"Службен весник на Република Македонија" бр.148 од 29.10.2013 година,* чл.25 ст.2

## III. Интервју со штитеници и вработени во Воспитно поправен дом

Целта на овој дел од истражувачкиот процес беше преку разговор со штитениците, да се продре во мотивите и генезата на сторувањето на кривичното дело (особено мотивите за сторувањето на истото во група од две или повеќе лица, изборот на членови од кои ќе се состои криминалната група и сл.). Заради ефикасно спроведување на интервјуто, истражувачот имаше листа на однапред подготвени прашања (*Прилог: Сет истражувачки прашања- Воспитно поправен дом*). Би нагласила и дека интервјуто не беше комплетно од затворен тип. Имено, во текот на разговорот со штитениците се излегуваше и надвор од предвидените прашања, но се во контекст со испитуваната проблематика. Сето тоа беше евидентирано и земено предвид при анализа и дискусија на резултатите.

Во овој дел од истражувачкиот процес, истражувачот беше соочен со бројни формални пречки кои ја одолговлечија неговата реализација. Имено, како по навика, во нашата држава "топката" се префла од еден на друг, особено кога се сака да се избегне истражувач да влезе во нивните простории и да анализира состојби или недостатоци, иако во конкретната ситуација изрично беше нагласено дека тоа не е целта на истражувачот.

Истражувачот сепак успеа да го реализира и овој дел од истражувањето, со што морам да напоменам дека по неговото започнување, истото се реализираше непречено, со соработка како на вработените, така и на самите испитаници (штитеници).

Во времето на истражувањето во Воспитно поправниот дом, кој моментално се наоѓа во просториите на Затворот за деца во Охрид, беа присутни околу триесет деца. Од евиденцијата во институционалните досиеја беа издвоени децата кои во тоа време беа сместени во истата поради кривично дело сторено во група. Шест од нив на доброволна основа учествуваа во интервјуто, при што нивните имиња и лични податоци нема да бидат користени во понатамошните анализи. Интервју беше спроведено и со психологот од установата, особено во насока на потврдување на одговорите кои ги добивме од штитениците и дообјаснување на дел од состојбите кои му претходат и следат на згрижувањето на децата во установи од тој тип.

## 4.Резултати од спроведеното истражување и дискусија

### 4.1. Резултати од спроведеното истражување пред основните судови

**Резултати од дескриптивна статистика**

Интерпретацијата на добиените резултати извршена е на основа на дескриптивни параметри за варијаблите со ординални вредности и на основа на фрекфенции за варијаблите со номинални вредности. Резултатите се прикажани сумарно и одделно за секој од четирите града каде е направен увид во предмети.

**Релација на варијаблите и регресија**

За утврдување на влијанието на предикторските врз зависните варијабли извршена е категориска регресија што подразбира стандарден пристап на симултано скалирање на номиналните, ординалните и нумеричките варијабли при што категориските варијабли се третирани на ист начин како и нумеричките варијабли. Влијанието на одредени варијабли е анализирано за секоја група (по градови) одделно. Резултатите се третирани и генерално, за сите случаи заедно и на основа на резултатите се изведени заклучоци за поставените цели, задачи и хипотези.[402]

Со методата категориска регресија испитувавме какво е влијанието на:

-  варијаблите: возраст, семејство (функционалност на семејството), членови во семејството и материјалната состојба врз структурата на групирањето на децата во извршувањето на делото;
-  варијаблите: возраст, материјална состојба и функционалност на семејството врз критериумската варијабла вкупен број на членови во група;
-  предикторите: структурата на групата и возраста врз критериумската варијабла кривично дело.

### 4.1.1. Резултати од спроведеното истражување пред Основен суд Скопје I Скопје

***Резултати од дескриптивна статистика***

**Возраст**

Од вкупниот број анализирани сторители, податоци имаме за вкупно 1577. Најмладиот сторител има 11 години, додека најстариот 18. Просечна старосна

[402] При сите анализи се употребува универзитетскиот учебник: Мојановски, Ц. (2013), *Методологија на безбедносните науки - аналитички постапки*, Книга III, Скопје

возраст/аритметичка средина на сите случаи е 15,54 со стандардна девијација 1,092, односно просечната возраст на сторителите е 15 години, 5 месеци и 15 дена.

***Табела бр.9*** *Возраст на сторители – Скопје*

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation |
|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | 1577 | 11 | 18 | 15,54 | 1,092 |
| Valid N(listwise) | 1577 | | | | |

## **Членови во семејството**

Од вкупниот број, податоци имаме за вкупно 1567. Најмалото по бројност семејство има само два члена, додека 57,3 % од сторителите живеат во семејства кои бројат над пет членови.

***Табела бр. 10*** *Број на членови во семејство кај сторители- Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 2 | 66 | 4,2 | 4,2 | 4,2 |
| | 3 | 163 | 10,3 | 10,4 | 14,6 |
| | 4 | 434 | 27,5 | 27,7 | 42,3 |
| | 5 и повеќе | 904 | 57,3 | 57,7 | 100,0 |
| | Total | 1567 | 99,3 | 100,0 | |
| Missing | System | 11 | ,7 | | |
| Total | | 1578 | 100,0 | | |

## **Функционалност на семејството**[403]

Што се однесува до податоците за какво семејство станува збор- функционално односно нефункционално, податоци имаме за 1572 сторители. 36,8% од нив потекнуваат од дисфункционално, а 63,2% имаат функционално семејство.

***Табела бр.11*** *Тип на семејство кај сторители-Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Дисфукнционално | 578 | 36,6 | 36,8 | 36,8 |
| | Функционално | 994 | 63,0 | 63,2 | 10 у0,0 |
| | Total | 1572 | 99,6 | 100,0 | |
| Missing | System | 6 | ,4 | | |
| Total | | 1578 | 100,0 | | |

[403] Квалификацијата дали едно семејство е категоризирано во категоријата на функционални или нефункционлни семејства е вршена врз основа на податоци кои се изведуваат од Извештаите на Центарот за социјални работи кои се наоѓаа во самите предмети. Притоа истражувачот како нефункционални ги третира **самo** оние семејства каде родителите недвосмислено не се грижат за своите деца. Тука станува збор за семејства каде постои криминалитет кај неговите членови, бројни социопатолошки појави во неговото функционирање, односно комплетно деградирани семејства во кои децата се оставени сами на себе. Во понатамошните анализи ќе извлекуваме заклучоци дека и навидум функционалните семејства (каде не се појавуваат некои од горенаведените форми), поради определени други фактори, како на пример социјалниот статус, бројноста на семејството итн., затајуваат во својата функција и се јавуваат како значаен предиктор на криминалитет кај децата, како и причина за нивно насочување кон групите на делинквентни врсници кај кои наоѓаат својата припадност и утеха.

**Рецидивизам**

Во однос на варијаблата рецидивизам, добиени се податоци за вкупно 1574 сторители. Од вкупниот број, како што е прикажано и на табелата, 800 лица или 50,7% не се регистрирани како рецидивисти, а значаен дел од нив, 774 или 49,2% се во повратничката категорија, односно се рецидивисти.

***Табела бр.12*** *Рецидивизам кај сторители-Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| | Не | 800 | 50,7 | 50,8 | 50,8 |
| | Да | 774 | 49,0 | 49,2 | 100,0 |
| | Total | 1574 | 99,7 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,3 | | |
| Total | | 1578 | 100,0 | | |

**Материјална состојба[404]**

Од вкупно 1571 случај, 1035 или 65, 6% живеат средина со незадоволителна материјална состојба, а само 536 или 34,1 % живеат во материјална состојба која ги задоволува основните животни потреби.

***Табела бр. 13*** *Материјална состојба кај сторители- Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Незадоволува | 1035 | 65,6 | 65,9 | 65,9 |
| | Задоволува | 536 | 34,0 | 34,1 | 100,0 |
| | Total | 1571 | 99,6 | 100,0 | |
| Missing | System | 7 | ,4 | | |
| Total | | 1578 | 100,0 | | |

**Број на членови во групата**

Од анализата на вкупно 1577 случаи се утврдува дека самостојното извршување на кривичните дела е со најмала процентуална застапеност, а кривичните дела се извршуваат во група кај 81,6 % од случаите. Во Скопје доминира групата од четири и повеќе лица, но и помалите групи се со значителна процентуална застапеност.

[404] И во овој случај проценката за тоа дали материјалната состојба во семејството задоволува или незадоволува е правена врз основа на Извештаите на Центарот. При тоа, во категоријата на лица чија материјална состојба незадоволува, истражувачот ги сместува оние деца кај кои нивото на сиромаштија е под секое минимално прифатливо ниво. Станува збор за семејства кои најчесто немаат **никакви** приходи, или некои минимални кои не ги задоволуваат **основните човекови потреби.**

***Табела бр.14*** *Број на членови во групите- Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не е сторено во група | 291 | 18,4 | 18,5 | 18,5 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 389 | 24,7 | 24,7 | 43,1 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 384 | 24,3 | 24,4 | 67,5 |
| | Делото е сторено во група од 4 и повеќе лица | 513 | 32,5 | 32,5 | 100,0 |
| | Total | 1577 | 99,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 1 | ,1 | | |
| Total | | 1578 | 100,0 | | |

## Структура на групата[405]

И од анализата на овие податоци се потврдува доминантното постоењето на групи во кои децата ги извршуваат кривичните дела. Што се однесува до структурата на групата, заклучуваме дека доминира групно извршување во хомогена група во која возраста на сторителите варира од 14 до 18 години (36, 8%).

***Табела бр.15*** *Структура на групите- Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| | Делото не е сторено во група | 283 | 17,9 | 17,9 | 17,9 |
| | Хомогена група (14-18) | 580 | 36,8 | 36,8 | 54,7 |
| | Хетерогена група (+18) | 409 | 25,9 | 25,9 | 80,7 |
| | Хетерогена група (-14) | 217 | 13,8 | 13,8 | 94,4 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 88 | 5,6 | 5,6 | 100,0 |
| | Total | 1577 | 99,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 1 | ,1 | | |
| Total | | 1578 | 100,0 | | |

## Санкција и кривично дело

Вкупно анализираните податоци ја следат утврдената закономерност за доминацијата на имотните деликти во криминалитетот кај децата и од нив се утврдува дека најфрекфентно е извршувањето на кривичното дело тешка кражба со 54,1 % од случаите. Веднаш по него, по процентуалната зачестеност се насилството и разбојничката кражба, одземањето на моторно возило и обичната кражба, а останатите кривични дела се со помала и незначителна процентуална застапеност (која не би

[405]Структурата на групата е дефинирана на начин што е направена дистинкција помеѓу хомогени и хетерогени групи.
*Хомогена група* е група која е составена само од сторители кои се на возраст од 14 до 18 години.
Групите стануваат *хетерогени*, кога покрај оваа возрасна категорија во својот состав вклучуваат и:

- ✓ Полнолетно лице (*Хетерогена група (+18)*)
- ✓ Дете помало од 14 години, кое е кривично неодговорно согласно закон (*Хетерогена група (-14)*)
- ✓ И полнолетници и деца помали од 14 години (*Хетерогена група (+18,-14)*)

требала да упатува на занемарување особено поради фактот што се работи за сериозни кривични дела).

Од сите изречени санкции, најголем дел (процент) отпаѓа на санкцијата "Засилен надзор од родител или старател" (41,7%), потоа "Засилен надзор од ЦСР" (18,2%), а често е и запирањето на постапката поради нецелиисходност за нејзино понатамошно водење (види табела бр. 1 и 2 во прилози).

***<u>Релација на варијаблите и регресија</u>***

Со цел да се испита какво е влијанието на варијаблите: *возраст, семејство (функционалност на семејството), членови во семејството и материјалната состојба* врз *групирањето* на децата при извршување на кривичното дело, односно каква е *структурата на групата,* најпрво графички ќе прикажеме каква е нивната меѓусебна распределба, а потоа резултатите добиени од применетата регресија ќе го посочат нивното влијание.

Така, табела бр.16 ни покажува дека сторувањето на кривични дела најчесто е во група. 16 годишниците доминираат во оваа категорија, но со високо процентуално учество е генерално целата категорија на деца од 14 до 17 години. Евидентно од табелата е и дека нивното групирање е во релативно хомогени групи составени од врсници, но високо е и учеството на групи во кои покрај децата учествува и полнолетно лице (кое од анализата на предметите најчесто се јавува во улога на поттикнувач).

***Табела бр.16*** *Релација на варијабли возраст и структура на групата-Скопје*

| | | **Возраст** | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 11 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Структура** | Делото не е сторено во група | 0 | 0 | 52 | 66 | 83 | 79 | 3 | 283 |
| | Хомогена група (14-18) | 0 | 0 | 120 | 171 | 182 | 106 | 1 | 580 |
| | Хетерогена група (+18) | 0 | 1 | 51 | 77 | 137 | 140 | 3 | 409 |
| | Хетерогена група (-14) | 0 | 0 | 102 | 58 | 45 | 12 | 0 | 217 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 1 | 0 | 21 | 27 | 17 | 20 | 2 | 88 |
| Вкупно | | 1 | 1 | 346 | 399 | 464 | 357 | 9 | 1577 |

Доколку гореспоменатата анализа ја прикажеме во поедноставен формат, како што е графиконот бр.3, се добива уште појасна слика за фрекфенциите на начинот на извршување на кривичните дела кај испитуваната категорија на сторители.

***Графикон бр. 4*** *Вкрстување на варијаблите возраст-соучесништво-Скопје*




Во однос на поврзаноста на материјалната состојба и сторувањето на делото во група, табела бр.17 покажува дека најголем дел од сторителите потекнуваат од сиромашни семејства, а кривичните дела ги извршуваат вклучени во хомогена група.

***Табела бр.17*** *Релација на варијабли материјална состојба и структура на групата- Скопје*

| | | **Материјална состојба** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Незадоволува | Задоволува | |
| **Структура на групата** | Делото не е сторено во група | 189 | 94 | 283 |
| | Хомогена група (14-18) | 331 | 249 | 580 |
| | Хетерогена група (+18) | 273 | 133 | 406 |
| | Хетерогена група (-14) | 183 | 33 | 216 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 59 | 27 | 86 |
| Total | | 1035 | 536 | 1571 |

Најголем дел од сторителите, како што споменавме и претходно, доаѓаат од семејства кои се навидум функционални (види табела бр.3 во прилози), но доколку се анализира табела бр.18 каде се прикажани вкрстувањата на варијаблите *структура на групата* и *вкупен број на членови во семејството*, се утврдува тенденција на зголемување на бројот на сторители кои делото го сториле во група со зголемувањето на бројот на членови во семејството, па така во сликата доминираат сторители кои партиципираат во хомогени групи (14-18 годишни), а потекнуваат од многубројни семејства кои имаат 5 и повеќе членови. Поконкретно, ¼ од децата сторители на кривични дела потекнуваат од многубројни семејства.

*Табела бр.18 Релација на варијабли број на чл. во семејството и структура на групата-Скопје*

| | | Структура на групата | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е во група | Хомогена група (14-18) | Хетерогена група (+18) | Хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| Членови во семејството | 2 | 16 | 18 | 24 | 5 | 3 | 66 |
| | 3 | 31 | 57 | 53 | 16 | 6 | 163 |
| | 4 | 88 | 192 | 105 | 23 | 26 | 434 |
| | 5 + | 147 | 313 | 221 | 172 | 50 | 903 |
| Вкупно | | 282 | 580 | 403 | 216 | 86 | 1567 |

Табела бр.19 ја опишува мултиплата корелација каде R=0,269, $R^2$=0,072 и прилагодениот $R^2$=0,066. Тука е прикажан придонесот на предикторските врз критериумската варијабла и е изразена со R=0,269, односно критериумската варијабла е објаснета со 26,9% од варијаблите кои се земени како предиктори во овој случај: возраст, членови во семејството, функционалност на семејството и материјалната состојба.

***Табела бр.19*** *Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Скопје*

| Model Summary | | | |
|---|---|---|---|
| Multiple R | R Square | Adjusted R Square | Apparent Prediction Error |
| ,269 | ,072 | ,066 | ,928 |
| Dependent Variable: Структура на групата<br>Predictors: Возраст, Членови на семејството, Семејство, Материјална состојба | | | |

Во табела **ANOVA** може да се констатира дека мултиплата корелација не е еднаква на нула F=11,038, на ниво на значајност (Sig.) од 0,000, што значи дека целиот систем на предикторски варијабли ја детерминира критериумската варијабла на статистички значајно ниво.

***Табела бр.20*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Структура на групата****- Скопје*

| ANOVA | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | Df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 113,492 | 11 | 10,317 | 11,038 | ,000 |
| Residual | 1453,508 | 1555 | ,935 | | |
| Total | 1567,000 | 1566 | | | |
| Dependent Variable: Структура на групата<br>Predictors: Возраст, Членови на семејството, Семејство, Материјална состојба | | | | | |

Во табела бр.21 дадени се стандардизираните бета-коефициенти и од нив се заклучува дека сите предикторски варијабли имаат позитивно влијание, односно ја условуваат на одреден начин структурата на групата и тоа најизразено влијание има возраста (0,149).

***Табела бр.21*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Скопје*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | Df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,149) | ,027 | 3 | 30,008 | ,000 |
| ЧС | ,132 | ,029 | 4 | 21,163 | ,000 |
| Семејство | (,122) | ,030 | 2 | 16,616 | ,000 |
| МС | (,070) | ,025 | 2 | 7,813 | ,000 |
| Dependent Variable: Структура на групата | | | | | |

Табела бр.22 ги прикажува корелациите помеѓу предикторски варијабли и структурирањето на групите. Прилагодени на нултиот стар, односно поредок, овие корелации со структурата на групата изнесуваат: возраст = 0,182, членови во семејството = 0,136, семејство = 0,145 и материјална состојба = 0,139. Во парцијалнот однос тие изнесуваат: возраст = 0,151, членови во семејството = 0,133, семејство = 0,118 и материјална состојба = 0,068, што зборува дека возраста има најголема корелација со структурата на групата.

***Табела бр.22*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Скопје*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,182) | (,151) | (,147) | ,374 | ,971 | ,966 |
| ЧС | ,136 | ,133 | ,129 | ,248 | ,953 | ,931 |
| Семејство | (,145) | (,118) | (,114) | ,244 | ,879 | ,851 |
| МС | (,139) | (,068) | (,066) | ,134 | ,886 | ,892 |
| Dependent Variable: Структура на групата | | | | | | |

За комплетирање на сликата поврзана со темата на овој труд, потребно е и утврдување на влијанието на предикторските варијабли и врз зависната варијабла *вкупен број на членови во групата*, од кои како најсоодветни се издвојува возраста, но и материјалната состојба и функционалноста на семејството. Од распределувањето на квантитативните вредности на поврзаноста помеѓу нив и вкупниот број на членови во групата (види табели бр.4, 5, 6 во прилог), се потврдува заклучокот дека најголемиот дел од кривичните дела се извршени во група, а колкаво е влијанието на секоја од нив во однос на бројноста на таквата група ќе биде прикажано во продолжение.

Од анализа на табелата **ANOVA** се констатира дека мултиплата корелација и тука не е еднаква на нула F=3,612, на ниво на значајност (Sig.) од 0,001, што значи дека

целиот систем на предикторски варијабли ја детерминира критериумската варијабла на статистички значајно ниво.

***Табела бр.23*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Вкупен број на членови во групата****- Скопје*

| ANOVA | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | Df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 25,007 | 7 | 3,572 | 3,612 | ,001 |
| Residual | 1545,993 | 1563 | ,989 | | |
| Total | 1571,000 | 1570 | | | |
| Dependent Variable: Вкупен број на членови во групата<br>Predictors: Возраст, Материјална состојба, Семејство | | | | | |

Со анализата на стандардизираните бета-коефициенти дадени во табела бр.24 исто така се заклучува дека сите предикторски варијабли имаат позитивно влијание, но статистички значајно влијание има варијаблата возраст (Sig.0,022) и варијаблата материјална состојба (Sig. 0,009).

***Табела бр. 24*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата*** *- Скопје*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | Df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,053) | ,030 | 3 | 3,214 | ,022 |
| МС | ,101 | ,047 | 2 | 4,698 | ,009 |
| Семејство | ,041 | ,028 | 2 | 2,133 | ,119 |
| Dependent Variable: Вкупен број на членови во групата | | | | | |

Во овој контекст, се и податоците прикажани во табела бр.25 од чија анализа се изведува дека материјалната состојба има најголема корелација со бројот на членови во групата (прилагодени на нултиот стар, односно поредок, овие корелации изнесуваат 0,109, што доминира во однос на останатите варијабли).

***Табела бр. 25*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата*** *- Скопје*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,042) | (,053) | (,053) | ,141 | ,990 | ,977 |
| МС | ,109 | ,097 | ,096 | ,689 | ,912 | ,912 |
| Семејство | ,066 | ,039 | ,039 | ,170 | ,911 | ,901 |
| Dependent Variable: Вкупен број на членови во групата | | | | | | |

Во интерес на темата на овај труд, ќе ја аргументираме и поврзаноста како и влијанието на варијаблите структура на групата со возраста и видот на кривично дело.

Од распределувањето на поврзаноста помеѓу структурата на групата и кривичното дело (види табела бр.7 во прилози), забележуваме дека доминира сторувањето на кривичното дело од член 236 и дека истото, како и останатите кривични дела е најчесто во корелација со хомогена група (14-18 години).

Со вклучување на 1577 испитаници и отфрлање на 1, статистичкиот пакет SPSS во табела бр.26 ја опишува мултиплата корелација од чии вредности се утврдува дека критериумската варијабла е објаснета со 17,0% од варијаблите кои се земени како предиктори во овој случај: возраст и структура на групата.

***Табела бр.26*** *Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата-* ***Кривично дело****- Скопје*

| Model Summary | | | |
|---|---|---|---|
| Multiple R | R Square | Adjusted R Square | Apparent Prediction Error |
| ,170 | ,029 | ,027 | ,971 |
| Dependent Variable: Кривично дело<br>Predictors: Возраст, Структура на групата | | | |

Ова се потврдува и со приказот во табела бр.27 на стандардизираните бета-коефициенти и се заклучува дека предикторските варијабли имаат позитивно и статистички значајно влијание врз критериумската варијабла.

***Табела бр.27*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Кривично дело****- Скопје*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | Df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | ,140 | ,030 | 2 | 21,305 | ,000 |
| СГ | (,085) | ,039 | 1 | 4,754 | ,029 |
| Dependent Variable: КД | | | | | |

Сепак од анализата на податоците во табела бр.28, возраста со важност од 0,713 е позначаен предиктор за сторување на определен тип на кривичните дела отколку групата составена за таа намена.

***Табела бр.28*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата КД- Скопје*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | ,148 | ,140 | ,140 | ,713 | ,992 | ,986 |
| СГ | (,098) | (,086) | (,085) | ,287 | ,992 | ,986 |
| Dependent Variable: КД | | | | | | |

∴

Од досега изложеното можеме да констатираме дека:

- ✓ Во Скопје доминира групното извршување на кривичните дела и тоа во хомогени групи составени од деца на возраст од 15 и 16 години.
- ✓ Децата кои во група го извршуваат кривичното дело се во голем дел рецидивисти, потекнуваат од сиромашни, навидум функционални и многубројни семејства.
- ✓ Овие фактори заедно со возраста се покажаа како детерминирачки во однос на извршувањето на делото во група, а статистички значајно влијание е утврдено и кај типот на кривичните дела како предиктор на тоа дали делото ќе биде извршено во група или не.

### 4.1.2. Резултати од спроведеното истражување пред Основен суд –Битола

***Резултати од дескриптивна статистика***

**Возраст**

Од вкупно 470 сторители, за кои се прибрани податоци, просечна старосна возраст/аритметичка средина на сите случаи е 15.41, што значи дека просечната возраст на сторителите е 15 години, 4 месеци и 28 дена. Најмладиот од нив има 10 години, додека најстариот 18.

***Табела бр.29*** *Возраст на сторители- Битола*

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation |
|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | 470 | 10 | 18 | 15,41 | 1,113 |
| Valid N (listwise) | 470 | | | | |

**Членови во семејството**

Од вкупниот број случаи, податоци имаме за вкупно 422. Доминантна група на сторители се од семејства кои имаат 4 членови (39.8%), а иста проценуална застапеност ги карактеризира и сторителите кои имаат 5 и повеќе членови. Или 79,6 %, односно 4/5 од сторителите потекнуваат од семејства кои бројат 4 или повеќе членови.

***Табела бр.30*** *Број на членови во семејство кај сторители- Битола*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 2 | 28 | 5,9 | 6,6 | 6,6 |
| | 3 | 58 | 12,2 | 13,7 | 20,4 |
| | 4 | 168 | 35,3 | 39,8 | 60,2 |
| | 5 и повеќе | 168 | 35,3 | 39,8 | 100,0 |
| | Total | 422 | 88,7 | 100,0 | |
| Missing | System | 54 | 11,3 | | |
| Total | | 476 | 100,0 | | |

**Функционалност на семејството**

Што се однесува на карактеристиките на семејството од каде доаѓаат, најголем дел доаѓаат од функционални семејства (284), а 180 од нив се од нефункционално семејство.

***Табела бр.31*** *Тип на семејство кај сторители-Битола*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Нефункционално | 180 | 37,8 | 38,8 | 38,8 |
| | Функционално | 284 | 59,7 | 61,2 | 100,0 |
| | Total | 464 | 97,5 | 100,0 | |
| Missing | System | 12 | 2,5 | | |
| Total | | 476 | 100,0 | | |

**Рецидивизам**

Рецидивизмот како појава далеку е пофрекфентен кај сторителите евидентирани во судот во Битола, отколку во анализираните случаи во Скопје. Имено, 69,7% од децата сторители во Битола, не се соочуваат со криминални дејствија за прв пат во својата кариера (види табела бр.8 во прилог).

**Материјална состојба**

Од сите анализирани 463 случаи, и во Битола се задржува процентуално високото учество на деца сторители или 73,2 % живеат во тешка сиромаштија, односно имаат материјална состојба која незадоволува, а само 24,2% живеат во задоволителни услови.

***Табела бр.*32** *Материјална состојба кај сторители- Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Незадоволува | 348 | 73,1 | 75,2 | 75,2 |
| | Задоволува | 115 | 24,2 | 24,8 | 100,0 |
| | Total | 463 | 97,3 | 100,0 | |
| Missing | System | 13 | 2,7 | | |
| Total | | 476 | 100,0 | | |

**Вкупен број на членови во групата**

Табела бр.33 ни покажува дека најголем дел од кривичните дела се сторени во група, односно само кај 98 од вкупно 476 кривични дела дејствието на извршување е акт на соло извршител . Доминира соучесништво во покомпактни групи составени од два (38,6%), односно од три сторители (21,4%), но сепак во 192 од анализираните случаи, односно во 51.34 % од случаите делото е сторено во група побројна од два члена.

***Табела бр.33*** *Број на членови во групите- Битола*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не е сторено во група | 98 | 20,6 | 20,8 | 20,8 |
| | Делото е сторено во група од две лица | 182 | 38,2 | 38,6 | 59,3 |
| | Делото е сторено во група од три лица | 101 | 21,2 | 21,4 | 80,7 |
| | Делото е сторено во група од четири и повеќе лица | 91 | 19,1 | 19,3 | 100,0 |
| | Total | 472 | 99,2 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,8 | | |
| Total | | 476 | 100,0 | | |

**Структура на групата**

Од анализата на овие податоци повторно е видливо малото учество на кривичните дела кои се извршени индивидуално, а самите податоци повторно одат во насока на нашите претпоставки дека групите се доминантно хомогени во 43,9% од случаите и составени од деца на возраст од 14 до 18 години. По процентуалната застапеност следува групата каде дел од сторителите имаат наполнети 18 години (25,6%).

***Табела бр.34*** *Структура на групите- Битола*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не е сторено во група | 98 | 20,6 | 20,8 | 20,8 |
| | Хомогена група (14-18) | 207 | 43,5 | 43,9 | 64,6 |
| | Хетерогена група (+18) | 121 | 25,4 | 25,6 | 90,3 |
| | Хетерогена група (-14) | 30 | 6,3 | 6,4 | 96,6 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 16 | 3,4 | 3,4 | 100,0 |
| | Total | 472 | 99,2 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,8 | | |
| Total | | 476 | 100,0 | | |

**Кривично дело и санкција**

Од кривичните дела во анализираниот примерок, најчесто сторувано е кривичното дело Разбојништво од член 236 од Кривичниот законик (54,2%). Од сите изречени сакнкции, повторно највисок процент отпаѓа на санкцијата "Засилен надзор од родител или старател" (26,7%), потоа следи нејзиното запирање поради нецелиисходност во 19,6% од случаите (види табели бр.9 и 10 во прилог).

## ***Релација на варијаблите и регресија***

Табела бр.35, преку односот на возраста на сторителот и структурата на групата, ни покажува дека и во Битола кривичните дела се најчесто групен акт на хомогена група на врсници, со тоа што 15 годишниците се доминантни во овој примерок.

***Табела бр.35*** *Релација на варијабли возраст и структура на групата-Битола*

| | | Возраст | | | | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 10 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Структура на групата** | Делото не е сторено во група | 1 | 0 | 0 | 14 | 36 | 22 | 23 | 1 | 97 |
| | Хомогена група (14-18) | 0 | 0 | 0 | 46 | 75 | 49 | 29 | 5 | 204 |
| | Хетерогена група (+18) | 0 | 0 | 0 | 27 | 33 | 38 | 22 | 1 | 121 |
| | Хетерогена група (-14) | 0 | 1 | 4 | 8 | 4 | 9 | 3 | 0 | 29 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 7 | 3 | 0 | 16 |
| Total | | 1 | 1 | 4 | 98 | 151 | 125 | 80 | 7 | 467 |

Графичкиот приказ на сублимираните податоци за релацијата возраст-соучесништво покажуваат дека во Битола амплитудите на групното извршување на кривичното дело се уште повисоки од Скопје, особено во зенитот на адолесцентниот период.

***Графикон бр.5*** *Вкрстување на варијаблите возраст-соучесништво-Битола*




Вкрстувањето на резултатите на варијаблите членови во семејството и структура на групата, истакнува дека најголем дел од сторувањата се извршени во хомогени групи (14-18), а сторителите доаѓаат од четиричлени семејства. Ова не изненадува бидејќи во примерокот статистички доминира четиричленото семејство, но

индикативен е идентичниот процент на партиципација на сторители кои доаѓаат од многудетни семејства, а кривичните дела ги сториле група. Семејствата на овие деца повторно се категоризираат како навидум функционални и со изразена доминација на оние кои се наоѓаат во тешка материјална состојба (види табели бр.11 и 12 во прилог).

***Табела бр.36*** *Релација на варијабли бр. на чл. во семејството и структура на групата-Битола*

| | | **Членови во семејството** | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2 | 3 | 4 | 5 + | |
| **Структура на групата** | Делото не е сторено во група | 6 | 11 | 43 | 30 | 90 |
| | Хомогена група (14-18) | 13 | 26 | 66 | 80 | 185 |
| | Хетерогена група (+18) | 5 | 14 | 47 | 42 | 108 |
| | Хетерогена група (-14) | 0 | 6 | 8 | 9 | 23 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 4 | 1 | 3 | 6 | 14 |
| Вкупно | | 28 | 58 | 167 | 167 | 420 |

За конкретната анализа, вредностите од мултиплата корелација прикажана на табела бр.37 покажуваат дека критериумската варијабла е објаснета со 16,7% од варијаблите кои се земени како предиктори во овој случај: возраст, членови во семејството, (функционалност) на семејството и материјалната состојба.

***Табела бр.37*** *Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Битола*

| **Model Summary** | | | |
|---|---|---|---|
| Multiple R | R Square | Adjusted R Square | Apparent Prediction Error |
| ,167 | ,028 | ,014 | ,972 |
| Dependent Variable: Структура на групата<br>Predictors: Возраст, Материјална состојба, Семејството, Членовиво семејството | | | |

Во табела **ANOVA** се констатира дека мултиплата корелација не е еднаква на нула F=1,957 на ниво на значајност (Sig.) од 0,071, што во овој случај значи дека целиот систем на предикторски варијабли не ја детерминира критериумската варијабла на статистички значајно ниво.

***Табела бр.38*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Структура на групата****- Битола*

| **ANOVA** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | Df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 11,609 | 6 | 1,935 | 1,957 | ,071 |
| Residual | 405,391 | 410 | ,989 | | |
| Total | 417,000 | 416 | | | |
| Dependent Variable: Структура на групата<br>Predictors: Возраст, Материјална состојба, Семејството, Членовиво семејството | | | | | |

Во табела бр.39 дадени се и стандардизираните бета-коефициенти од кои се заклучува дека предикторските варијабли слабо делуваат на зависната варијабла, сепак статистички најзначајно влијание има варијаблата семејство на ниво од Sig.=0,007.

***Табела бр.39*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Битола*

| **Coefficients** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| **Возраст** | ,064 | ,115 | 1 | ,306 | ,580 |
| МС | ,008 | ,072 | 2 | ,013 | ,987 |
| ФС | (,156) | ,069 | 2 | 5,026 | ,007 |
| ЧС | ,038 | ,147 | 1 | ,068 | ,794 |
| Dependent Variable: Структура на грпата | | | | | |

Наредната категориска регресија се однесува на влијанието на предикторите: возраст, функционалност на семејството и материјалната состојба врз критериумот **вкупен број на членови во групата**, односно дали тие го условуваат бројот на членови во групата.

Евидентно од табела бр.40 е дека сторувањето на дела најчесто се извршува групно, доминантно во групи од две лица кои се на возраст од 15, односно 16 години.

***Табела бр.40*** *Релација на варијабли возраст и број на членови во групата- Битола*

| | | **Возраст** | | | | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 10 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Вкупен број на членови во групата** | Делото не е сторено во група | 1 | 0 | 0 | 14 | 36 | 22 | 23 | 1 | 97 |
| | Делото е сторено во група од две лица | 0 | 0 | 1 | 42 | 70 | 38 | 29 | 2 | 182 |
| | Делото е сторено во група од три лица | 0 | 0 | 0 | 18 | 34 | 36 | 9 | 1 | 98 |
| | Делото е сторено во група од четири и повеќе лица | 0 | 1 | 3 | 24 | 11 | 29 | 19 | 3 | 90 |
| Total | | 1 | 1 | 4 | 98 | 151 | 125 | 80 | 7 | 467 |

Од вкрстената табела бр.41 која го прикажува односот на поврзаноста на *семејството и неговата материјалната состојба* и *вкупниот број на членови во групата*, јасно е дека најголем дел од сторителите потекнуваат од семејства со незадоволителна материјална состојба и истите најсилно корелираат со компактни дијадни групи.

***Табела бр.41*** *Релација на варијабли материјална состојба и бр. на членови во групата- Битола*

| | | **Материјална состојба** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Незадоволува | Задоволува | |
| **Вкупен број членови** | Делото не е сторено во група | 67 | 29 | 96 |
| | Делото е сторено во група од две лица | 143 | 37 | 180 |
| | Делото е сторено во група од три лица | 78 | 20 | 98 |
| | Делото е сторено во група од четири и повеќе лица | 57 | 29 | 86 |
| Total | | 345 | 115 | 460 |

Критериумската варијабла е објаснета со 15,1% од варијаблите кои се земени како предиктори, а во табелата бр.42 дадени се стандардизираните бета-коефициенти кои зборуваат за релативната силина на влијанието на предикторите врз критериумот. Може да се констатира дека варијаблата *возраст* има најизразено влијание (0,110).

***Табела бр. 42*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата****- Скопје*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | ,110 | ,141 | 2 | ,607 | ,545 |
| Семејство | (,004) | ,074 | 2 | ,003 | ,997 |
| МС | ,095 | ,091 | 2 | 1,097 | ,335 |
| Dependent Variable: Вкупен број на членови во групата | | | | | |

Табела бр.43 Correlations and Tolerance ги прикажува корелациите помеѓу предикторски варијабли и вкупниот број на членови во групите. И нивната анализа зборува дека возраста е најзначаен предиктор кој го условува бројот на членови во групите и тоа на статистичка важност од 0,570.

***Табела бр.43*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата*** *- Битола*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | ,118 | ,110 | ,109 | ,570 | ,992 | 1,000 |
| Семејство | ,019 | (,004) | (,004) | (,004) | ,955 | ,955 |
| МС | ,104 | ,093 | ,092 | ,433 | ,948 | ,954 |
| Dependent Variable: ВБЧГ | | | | | | |

Натамошната обработка се однесува на статистичко заклучување на влијанието на варијаблите *структура на групата* и *возраст* врз критериумската варијабла *кривично дело*. За таа цел најпрво ги вкрстуваме предикторските со критериумската варијабла. Од вкрстените резултати прикажани во табела бр.44, кривичното дело разбојништво најчесто е сторувано во хомогена група (14-18), но висока е и партиципацијата на хетерогени групи во кои учествува полнолетно лице.

***Табела бр.44*** *Релација на варијабли кривично дело и структура на групата- Битола*

| | | Структура на групата | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетерогена група (+18) | Хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| Кривично дело | 125 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 130 | 3 | 10 | 0 | 1 | 0 | 14 |
| | 131 | 13 | 15 | 0 | 1 | 0 | 29 |
| | 133 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 141 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | 186 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 188 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| | 215 | 5 | 0 | 2 | 0 | 0 | 7 |
| | 216 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 235 | 22 | 28 | 9 | 0 | 1 | 60 |
| | 236 | 30 | 126 | 73 | 22 | 5 | 256 |
| | 237 | 3 | 3 | 20 | 0 | 0 | 26 |
| | 238 | 1 | 0 | 5 | 0 | 0 | 6 |
| | 242 | 6 | 14 | 2 | 5 | 0 | 27 |
| | 247 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| | 261 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | 292 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | 297 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 365 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | 368 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 5 |
| | 378 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 382 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 383 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 385 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 |
| | 386 | 0 | 1 | 0 | 0 | 7 | 8 |
| | 396 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 418 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Total | | 98 | 207 | 121 | 30 | 16 | 472 |

При мултипла корелација критериумската варијабла е објаснета со 51,8% од варијаблите кои се земени како предиктори, а од вредноста на стандардизираните бета-коефициенти се заклучува дека од предикторските варијабли позитивно влијание има единствено *структурата на групата* (Sig.=0,000).

***Табела бр.45*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Кривично дело****- Битола*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | Df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,042) | ,083 | 2 | ,252 | ,778 |
| СГ | ,516 | ,106 | 2 | 23,944 | ,000 |
| Dependent Variable: Кривично дело | | | | | |

Табелата бр.46 која се однесува на *Correlations and Tolerance* ги потврдува таквите наоди. Прилагодени на нултиот стар, односно поредок, корелацијата на

*структура на групата* изнесува 0,516. Бидејќи *возраста* нема статистичко значајно влијание, најзначајно влијание има предикторот *структура на групата* со важност од 0,994 на ниво од Sig.=0,000.

***Табела бр.46*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Кривично дело-*** *Битола*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,036) | (,049) | (,042) | ,006 | 1,000 | ,997 |
| СГ | ,516 | ,517 | ,516 | ,994 | 1,000 | ,997 |
| Dependent Variable: КД | | | | | | |

∴

Од досега изложеното можеме да констатираме:

- ✓ Во Битола групното извршување на кривичните дела се покажа како значајна карактеристика на криминалитетот кај децата, а групите од две лица како најзачестен облик на ова криминално однесување.
- ✓ Хомогеноста и во Битола е карактеристика на овие групи, како и фактот дека повеќе од 75 % од лицата од кои се тие составени се деца кои живеат во тешки материјални услови, во повеќебројни семејства и во поголем број отколку во Скопје се јавуваат како рецидивисти.
- ✓ Возраста е константно најзначаен предиктор за овој тип на криминално однесување, а структурата на групата и тука останува условена од видот на кривичното дело.

### 4.1.3. Резултати од спроведеното истражување пред Основен суд -Штип

***Резултати од дескриптивна статистика***

**Возраст**

Од вкупниот број случаи- 650 на број, податоци имаме за вкупно 648. Најмладото регистрирано лице има 10 години, додека најстарото 20. Просечна старосна возраст/аритметичка средина на сите случаи е 16,38 и стандардна девијација 0,967, односно просечна старост на овие сторители е 16 години, 4 месеци и 14 дена.

***Табела бр.47*** *Возраст на сторители – Штип*

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation |
|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | 648 | 10 | 20 | 16,38 | ,967 |
| Valid N (listwise) | 648 | | | | |

## Членови во семејството

Од вкупниот број случаи, податоци имаме за вкупно 646. Минимален број имаат само два члена, а доминантни се многудетните семејства кои бројат пет и повеќе членови.

***Табела бр.48*** *Број на членови во семејство кај сторители- Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 2 | 10 | 1,5 | 1,5 | 1,5 |
| | 3 | 44 | 6,8 | 6,8 | 8,4 |
| | 4 | 182 | 28,0 | 28,2 | 36,5 |
| | 5 и повеќе | 410 | 63,1 | 63,5 | 100,0 |
| | Total | 646 | 99,4 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,6 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

## Функционалност на семејството

Што се однесува до податоците за какво семејство станува збор- функционално односно нефункционално, податоци имаме за 646 сторители. 40,9% од нив имаат дисфункционално, а 59,1% имаат функционално семејство. За останатите (4) случаи немаме валидни информации.

***Табела бр.49*** *Тип на семејство кај сторители- Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Дисфункционално | 264 | 40,6 | 40,9 | 40,9 |
| | Функционално | 382 | 58,8 | 59,1 | 100,0 |
| | Total | 646 | 99,4 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,6 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

## Рецидивизам

Рецидивизмот како карактеристика ги добива сличните параметри како во Скопје. Како што е очигледно од табела бр.50 имаме високо процентуално учество на рецидивисти кај анализираните сторители (44 %), но сепак благо доминантен е бројот на сторители кои не се повратници (повеќе од половината 56.00 %).

***Табела бр.50*** *Рецидивизам кај сторители- Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| | Не | 362 | 55,7 | 56,0 | 56,0 |
| | Да | 285 | 43,8 | 44,0 | 100,0 |
| | Total | 647 | 99,5 | 100,0 | |
| Missing | System | 3 | ,5 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

## Материјална состојба

Од сите случаи имаме податоци за 646. Од нив 62,2 % или вкупно 402 лица живеат во семејство чија материјална состојба не ги задоволува потребите за достоинствен живот, а 37,8 % се со добра материјална состојба.

***Табела бр.51*** *Материјална состојба кај сторители- Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Незадоволува | 402 | 61,8 | 62,2 | 62,2 |
| | Задоволува | 244 | 37,5 | 37,8 | 100,0 |
| | Total | 646 | 99,4 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,6 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

## Вкупен број членови во групата

Што се однесува до сторувањето на дело во група, резултатите битно се разликуваат од претходните две групи (по градови). Така, дури кај 43,1% од случаите делото не е сторено во група, сепак 56,9 % се сторители кои групно партиципирале во кривичното дело и од нив доминантни се сторителите кои делото го сториле во група од 2 лица.

***Табела бр.52*** *Број на членови во групите-Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не е сторено во група | 279 | 42,9 | 43,1 | 43,1 |
| | Делото е сторено во група од две лица | 153 | 23,5 | 23,6 | 66,7 |
| | Делото е сторено во група од три лица | 114 | 17,5 | 17,6 | 84,3 |
| | Делото е сторено во група од четири и повеќе лица | 102 | 15,7 | 15,7 | 100,0 |
| | Total | 648 | 99,7 | 100,0 | |
| Missing | System | 2 | ,3 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

## Структура на групата

Како што веќе истакнавме, голем е бројот на деца во Штип кои самостојно ги извршуваат кривичните дела, но во случаите кога сепак се решаваат да ја формираат, најголем дел (37,7%) од сторителите се здружуваат со врсниците во хомогена група.

***Табела бр.53*** *Структура на групите- Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не е сторено во група | 277 | 42,6 | 42,7 | 42,7 |
| | Хомогена група (14-18) | 244 | 37,5 | 37,7 | 80,4 |
| | Хетерогена група (+18) | 97 | 14,9 | 15,0 | 95,4 |
| | Хетерогена група (-14) | 26 | 4,0 | 4,0 | 99,4 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 4 | ,6 | ,6 | 100,0 |
| | Total | 648 | 99,7 | 100,0 | |
| Missing | System | 2 | ,3 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

**Кривично дело и санкција**

Политиката на казнување повторно е релативно либерална, со доминантно учество на дисциплински мерки и мерки на засилен надзор. Кога станува збор за децата сторители изведени пред Основен суд Штип, најголем процент од нив 32,9 % добиле само "Укор", а "Засилен надзор од родител или старател" 29,2% од нив. Во однос на кривичните дела, како и кај резултатите од Скопје и Битола, исто така и во Штип, најчесто сторувани се кривичните дела разбојништво со 44,9% и тешка кражба со 19.8% од сторувањата. Останатите резултати се прикажани во табела бр.13 и 14 во прилози.

***Релација на варијаблите и регресија***

Табела бр.54 ни покажува дека групното извршување на кривичните дела е значајна карактеристика и на криминалитетот во Штип, а зенитот на криминалната кариера овие сторители го достигнуваат на 17 годишна возраст. Хомогените групи на врсници се првиот нивни избор и затоа се и најбројни, а нешто помалку присутни се хетерогените групи во кои кон врсниците е приклучено и лице постаро од 18 години.

***Табела бр.54*** *Релација на варијабли возраст и структура на групата-Штип*

| | | **Структура на групата** | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетерогена група (+18) | Хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| **Возраст** | 10 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 12 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 14 | 5 | 7 | 0 | 2 | 0 | 14 |
| | 15 | 34 | 48 | 8 | 10 | 0 | 100 |
| | 16 | 78 | 76 | 20 | 7 | 3 | 184 |
| | 17 | 148 | 105 | 62 | 7 | 1 | 323 |
| | 18 | 8 | 2 | 7 | 0 | 0 | 17 |
| | 19 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | 20 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| Вкупно | | 277 | 244 | 97 | 26 | 4 | 648 |

Графичкиот приказ на односот возраст- соучесништво, како што и претходно напоменавме, јасно го издвојува Штип од останите градови, но во секој случај ги потврдува нашите очекувања за доминација на групирањето кај адолесцентната категорија на сторители.

*Графикон бр.6 Вкрстување на варијаблите возраст-соучесништво-Штип*




Прегледот на табела бр.55 ни говори дека во сите категории на групи за извршување кривични дела (особено врсничките) доминираат сторители кои доаѓаат од многудетни семејства со низок социоекономски статус. Таквата состојба треба да се има во предвид како многу сериозен индикатор, покрај фактот дали нивното семејство навидум изгледа дека е функционално, односно ја завршува својата општествено и природно предодредена функција.

***Табела бр.55*** *Релација на варијабли структура на групата и број на членови во семејството/материјална состојба-Штип*

| | | **Структура на групата** | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетерогена група (+18) | Хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| **БЧС** | 2 | 2 | 7 | 0 | 1 | 0 | 10 |
| | 3 | 14 | 16 | 13 | 1 | 0 | 44 |
| | 4 | 76 | 64 | 33 | 9 | 0 | 182 |
| | 5 + | 185 | 157 | 49 | 15 | 4 | 410 |
| Total | | 277 | 244 | 95 | 26 | 4 | 646 |
| **МС** | - | 179 | 142 | 62 | 16 | 3 | 402 |
| | + | 98 | 102 | 33 | 10 | 1 | 244 |
| Total | | 277 | 244 | 95 | 26 | 4 | 646 |

Со примена на мултиплата корелација и нејзините износи дадени во табела **ANOVA** може да се констатира дека целиот систем на предикторски варијаблии ја

детерминира критериумската варијабла на статистички значајно ниво (мултиплата корелација не е еднаква на нула F=2,152 на ниво на значајност (Sig.) од 0,029)

***Табела бр.56*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Структура на групата****- Штип*

| ANOVA | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | Df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 16,997 | 8 | 2,125 | 2,152 | ,029 |
| Residual | 629,003 | 637 | ,987 | | |
| Total | 646,000 | 645 | | | |
| Dependent Variable: Структура на групата<br>Predictors: Возраст Материјална состојба,Семејство, Членови во семејството | | | | | |

Во табела бр.57 дадени се и стандардизираните бета-коефициенти и се заклучува дека од предикторските варијабли позитивно влијание имаат бројот на членови во семејството (Sig.=0,002) и функционалноста на семејството (Sig.=0,026), односно овие два предиктори ја условуваат на одреден начин структурата на групата.

***Табела бр.57*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Штип*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,070) | ,059 | 3 | 1,420 | ,236 |
| БЧС | (,105) | ,042 | 2 | 6,232 | ,002 |
| Семејство | ,134 | ,070 | 2 | 3,658 | ,026 |
| МС | (,032) | ,062 | 1 | ,276 | ,600 |
| Dependent Variable: Структура на групата | | | | | |

Наредната категориска регресија анализира дали возраста, семејството и неговата материјална состојба го условуваат групирањето и бројот на членови во групата. За таа цел најпрво е прикажана нивната меѓусебна распределба, а потоа резултатите добиени од применетата регресија кои ја посочуваат корелацијата и регресијата.

Од кростабулацијата прикажана во табела бр.58 видлив е повторно големиот удел на соло извршители, но сепак доминантна форма останува соучесништвото кое, особено кај децата на возраст од 16 и 17 години, зазема компактна форма, односно доминантни се малите групи составени од две до три лица.

***Табела бр.58*** *Релација на варијабли возраст и број на членови во групата- Штип*

| | | Вкупен број членови во групата | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Делото е сторено во група од две лица | Делото е сторено во група од три лица | Делото е сторено во група од четири + | |
| **Возраст** | 10 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | 12 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 14 | 5 | 3 | 4 | 2 | 14 |
| | 15 | 34 | 20 | 20 | 26 | 100 |
| | 16 | 80 | 49 | 36 | 19 | 184 |
| | 17 | 148 | 77 | 48 | 50 | 323 |
| | 18 | 8 | 3 | 6 | 0 | 17 |
| | 19 | 2 | 0 | 0 | 2 | 4 |
| | 20 | 1 | 0 | 0 | 3 | 4 |
| Total | | 279 | 153 | 114 | 102 | 648 |

Од вкрстената табела бр.59 каде е прикажана меѓусебната поврзаност на функционалност на *семејството* и *вкупен број на членови во групата* забележуваме дека доминира сторување на дело во помали групи, иако во Штип без разлика на типот на семејство од каде детето доаѓа значителна е бројката на сторители кои сториле дело самостојно/надвор од група.

***Табела бр.59*** *Релација на варијабли семејство и број на членови во групата- Штип*

| | | Вкупен број на членови во групата | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Делото е сторено во група од 2 лица | Делото е сторено во група од 3 лица | Делото е сторено во група од 4+ лица | |
| **Семејство** | Д | 131 | 63 | 48 | 22 | 264 |
| | Ф | 148 | 89 | 65 | 80 | 382 |
| Вкупно | | 279 | 152 | 113 | 102 | 646 |

Дијадите како групи се доминантни и при поврзувањето на варијаблите *материјалната состојба* и *вкупен број на членови во групата*, со тоа што како табела бр.60 покажува најголем дел од сторителите кои се групираат потекнуваат од семејства со материјална состојба која е незадоволителна.

***Табела бр.60*** *Релација на варијабли материјална состојба и бр. на членови во групата- Штип*

| | | **Вкупен број на членови во групата** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Делото е сторено во група од 2 лица | Делото е сторено во група од 3 лица | Делото е сторено во група од 4 и + лица | |
| **М С** | Незадоволува | 181 | 104 | 74 | 43 | 402 |
| | Задоволува | 98 | 48 | 39 | 59 | 244 |
| Вкупно | | 279 | 152 | 113 | 102 | 646 |

За горенаведените предикторски варијабли, според резултатите од табелата **ANOVA** може да се констатира дека мултиплата корелација не е еднаква на нула F=6.054 на ниво на значајност (Sig.) од 0,000, односно овие варијабли земени како целост ја детерминираат критериумската варијабла на статистички значајно ниво.

| **ANOVA** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | Df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 29,173 | 5 | 5,835 | 6,054 | ,000 |
| Residual | 616,827 | 640 | ,964 | | |
| Total | 646,000 | 645 | | | |
| Dependent Variable: ВБЧГ<br>Predictors: Возраст Семејство МС | | | | | |

***Табела бр.61*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Вкупен број на членови на групата-*** *Штип*

Издвоени од целината, како што е прикажано во табелата бр.62 *Correlations and Tolerance*, сепак *материјалната состојба* како варијабла е најзначајниот предиктор со ниво на важност од 0,503.

***Табела бр.62*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата-*** *Штип*

| **Correlations and Tolerance** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,057) | (,052) | (,051) | ,064 | ,999 | 1,000 |
| Семејство | ,173 | ,102 | ,100 | ,433 | ,783 | ,706 |
| МС | ,180 | ,114 | ,112 | ,503 | ,784 | ,706 |
| Dependent Variable: ВБЧГ | | | | | | |

Статистичко заклучување на влијанието на варијаблите *структура на групата* и *возраст* врз критериумската варијабла *кривично дело* е опишано во табела бр.63, од каде е евидентно дека критериумската варијабла е објаснета со 33,2% од варијаблите кои се земени како предиктори.

*Табела бр.63 Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата- **Кривично дело**- Штип*

| Model Summary | | | |
|---|---|---|---|
| Multiple R | R Square | Adjusted R Square | Apparent Prediction Error |
| ,332 | ,110 | ,103 | ,890 |
| Dependent Variable: КД<br>Predictors: СГ Возраст | | | |

Од двата предиктори според податоците прикажани во табела бр.64 *структурата на групата* нема статистичко значајно влијание, а најзначајно влијание има предикторот возраст со важност од 0,157 на ниво од Sig.=0,050.

*Табела бр.64 Корелации и важност на предикторите врз варијаблата- **Кривично дело**- Штип*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| СГ | (,305) | (,307) | (,305) | ,843 | 1,000 | ,998 |
| Возраст | ,132 | ,138 | ,131 | ,157 | 1,000 | ,998 |
| Dependent Variable: КД | | | | | | |

∴

Од досега изложеното можеме да констатираме:

- ✓ Од анализираните податоци, во Штип имаме повисоко учество на соло извршители отколку во Скопје и Битола, но сепак групното извршување на кривичните дела останува доминантен облик кај децата извршители на кривични дела кои се изведени пред овој суд.
- ✓ Константна останува карактеристиката дека децата кои во група го извршуваат кривичното дело се во голем дел рецидивисти, потекнуваат од сиромашни и многубројни семејства, а карактеристично за Штип е високо учеството на оние кои потекнуваат од комплетно дисфункционални семејства.
- ✓ Од типот на групи доминираат дијадите, а нивното формирање се покажува како условено од сите анализирани фактори со акцент на возраста и материјалната состојба како доминантни.

### 4.1.4. Резултати од спроведеното истражување пред Основен суд Гостивар

***Резултати од дескриптивна статистика***

**Возраст**

Вкупниот примерок опфаќа 880 случаи, од кој најмладиот е на возраст од 13 години, додека најстариот 20. Просечна старосна возраст/аритметичка средина на сите

случаи е 15,63 со стандардна девијација 1,071, значи просечната возраст на сторителите е 15 години, 7 месеци и 17 дена.

***Табела бр.65*** *Возраст на сторители –Гостивар*

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation |
|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | 880 | 13 | 20 | 15,63 | 1,071 |
| Valid N (listwise) | 880 | | | | |

**Членови во семејството**

Од вкупниот број случаи, податоци имаме за вкупно 879. Најголем дел од сторителите потекнуваат од семејства кои имаат пет и повеќе членови во семејството (55.5%), а потоа следи стандардното четиричлено семејство (30%).

***Табела бр.66*** *Број на членови во семејство кај сторители- Гостивар*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 2 | 33 | 3,8 | 3,8 | 3,8 |
| | 3 | 94 | 10,7 | 10,7 | 14,4 |
| | 4 | 264 | 30,0 | 30,0 | 44,5 |
| | 5 и повеќе | 488 | 55,5 | 55,5 | 100,0 |
| | Total | 879 | 99,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 1 | ,1 | | |
| Total | | 880 | 100,0 | | |

**Функционалност на семејството**

При анализата на функционалноста на семејството,од 880 анализирани податоци имаме за 878 случаи. Во однос на оваа варијабла, Гостивар се разликува од Битола, Штип и Скопје по тоа што само 37,1% од сторителите потекнуваат од функционално, а 62,9% имаат дисфункционално семејство.

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Функционално | 326 | 37,0 | 37,1 | 37,1 |
| | Дисфункционално | 552 | 62,7 | 62,9 | 100,0 |
| | Total | 878 | 99,8 | 100,0 | |
| Missing | System | 2 | ,2 | | |
| Total | | 880 | 100,0 | | |

***Табела бр.67*** *Тип на семејство кај сторители- Гостивар*

**Рецидивизам**

Стандардно високо учество на рецидивсти во примерокот е забележано и кај сторителите изведени пред овој Основен суд. 48,6 % од децата вклучени во истиот се повторни извршители на кривично дело (види табела бр.15 во прилози)

## Материјална состојба

Од анализа на 880 сторители, кај кои постоеа достапни податоци за оваа варијабла, 598 (68%) од нив секојдневно се борат со сиромаштијата, а 282 (32%) живеат во материјална состојба која ги задоволува основните потреби.

***Табела бр.68*** *Материјална состојба на сторители-Гостивар*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Незадоволува | 598 | 63,8 | 68,0 | 68,0 |
| | Задоволува | 282 | 30,1 | 32,0 | 100,0 |
| | Total | 880 | 93,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 57 | 6,1 | | |
| Total | | 937 | 100,0 | | |

## Вкупен број членови во групата

Што се однесува до сторувањето на дело во група, резултатите посочуваат дека во 20,8% од случаите делото не е сторено во група, делото е сторено во група од две лица во 23,6%, во група од три лица кај 24,2%, а во блага доминација е групата од 4 и повеќе лица  застапена кај 31,4% од случаите.

***Табела бр.69*** *Број на членови во групите-Гостивар*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не е сторено во група | 183 | 20,8 | 20,8 | 20,8 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 208 | 23,6 | 23,6 | 44,4 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 213 | 24,2 | 24,2 | 68,6 |
| | Делото е сторено во група од 4 и повеќе лица | 276 | 31,4 | 31,4 | 100,0 |
| | Total | 880 | 100,0 | 100,0 | |

## Структура на групата

Од добиените резултати повторно воочливо е дека најголем дел од сторувањата во група се извршени во хомогена група на возраст 14-18 години (38,6%).

***Табела бр.70*** *Структура на групите-Гостивар*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не сторено во група | 175 | 19,9 | 19,9 | 19,9 |
| | Хомогена група (14-18) | 340 | 38,6 | 38,6 | 58,5 |
| | Хетрогена група (+18) | 218 | 24,8 | 24,8 | 83,3 |
| | Хетерогена група (-14) | 93 | 10,6 | 10,6 | 93,9 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 54 | 6,1 | 6,1 | 100,0 |
| | Total | 880 | 100,0 | 100,0 | |

## Кривично дело и санкција

Идентично со резултатите од другите градови, и во Гостивар, најчесто сторувани се имотните деликти кои во принцип се сакцинонираат со "засилен надзор

од родител или старател"  во (34,9%) од случаите (види повеќе во табели бр.16 и 17 во прилози).

***<u>Релации на варијаблите и регресија</u>***

Влијанието на варијаблите: возраст, функционалност на семејството, членови во семејството и материјалната состојба врз групирањето на децата во извршувањето на делото е прикажано во прилог. Табела бр.71 ни покажува дека сторувањето на кривични дела најчесто се извршува во хомогена група на врсници на возраст од 14 до 18 години, и дека тоа се доминантно деца на возраст од 15 и 16 години.

***Табела бр.71*** *Релација на варијабли возраст и структура на групата*

| | | **Возраст** | | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Структура на групата** | Делото не сторено во група | 0 | 11 | 21 | 18 | 27 | 4 | 81 |
| | Хомогена група (14-18) | 1 | 134 | 188 | 225 | 123 | 5 | 676 |
| | Хетрогена група (+18) | 0 | 16 | 30 | 24 | 15 | 1 | 86 |
| | Хетерогена група (-14) | 0 | 4 | 4 | 6 | 12 | 0 | 26 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 0 | 1 | 4 | 3 | 3 | 0 | 11 |
| Total | | 1 | 166 | 247 | 276 | 180 | 10 | 880 |

Графичкиот приказ на поедноставениот однос меѓу возраста и соучесништвото го прави заклучокот уште поевидентен.

***Графикон бр.7*** *Вкрстување на варијаблите возраст и соучесништво-Гостивар*




Табела бр.72 во која е прикажана поврзаноста на структурата на групата со материјалната состојба, упатува дека најголем дел од случаите се деца кои делата ги

извршуваат во хомогени структурни групи, а потекнуваат од семејства со незадоволителна материјална состојба.

***Табела бр.72*** *Релација на варијабли материјална состојба и структура на групата-Гостивар*

| | | Материјална состојба | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Незадоволува | Задоволува | |
| Структура на групата | Делото не сторено во група | 56 | 25 | 81 |
| | Хомогена група (14-18) | 463 | 213 | 676 |
| | Хетрогена група (+18) | 56 | 30 | 86 |
| | Хетерогена група (-14) | 15 | 11 | 26 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 8 | 3 | 11 |
| Total | | 598 | 282 | 880 |

И табела бр.73 што ја прикажува поврзаноста на варијаблите *структура на групата* и *функционалност на семејството*, недвосмислено ја поентира хомогената група на врсници како прв избор на децата како сторители на кривични дела, а од податоците е видливо дека овие деца доаѓаат доминантно од дисфункционални семејства кои бројат 5 и повеќе членови (види и табела бр.18 во прилози).

***Табела бр.73*** *Релација на варијабли семејство и структура на групата-Гостивар*

| | | **Семејство** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Функционално | Дисфункционално | |
| Структура на групата | Делото не сторено во група | 73 | 101 | 174 |
| | Хомогена група (14-18) | 116 | 224 | 340 |
| | Хетрогена група (+18) | 78 | 139 | 217 |
| | Хетерогена група (-14) | 39 | 54 | 93 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 20 | 34 | 54 |
| Total | | 326 | 552 | 878 |

При категориска регресија, евидентно од табела бр.74 критериумската варијабла е објаснета само со 19,3% од варијаблите кои се земени како предиктори во овој случај: возраст, членови во семејството, функционалност на семејството и материјалната состојба.

***Табела бр.74*** *Мултипла корелација на придонесот на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Гостивар*

| **Model Summary** | | | |
|---|---|---|---|
| Multiple R | R Square | Adjusted R Square | Apparent Prediction Error |
| ,193 | ,037 | ,028 | ,963 |
| Dependent Variable: Структура на групата<br>Predictors: Возраст, Материјална состојба,Семејство, Членови во семејството | | | |

Во табела **ANOVA** може да се констатира дека мултиплата корелација не е еднаква на нула F=4,198, на ниво на значајност (Sig.) од 0,000, што значи дека системот на предикторски варијабли ја детерминира критериумската варијабла на статистички значајно ниво.

***Табела бр.75*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Структура на групата****- Гостивар*

| ANOVA | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 32,671 | 8 | 4,084 | 4,198 | ,000 |
| Residual | 847,329 | 871 | ,973 | | |
| Total | 880,000 | 879 | | | |
| Dependent Variable: Структура на групата<br>Predictors: Возраст, Материјална состојба,Семејство, Членови во семејството | | | | | |

Во табела бр.76, пак дадени се стандардизираните бета-коефициенти и заклучуваме дека од предикторските варијабли поединечно, статистичко значајно влијание има варијаблата *возраст* на ниво од Sig.=0,049.

***Табела бр.76*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Гостивар*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,145) | ,094 | 3 | 2,368 | ,049 |
| МС | ,013 | ,037 | 2 | ,118 | ,889 |
| ФС | ,042 | ,036 | 1 | 1,374 | ,241 |
| ВБЧГ | ,116 | ,052 | 2 | 4,910 | ,008 |
| Dependent Variable: Структура на групата | | | | | |

Таквата важност на возраста како варијабла се потврдува и во податоците прикажани на табела бр.77, со нагласување на парцијална корелација од 0,145 на возраста и структурата на групата и важност од 0,584.

***Табела бр.77*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата****- Гостивар*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,150) | (,145) | (,144) | ,584 | ,994 | ,998 |
| МС | ,008 | ,013 | ,013 | ,003 | ,997 | ,999 |
| ФС | ,042 | ,043 | ,042 | ,047 | ,994 | ,997 |
| ВБЧГ | ,118 | ,117 | ,115 | ,366 | ,994 | ,998 |
| Dependent Variable: Структура на групата | | | | | | |

Наредната категориска регресија се однесува на влијанието на предикторите: *возраст, функционалност на семејството и материјалната состојба* врз критериумот *вкупен број на членови во групата.*

Табела бр.78 не покажува особено истапување во однос на фрекфенциите по дадените категории за сторување на делото во и (надвор) од соодветна група, но сепак, најмногу се издвојува сторување на делото во група од четири и повеќе лица (276) кај 16 годишни сторители.

***Табела бр.78*** *Релација на варијабли возраст и број на членови во групата-Гостивар*

| | | **Возраст** | | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **ВБЧГ** | Делото не е сторено во група | 0 | 30 | 47 | 55 | 48 | 3 | 183 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 1 | 31 | 57 | 70 | 47 | 2 | 208 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 0 | 62 | 50 | 58 | 41 | 2 | 213 |
| | Делото е сторено во група од 4 + лица | 0 | 39 | 73 | 91 | 70 | 3 | 276 |
| Total | | 1 | 162 | 227 | 274 | 206 | 10 | 880 |

Од вкрстената табела бр.79 каде е прикажана меѓусебната поврзаност на функционалноста на *семејстото* и *вкупен број на членови во групата* забележуваме дека доминира сторување на дело во група од четири и повеќе лица, кои доаѓаат од дисфункционални семејства, чија финансиска состојба, како и секаде до сега, е на незавидно ниво (види табела бр.19 во прилози).

***Табела бр.79*** *Релација на варијабли семејство и број на членови во групата-Гостивар*

| | | **Семејство** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Функционално | Дисфункционално | |
| **ВБЧГ** | Делото не е сторено во група | 66 | 117 | 183 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 71 | 136 | 207 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 80 | 133 | 213 |
| | Делото е сторено во група од 4 + лица | 109 | 166 | 275 |
| Total | | 326 | 552 | 878 |

Кај оваа мултипла корелација бета коефициентите истакнати во табела бр.80 зборуваат за релативната силина на влијанието на предикторите врз критериумската варијабла. Констатираме дека варијаблата возраст има единствено значајно (Sig.=0,019) влијание врз критериумот со F=2,054 што покажува колкава е веројатноста ова влијание да се повтори.

***Табела бр.80*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата-*** *Гостивар*

| **Coefficients** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | ,154 | ,092 | 2 | 2,054 | ,019 |
| МС | ,043 | ,045 | 2 | ,899 | ,407 |
| ФС | (,013) | ,047 | 1 | ,078 | ,779 |
| Dependent Variable: Вкупен број на членови во групата | | | | | |

И податоците прикажани во табела бр.81 нагласуваат дека единствената независна варијабла која има придонес за критериумот е возраста чија вредност во парцијалниот однос изнесува 0,126.

***Табела бр.81*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата****- Гостивар*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | ,194 | ,126 | ,124 | ,779 | ,999 | ,998 |
| МС | ,045 | ,043 | ,043 | ,204 | ,999 | ,999 |
| ФС | (,013) | (,013) | (,013) | ,018 | 1,000 | ,999 |
| Dependent Variable: Вкупен број на членови во групата | | | | | | |

Натамошната обработка се однесува на статистичко заклучување и на влијанието на варијаблите *структура на групата* и *возраст* врз критериумската варијабла *кривично дело*.

При вкрстувањето на варијаблата кривично дело и структура на групата, најголема поврзаност се покажува меѓу кривичното дело разбојништво и хомогените групи на врсници на возраст од 14 до 18 години (види табела бр.20 во прилози), а од вредностите на стандардизираните бета-коефициенти се заклучува дека и возраста и структурата на групата имаат позитивно влијание врз критериумската варијабла.

***Табела бр.82*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Кривично дело****- Гостивар*

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,089) | ,051 | 2 | 3,008 | ,050 |
| СГ | (,078) | ,036 | 1 | 4,666 | ,031 |
| Dependent Variable: КД | | | | | |

Сепак, вредностите прикажани во табелата бр.83, укажуваат дека од двата предиктори поголемо значајно влијание има предикторот возраст со важност од 0,562.

***Табела бр.83*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Кривично дело****- Гостивар*

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,089) | (,089) | (,089) | ,562 | 1,000 | 1,000 |
| СГ | (,079) | (,078) | (,078) | ,438 | 1,000 | 1,000 |
| Dependent Variable: КД | | | | | | |

∴

Од досега изложеното можеме да констатираме:

- ✓ Во Гостивар, исто како и кај сите претходно анализирани податоци, доминира групното извршување на кривичните дела, при што овие групи во значителен процент бројат три и повеќе лица.
- ✓ Хомогеноста на групите е константна, но тука имаме значителен пораст на групи во кои партиципира и полнолетно лице.
- ✓ Децата кои во група го извршуваат кривичното дело доминатно се од нефункционални семејства, во социјален ризик и над 60 % од нив бројат пет и повеќе членови.
- ✓ Овие фактори заедно со возраста се покажаа како детерминирачки во однос на извршувањето на делото во група, а статистички значајно влијание е утврдено и кај типот на кривичните дела како предиктор на тоа дали делото ќе биде извршено во група или не.

### 4.1.5. Сумарни резултати од спроведеното истражување пред судовите

***Резултати од дескриптивна статистика***

**Возраст**

Вкупниот број на анализирани случаи изнесува 3581. Најмладиот анализиран сторител има 10 години, додека најстариот 20. Просечна староснa возраст/аритметичка средина на сите случаи е 15,68 со стандардна девијација 1,114.

***Табела бр.84*** *Возраст на сторители*

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation |
|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | 3581 | 10 | 20 | 15,68 | 1,114 |
| Valid N (listwise) | 3581 | | | | |

**Членови во семејството**

Од вкупниот број случаи, податоци имаме за вкупно 3514. Од сите категории доминантен е бројот на повеќебројните семејства, односно 55% од сторителите отпаѓаат на семејствата кои имаат 5 и повеќе членови.

***Табела бр.85*** *Број на членови во семејство кај сторители*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 2 | 137 | 3,8 | 3,9 | 3,9 |
| | 3 | 359 | 10,0 | 10,2 | 14,1 |
| | 4 | 1048 | 29,3 | 29,8 | 43,9 |
| | 5 и повеќе | 1970 | 55,0 | 56,1 | 100,0 |
| | Total | 3514 | 98,1 | 100,0 | |
| Missing | System | 67 | 1,9 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

**Функционалност на семејството**

Што се однесува до податоците за какво семејство станува збор- функционално односно нефункционално, податоци имаме за 3581 случај. 45,5% од анализираните сторители имаат функционално, а 54,5% потекнуваат од дисфункционални семејства.

***Табела бр.86*** *Тип на семејство кај сторители*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Функционално | 1620 | 45,2 | 45,5 | 45,5 |
| | Дисфункционално | 1942 | 54,2 | 54,5 | 100,0 |
| | Total | 3562 | 99,5 | 100,0 | |
| Missing | System | 19 | ,5 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

**Рецидивизам**

Високото учество на повторници останува карактеристика и на големата слика на ова истражување. 49,5 % од децата криминалната кариера ја започнале пред критичниот анализиран настан за кој се нашле пред вратите на судовите.

***Табела бр.87*** *Рецидивизам кај сторители*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Не | 1802 | 50,3 | 50,5 | 50,5 |
| | Да | 1764 | 49,3 | 49,5 | 100,0 |
| | Total | 3566 | 99,6 | 100,0 | |
| Missing | System | 15 | ,4 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

**Материјална состојба**

Од вкупно 3581 дете сторител на кривични дела, 1177 или 31,9 % живеат нормално, а дури 2383 или 66,9% го преживуваат секој нареден ден согласно екстремно лошата материјална состојба во која се наогаат.

***Табела бр. 88*** *Материјална состојба кај сторители*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Незадоволува | 2383 | 66,5 | 66,9 | 66,9 |
| | Задоволува | 1177 | 32,9 | 33,1 | 100,0 |
| | Total | 3560 | 99,4 | 100,0 | |
| Missing | System | 21 | ,6 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

**Вкупен број на членови во групата**

Анализата на вкупните податоци за бројот на членови во групата, покажа дека делата речиси идентично се извршувани од сите анализирани групи различни по бројност, со тоа што побројните групи од над четири лица дефинитивно **не** доминираат во комплетната феноменолошка слика. Ако се направи суштинска анализа дали делото е сторено во група или самостојно, тогаш евидентна е доминацијата на оние **76,3%** од децата кои делото го сториле во група.

***Табела бр.89*** *Број на членови во групите*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не е сторено во група | 851 | 23,8 | 23,8 | 23,8 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 932 | 26,0 | 26,1 | 49,8 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 812 | 22,7 | 22,7 | 72,5 |
| | Делото е сторено во група од 4 и повеќе лица | 982 | 27,4 | 27,5 | 100,0 |
| | Total | 3577 | 99,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,1 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

**Структура на групата**

И при анализа на оваа варијабла, "самотниците" како сторители завземаат само мал дел од истражувачкиот "колач", конкретно 20,7 %. Што се однесува до структурата на групата, заклучуваме дека доминира групното извршување во хомогена група врсници на возраст од 14 до18 години со високо процентуално учество од 47,7 %.

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Делото не сторено во група | 739 | 20,6 | 20,7 | 20,7 |
| | Хомогена група (14-18) | 1707 | 47,7 | 47,7 | 68,4 |
| | Хетрогена група (+18) | 713 | 19,9 | 19,9 | 88,3 |
| | Хетерогена група (-14) | 299 | 8,3 | 8,4 | 96,7 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 119 | 3,3 | 3,3 | 100,0 |
| | Total | 3577 | 99,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 4 | ,1 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

***Табела бр. 90*** *Структура на групите*

**Кривично дело и санкција**

Оваа варијабла, комплетно останува непроменета, со резултати како и во четирите претходни анализи. Застапеноста на разбојништвото и други имотни деликти останува константна, како и употребата на мерките на засилен надзор како тип на санкции приоритетно изрекувани во анализираните предмети. Од сите изречени сакнкции, најголем дел (процент) отпаѓа на санкцијата "засилен надзор од родител или старател" (38,3%), потоа "упатување во воспитно-поправна установа" (25.1%), како и "засилен надзор од социјален орган" (15.2%). (види табели бр.21 и 22 во прилози).

***Релации на варијаблите и регресија***

За утврдување на влијанието на предикторските врз зависните варијабли претходно беше извршена кростабулација и категориска регресија за секоја група одделно. Резултатите ги третираме со истите статистички постапки и генерално, за

сите случаи заедно, со тоа што на сумарните податоци применивме и Пирсонов коефициент на корелација и Пирсонов Хи квадрат тест кој се користи да се востанови разлика меѓу податоци распределени во повеќе категории односно ќелии во однос на друга која се распрскува на категории. На основа на резултатите изведуваме заклучоци за поставените цели, задачи и хипотези.

На табела бр.91 е прикажано вкрстувањето на варијаблите *структура на групата* и *возраст*. Од анализата на самите податоците, сосема извесен е заклучокот дека децата кривичните дела ги извршуваат во група, групата е најчесто врсничката група, а во помал број случаи група на која се приклучуваат и полнолетни лица, но истите не партиципираат во дејствието на извршување на кривичното дело. Евидентно од табелата и нејзиниот графички приказ е и дека односот помеѓу возраста и криминалот (age- crime curve) е криволиниски во вид на ѕвонче, односно дека постои нагло зголемување на престапничкото однесување, особено она групното, во периодот на раната адолесценција (околу возраста определена за кривична одговорност), кулминација во текот тинејџерски години, а потоа таквото однесување опаѓа.

***Табела бр.91** Релација на варијабли возраст и структура на групата*

| | | **Структура на групата** | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетрогена група (+18) | Хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| **Возраст** | 10 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | 12 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| | 13 | 0 | 1 | 1 | 4 | 0 | 6 |
| | 14 | 82 | 307 | 94 | 116 | 25 | 624 |
| | 15 | 157 | 482 | 148 | 76 | 34 | 897 |
| | 16 | 201 | 532 | 219 | 67 | 30 | 1049 |
| | 17 | 277 | 363 | 239 | 34 | 27 | 940 |
| | 18 | 16 | 13 | 12 | 0 | 2 | 43 |
| | 19 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | 20 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| Вкупно | | 738 | 1704 | 713 | 298 | 119 | 3572 |

***Графикон бр.8*** *Релација на варијабли возраст и структура на групата*




Семејството и средината во која детето расте и се развива се анализираат како индикатор на криминалното однесување кај сите испитувани групи. Во сумарната кростабулација прикажана на табела бр.92, групното извршување на кривичните дела кај децата е повторно во апсолутна доминација. Од типот на групи повторно доминантни се хомогените (14-18), а најголемиот дел од децата кои се вклучени во нив се децата чии семејства се нефункционални, со голем број на членови и кои катадневно се борат за егзистенција. Таквиот заклучок можеме да го изведеме и од читањето на вредностите на Пирсоновиот $X^2$ прикажан во табела бр.93. Асиметричноста (sig.) кај сите анализирани фактори е многу пониска од граничната (0,05), што покажува дека фактот што сторителите доаѓаат од нефункционални, многубројни и сиромашни семејства е битен предуслов за соучесништво при извршување на кривичните дела.

***Табела бр.92*** *Релација на варијабли структура на групата и семејство, материјална состојба и број на членови во семејството*

| \| | | Структура на групата | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетрогена група (+18) | Хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| **МС** | Незадоволува | 491 | 1090 | 482 | 235 | 82 | 2380 |
| | Задоволува | 246 | 615 | 224 | 57 | 35 | 1177 |
| **С** | Функционално | 322 | 785 | 292 | 157 | 61 | 1617 |
| | Дисфункционално | 415 | 920 | 414 | 136 | 57 | 1942 |
| **БЧС** | 2 | 26 | 67 | 31 | 6 | 7 | 137 |
| | 3 | 61 | 170 | 93 | 27 | 8 | 359 |
| | 4 | 234 | 532 | 203 | 46 | 32 | 1047 |
| | 5 + | 409 | 915 | 365 | 212 | 68 | 1969 |

***Табела бр.93*** *Вредности на Пирсоновиот $X^2$ во врска со варијаблата-* ***Структура на групата***

| | Chi-Square Tests | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
| Функционалност на семејството | Pearson Chi-Square | 15,599 | 4 | ,004 |
| Членови на семејството | Pearson Chi-Square | 55,189 | 12 | ,000 |
| Материјална состојба | Pearson Chi-Square | 32,277 | 4 | ,000 |

Поврзаноста меѓу анализираните варијабли е прикажана и на табела бр.94 каде се внесени вредностите на Пирсоновиот коефициент на корелација. Од читање на неговите вредности се утврдува дека меѓу предикторски варијабли и варијаблата *структура на групата* постои сигнификантна корелација која се движи од умерена до висока, и истата се покажува најсилна кај варијаблата возраст со вредност на Пирсоновиот коефициент од 0,720.

***Табела бр.94*** *Вредности на Пирсоновиот коефициент на корелација во врска со варијаблата-* ***Структура на групата***

| Correlations | | |
|---|---|---|
| | | Структура на групата |
| Возраст | Pearson Correlation | **,720** |
| | Sig. (2-tailed) | ,000 |
| | N | 3572 |
| ЧС | Pearson Correlation | **,021** |
| | Sig. (2-tailed) | ,211 |
| | N | 3512 |
| Семејство | Pearson Correlation | **,031** |
| | Sig. (2-tailed) | ,065 |
| | N | 3559 |
| МС | Pearson Correlation | **,062** |
| | Sig. (2-tailed) | ,000 |
| | N | 3557 |

Колку овие варијабли земени како предиктори имаат придонес (влијание) врз критериумската варијабла структура на групата, утврдивме со категориска регресија. Во табела **ANOVA** може да се констатира дека мултиплата корелација не е еднаква на нула F=13,275 на ниво на значајност (Sig.) од 0,000, што значи дека целиот систем на предикторски варијабли ја детерминира критериумската варијабла на статистички значајно ниво.

***Табела бр.95*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Структура на групата***

| ANOVA | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | Df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 103,341 | 8 | 12,918 | 13,275 | ,000 |
| Residual | 3405,659 | 3500 | ,973 | | |
| Total | 3509,000 | 3508 | | | |
| *Dependent Variable: Структура на групата*<br>*Predictors: Возраст ЧС Семејство МС* | | | | | |

Во табела бр.96 дадени се стандардизираните бета-коефициенти и се заклучува дека од предикторски варијабли позитивно влијание имаат *возраста* и *материјалната состојба*.

***Табела бр.96*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата***

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | Df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,156) | ,018 | 3 | 72,914 | ,000 |
| ЧС | ,035 | ,031 | 1 | 1,245 | ,265 |
| Семејство | (,020) | ,018 | 2 | 1,252 | ,286 |
| МС | (,036) | ,021 | 2 | 2,888 | ,050 |
| Dependent Variable: СГ | | | | | |

Табела бр.97 *Correlations and Tolerance* ги прикажува корелациите помеѓу предикторски варијабли и структурирањето на групите. Од читањето на вредностите кои ги добиваат прилагодени на нултиот стар или во парцијалнот однос произлегува дека **возраста** има најголема корелација со структурата на групата со важност од 0,855, што оди во прилог на нашите заклучоци дека групирањето е значајна карактеристика на криминалитетот кај децата како посебна (возрасна) категорија на извршители на кривични дела.

***Табела бр.97*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Структура на групата***

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,161) | (,156) | (,156) | ,855 | ,993 | ,993 |
| ЧС | ,044 | ,035 | ,034 | ,052 | ,978 | ,979 |
| Семејство | (,038) | (,019) | (,019) | ,025 | ,942 | ,929 |
| МС | (,055) | (,035) | (,034) | ,067 | ,924 | ,935 |
| Dependent Variable: СГ | | | | | | |

Испитано во прилог е и влијанието на предикторите возраст, функционалност на семејството и материјалната состојба врз критериумската варијабла *вкупен број на членови во групата.*

Евидентно од графичкиот приказ на податоците во графикон бр.8, криминалитетот кај децата е доминантното реализиран со учество на помали групи кои бројат од 2-3 членови и тоа повторно кај клучната категорија на сторители на возраст од 15 до 17 години, а во однос на типот на семејства и нивната состојба ситуацијата е непроменета (види табела бр.23 во прилози).

***Графикон бр.9*** *Однос возраст-вкупен број на членови во групата*




Од анализата на вредностите на Пирсоновиот коефициент прикажани во табела бр.98 се утврдува дека корелација од статистичка значајност е утврдена со варијаблата возраст и материјална состојба, а ниско ниво на корелација со вредност од само 0,25 е утврдена со варијаблата семејство на ниво кое не е статистички значајно. Какво е нивното влијание се утврдува од анализата на вредностите добиени со категориската регресија.

***Табела бр.98*** *Вредности на Пирсоновиот коефициент на корелација во врска со варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата***

| Correlations | | |
|---|---|---|
| | | Вкупен број на членови во група |
| Возраст | Pearson Correlation | **,087** |
| | Sig. (2-tailed) | **,000** |
| | N | 3572 |
| Семејство | Pearson Correlation | ,025 |
| | Sig. (2-tailed) | ,135 |
| | N | 3559 |
| МС | Pearson Correlation | **,051** |
| | Sig. (2-tailed) | **,002** |
| | N | 3557 |

Резултатите во табелата **ANOVA** повторно укажуваат дека целиот систем на предикторски варијабли ја детерминира критериумската варијабла, при што мултиплата корелација не е еднаква на нула F=7,282 на ниво на значајност (Sig.) од 0,000.

***Табела бр.99*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Вкупен број на членови во групата***

| ANOVA | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | Df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 50,362 | 7 | 7,195 | 7,282 | ,000 |
| Residual | 3502,638 | 3545 | ,988 | | |
| Total | 3553,000 | 3552 | | | |
| Dependent Variable: ВБЧГ<br>Predictors: Возраст МС Семејство | | | | | |

Од читањето на стандардизираните бета-коефициенти во табела бр.100 се заклучува дека од предикторските варијабли статистичко значајно влијание има варијаблата *возраст* со F=8,218, P<0,005(Sig.0,000).

***Табела бр.100*** *Стандардизирани бета коефициенти на влијанието на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата***

| Coefficients | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Standardized Coefficients | | Df | F | Sig. |
| | Beta | Bootstrap (1000) Estimate of Std. Error | | | |
| Возраст | (,119) | ,042 | 3 | 8,218 | ,000 |
| МС | ,011 | ,048 | 2 | ,048 | ,954 |
| Семејство | ,005 | ,021 | 2 | ,056 | ,946 |
| Dependent Variable: ВБЧГ | | | | | |

Табела бр.101 *Correlations and Tolerance* оди во прилог на горенаведеното и од сите прикажани корелации помеѓу предикторски варијабли и варијаблата *вкупен број на членови во групата* извлекуваме заклучок дека *возраста* има најголема вредност и најголема важност од 0,996.

***Табела бр.101*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Вкупен број на членови во групата***

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | (,118) | (,119) | (,119) | ,996 | ,994 | ,993 |
| МС | ,005 | ,010 | ,010 | ,003 | ,943 | ,942 |
| Семејство | ,001 | ,005 | ,005 | ,000 | ,943 | ,942 |
| Dependent Variable: ВБЧГ | | | | | | |

Во интерес на заклучоците е и последниот однос на предикторските варијабли *структура на групата* и *возраст* врз критериумската *кривично дело*.

Од анализата на вредностите на Пирсоновиот коефициент прикажани во табела бр.102 се утврдува дека корелација со статистичка значајност е утврдена со варијаблата *структура на групата* со вредност од само 0,45 на статистички значајно ниво од 0,07.

***Табела бр.102*** *Вредности на Пирсоновиот коефициент на корелација во врска со варијаблата-* ***Кривично дело***

| Correlations | | |
|---|---|---|
| | | Кривично дело |
| Возраст | Pearson Correlation | ,018 |
| | Sig. (2-tailed) | ,271 |
| | N | 3574 |
| СГ | Pearson Correlation | **,045** |
| | Sig. (2-tailed) | ,07 |
| | N | 3574 |

Од табелата **ANOVA** може да се констатира дека мултиплата корелација не е еднаква на нула F=10,004 на ниво на значајност (Sig.) од 0,000. Оттука, системот на варијабли ја детерминира критериумската варијабла, а од анализата на вредностите прикажани во табела бр.104 повисока корелација со варијаблата кривично дело има структурата на групата со важност од 0,868.

***Табела бр.103*** *ANOVA- критериумска варијабла-* ***Кривично дело***

| ANOVA | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | df | Mean Square | F | Sig. |
| Regression | 29,796 | 3 | 9,932 | 10,004 | ,000 |
| Residual | 3541,204 | 3567 | ,993 | | |
| Total | 3571,000 | 3570 | | | |
| Dependent Variable: КД<br>Predictors: Возраст СГ | | | | | |

***Табела бр.104*** *Корелации и важност на предикторите врз варијаблата-* ***Кривично дело***

| Correlations and Tolerance | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Correlations | | | Importance | Tolerance | |
| | Zero-Order | Partial | Part | | After Transformation | Before Transformation |
| Возраст | ,037 | ,029 | ,029 | ,132 | ,991 | ,982 |
| СГ | (,087) | (,083) | (,083) | ,868 | ,991 | ,982 |
| Dependent Variable: КД | | | | | | |

За крај не би можеле, а да не го анализираме рецидивизмот како варијабла. Криминолозите сторувањето на кривичното дело во група го врзуваат со негативна криминолошка прогноза, односно тврдат дека оние кои во група го извршиле кривичното дело многу почесто продолжуваат со активно вршење на кривични дела.

*Табела бр.105 Релација на варијабли рецидивизам и структура на групата*

| | | Структура на групата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетрогена група (+18) | Хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | **Вкупно** |
| **Рецидивизам** | Не | 361 | 972 | 303 | 110 | 53 | 1799 |
| | Да | 376 | 734 | 406 | 183 | 65 | 1764 |
| Total | | 737 | 1706 | 709 | 293 | 118 | 3563 |

Евидентно од табела бр.105 е високото учество на рецидивисти во вкупниот број на анализирани случаи, но исто така скоро и доминантен е бројот кај оние кои се сторени во група. Уште поевидентен е податокот прикажан на табела бр.106, преку чие читање се покажува за основано горенаведеното верување.

***Табела бр.106** Вредности на Пирсоновиот $X^2$ во врска со варијаблата рецидивизам*

| **Correlations** | | |
|---|---|---|
| | | Рецидивизам |
| СГ | Pearson Correlation | **,080** |
| | Sig. (2-tailed) | ,000 |
| | N | 3563 |

Вредноста на Пирсоновиот коефициент покажува висока корелација од што можеме основано да очекуваме дека групирањето и повторништвото се взаемно поврзани појави. Таквата констатација ја потврдуваме и со читањето на вредноста на Хи квадрат тестот, $X^2$=67,54 на ниво од Sig=0,00, што покажува дека постои интензитет на врска помеѓу структурирањето на групите и рецидивизмот.

***Табела бр.107** Вредности на Пирсоновиот $X^2$ во врска со варијаблата рецидивизам*

| **Chi-Square Tests** | | | |
|---|---|---|---|
| | Value | Df | Asymp. Sig. (2-sided) |
| Pearson Chi-Square | 67,542 | 4 | ,000 |
| Likelihood Ratio | 67,892 | 4 | ,000 |
| Linear-by-Linear Association | 22,574 | 1 | ,000 |
| N of Valid Cases | 3563 | | |

### 4.2. Резултати од спроведеното анкетирање на лица вработени во Центрите за социјална работа

Како што беше споменато и претходно, во овој дел од истражувањето се вклучија вкупно шестнаест испитаници вработени во Центрите за социјална работа во Република Македонија.

Анкетниот прашалник е формулиран на база на четиринаесет прашања, дел од нив со можност од повеќекратен избор и неколку отворени прашања во кои

анкетираните можеа слободно да го изнесат своето мислење и да дадат одредени препораки. Во однос на секое од прашањата во прилог ќе биде извршен приказ и анализа на одговорите од затворен тип, и квалитативна анализа на одговорите на прашањата од отворен тип, како и кратко појаснување на целта на истражувачот за поставувањето на соодветното прашање.

Првото поставено прашање се однесува на работната позиција која испитаникот ја има во рамките на Центарот, со оглед на фактот што тимовите се составени од различни профили на занимања. На прашањето се дадени вкупно четиринаесет одговори и истите се графички прикажани на графикон бр.9.

***Графикон бр.10*** *Работна позиција на испитаниците*




Следното прашање се однесува на периодот кој испитаникот го има поминато во установата Центар за социјални работи. За добивање на една целосна слика за феноменологијата на испитуваната појава истражувачот сметаше дека е потребно соодветно искуство, па веродостојноста на добиените резултати во секој случај би требала на темели на одговорите на оние кои подолг временски период се во речиси секојдневен контакт со испитуваната проблематика.

***Графикон бр.11*** *Работен стаж на испитаниците*



Од графичкиот приказ, на вкупно тринаесет добиени одговори, евидентно е дека во анкетирана структура доминираат испитаниците кои се повеќе од пет години дел од проблематиката поврзана со криминалитет кај децата, па за нив се претпоставува дека веќе ја формирале големата слика за карактеристиките кои се поврзани со неа и се во можност да дадат адекватно мислење.

Во однос на прашањето дали состојбата со детското престапништво и неговите појавни облици се видоизменила во временскиот период во кој тие се занимаваат со него, одговорите генерално се движат во иста насока. Имено, вработените во Центрите за социјална работа, сметаат дека криминалитетот кај децата претставувал и претставува сериозен општествен проблем, а облиците во кои истиот се манифестира "*не се изменети во голема мера*". Неговото појавување според нив е во непосредна врска со "*транзициските процеси, социјалната раслоеност и сиромаштијата на населението*", како и "*брзиот начин на живеење во периодот на пост-транзицијата*". Сето тоа според нив предизвика "*се поголемата отсутност на родителите од домот за обезбедување сретства за егзистенција со несредено работно време, што резултира кај децата да се појавува негативна идентификација, често престојување во простории за забава (кафичи) и неструктурирано користење на слободното време*."

Дали би се согласиле со констатацијата дека криминалитетот кај децата е групен феномен, е следното прашање кое беше поставено во анкетниот прашалник. Од вкупно четиринаесет добиени одговори **85,7 %** одговориле дека децата доминантно кривичните дела ги извршуваат во група составена од две или повеќе лица, додека 14,3 % одговориле дека децата доминантно самостојно ги извршуваат кривичните дела.

Од анализата на графичкиот приказ од графикон бр.11 може да се утврди и структурата на одговорите кои испитаниците ги дадоа во однос на интензитетот на групното извршување на кривичните дела кај децата. Евидентно од ставовите е дека во повеќе од 50 % од случаите, кои пред нив се појавиле во текот на нивната работа, децата формално или неформално се здружувале за да го извршат кривичното дело.

***Графикон бр.12*** *Интензитет на групно извршување на кривичните дела*




Во понатамошната анализа на дадените одговори, кога делото е во сторено во група, според стручното мислење на испитаниците, таа група **не е** цврсто структурирана, внатрешно хомогена и солидарна група. Напротив, кај детскиот криминалитет во нашата држава доминираат спонтано формираните групи, со цел извршување на кривичното дело, по чие завршување често се распаѓаат како што и биле формирани, што произлегува како заклучок од 78,6 % од одговорите на испитаниците. Самата нивна флексибилна структура е поврзана и со бројот на членови. Како што е евидентно од табела бр.108 најголемиот број од испитаниците се на став дека групите формирани за извршување на кривичните дела не се многубројни и во принцип бројат од 2 до 3 членови.

***Табела бр.108*** *Број на членови во групата според ставот на анкетираните*

| | 2 до 3 члена | 3 до 4 члена | 4 и повеќе |
|---|---|---|---|
| **Кога делата се сторуваат во група, од колку членови е најчесто составена таа?** | 9 | 4 | 1 |

Од аспект на практичари, нивниот став во однос на причините поради кои едно дете пристапува кон група која извршува кривични дела е повеќе од јасен. 71,4 % се согласуваат дека заедничкиот афинитет за вршење на кривични дела не е основниот мотив за здружување. Психолошките и социјалните особености на младите луѓе, нивната насушна потреба да бидат прифатени од врсниците и интересните групи од нивната околина е доминантниот мотив за здружување.

Од каде пак произлегува идејата за вршење кривични дела, можеби станува појасно кога ќе се погледне профилот на лица кои најчесто се здружуваат. Според анкетираните тоа се "*најчесто машки деца, на возраст од 12 до 16 години, кои доаѓаат од семејства со сличен социјален и семеен статус, односно од дисфункционални семејства на разведени или разделени родители, самохрани родители, семејства каде што постои алкохолизам, наркоманија или родители од кои едниот или двата се исто извршители на кражби, живеат во од скоро иста улица, во град или поголеми селски средини, најчесто не посетуваат училиште или се со низок успех и проблематично поведение"*. Интересна за понатамошна анализа е и констатацијата на дел од испитаниците дека тоа се "*деца чии родители често се отсутни од дома (без разлика дали станува збор за сиромашни или добростоечки семејства)*".

Природата на самото дело, според ставот на 78,6 % од испитаниците, влијае на одлуката истото да се стори во група од две или повеќе лица. Во феноменолошката слика на криминалитетот кај децата, од нивното досегашно искуство, доминираат кривичните дела тешка кражба, разбојништво, насилство, учество во тепачки и сл. Ако се анализираат кривичните дела, здружувањето се чини повеќе од оправдано, земајќи го во предвид фактот што најголем дел од нив се сложени казнени дела или дела на толпа чие дејствие на извршување, наведено во законското битие на кривичното дело, е практично невозможно комплетно да биде реализирано од страна на едно лице.

Поделено е мислењето на испитаниците околу ставот дека извршувањето на делото во група понатаму влијае на повторната одлука на децата да сторат кривично дело (рецидивизам)[406], но затоа 71,5 % од испитаниците се согласни дека установите за згрижување на деца или установите каде децата издржуваат некоја заводска мерка или казна ги препознаваат како "извориште" на ваквите криминални групи, што се потврдува во понатамошната фаза на истражувањето.

### 4.3. Резултати од спроведените интервјуа со штитеници и вработени во Воспитно поправен дом

Во рамките на истражувањето беше спроведено интервју со вкупно шест штитеници од Воспитно поправниот дом. Интервјуто се спроведе со поставување на

[406] 57,1 % од испитанците сметаат, а 42,9 % не сметаат дека дека сторувањето на делото во група понатаму влијае на повторната одлука на децата да сторат кривично дело (рецидивизам).

отворен тип на претходно подготвени прашања, но евидентирани беа и сите дополнителни информации кои излегуваа надвор од предвидената шема. Исто така, беше извршен разговор и со психологот на установата кој ги надополни празнините во нивните искази, со цел добивање на една комплетна феноменолошка слика.

И во однос на овој дел од истражувањето, на секое од прашањата дадени во прилог, ќе биде извршен приказ и анализа на одговорите со обид за максимална обејктивност во нивната елаборација.

Од интервјуираните лица, по две се на возраст од 17 и 18 години, едно е на возраст од 15 и едно е на 19 годишна возраст. Секој од нив својата криминална кариера ја започнал релативно рано, во просек на возраст од 9 до 13 години, а по обемот на извршени кривични дела може да се пандан на возрасен криминалец кој се наоѓа на залезот на својата "кариера". Од нив пет се припадници на ромскиот етникум и еден е албанец.

Пред доаѓањето во Воспитно- поправниот дом, едно од децата живеело во Детскиот дом „11 Октомври“ во Скопје[407], две од нив биле сместени во Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми „25 мај“ во Скопје[408], едно "живеело" со своето семејство во Скопје[409], и две деца (кои потекнуваат од истото семејство) немале постојано место на живеење патувајќи по државите како азиланти.

Сите испитаници, како според нивното кажување, така и според документацијата со која располага домот, доаѓаат од многудетни, комплетно дисфункционални семејства. Родителите им се или криминалци, кои во моментот се во затвор, или такви кои во меѓувреме формирале нови семејства. Како резултат на тоа овие деца се оставени на "чување и воспитување" кај постарите членови од семејството (баба/дедо) или кај постарите браќа или сестри, што на посимплифициран начин значи

---

407 Установата сместува деца без родители и без родителска грижа над тригодишна возраст и младинци, обезбедува згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и воспитание на децата до обезбедување на услови за нивно враќање во семејството, односно до оспособување за самостоен живот и работа , а најдолго до шест месеци по завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин. Установата е должна на децата и младинците да им обезбеди посетување на основно и средно образование во соодветни установи, организирање стручна помош за успешно совладување на воспитно–образовниште програми, да организира различни облици на работа и живот, како и да се грижи за нивното здравје. (https://judd11oktomvri.mk/).

408 Во установата се згрижуваат деца со воспитно социјални проблеми на возраст од 7 до 18 години или до завршување на средно училиште, но најмногу до 3 години континуиран престој. Децата во објектот се сместуваат, се работи на нивното воспитание и образование, од страна на стручните работници се применуваат разни методи за опсервација и дијагностика, се дефинираат корективни третмани, индивидуални и групни, за работа со малолетното лице во зависност од потребата и слично.(http://www.domzadeca.mk/about.html)

409 Станува збор за дете чии родители се во затвор, и оттука е нејасно кој фигуративно кажано се грижел за него до периодот додека истиот не е сместен во домот.

на "чување и воспитување" на улицата. Затоа и не изненадува фактот што половина од нив добиле "институционална заштита", а колку истата претставува заштита е повеќе од очигледно.

Тешката материјална состојба во која постојано живееле можеби е причината што сите се јавуваат како извршители на кривични дела од областа на имотните деликти, со акцент на тешката кражба и разбојништвото.

Сите испитаници, делото го сториле во соучесништво со други лица, во групи кои не надминуваат четири членови во нивниот состав. Структурата на тие групи е доминантно хомогена, составена од деца на иста или слична возраст. Кај двајца испитаници е утврдено присуството на неколку години постари членови, кои се јавуваат во улога на "мозокот на операцијата", а децата во улога на "оперативци". [410]

Членовите на група не се непознати лица, напротив, тоа се лица со кои секојдневно комуницирале испитаниците. Оттука, групите се составени или од членови на семејството (потесно/пошироко) или од лица кои живеат во нивна непосредна близина (соседи). Карактеристично за децата кои биле сместени во гореспоменатите установи, е што продолжуваат да формираат групи, но сега токму од домските деца кои моментално им се на располагање.

Симптоматични и интересни за дискусија се наодите дека без разлика чија била идејата за извршување на кривичното дело, секое од тие дела можело да биде извршено и од страна на едно лице, барем според кажувањата на испитаниците. Групите биле создавани бидејќи на таков начин кривичното дело се извршува полесно, но според интервјуираните деца групното извршување е поинтересно и позабавно без разлика што на крајот од денот "пленот" треба да се дели. Во оваа насока дел од испитаниците нагласуваат и дека се вклучиле во групно извршување на делото "*за да му веруваат дека го извршил*", "*го правел тоа што го правеле сите, за да не го омаловажуваат*", а оние покреативните "*сакале да им помогнат на другарите да извадат некој денар*". Оттука, единствени се во ставот дека самостојно се вклучиле во групата, при што првиот стимул за нејзиното постоење не бил криминалниот, туку оној кој произлегува од чувството за припадност.

Секој од интервјуираните лица, како што и претходно напоменав, има богато криминално портфолио. Во принцип, најголемиот дел од тие кривични дела ги вршат

[410] Во овој контекст нагласуваат дека учеството на децата е во форма на соизвршителство, додека поттикнувањето, па и помагањето како форми на соучесништво евентуално се појавуваат кај повозрасните лица кои се директно или индиректно вклучени во криминалното дејствие.

во група, која има релативна стабилност. Како што еден од испитаниците изјавува: *"Големо друштво сме и сите правиме глупости, па со кој ќе се најдеме во конкретната ситуација со него ќе се реализира делото. Проверуваме и кого го бидува за нешто, па со него ги реализираме посериозните проекти"*. Единствено важно е меѓу потенцијалните членови да постои ниво на доверба, во спротивно истите не остануваат како потенцијален иден избор, како што вели еден од испитаниците: *"Некои деца си заминаа, со тие што останаа продолживме да крадиме. Пробавме и со нови ама не кодошеа, па ги исфрливме од компанијата"*.

Во самото истражување, не можеше фокусот да не се стави и на иднината на овие деца или криминолошката прогноза во однос на нивното однесување по излегувањето надвор од установата. Начелно, според исказот на психологот од установата, децата изјавуваат дека се каат за досега стореното и ветуваат дека во иднина нема да сторуваат нови кривични дела. Но, ситуацијата е секогаш поразителна во пракса. Децата се враќаат во истото социјално милје, со истите лица во своето опкружување и во отсуство на постпенален третман за краток временски период продолжуваат со криминални активности и како полнолетници завршуваат во некој од затворите ширум републиката. За таа цел на децата им го поставиме прашањето: *"Дали повторно ќе влезеш во комуникација со тие луѓе кога ќе излезеш оттука?"*. Одговорите не беа воопшто изненадувачки. Соучесниците на дел од анкетираните се моментално со нив во домот или во установата и затворот, а од ставот на некои од нив произлегува дека се свесни за реалноста со која се соочуваат и затоа велат: "*Сакал или несакал тие се таму каде што живеам, ама ќе гледам да не се дружам со нив*".

## ЗАКЛУЧОЦИ

Детското престапништво или малолетничката делинквенција претставува сериозен универзален проблем, присутен во сите етнички, расни и социјални средини. Денес под овој поим се подразбира широк спектар на неприфатливи однесувања почнувајки од асоцијални, антисоцијални па се до тешки облици на криминално однесување. Во оној момент кога асоцијалните однесувања ги преминуваат границите на детската непослушност и влегуваат во фазата на кршење на кривично правните норми, односно вршење на кривични дела, веќе зборуваме за криминалитет кај децата. Овој криминален феномен бара сериозно внимание и анализа, како посебна категорија во однос на општиот криминалитет, поради специфичностите врзани за биолошките, социјалните, криминално-политичките и правните карактеристики на детето.

Феноменолошката проблематика на криминалитетот кај децата претставува предмет на интересирање на низа регионални и пошироки научни и стручни собири. Реализирани се и низа емпириски истражувања кои внесуваат светлина во оваа проблематика и нагласуваат дека во прашање е таква појава во редовите на младата генерација која треба ефикасно да се следи и која е во пораст во низа земји во светот.

И покрај споменатите напори, сепак може со сигурност да се каже дека не е остварен комплетен увид во обемот, а особено во другите феноменолошки карактеристики на појавата на овие простори. Голем дел од светските истражувања, благо речено не се од особена корист кај овие сознанија кога се има во предвид фактот дека така сложена општествена појава манифестира и посебни карактеристики кои се непосредно условени од општествено-економските карактеристики на секоја држава.

Токму затоа, научната цел на ова истражување беше да се изврши научна дескрипција и да се добие проширена и попродлабочена слика за состојбата со криминалитетот кај децата на територија на Република Македонија, за периодот од 2005-2015 година. Посебен акцент во теоретското и емприското истражување е ставен на дебатата за групирањето при извршување на делото, односно феноменолошки една од најбитните компоненти по која криминалитетот кај децата се разликува од тој на полнолетните. Од овој аспект истражувачките постапки обезбедија да се добијат сознанија за распространетоста и престапничката активност на групите составени од млади делинквенти кај нас, што овозможи да се изврши анализа на структурата, бројноста, организираноста, внатрешните односи и динамиката на овој вид здружувања.

Резимирајќи ги добиените резултати и стекнатите нови сознанија, може да се констатира дека тоа овозможи да се потврдат поставените хипотези, но и да се стекнат некои нови феноменолошки, па и етиолошки сознанија што имаат научно-теоретско и практично значење кое ќе биде елаборирано во прилог.

1. Појдовно очекување во концептот на трудот беше дека:

*"Односот помеѓу возраста и криминалот кај децата е криволиниски во вид на ѕвонче, односно постои зголемување на престапничкото однесување, особено на групното, во периодот на раната адолесценција (околу возраста определена за кривична одговорност), кулминација во текот тинејџерски години (15-17 години), а потоа таквото однесување опаѓа".*

Истражувачките резултати и стекнатите нови сознанија упатуваат на тоа дека оваа посебна хипотеза **е во целост потврдена.**

Анализата на истражувачките резултати упатува на сознанието дека од вкупно 3581 сторител, просечна старосна возраст е 15 години, 8 месеци и 5 дена со стандардна девијација 1,114, што упатува на тоа дека доминантно е учеството на партиципанти на таа возрасна категорија во вкупниот број на сторители. Со вкрстување на варијаблите, структура на групата и возраст тој заклучок станува извесен. Во вкупниот примерок 80,8 % од децата кои делото го сториле во група припаѓаат на возрасната категорија од 15-17 години, 17,78 % на возрасната група од 10-14, а оние со над 18 години учествуваат со само 2 % .

Профилот на дете сторител на кривични дела, извлечен од анкетата спроведена со вработените во Центрите за социјална работа оди во прилог на оваа констатација, како и податокот кој го споменавме кај испитаниците од воспитно поправниот дом дека криминалната кариера ја започнале на возраст од 9 до 13 години, а зенитот го достигнале некаде кон 16тата година непосредно пред да бидат сместени во установата.

2. Анализата беше насочена и кон обезбедувањето на евиденција и сознанија во врска со проверка на претпоставката според која:

*"Дисфункционалноста и тешката материјална состојба на семејствата, значајно го детерминира нивното ризично однесување и припојување кон групите на врсници во кои може да доминираат делинквенти облици и криминално однесување."*

Нашите истражувачки резултати и непосредни сознанија од теренската работа, како и сознанијата од литературата укажуваат дека оваа посебна хипотеза **е во потполност потврдена.**

Анализата упатува на заклучокот дека дисфункционалните многубројни семејства со низок социо- економски статус се расадник за криминално ориентирани деца, особено оние кои својата кариера ја започнаа и реализираа во вид на соучесништво.

Самиот сумарен приказ од дескриптивната анализа покажува дека над 55 % од семејствата на анализираните сторители се дисфункционални и многубројни, а 66,9 % од нив живеат на работ на сиромаштијата.

Статистичките анализи го потврдуваат заклучокот дека таквите семејства се доминантни и кај децата кои во група го извршуваат кривичното дело, особено што во таков случај дури и се јавуваат како фактор на влијание. Корелациите помеѓу соучесништвото и карактеристиките на семејството, прикажани преку вредностите на $x^2$ и Пирсоновиот коефициент укажуваа дека фактот што сторителите доаѓаат од нефункционални, многубројни и сиромашни семејства е битен предуслов за соучесништво при сторување на кривичните дела, а вредностите од категориската регресија потврдија дека семејството како варијабла ја детерминира критериумската варијабла (соучесништво) на статистички значајно ниво. [411]

Во прилог на потврдата на оваа хипотеза се и другите два сегменти од истражувањето. Децата испитаници сместени во воспитно поправен дом, како што беше споменато и во претходната глава, се генерално деца заборавени од семејството и општеството, а таквата слика соодветствува и на ставот на претставниците од Центрите за социјална работа.

3. Дел од истражувачкиот процес како и самата аналитичката расправа во трудот беше насочена и кон проверка на хипотезата според која:

*"Во криминалитетот кај децата колективноста (соучесништвото) се манифестира во облик на соизвршителство. Структурата на групите е доминантно хомогена, составена од две до три деца на иста или слична возраст, а децата поретко се солидаризираат со полнолетни лица кои и во тој случај најчесто се јавуваат во улога на поттикнувачи."*

[411] Кај сите анализирани фактори вредностите на $x^2$се пониски од граничната (0,05), што покажува дека се битен предуслов. Пирсоновиот коефициент покажува умерена до висока корелација (кај сите компоненти), а категориската регресија укажува дека мултиплата корелација не е нула, што значи целиот систем на предикторски варијабли ја детерминира критериумската варијабла на статистички значајно ниво.

Добиените сознанија укажуваат дека оваа посебна хипотеза **е во потполност потврдена.**

Имено, од децата вклучени во анализираниот примерок, 76,2% делото го извршиле во група. Од групите доминираат оние кои се составени од 2-3 члена, а во само 27,5 % од анализираните случаи станува збор за многубројни групи кои бројат над 4 членови. Што се однесува до структурата на групата, заклучивме дека 47,7 % од групите се хомогени и составени од врсници на возраст од 14 до 18 години. Децата во помалку од 20 % се здружуваат со полнолетни лица, но според судските предмети и кажувањата на испитаниците од домот, и во тие случаи полнолетните лица скоро и да не партиципираат во дејствието на извршување, туку се јавуваат во улога на поттикнувачи и помагачи.

Дека групите се компактни и хомогени, тврдат и 85,7 % од анкетираните вработени во Центрите за социјална работа, а и од исказите на интервјуираните деца се извлекува истиот заклучок.

4. Во тој контекст се претпоставуваше и дека:

"*Соучесништвото како значајна карактеристика на криминалитетот кај децата е во поврзаност со природата на кривичните дела. Сепак, непосредните ефекти од заедничкиот криминален чин се најчесто во втор план, а примарна е желбата за заеднички возбудливи доживувања, стекнување на искуства, докажување на храброст и сила, стекнување на адекватен статус во групата, а особено желбата за припаѓање кон истата.*"

Истражувачките резулатати и вкупната научна дебата и сознанија укажуваат на тоа дека оваа посебна хипотеза **е во потполност потврдена.**

Природата на самото дело, според ставот на 78,6 % од анкетираните практичари, влијае на одлуката истото да се изврши во група од две или повеќе лица. Според нив, во феноменолошката слика на криминалитетот кај децата, доминираат сложени казнени дела или дела на толпа чие дејствие на извршување многу често е неопходно да биде реализирано од страна на повеќе од едно лице.

Таквиот заклучок се изведува и од анализата на судските предмети. Како од утврдената корелација со статистичка значајност прикажана преку Пирсоновиот коефициент, така и преку извршената категориска регресија се утврдува дека групирањето и структурата на самата група е детерминирано од природата на кривичното дело.

Сепак, кога ќе се погледне позадината на целата таа слика, дел од заклучоците може да се извлечат само од исказите на интервјуираните деца сторители на кривични дела, кои тврдат дека кривичното дело се извршува полесно во група, но таквиот начин е и поинтересен и позабавен без разлика што на крајот од денот "пленот" треба да се дели. Оттука, единствени се во ставот дека самостојно се вклучиле во групата, но првиот стимул за нејзиното постоење не бил криминалниот, туку оној кој произлегува од чувството за припадност.

5. Во трудот се појде од претпоставката дека:

*"Групите се формираат спонтано, од страна на лица кои не се непознати меѓу себе и истите се со релативна стабилност. Во Република Македонија засега не се регистрирани повеќебројни делинквентни младински групи, со елементи на цврста хиерархиска организација и лидерство во групите."*

Вкупните резултати и сознанија стекнати со непосредното истражување и теориската дебата недвосмислено укажуваат дека и оваа посебна хипотеза е во **целост потврдена.**

Во однос на самата констатација практичарите беа практично едногласни и сметаат дека во детскиот криминалитет во нашата држава доминираат спонтано и лабаво формираните групи. Децата испитаници пак, таквата спонтаност ја објаснија со фактот што членовите на група биле лица со кои тие секојдневно комуницирале, лица од нивното семејство, од нивното маало или местото каде до тој момент престојувале. Од ваквата феноменологија на групите би можеле да кажеме дека кај нас групирањето на децата може да се подведе под категоријата "делинквенти кои делуваат заедно", особено поради релативната трајност и константност на истите.

6. Рецидивизмот е сериозен проблем кај криминалитетот во целина, особено кај децата како извршители на кривични дела. Токму затоа во трудот се хипотетизираше дека:

*"Децата кои во група ги сторуваат кривичните дела имаат негативна криминолошка прогноза и често се јавуваат како рецидивисти."*

Истражувачките резултати и непосредните сознанија укажуваат на тоа дека оваа посебна хипотеза **е во потполност потврдена.**

Во целокупното истражување евидентен беше заклучокот дека рецидивизмот е застапен помеѓу децата како извршители на кривични дела. Ако е поразителен податокот дека речиси 50 % од децата не фигурираат за прв пат во судските анали, би

требало да се замислиме колкава е бројката на оние кои претходно биле сторители, но од објективни причини останале надвор од официјалната евиденција.

Кога е групирањето во прашање, според висината на вредноста на Пирсоновиот коефициент, како и вредноста на $x^2$ се утврдува дека постои интензитет на врска помеѓу структурирањето на групи и рецидивизмот. Согласни со ова се и речиси 60 % од анкетираните практичари, како и "домските деца" кои се со богата криминална кариера.

Врз основа на досегашната расправа, теориската дебата, како и непосредните сознанија од истражувачките резултати можеме да констатираме дека и самата главната (генералната) хипотеза според која: ***"Извршувањето на кривичните дела во група е значајна и константна феноменолошка карактеристика на криминалитетот кај децата",*** е **во потполност потврдена**.

Имено, сите досегашни анализи и коментари недвосмислено одат во прилог на генералниот заклучок, дека групирањето кај децата е карактеристичен белег на кривичните дела кои тие ги сторуваат. Евидентно од податоците изведени од Основните судови, е дека скоро 2/3 од вкупниот број на кривични дела се извршени во група, а возраста, како квалификатив според кој криминалитетот кај децата се издвојува како посебна категорија, се покажа како најсилен предиктор кој има влијание како врз одлуката за групирање, така и врз типот и видот на формирани групи.[412] Од друга страна, временскиот период од единаесет години опфатени во истражувањето, овозможува доволно простор да се согледаат карактеристиките на криминалитетот кај децата во поширок контекст на движењата, процесите и промените и на таков начин да се утврди константноста на определените карактеристики.

Во насока на комплетирањето на погоре изнесените констатации, се и ставовите на практичарите, од кои 85,7 % тврдат дека децата доминантно, и тоа со интензитет од над 50 % од вкупниот број случаи, кривичните дела ги сторуваат во група.

[412] Поврзаноста меѓу предикторските варијабли и структурата на групата се покажа најсилна кај варијаблата возраст,со вредност на Пирсоновиот коефициент од 0,720 (силна корелација), а од категориската регресија повторно доминира возраста со важност на влијание од 0,855. Возраста има статистички најзначајно влијание и кај бројноста на групите, што преку неколку индикатори е прикажано во анализата на резултатите.

Заклучоците не би биле комплетни доколку горенаведените феноменолошки карактеристики не ги ставиме во контекст на теорија чии аргументи би ги искористиле како основ за објаснување на генезата на криминалното здружување кај нас.

Гледајќи ја големата слика, кои се, од каде доаѓаат и со кои животни предизвици се соочуваат, најприменлива на наши услови би била теоријата на општествена дезорганизација која причините за криминалот ги гледа во општествениот распад, распространет во оние делови на градските квартови кои се доминантно населени со сиромашни луѓе. Алтернативните модели за успех не се достапни во овие области, па негативното влијание на соседството лежи токму во идентификувањето со негативните обрасци на однесување по примерот "снајди се сам". Ова е уште поизразено во адолесценцијата кога силно се изразува потребата за припадност кон различни општествени групи. Во ситуации која семејството, училиштето и другите формални институции комплетно потфлиле околу нив, оваа група им служи како заменско семејство, во кое психолошки ја супституираат непосредната комуникација која им недостига. Покасно се јавува и криминалното однесување, како предмет и цел на нивното групирање, кога се структурираат во групи со јасно фиксирани криминални ставови и цели.

Кај онаа пак помала група од примерокот која не припаѓа на општественото дно, и кое потекнува од оние "навидум функционални семејства" , според наши сознанија, генералната теоријата на напнатост би била најапликативна според истражувачот. Адолесцентите се соочуваат со силни "животни извори на напнатост" кои произлегуваат од нивното растење, но во обидот "сами да го носат сопствениот товар" се соочуваат со тешкотии заради кои често влегуваат во колизија со "надредените". Токму поради тоа, првиот мотив на дружење кај нив настанува од потребата да се "исповедаат", да му ги доверат своите интимни доживувања, проблеми и тајни некому. Тука се појавува потребата за дружење со врсниците што доведува до нивно спонтано здружување во врснички групи. Ова организирање во групи, можно е, во една добро организирана средина, да се канализира кон превземање на позитивни активности и остварување на општествено посакувани цели. Но, во помалку контролирани услови, во услови кога семејството, училиштето и останатите формално задолжени единици затајуваат со својата функција, доаѓа до израз здружувањето во помали или поголеми групи кои манифестираат делинквентно или криминално однесување. Тогаш групата им служи како супститут за семејството, во кое ја доживуваат непосредната комуникација која им недостасува во семејството, а дури подоцна се јавува

криминалното однесување, како предмет и цел на нивното дејствување. Оттука, здружувањето во вакви ситуации не претставува толку организационен облик на извршување на кривичното дело, колку што само по себе има каузално значење за детското престапништво.

Во секој случај, сите погоре изнесени податоци укажуваат на сериозноста на проблемот и од потребата за сериозен пристап и организирана активност на сите засегнати субјекти.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Проучувањето на криминалитетот кај децата, особено неговата феноменологија, има значење пред се во смисла во која го овозможува успешното превенирање, спречување и сузбивање на оваа негативна општествена појава. Истражувањата треба да овозможат политиката на превенција да се насочува кон непосредните влијанија и околности што доведуваат до оваа појава, односно треба да овозможи таа да се конципира и остварува врз научно верификувани сознанија.

Имајќи ги во предвид резултатите до кои со ова истражување се дојде и согледувајќи ги сите аспекти и проблеми, а со цел подобрување на состојбата и унапредување на работата во оваа област, во прилог даваме некои сугестии на кои ќе им го посветиме нужното внимание не навлегувајќи во нивна подлабока разработка.

Денес преовладува сфаќањето дека успешното спротиставување на криминалот може да се реализира само со најширок ангажман на државните органи, воспитно-образовните установи, семејството, граѓанскиот сектор и јавноста воопшто. Оттука, проблемот мора да се решава само преку социјални и економски интервенции, насочени кон различни општествени нивоа, образовни програми, намалување на сиромаштијата, советување на родители, отворање на работни места и сл.

Предлог мерките, според сознанијата добиени од ова истражување би можеле да се насочени кон следните актери: семејството, училиштата, центрите за социјална работа и судовите.

**1.** Со цел успешна социјализација и општествен развој на детето, на семејствата, особено на оние од кои произлегле младите извршители на кривични дела треба да им се пружи:

- Помош на родителите во подигнување на успешноста на воспитното делување, во поглед на формирањето правилен однос кон работата и учењето, материјалните и духовните вредности и сл.
- Оспособување на родителите за правовремено воочување на симптомите на делинквентно однесување и формирање правилен став и постапување со таквите деца.
- Помош во совладувањето на објективните потешкотии од материјална, социокултурна природа, низок степен на образование, стамбени проблеми, невработеност и сл.

- Помош во совладувањето на субјективните потешкотии како што е клима, односно карактер на меѓучовечките односи во семејството, социопатолошко однесување на нејзините членови, алкохолизам и сл.

Активностите околу спроведувањето на горенаведените облици на помош треба да ги превземат воспитно-образовните, социјалните и здравствените установи.

2. Задачата на училиштето е младите да ги подготви за живот, оттука важен превентивен фактор претпоставува неговото интензивно делување како институција. Затоа:

- Нужно е училиштето да го дијагностицира образовното ниво на секој ученик и според тоа ниво да го прилагоди воспитно- образовната програма. Должно внимание да им се посвети на учениците кои живеат во тешки околности или покажуваат нарушувања во однесувањето, а притоа односот на професионалците да биде смислен и педагошки воден.
- Пожелно е организирање на продолжен престој на учениците во училиште, збогтен со разни заеднички активности, дружење, акции и манифестации.
- Конфликтните ситуации во училиштето треба да се решаваат на таков начин што децата ќе ја почуствуваат грешката која ја направиле, но истовремено да го утврдат патот кон нејзиното поправање.
- Секое училиште пожелно е да состави сопствен план и програма за превенција и спречување на делинквентно однесување, на ниво на наставници и стручни соработници во училиштето. За таа цел училиштето мора да биде во постојан контакт со семејствата, органите на јавна безбедност, надлежниот центар за социјална работа, организации за рекреација и слободни активности, средствата за јавно информирање и сл.
- Проширувањето на наставните програми со знаења и вештини како што се: комуникациски способности, донесување на одлуки, преговарање и решавање на конфликти, исто така позитивно ќе влијаат на превенцијата.

3. Центрите за социјална работа претставуваат важен фактор во ублажувањето и отстранувањето на делинквентното однесување кај децата и младите.

За да истите ефикасно делуваат потребно е:

- Да се состават предлог мерки на превентивно делување на својот терен, за што се неопходно потребни соодветни материјални услови за негова непречена реализација.
- Постојано да ја јакне соработката со семејствата во насока на отстранување на субјективните и објективните проблеми со кои се соочуваат децата, а кадровската екипираност е еден од неопходните услови за успешна реализација на таквиот план.
- При организирање и спроведување на мерките на засилен надзор да соработуваат со семејството, училиштето, МВР, правосудните органи итн., а не таквата обврска да претставува само " на хартија".
- Неопходно е да се работи и на јакнење на институционалните облици на ресоцијализација (вложување во постоечките и изградба на нови установи во поголемите центри).
- Потребно е и да се разгледа можноста за отварање на прифатни центри во градовите за деца и млади делинквенти.

4. Со цел судовите успешно делуваат на ублажување и отстранување на делинквентното однесување, нужно е:

- Судот да ја јакне соработката со семејствата и останатите актери на социјализација на делинквентните деца.
- Да води адекватна и систематизирана евиденција, која би била од корист при одредување на кривично правните мерки, изборот на судска одлука, одредувањето на облик на третман и составување на програма на превоспитување. Особено битно во овој контекст е да се води сметка за видот на мерки и санкции кои се изрекуваат, како и следење на нивното ефикасно спроведување. За таа цел е потребно јакнење на кадровската структура (социјален работник, психолог, педагог, невропсихијатар и сл.)

За самиот крај, треба да се укаже дека правилниот и добро организиран процес на социјализација на младите е најдобра стратегија на заедницата за превенција од сите облици на пореметување во однесувањето кај децата.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**


1. Agustina, J., Felson, M. (2015), *Routine activities, Delinquency and Youth Convergences,* The Handbook of Criminological Theory, Wiley;
2. Akers, R. (2010), *Social learning theory,* Encyclopedia of Criminological Theory, Sage Publishing;
3. Akers, R. (2010), *Social Learning and Social Structure: A General Theory of Crime and Deviance,*Transaction Publishers;
4. Akers, R., Jensen, G. (2006), *The empirical status of social learning theory of crime and deviance: The past, present, and future*, Taking Stock: The Status of Criminological Theory ,Vol. 15, Transactions Publishers;
5. Akers, R., Sellers, C. (1999), *Criminological Theories: Introduction and Evaluation*, Second edition, Fitzroy Dearborn Publishing;
6. Andersen, M, Felson, M. (2010), *Situational Crime Prevention and Co-Offending*, Crime pattern and analysis, Volume 3, Number 1;
7. Andersen, M., Felson, M. (2012), *Co-offending and the diversification of crime types*, International journal of Offender Therapy and Comparative Criminology 56(5);
8. Andersen, S. (2019), *Partners in crime? Post-release recidivism among solo and co-offenders in Norway*, Nordic Journal of Criminology, Vol.20,No.1;
9. Andresen, M.A., Felson, M. (2010), *The impact of co-offending,* British Journal of Criminology, Volume 50/1;
10. Argun, U., Dağlar, M. (2016), *Examination of Routine Activities Theory by the property crime*. International Journal of Human Sciences, 13(1);
11. Bačić, F. (1980), *Krivično pravo-opči dio*, Informator, Zagreb;
12. Bačič, F. (1989), *Opšti pogled na krivično pravnu problematiku delikta nasilija*, Prosveta, Beograd;
13. Bačić, F., Pavlović, Š. (2004), *Komentar kaznenog zakonika*, Organizator, Zagreb;
14. Bajer, M., Kljajić, S. (1990), *Kasniji životni put delinkventne djece*, Radna zajednica Republicke konferencije Saveza socijalisticke omladine Hrvatske, Zagreb;
15. Baron, S., Agnew, R. (2014), *General strain theory an offending over the life course*, Criminological Theory: A Life-course Approach, Jones and Bartled Learning;
16. Bazon, M., Estevão, R. (2012), *Juvenile Criminal Behavior and Peers' Influences: A Comparative Study in the Brazilian Context*, Universitas Psuchologica, V.11 No. 4;
17. Bernburg, J. (2014), *Anomie and Crime*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference, New York;

18. Bichler, G., Malm, A., Enriquez, J. (2014), *Magnetic Facilities: Identifying the Convergence Settings of Juvenile Delinquent*, Crime & Delinquency, Vol. 60(7), SAGE Publication;
19. Bilandžija, G. (2014), *Prevencija devijantnog ponašanja adolescenata*, Tehnika i informatika u obrazovanju, 5ta Konferencija sa međunarodnim učešćem, FTN Čačak;
20. Boman, J. (2013), *The intersection of friendship, networks, and crime: A developmental extension and test of Sutherland's differential association theory*, University of Florida;
21. Brady, C. (2017), *Social learning theory*, The Encyclopedia of Juvenile Delinquency and Justice, Wiley;
22. Bridges, B. (1927), *Factors Contributing to Juvenile Delinquency*, Journal of Criminal Law and Delinquency, Volume 17 Issue 4;
23. Burfeind, J., Bartusch, D. (2011), *Juvenile Delinquency: an Integrated Approach- second edition*, Jones and Bartled Publishers;
24. Burfeind, J., Bartusch, D. (2016), *Juvenile Delinquency- An integrated approach, Third edition*, Routledge;
25. Carrington, P. (2009), *Co-offending and the development of the delinquent career*, Criminology, Volume 47 Number 4;
26. Carrington, P. (2014), *Co-offending*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference;
27. Casey, B., Caudle, K. (2013), *The Teenage Brain: Self Control*, Current Directions in Psychological Science 22(2);
28. Čejović, B. (1987), *Krivično pravo u sudskoj praksi*, Prva kniga opšti deo, Beograd;
29. Čejović, B. (1987), *Krivično pravo-opšti deo*, Naučna kniga, Beograd;
30. Clarke, R., Felson, M. (2015), *Routine activity and Rational choice*, Advance in Criminological Theory, Volume 5, Routledge;
31. Committee on the Right of the Child (2007), *General Comment No. 10- Children's rights in juvenile justice*, CRC/C/GC/10;
32. Department of Public Security, General Secretariat of the Organization of American States (2007), *Definition and Classification of Gangs -Executive Summary*, Washington;
33. Đurđević, Z., Vuković, S., Radović, N. (2013), *Violence of crime street groups*, Nauka, bezbednost, policija, 18(1);

34. Đurić S. (2015), Istraživanje bezbednosti kvalitativni pristup, Univerzitet u Beogradu, Fakultet bezbednosti, Beograd;
35. Esiri, M. (2016), *The Influence of Peer Pressure on Criminal Behaviour*, IOSR Journal Of Humanities And Social Science (IOSR-JHSS) Volume 21, Issue 1, Ver.III;
36. Farrington, D., Kazemian, L., Piquero, A. (2019), *The Oxford Handbook Of Developmental and Life Course Crimilonogy*, Oxford University Press;
37. Franzese, R., Covey, H., Menard, S. (2014), *Youth gang-fourth edition*, Charles C Thomas Publishers;
38. Frías-Armenta, V., Corral-Verdugo, V. (2013), *Environmental and Individual Factors in Adolescent Antisociality: A Structural Model of Mexican Teenagers*, International Journal of Criminal Justice Sciences, Vol. 8 (2);
39. Garačić, A. (2009), *Kazneni zakon u sudskoj praksi -opći dio*, Organizator, Zagreb;
40. Gibbons, D. (1976), *Delinquent behavior - 2nd edition*, Practice hall, New Jersey;
41. Hasaković, E. (2018), *Social disorganization theory testing in the light of Bosnian reality- Criminological and security discourse*, Drustvena Ii tehnička istrazivanja, Godina IV, br. 1;
42. Henderson, B. (2015), *Exploring the Interactive Effects of Social Learning Theory and Psychopathy on Serious Juvenile Delinquency*, Graduate Theses and Dissertations, University of South Florida, (http://scholarcommons.usf.edu/etd/5854);
43. Hochstetler, A. *Co-offending and offender decision making*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer, New York, NY;
44. Hochstetler, A., Copesb, H., DeLisia, M. (2002), *Differential association in group and solo offending* , Journal of Criminal Justice, No.30;
45. Hollis-Peel, M., Reynald, D., Bavel, M., Elffers, H., Welsh, B. (2011), *Guardianship for crime prevention: a critical review of the literature*. Crime, Law and Social Change, Springer Verlag;
46. Howell, J. C. (1997), *Youth Gangs*, OJJDP Fact Sheet (Office of Juvenile Justice and Delinquency Prevention, U.S. Department of Justice);
47. Hsieh, M., Wang, S. (2018), *Routine Activities in a Virtual Space:A Taiwanese Case of an ATM Hacking Spree*, International Journal of Cyber Criminology,Vol 12 Issue 1
48. Ignjatović. Đ. (2009), *Teorije u kriminologiji*, Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd;
49. Jang, S. J., Agnew, R. (2015), *Strain Theories and Crime*, International Encyclopedia of the Social & Behavioral Sciences, 2nd edition, Vol 23, Elsevier;

50. Jašović, Ž. (1974), *Slobodno vreme i prestupničko ponašanje mladih*, Institut za kriminoločka i sociološka istraživanja, Beograd;
51. Jeffery, C. (1965), *Criminal behavior and learning theory*, The Journal of Criminal Law, Criminlogy and Police Science, Vol.56, No.3;
52. Jones, S. (2006), *Criminolgy-third edition*, Oxford University Press;
53. Jong Jung, S., Rhodes, J., (2012), *General strain and non-strain theories: A study of crime in emerging adulthood*, Journal of Criminal Justice, Vol. 40;
54. Jovasević, Đ. (2006), *Osnovne karakteristike novog maloletničkog krivičnog prava Republike Srbije*, Zbornik Pravnog fakulteta Sveuilišta u Rijeci, vol. 27, br. 2;
55. Komentar Krivičnog zakonika Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije (1978), "Savremena administracija";
56. Konstantinović-Vilić, S., Nikolić-Ristanović, V., Kostić, M. (2010), *Kriminologija*, Prometej, Beograd;
57. Kostić, M. (2002), *Forenzička psihilogija*, Zavod za udžbenike i nastavma sredstva, Beograd;
58. Kringen J. A., Felson M. (2014), *Routine Activities Approach*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice. Springer, New York;
59. Kubrin, C. (2009), *Social Disorganization Theory: Then, Now, and in the uture*, Handbook on Crime and Deviance, Springer;
60. Kubrin, C., Wo, J. (2016), *Social Disorganization Theory's Greatest Challenge: Linking Structural Characteristics to Crime in Socially Disorganized Communities*, The Handbook of Criminological Theory -First Edition, John Wiley & Sons;
61. Kvareceus, W. (1964), *Juvenile delinquency- a problem for the modern world*, Unesko;
62. Lantz, B., Hutchison, R. (2015), *Co-offender ties and the criminal career: The relationship between co-offender group structure and the individual offender*, Journal of research in crime and delinquency, Vol 52(5);
63. Loeber, R., Farrington, D. (2014), *Age- Crime Curve*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference, New York;
64. Martinjak, D., Odeljan, R. (2016), *Etiološki I fenomenološki čimbenici maloljetičke delinkvencije*, Ministarstvo unutrašnjih poslova Republike Hrvatske, Policiska Akademija, Zagreb;
65. Mastrigt, S., Farrington, D. (2009), *Co-offending, age, gender ang crime type: Implications for criminal justice policy*, Brit.J.Criminol. No.49;

66. Matsueda, R. (1988), *The current state of Differential Association Theory,* CRIME&DELINQUENCY, Vol.34 No.3, Sage Publications;
67. Matsueda, R. (2006), *Differential social organization, collective action, and crime*, Crime, Law and Social Change, Volume 46, Issue 1–2;
68. McCord, J., Conway, K. (2002), *Patterns od juvenile delinquency and co-offending*, U.S. Department of criminal justice, Temple University;
69. McGloin, J., Povitsky Stickle, W. (2011), *Influence or Convenience? Disentangling Peer Influence and Co-offending for Chronic Offenders*, Journal of Research in Crime and Delinquency 48(3), Sage Pub;
70. McGloin, J.M., Sullivan, C., Piquero, A., Bacon, S. (2008), *Investigating the stability of co-offending and co-offenders among a sample of youthful offenders*, Criminology, Volume 46, Number 1;
71. McGloin, J., Piquero, A. (2010), *On the Relationship between Co-Offending Network Redundancy and Offending Versatility*, Journal of Research in Crime and Delinquency 47(1), Sage Publication;
72. McMurtry, M., Curling, A. (2008), *The Review of the Roots of Youth Violence,* Ontario Publications;
73. McNeeley, S. (2015), *Lifestyle-Routine Activities and Crime Events*, Journal of Contemporary Criminal Justice, Vol. 31(1) ;
74. McVie, S. (2005), *Patterns of Deviance underlying the Age-crime Curve: The Long Term Evidence*, Criminology and Criminal Justice, Vol 7;
75. Milutinović, M. (1976), *Kriminologija sa osnovama kriminalne politike I penologije drugo dopunjeno izdanje,* Savremena administracija, Beograd;
76. Milutinović, M. (1990), *Kriminologija - šesto izdanje*, Savremena administracija, Beograd;
77. Miro, F. (2014), *Routine Activity Theory,* The Encyclopedia of Theoretical Criminology- First Edition, Blackwell Publishing Ltd;
78. Osgood, D., Wilson, J., O'Maley, P., Bachman, J., Johnston, L. (1996), *Routine activities and individual deviant behavior,* American Sociological Revew, Vol.61;
79. Ozgud, D., Anderson, A., Shefer, J. (2005), *Unstructured leisure in the afterschool hours*. Organized activities as contexts of development: Extracurricular activities, after school and community programs, 70(3);

80. Polizzi, D. (2011), *Agnew's General Strain Theory Reconsidered: A Phenomenological Perspective*, International Journal of Offender Therapy and Comparative Criminology, 55(7), SAGE Publications;
81. Pourheidari, A., Croisdale, T. (2010), *Understanding criminal co-offending: A historiography of research literature*, IPES/DCAF Working Paper No. 27;
82. Prodanović, Vasilević, D. (2017), *Maloletni prestupnik kao žrtva kriminala*, Specijalna edukacija i rehabilitacija Vol. 16, br. 3, Beograd;
83. Radović-Stojanović, J. V., Tomić, M. J. (2019), *Socioekonomske karakteristike punoletnih učinilaca krivičnih dela u Republici Srbiji*, Journal of Criminalistics and Law Vol. 24, No. 1;
84. Regoli, R., Hewitt, J., DeLisi, M. (2017), *Delinquency in Society- Tenth edition,* Jones&Bartlett Learning, Burlington;
85. Reiss, A. (1988), *Co-offending and criminal careers,* Crime and Justice, Vol.10, University of Chicago Press;
86. Reiss, A., Farrington, D. (1991), *Advancing knowledge about co-offending: results from a prospective longitudinal survey of London males,* The Journal of Criminal law & Criminology, Vol.81, No.2;
87. Reynald, D. (2010), *Guardians on guardianship: Factors affecting the willingness to supervise, the ability to detect potential offenders, and the willingness to intervene,* Journal of Research in Crime and Delinquency 47 (3);
88. Ricijaš, N. (2009), *Pripisivanje uzročnosti vlastitog delinkventnog ponašanja mladih-doktorska disertacija*, Sveučilište u Zagrebu- Pravni fakultet, Zagreb;
89. Sabo, V. (2017), *Social Relationships in Young Offenders: Relevance to Peers, Poverty, and Psychological Adjustment,* Electronic Thesis and Dissertation Repository (https://ir.lib.uwo.ca/etd/4364);
90. Sampson, J. R., Groves, B. (1989), *Community Structure and Crime: Testing Social-Disorganization Theory*. American Journal of Sociology, Volume 94, No.4;
91. Sampson, R. J. (1987), *Urban black violence: The effect of male joblessness and family disruption,* American Journal of Sociology,Volume 93, No.2;
92. Sarnecki, J. (2001), *Delinquent networks – Youth co-offending in Stockholm,* Cambridge University Press;
93. Schafer, D., Rodrigues, N., Decker,S. (2013), *The role of neighbordhood context in youth co-offending*, CRIMINOLOGY, Volume 52 Number 1;

94. Shaw, C., McKay, H. (1932), *Are Broken Homes a Causative Factor in Juvenile Delinquency*?, Social Forces, Vol. 10, No. 4;
95. Shaw, C., McKay, H. (1942), *Juvenile delinquency and urban areas*, University of Chicago Press;
96. Shushak, I. (2015), The impact of media violence on childen, Зборник радова "Супростављање савременим облицима криминалитета- анализа стања, европски стандарди и мере унапређења, Том 3', Криминалистичко-полицијска академија, Београд;
97. Shushak, I., Kleckaroska, K (2014), *Violence in the minors in the Republic of Macedonia*, Зборник радова- "Насиље у Србији- Узорци, облици, последице и друштвене реакције", Том 2, Криминалистичко-полицијска академија, Београд;
98. Siegel, L., Welsh, B. (2009), *Juvenile delinquency-theory, practice, and law*, Wadsworth;
99. Singer, M., Todorovič-Mikšaj, Lj. (1993), *Delinkvecija mladih-drugo izdanje*, Nakladni zavod, Zagreb;
100. Singer, M. (1996) *Kriminologija-drugo izdanje*, Nakladni zavod Globus, Zagreb;
101. Škulić, M. (2010), *Starosna granica sposobnosti za snošenje krivice u krivičnopravnom smislu*, CRIMEN(1)2;
102. Solzenberg, L. (2008), *Co-offending and the Age-Crime Curve*, Journal of research in crime and delinquency, Volume 45, Number 1;
103. Spaseski, J., Aslimoaki, P., Bačanović, O. (2011), *Pedagoška sociopatologija*, Bitola;
104. Srzentić, N., Stajić, A. (1954), *Krivično pravo Federativne narodne republike Jugoslavije-opšti deo*, Arhiva za pravne i društvene nauke, Beograd;
105. Stojanović, Z. (2015), *Krivično pravo- opšti deo-dvadeset i drugo izdanje*, Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd;
106. Taskin, S. (2014), *Contemporary developments in social learning theory in criminological research and its possible use in Turkish criminological research*, The Journal of International Social Research, Vol.7, Issue.34;
107. Thomas, K., Simpson, S. (2014), *Social Learning Theory*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer;
108. Tomić, M. (1983), *Pomaganje kao oblik saučesništva*, Glas, Banja Luka;
109. *Tufegdžić, V. (2012),* Vršnjačko nasilje: Mladi i bezdušni. *Novi Magazin*;

110. Vasques, B., Zimmerman, G. (2014), *An investigation into the empirical relationship between peers, friendship and delinquency*, Journal od Criminal Justice, No.42;

111. Vazsonyi, A., Jiskrova, G. (2018), *On the development of self-control and deviance from preschool to middle adolescence,* Journal of Criminal Justice No.56;

112. Verrill, S. (2005), *Social structure and social learning in delinquency: A test of Akers' social structure-social learning model*, Graduate Theses and Dissertations, (http://scholarcommons.usf.edu/etd/894);

113. Vranjesevic, J., Trikić, Z., Koruga, D., Vidović, S., Dejanović, V. (2003), *Vršnjačka medijacija – priručnik za voditelje radionica iz oblasti obrazovanja za veštine medijacije*, Kinderberg and GTZ, Beograd;

114. Vrselja, I. (2010), *Etiologija delinkventnog ponašanja: Prikaz Pattersonove i Moffittine teorije razvojne psihopatologije* , Psihologijske teme 19/1, Institut društvenih znanosti Ivo Pilar, Zagreb;

115. Walsh, E., Hemmens, C. (2008), *Introduction to criminology,* SAGE Publications;

116. Warr, M. (2002), *Companions In Crime*, Cambridge University Press;

117. Warr, M. (2006), *Life-Course Transitions and Desistance from Crime*, CRIMINOLOGY, Volume 36, Issue 2;

118. Weerman, F. (2003*), Co-offending as social exchange –Explaining the Characteristics of Co-offending*, British Journal of Criminology 43/2;

119. Weerman, F. (2014), *Theories of Co-offending*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice. Springer, New York;

120. Weerman, F., Maxson, C., Esbensen, F., Aldridge, J., Medina, J., Gemert, F. (2009), EUROGANG PROGRAM MANUAL, Background, development, and use of the Eurogang instruments in multi-site, multi-method comparative research;

121. Wen-Hsu, L. (2011), *General Strain Theory and Juvenile Delinquency: A Cross-Cultural Study,* Graduate Theses and Dissertations, (http://scholarcommons.usf.edu/etd/3208);

122. White, R. (2002), *Understanding Youth Gangs*, Trends and Issues in Crime and Criminal Justice series, No.237, Australian Institute of Criminology;

123. World YOUTH Report (2003), *The global situation of young people*, Department of Economic and Social Affairs, United Nations;

124. Wortley, R., Tilley, N. (2014), *Theories for Situational and Environmental Crime Prevention*, Encyclopedia of Criminology and Criminal Justice, Springer Reference, New York;

125. Yilmas, I., Koca,G. (2015), *General Strain Theory of Delinquency: the Developmental Process of Robert Agnew's Works from a Historical Perspective*, International Journal of Business and Social Science, Vol. 6, No. 11;

126. Zahn, M., Brownstein, H., Jackson, S. (2004), *Violence: From Theory to Research*, Routledge;

127. Zlatarić, B. (1956), *Krivični zakonik u praktičnoj primen*i, Narodne novine, Zagreb;

128. Agnew, R. (1992), *Foundation for a General Strain Theory of Crime and Delinquency*, Criminology, Volume 30, No.1;

129. Akers, R. Krohn, M., Kaduze, L., Radoshevich, M. (1979), *Social Learning and Deviant Behavior: A specific test of a General Theory*, American Sociological Revew, Vol.44;

130. Andersen, M. (2013), *The Science of Crime Measurement: Issues for Spatially Referenced Crime Data*, Roudledge;

131. Арнаудовски, Љ. (1981), *Малолетничко престапништво-предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81*, Скопје;

132. Арнаудовски, Љ. (2007), *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип;

133. Арнаудовски, Љ. (2007), *Општ теоретски пристап кон новите состојби на малолетничкиот криминалитет, Студија-Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република М*акедонија, Скопје;

134. Арнаудовски, Љ. (2008), *Законот за малолетничка правда и малолетноста, Зборник на трудови – Малолетничка правда - од идеја до практика*, Скопје;

135. Бачиќ, Ф. (1972), *Кривично право-општ дел*, Универзитет Кирил и Методиј во Скопје, Скопје;

136. Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015), *Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот*, Правен факултет "Јустинијан Први"- Скопје, Скопје;

137. Велкова, Т. (2006), *Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот 1981-2000 година*, Штип:2-ри Август;

138. Веселс, Ј., Бојлке, В. (2009), *Кривично право-општ дел*, Табернакул, 2009;

139. Игњатовић, Ђ. (2015), *Криминалитет малолетника- стара тема и нове дилеме, Зборник: Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела и прекршаја*, Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Београд;

140. Јашовић, Ж. (1991), *Криминологија малолетничке делинквенције,* Naučna knjiga, Београд, 1991;

141. Јовановић, Љ. (1974), *Погледи и схватања о саучесништву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, стр.77;

142. Јовашевић, Д. (2000), *Подстрекавање као облик саучесништва у кривичном праву*, Правни зборник, бр.1-2, Подгорица;

143. Јовашевић, Д. (2014), *Саучесништво у савременом кривичном праву,* Зборник радова правног факултета у Нишу, Број 67, Година LIII;

144. Кајзер, Г. (1996), *Криминологија-вовед во основите,* Александрија, Скопје;

145. Камбовски, В. (2001), *Учество на повеќе лица во казненото дело*, Скопје, 2001;

146. Камбовски, В. (2011), Казнено *право-општ дел, Четврто изменето и дополнето издание*, Скопје;

147. Камбовски, В. (2011), *Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија*- Интегрален текст, Матица;

148. Камбовски, В., Крстаноски, М. (2010), *Казнено право-општ дел*, Охрид;

149. Кларк, Р. (2009), *Криминалитет у Америци – запажања о његовој природи, узорцима, превенција и контроли*, Београд;

150. Крстановски, М. (2010), *Криминалитет и детекција*, Факултет за туризам и угостителство- Охрид, Охрид;

151. Лабовиќ, М., Николовски, М. (2010), *Организиран криминал и корупција,* Факултет за безбедност, Скопје;

152. Љубичиђ, С., *Малолетнички криминалитет*, Култура полиса, Нови Сад, http://kpolisa.com/KP8-9-10/Pdf/kp08-VI-1-StankoLjubicic.pdf;

153. Magerl, A. (2014), *Utjecaj drustva na prevenciju kriminaliteta*, Zbornik radova -Nova naucna edukativna misao, No.3, Nomotehnički Centar Beograd;

154. Марјановиќ, Ѓ. (1988), *Кривично право-општ дел*, Студенстски збор, Скопје;

155. Марјановиќ, Ѓ. (1996), *Кривичен законик со вовед, објаснувања и регистар на поимите*, Службен весник на Република Македонија, Скопје;

156. Милутиновић, М. (1971), *Основни феноменолошки и етиолошки проблеми омладинске делинквенције, Зборник чланака- Етиологија малолетничког преступништва*, Београд ;

157. Милутиновиќ, М. (1988), Пенологија, Белград;

158. Мирић, Ф. (2014), *Савремена схватања феноменологије и етиологије малолетничке делинквенције-докторска дисертација*, Универзитет у Нишу-Правни факултет, Ниш;

159. Млађеновић- Крупић, Р. (2001), *Криминологија*, Универзитет у Сарајеву, Факултет криминалистичких наука, Сарајево;

160. Мојановски, Ц. (2013), *Методологија на безбедносните науки - аналитички постапки*, Книга III, Скопје;

161. Проевски, В. (1986), *Кривично право-општ дел*, Студенски збор, Скопје;

162. Самарџић, С. (2011), *Универзална доња старосна граница способности,* Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 2-2011;

163. Скакавац, Т. (2012), *Рецидивизам малолетних учинилаца кривичних дела-докторска дисертација*, Универзитет у Нишу-Правни факултет, Ниш;

164. Сулејманов, З. (2000), *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје;

165. Тодоровић, А. (1964) *Преступништво код омладине*, Документи данашњице, Нова серија Год. IV, бр.88, Београд;

166. Тодоровић, А. (1971), *Узорци малолетничког преступништва, Институт за криминолошка и криминалистичка истраживања*, Београд;

*167.* Томпсон, В., Бинам, Џ. (2014), *Малолетничка делинквенција- социолошки пристап,* Арс Ламина-публикации;

168. Хајдуковић Ч., (1975), *Преступништво понашање младих*, Савремена администрација, Београд;

169. Хрнчић, Ј. (1999), *Делинквент или пацијент-студија породичног неуспеха*, Задужбина „Андрејевић“, Београд;

170. Шкулић, М. (2003), *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела,* Досије, Београд;

Законски текстови и други прописи:

1. Закон за правда на децата, "*Службен весник на Република Македонија*" бр.148 од 29.10.2013 година;
2. Законот за малолетничка правда, "*Службен весник на Република Македонија*" бр.87 од 12.07.2007 година;
3. Кривичен законик, "*Службен весник на Република Македонија*", бр.37 од 29.07.1996 година, со сите измени заклучно со последната објавена во "*Службен весник на Република Северна Македонија*", бр.245 од 28.12.2018 година;
4. UN Standard Minimal Rules for the Adimistration of Juvenile Justice ("*The Bejiing Rules*"), General Asembly resolution 40/30, 29 November 1985;
5. *Convention on the Rights of the Child*, UN General Assembly, 20 November 1989,

Интернет страници:

1. http://www.domzadeca.mk/about.html ;
2. http://www.stat.gov.mk;
3. https://judd11oktomvri.mk/;

## ПРИЛОГ 1 - Табели

***Табела бр. 1*** *Кривични дела кај сторители - Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| | 236 | 853 | 54,1 | 54,1 | 54,1 |
| | 235 | 135 | 8,6 | 8,6 | 62,7 |
| | 242 | 63 | 4 | 4 | 66,6 |
| | 297 | 14 | 0,9 | 0,9 | 67,5 |
| | 396 | 2 | 0,1 | 0,1 | 67,7 |
| | 300 | 4 | 0,3 | 0,3 | 67,9 |
| | 130 | 1 | 0,1 | 0,1 | 68 |
| | 215 | 6 | 0,4 | 0,4 | 68,4 |
| | 188 | 16 | 1 | 1 | 69,4 |
| | 237 | 142 | 9 | 9 | 78,4 |
| | 131 | 43 | 2,7 | 2,7 | 81,1 |
| | 396 | 163 | 10,3 | 10,3 | 91,4 |
| | 201 | 7 | 0,4 | 0,4 | 91,9 |
| | 177 | 1 | 0,1 | 0,1 | 91,9 |
| | 268 | 6 | 0,4 | 0,4 | 92,3 |
| | 136 | 2 | 0,1 | 0,1 | 92,5 |
| | 383 | 12 | 0,8 | 0,8 | 93,2 |
| | 123 | 4 | 0,3 | 0,3 | 93,5 |
| | 243 | 5 | 0,3 | 0,3 | 93,8 |
| | 384 | 31 | 2 | 2 | 95,8 |
| | 231 | 1 | 0,1 | 0,1 | 95,8 |
| | 350 | 2 | 0,1 | 0,1 | 95,9 |
| | 132 | 7 | 0,4 | 0,4 | 96,4 |
| | 285 | 1 | 0,1 | 0,1 | 96,4 |
| | 288 | 12 | 0,8 | 0,8 | 97,2 |
| | 382 | 4 | 0,3 | 0,3 | 97,5 |
| | 193 | 2 | 0,1 | 0,1 | 97,6 |
| | 366 | 4 | 0,3 | 0,3 | 97,8 |
| | 385 | 1 | 0,1 | 0,1 | 97,9 |
| | 358 | 1 | 0,1 | 0,1 | 98 |
| | 216 | 4 | 0,3 | 0,3 | 98,2 |
| | 286 | 1 | 0,1 | 0,1 | 98,3 |
| | 238 | 6 | 0,4 | 0,4 | 98,7 |
| | 144 | 2 | 0,1 | 0,1 | 98,8 |
| | 187 | 1 | 0,1 | 0,1 | 98,9 |
| | 261 | 3 | 0,2 | 0,2 | 99 |
| | 242 | 5 | 0,3 | 0,3 | 99,4 |
| | 258 | 5 | 0,3 | 0,3 | 99,7 |
| | 179 | 1 | 0,1 | 0,1 | 99,7 |
| | 200 | 1 | 0,1 | 0,1 | 99,8 |
| | 274 | 1 | 0,1 | 0,1 | 99,9 |
| | 190 | 1 | 0,1 | 0,1 | 99,9 |
| | 133 | 1 | 0,1 | 0,1 | 100 |
| | Total | 1577 | 99,9 | 100 | |

***Табела бр. 2*** *Изречени санкции кај сторители - Скопје*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| | Засилен надзор од родител/старател | 658 | 41,7 | 41,7 | 41,7 |
| | Засилен надзор од социјален орган | 287 | 18,2 | 18,2 | 59,9 |
| | Упатување во воспитно поправна установа | 3 | ,2 | ,2 | 60,1 |
| | Упатување во воспитно поправен дом | 31 | 2,0 | 2,0 | 62,1 |
| | Се запира постапката (во тек е друга мерка) | 425 | 26,9 | 26,9 | 89,0 |
| | Се запира, станал полнолетен, ЈО се откажал | 159 | 10,1 | 10,1 | 99,1 |
| | Укор | 12 | ,8 | ,8 | 99,9 |
| | Затвор за деца | 2 | ,1 | ,1 | 100,0 |
| | Total | 1577 | 99,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 1 | ,1 | | |
| Total | | 1578 | 100,0 | | |

***Табела бр.3*** *Релација на варијабли семејство и структура на групата- Скопје*

| | | **Семејство** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Дисфукнционално | Функционално | |
| **Структура на групата** | Делото не е сторено во група | 106 | 177 | 283 |
| | Хомогена група (14-18) | 168 | 412 | 580 |
| | Хетерогена група (+18) | 147 | 259 | 406 |
| | хетерогена група (-14) | 117 | 99 | 216 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 40 | 47 | 87 |
| Total | | 578 | 994 | 1572 |

***Табела бр. 4*** *Релација на варијабли возраст и број на членови во групата-Скопје*

| | | **Возраст** | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 11 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Вкупен број на членови во групата** | Делото не е сторено во група | 0 | 0 | 54 | 68 | 86 | 80 | 3 | 291 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 0 | 0 | 86 | 86 | 127 | 88 | 2 | 389 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 0 | 0 | 96 | 100 | 111 | 77 | 0 | 384 |
| | Делото е сторено во група од 4 и повеќе лица | 1 | 1 | 109 | 145 | 140 | 113 | 4 | 512 |
| Вкупно | | 1 | 1 | 346 | 399 | 464 | 358 | 9 | 1577 |

***Табела бр.5*** *Релација на варијабли материјална состојба и број на чл. во групата-Скопје*

| | | **Материјална состојба** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Незадоволува | Задоволува | |
| **Вкупен број на членови во** | Делото не е сторено во група | 189 | 102 | 291 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 268 | 117 | 385 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 278 | 104 | 382 |
| | Делото е сторено во група од 4 и повеќе лица | 300 | 213 | 513 |
| Total | | 1035 | 536 | 1571 |

***Табела бр.6*** *Релација на варијабли семејство и број на чл. во групата-Скопје*

| | | **Семејство** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Дисфукнционално | Функционално | |
| **Вкупен број на членови во групата** | Делото не е сторено во група | 109 | 182 | 291 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 153 | 232 | 385 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 151 | 232 | 383 |
| | Делото е сторено во група од 4 и повеќе лица | 165 | 348 | 513 |
| Total | | 578 | 994 | 1572 |

***Табела бр.7*** *Релација на варијабли кривично дело и структура на групата-Скопје*

| | | **Структура на групата** | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетерогена група (+18) | хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| **Кривично дело** | 236 | 128 | 281 | 256 | 143 | 45 | 853 |
| | 235 | 48 | 45 | 25 | 11 | 6 | 135 |
| | 242 | 7 | 19 | 10 | 23 | 4 | 63 |
| | 297 | 9 | 1 | 1 | 3 | 0 | 14 |
| | 396 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 300 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | 130 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 215 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 6 |
| | 188 | 7 | 7 | 0 | 2 | 0 | 16 |
| | 237 | 12 | 80 | 32 | 10 | 8 | 142 |
| | 131 | 21 | 15 | 5 | 2 | 0 | 43 |
| | 396 | 1 | 92 | 51 | 12 | 7 | 163 |
| | 211 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| | 177 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 268 | 3 | 2 | 0 | 0 | 1 | 6 |
| | 136 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 383 | 5 | 3 | 4 | 0 | 0 | 12 |
| | 123 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| | 243 | 1 | 0 | 0 | 4 | 0 | 5 |
| | 384 | 0 | 13 | 3 | 0 | 15 | 31 |
| | 231 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 350 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| | 132 | 0 | 6 | 1 | 0 | 0 | 7 |
| | 285 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 288 | 3 | 0 | 5 | 4 | 0 | 12 |
| | 382 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 4 |
| | 133 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 366 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 |
| | 385 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | 358 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 216 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | 286 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 238 | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 | 6 |
| | 144 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 187 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 261 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| | 242 | 1 | 3 | 1 | 0 | 0 | 5 |
| | 258 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 | 5 |
| | 179 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 200 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 274 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 190 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 133 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Total | | 283 | 580 | 409 | 217 | 88 | 1577 |

***Табела бр.8*** *Рецидивизам кај сторители- Битола*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Да | 267 | 56,1 | 69,7 | 69,7 |
| | Не | 116 | 24,4 | 30,3 | 100,0 |
| | Total | 383 | 80,5 | 100,0 | |
| Missing | System | 93 | 19,5 | | |
| Total | | 476 | 100,0 | | |

***Табела бр.9*** *Кривични дела кај сторители - Битола*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 125 | 1 | ,2 | ,2 | ,2 |
| | 130 | 15 | 3,2 | 3,2 | 3,4 |
| | 131 | 29 | 6,1 | 6,1 | 9,5 |
| | 133 | 1 | ,2 | ,2 | 9,7 |
| | 141 | 1 | ,2 | ,2 | 9,9 |
| | 186 | 2 | ,4 | ,4 | 10,3 |
| | 188 | 9 | 1,9 | 1,9 | 12,2 |
| | 215 | 7 | 1,5 | 1,5 | 13,7 |
| | 216 | 2 | ,4 | ,4 | 14,1 |
| | 235 | 61 | 12,8 | 12,8 | 26,9 |
| | 236 | 258 | 54,2 | 54,2 | 81,1 |
| | 237 | 26 | 5,5 | 5,5 | 86,6 |
| | 238 | 6 | 1,3 | 1,3 | 87,8 |
| | 242 | 27 | 5,7 | 5,7 | 93,5 |
| | 247 | 2 | ,4 | ,4 | 93,9 |
| | 261 | 1 | ,2 | ,2 | 94,1 |
| | 292 | 3 | ,6 | ,6 | 94,7 |
| | 297 | 2 | ,4 | ,4 | 95,2 |
| | 365 | 1 | ,2 | ,2 | 95,4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 368 | 5 | 1,1 | 1,1 | 96,4 |
| | 378 | 1 | ,2 | ,2 | 96,6 |
| | 382 | 1 | ,2 | ,2 | 96,8 |
| | 383 | 2 | ,4 | ,4 | 97,3 |
| | 385 | 3 | ,6 | ,6 | 97,9 |
| | 386 | 8 | 1,7 | 1,7 | 99,6 |
| | 396 | 1 | ,2 | ,2 | 99,8 |
| | 418 | 1 | ,2 | ,2 | 100,0 |
| | Total | 476 | 100,0 | 100,0 | |

***Табела бр. 10** Санкции кај сторители - Битола*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Засилен надзор од родител или старател | 127 | 26,7 | 27,7 | 27,7 |
| | Засилен надзор од социјален орган | 59 | 12,4 | 12,9 | 40,5 |
| | Укор | 11 | 2,3 | 2,4 | 42,9 |
| | Упатување во воспитно поправен дом | 10 | 2,1 | 2,2 | 45,1 |
| | Упатување во воспитно поправна установа | 1 | ,2 | ,2 | 45,3 |
| | Затвор за деца | 2 | ,4 | ,4 | 45,8 |
| | Се запира постапката поради нецелисходност (во тек е друга мерка) | 90 | 18,9 | 19,6 | 65,4 |
| | Се запира постапката поради недокажана вина | 32 | 6,7 | 7,0 | 72,3 |
| | Засилен надзор од родител+социјален орган | 76 | 16,0 | 16,6 | 88,9 |
| | Се запира, станал полнолетен | 37 | 7,8 | 8,1 | 96,9 |
| | Се отфрла, не наполниле 14 год. | 2 | ,4 | ,4 | 97,4 |
| | Не се поведува постапка | 10 | 2,1 | 2,2 | 99,6 |
| | Се запира, умрел | 2 | ,4 | ,4 | 100,0 |
| | Total | 459 | 96,4 | 100,0 | |
| Missing | System | 17 | 3,6 | | |
| Total | | 476 | 100,0 | | |

***Табела бр.11** Релација на варијабли семејство и структура на групата-Битола*

| | | **Семејство** | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Нефункционално | Функционално | |
| **Структура на групата** | Делото не е сторено во група | 27 | 69 | 96 |
| | Хомогена група (14-18) | 79 | 126 | 205 |
| | Хетерогена група (+18) | 50 | 69 | 119 |
| | Хетерогена група (-14) | 10 | 15 | 25 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 11 | 5 | 16 |
| Total | | 177 | 284 | 461 |

***Табела бр.12** Релација на варијабли материјална состојба и структура на групата-Битола*

| | | Материјална состојба | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Незадоволува | Задоволува | |
| Структура на групата | Делото не е сторено во група | 67 | 29 | 96 |
| | Хомогена група (14-18) | 154 | 51 | 205 |
| | Хетерогена група (+18) | 91 | 28 | 119 |
| | Хетерогена група (-14) | 21 | 3 | 24 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 12 | 4 | 16 |
| Total | | 345 | 115 | 460 |

***Табела бр.13*** *Санкции кај сторители-Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Засилен надзор од родител | 189 | 29,1 | 29,2 | 29,2 |
| | Засилен надзор од ЦСР | 51 | 7,8 | 7,9 | 37,0 |
| | Воспитно поправна установа | 3 | ,5 | ,5 | 37,5 |
| | Воспитно поправен дом | 5 | ,8 | ,8 | 38,3 |
| | Се запира, во тек е друга мерка | 133 | 20,5 | 20,5 | 58,8 |
| | Се запира, станал полнолетен или ЈО се откажа од гонење | 46 | 7,1 | 7,1 | 65,9 |
| | Укор | 213 | 32,8 | 32,9 | 98,8 |
| | Затвор | 8 | 1,2 | 1,2 | 100,0 |
| | Total | 648 | 99,7 | 100,0 | |
| Missing | System | 2 | ,3 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

***Табела бр.14*** *Кривични дела кај сторители- Штип*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 236 | 291 | 44,8 | 44,9 | 44,9 |
| | 235 | 128 | 19,7 | 19,8 | 64,7 |
| | 242 | 44 | 6,8 | 6,8 | 71,5 |
| | 297 | 60 | 9,2 | 9,3 | 80,7 |
| | 396 | 7 | 1,1 | 1,1 | 81,8 |
| | 300 | 11 | 1,7 | 1,7 | 83,5 |
| | 130 | 29 | 4,5 | 4,5 | 88,0 |
| | 215 | 5 | ,8 | ,8 | 88,7 |
| | 188 | 3 | ,5 | ,5 | 89,2 |
| | 237 | 9 | 1,4 | 1,4 | 90,6 |
| | 131 | 17 | 2,6 | 2,6 | 93,2 |
| | 386 | 4 | ,6 | ,6 | 93,8 |
| | 201 | 1 | ,2 | ,2 | 94,0 |
| | 268 | 8 | 1,2 | 1,2 | 95,2 |
| | 383 | 2 | ,3 | ,3 | 95,5 |
| | 123 | 1 | ,2 | ,2 | 95,7 |
| | 231 | 1 | ,2 | ,2 | 95,8 |
| | 288 | 2 | ,3 | ,3 | 96,1 |
| | 358 | 2 | ,3 | ,3 | 96,5 |
| | 216 | 2 | ,3 | ,3 | 96,8 |
| | 286 | 2 | ,3 | ,3 | 97,1 |
| | 247 | 1 | ,2 | ,2 | 97,2 |
| | 230 | 1 | ,2 | ,2 | 97,4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 400 | 3 | ,5 | ,5 | 97,8 |
| | 186 | 1 | ,2 | ,2 | 98,0 |
| | 227 | 1 | ,2 | ,2 | 98,1 |
| | 378 | 3 | ,5 | ,5 | 98,6 |
| | 133 | 1 | ,2 | ,2 | 98,8 |
| | 259 | 4 | ,6 | ,6 | 99,4 |
| | 366 | 1 | ,2 | ,2 | 99,5 |
| | 133 | 1 | ,2 | ,2 | 99,7 |
| | 149 | 1 | ,2 | ,2 | 99,8 |
| | 288 | 1 | ,2 | ,2 | 100,0 |
| | Total | 648 | 99,7 | 100,0 | |
| Missing | System | 2 | ,3 | | |
| Total | | 650 | 100,0 | | |

***Табела бр.15*** *Рецидивизам кај сторители-Гостивар*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Не | 452 | 51,4 | 51,4 | 51,4 |
| | Да | 428 | 48,6 | 48,6 | 100,0 |
| | Total | 880 | 100,0 | 100,0 | |

***Табела бр. 16*** *Санкции кај сторители-Гостивар*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Засилен надзор од родител или сатарател | 307 | 34,9 | 34,9 | 34,9 |
| | Засилен надзор од социјален орган | 147 | 16,7 | 16,7 | 51,6 |
| | Укор | 9 | 1,0 | 1,0 | 52,7 |
| | Упатување во воспитно-поправен дом | 27 | 3,1 | 3,1 | 55,7 |
| | Упатување во воспитно-поправна установа | 238 | 27,0 | 27,1 | 82,8 |
| | Затвор за деца | 122 | 13,9 | 13,9 | 96,7 |
| | Се запира постапката поради нецелисходност (во тек е друга мерка) | 20 | 2,3 | 2,3 | 99,0 |
| | Се запира постапката поради недокажана вина | 6 | ,7 | ,7 | 99,7 |
| | Засилен надзор од родител+социјален орган | 1 | ,1 | ,1 | 99,8 |
| | Не се поведува постапка | 1 | ,1 | ,1 | 99,9 |
| | Вонсудска спогодба | 1 | ,1 | ,1 | 100,0 |
| | Total | 879 | 99,9 | 100,0 | |
| Missing | System | 1 | ,1 | | |
| Total | | 880 | 100,0 | | |

***Табела бр. 17*** *Кривични дела кај сторители-Гостивар*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 236 | 349 | 39,7 | 39,7 | 39,7 |
| | 235 | 64 | 7,3 | 7,3 | 46,9 |
| | 242 | 74 | 8,4 | 8,4 | 55,3 |
| | 297 | 5 | ,6 | ,6 | 55,9 |
| | 396 | 2 | ,2 | ,2 | 56,1 |
| | 300 | 2 | ,2 | ,2 | 56,4 |
| | 130 | 4 | ,5 | ,5 | 56,8 |
| | 215 | 2 | ,2 | ,2 | 57,0 |
| | 188 | 11 | 1,3 | 1,3 | 58,3 |
| | 237 | 61 | 6,9 | 6,9 | 65,2 |
| | 131 | 19 | 2,2 | 2,2 | 67,4 |
| | 386 | 183 | 20,8 | 20,8 | 88,2 |
| | 201 | 12 | 1,4 | 1,4 | 89,5 |
| | 268 | 6 | ,7 | ,7 | 90,2 |
| | 383 | 9 | 1,0 | 1,0 | 91,3 |
| | 123 | 4 | ,5 | ,5 | 91,7 |
| | 243 | 2 | ,2 | ,2 | 91,9 |
| | 384 | 14 | 1,6 | 1,6 | 93,5 |
| | 132 | 8 | ,9 | ,9 | 94,4 |
| | 288 | 10 | 1,1 | 1,1 | 95,6 |
| | 382 | 4 | ,5 | ,5 | 96,0 |
| | 193 | 3 | ,3 | ,3 | 96,4 |
| | 366 | 3 | ,3 | ,3 | 96,7 |
| | 385 | 2 | ,2 | ,2 | 96,9 |
| | 358 | 2 | ,2 | ,2 | 97,2 |
| | 216 | 5 | ,6 | ,6 | 97,7 |
| | 286 | 2 | ,2 | ,2 | 98,0 |
| | 238 | 2 | ,2 | ,2 | 98,2 |
| | 144 | 4 | ,5 | ,5 | 98,6 |
| | 187 | 2 | ,2 | ,2 | 98,9 |
| | 179 | 2 | ,2 | ,2 | 99,1 |
| | 200 | 3 | ,3 | ,3 | 99,4 |
| | 274 | 2 | ,2 | ,2 | 99,7 |
| | 133 | 1 | ,1 | ,1 | 99,8 |
| | 133 | 2 | ,2 | ,2 | 100,0 |
| | Total | 880 | 100,0 | 100,0 | |

***Табела бр.18*** *Релација на варијабли членови во семејството и структура на групата-Гостивар*

| | | **Членови во семејството** | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2 | 3 | 4 | 5 + | |
| **Структура на групата** | Делото не сторено во група | 2 | 5 | 27 | 47 | 81 |
| | Хомогена група (14-18) | 29 | 71 | 210 | 365 | 675 |
| | Хетрогена група (+18) | 2 | 13 | 18 | 53 | 86 |
| | Хетерогена група (-14) | 0 | 4 | 6 | 16 | 26 |
| | Хетерогена група (+18,-14) | 0 | 1 | 3 | 7 | 11 |
| Total | | 33 | 94 | 264 | 488 | 879 |

***Табела бр.19*** *Релација на варијабли материјална состојба и број на членови во групата-Гостивар*

| | | Материјална состојба | | Total |
|---|---|---|---|---|
| | | Не задоволува | Задоволува | |
| ВБЧГ | Делото не е сторено во група | 128 | 55 | 183 |
| | Делото е сторено во група од 2 лица | 132 | 76 | 208 |
| | Делото е сторено во група од 3 лица | 159 | 54 | 213 |
| | Делото е сторено во група од 4 и + | 179 | 97 | 276 |
| Total | | 598 | 282 | 880 |

***Табела бр.20*** *Релација на варијабли кривично дело структура на групата-Гостивар*

| | | Структура на групата | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не сторено во група | Хомогена група (14-18) | Хетрогена група (+18) | хетерогена група (-14) | Хетерогена група (+18,-14) | |
| КД | 236 | 58 | 135 | 92 | 42 | 22 | 349 |
| | 235 | 17 | 28 | 9 | 3 | 7 | 64 |
| | 242 | 15 | 17 | 34 | 4 | 4 | 74 |
| | 297 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| | 396 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | 300 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 130 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| | 215 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 188 | 5 | 2 | 3 | 1 | 0 | 11 |
| | 237 | 12 | 17 | 24 | 4 | 4 | 61 |
| | 131 | 4 | 7 | 5 | 3 | 0 | 19 |
| | 386 | 34 | 77 | 31 | 29 | 12 | 183 |
| | 201 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | 12 |
| | 268 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 6 |
| | 383 | 1 | 4 | 1 | 1 | 2 | 9 |
| | 123 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 4 |
| | 243 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 384 | 1 | 13 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| | 132 | 0 | 3 | 3 | 1 | 1 | 8 |
| | 288 | 1 | 5 | 2 | 2 | 0 | 10 |
| | 382 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | 193 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | 366 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | 385 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | 358 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 216 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| | 286 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 238 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| | 144 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| | 187 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 179 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 200 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| | 274 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | 133 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | 133 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Total | | 175 | 340 | 218 | 93 | 54 | 880 |

***Табела бр. 21*** *Санкции кај сторители*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Засилен надзор од родител или сатарател | 1369 | 38,2 | 38,3 | 38,3 |
| | Засилен надзор од социјален орган | 543 | 15,2 | 15,2 | 53,5 |
| | Укор | 16 | ,4 | ,4 | 53,9 |
| | Упатување во воспитно-поправен дом | 73 | 2,0 | 2,0 | 56,0 |
| | Упатување во воспитно-поправна установа | 898 | 25,1 | 25,1 | 81,1 |
| | Затвор за деца | 399 | 11,1 | 11,2 | 92,3 |
| | Се запира постапката поради нецелисходност (во тек е друга мерка) | 256 | 7,1 | 7,2 | 99,4 |
| | Се запира постапката поради недокажана вина | 18 | ,5 | ,5 | 99,9 |
| | Засилен надзор од родител+социјален орган | 1 | ,0 | ,0 | 99,9 |
| | Не се поведува постапка | 1 | ,0 | ,0 | 100,0 |
| | Вонсудска спогодба | 1 | ,0 | ,0 | 100,0 |
| | Total | 3575 | 99,8 | 100,0 | |
| Missing | System | 6 | ,2 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

***Табела бр.22*** *Кривични дела кај сторители*

| | | Frequency | % | Valid % | Cumulative % |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 236 | 1508 | 42,1 | 42,1 | 42,1 |
| | 235 | 352 | 9,8 | 9,8 | 52,0 |
| | 242 | 241 | 6,7 | 6,7 | 58,7 |
| | 297 | 337 | 9,4 | 9,4 | 68,1 |
| | 292 | 30 | ,8 | ,8 | 68,9 |
| | 396 | 17 | ,5 | ,5 | 69,4 |
| | 301 | 24 | ,7 | ,7 | 70,1 |
| | 300 | 22 | ,6 | ,6 | 70,7 |
| | 130 | 47 | 1,3 | 1,3 | 72,0 |
| | 215 | 20 | ,6 | ,6 | 72,6 |
| | 188 | 32 | ,9 | ,9 | 73,5 |
| | 237 | 215 | 6,0 | 6,0 | 79,5 |
| | 131 | 80 | 2,2 | 2,2 | 81,7 |
| | 244 | 2 | ,1 | ,1 | 81,8 |
| | 386 | 351 | 9,8 | 9,8 | 91,6 |
| | 201 | 21 | ,6 | ,6 | 92,2 |
| | 177 | 3 | ,1 | ,1 | 92,2 |
| | 268 | 24 | ,7 | ,7 | 92,9 |
| | 136 | 3 | ,1 | ,1 | 93,0 |
| | 383 | 27 | ,8 | ,8 | 93,7 |
| | 123 | 11 | ,3 | ,3 | 94,1 |
| | 243 | 8 | ,2 | ,2 | 94,3 |
| | 384 | 47 | 1,3 | 1,3 | 95,6 |
| | 231 | 3 | ,1 | ,1 | 95,7 |
| | 350 | 3 | ,1 | ,1 | 95,8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 132 | 18 | ,5 | ,5 | 96,3 |
| | 285 | 2 | ,1 | ,1 | 96,3 |
| | 288 | 24 | ,7 | ,7 | 97,0 |
| | 382 | 8 | ,2 | ,2 | 97,2 |
| | 193 | 5 | ,1 | ,1 | 97,3 |
| | 366 | 7 | ,2 | ,2 | 97,5 |
| | 385 | 3 | ,1 | ,1 | 97,6 |
| | 358 | 5 | ,1 | ,1 | 97,8 |
| | 216 | 11 | ,3 | ,3 | 98,1 |
| | 286 | 5 | ,1 | ,1 | 98,2 |
| | 238 | 8 | ,2 | ,2 | 98,4 |
| | 144 | 6 | ,2 | ,2 | 98,6 |
| | 187 | 3 | ,1 | ,1 | 98,7 |
| | 261 | 3 | ,1 | ,1 | 98,8 |
| | 247 | 6 | ,2 | ,2 | 98,9 |
| | 258 | 5 | ,1 | ,1 | 99,1 |
| | 179 | 4 | ,1 | ,1 | 99,2 |
| | 200 | 4 | ,1 | ,1 | 99,3 |
| | 274 | 3 | ,1 | ,1 | 99,4 |
| | 190 | 1 | ,0 | ,0 | 99,4 |
| | 133 | 4 | ,1 | ,1 | 99,5 |
| | 133 | 4 | ,1 | ,1 | 99,9 |
| | 149 | 1 | ,0 | ,0 | 100,0 |
| | 288 | 1 | ,0 | ,0 | 100,0 |
| | Total | 3580 | 100,0 | 100,0 | |
| Missing | System | 1 | ,0 | | |
| Total | | 3581 | 100,0 | | |

***Табела бр.23*** *Релација на варијабли материјална состојба и семејство и број на членови во групата*

| | | **Вкупен број на членови во групата** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делото не е сторено во група | Делото е сторено во група од 2 лица | Делото е сторено во група од 3 лица | Делото е сторено во група од 4 и повеќе лица | |
| **МС** | Незадоволува | 565 | 647 | 589 | 579 | 2380 |
| | Задоволува | 284 | 278 | 217 | 398 | 1177 |
| Вкупно | | 849 | 925 | 806 | 977 | 3557 |
| **С** | Функционално | 381 | 445 | 382 | 409 | 1617 |
| | Дисфункционално | 468 | 480 | 426 | 568 | 1942 |
| Вкупно | | 849 | 925 | 808 | 977 | 3559 |

**ПРИЛОГ 2:** *Табела за евиденција на податоци во основните судови*

**ИСТРАЖУВАЊЕ – ОСНОВЕН СУД** СКОПЈЕ/БИТОЛА/ШТИП/ГОСТИВАР

| Години | Членови во семејство | Тип на семејство | Материјална состојба | Рецидивизам | Група и карактеристики на групата | Санкција | К.дело |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**ПРИЛОГ 3 -** *Анкетен прашалник*

*Почитувани,*

*Јас сум М-р Шушак Ивона, докторант на Факултетот за безбедност во Скопје.*

*Во рамките на завршниот дел од моето истражување, при изработката на докторска дисертација спроведувам анкета со вработените кои работат на оваа проблематика во сите Центри за социјална работа.*

*Во прилог ви го доставувам електронскиот прашалник и ве замолувам истиот да биде одговорен од барем еден претставник од тимот кој што работи со деца сторители на кривични дела во вашата установа (може и од сите).*

*Свесна сум дека учествувањето во ова истражување ќе бара време и напор, но без Ваша соработка и помош тоа не би се реализирало.*

*Анкетата е анонимна и добиените резултати ќе ми бидат од од непроценлива важност, а ќе се користат исклучиво во научни цели и ќе бидат во функција на објаснување на претпоставките во истражувањето.*

*Ви благодарам на соработката.*

*Авторот*
*М-р Ивона Шушак*

1. Во Центарот за социјални работи сум вработен во својство на :
- Правник
- Социјален работник
- Педагог
- Психолог

2. Од кога работите во оваа установа?

3. Што мислите за состојбата на детското престапништво денес и колку неговите појавни облици се измениле во однос на времето кога сте започнале да се занимавате со истото?

4. Ако промени настанале, што сметате дека ги предизвикало таквите промени?

5. Дали би се согласиле со констатацијата дека криминалитетот кај децата е групен феномен ?
- Да, децата доминантно кривичните дела ги извршуваат во група составена од две или повеќе лица.
- Не, децата доминантно самостојно ги извршуваат кривичните дела.

6. Од вашето досегашно искуство, колку често децата ги сторуваат делата во група?
- Многу често, во повеќе од 50 % од случаите.
- Не многу често, 30-50 % од случаите
- Многу ретко, во помалку од 20 % од случаите
- Речиси никогаш

7. Кога делата се сторуваат во група, од колку членови е најчесто составена таа?
8. Од вашето досегашно искуство сметате дека овие групи :

- Се формираат спонтано, со цел извршување на кривичното дело, по чие завршување се распаѓаат како што и биле формирани.
- Се цврсто структурирани, внатрешно хомогени и солидарни групи, во кои се создава и негува посебна субкултура т.н. банди или гангови.

9. Од вашиот апект на практичар, зошто едно дете најчесто пристапува кон група која извршува кривични дела?

10. Дали според вас природата на самото дело влијае врз одлуката истото да се стори во група од две или повеќе лица?
- Да
- Не

11. Според вашето досегашно искуство, кои се најчестите кривични дела кои децата ги сторуваат во група?

12. Според вашето досегашно искуство, дали може да се извлечете некои генерални карактеристики на децата кои делата ги сторуваат во група? (Пол, возраст, социјален/семеен статус, место на живеење, успех во училиште, присуство на социопатолошки појави и сл.)

13. Дали сметате дека сторувањето на делото во група понатаму влијае врз повторната одлука на децата да сторат кривично дело (рецидивизам)?
- Да
- Не

14. Дали установите за згрижување на деца или установите каде децата издржуваат некоја заводска мерка или казна ги препознавате како '"извориште" на ваквите криминални групи?
- Да
- Не

Ви благодарам на одвоеното време
Откако ќе го одговорите прашалникот само притиснете на копчето SUBMIT

**ПРИЛОГ 4 -** *Сет истражувачки прашања- Воспитно поправен дом*

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Возраст | |
| 2. | Етничка припадност | |
| 3. | Каде живеевте пред да дојдете тука? | |
| 4. | Колку членови брои вашето семејство? | |
| 5. | Дали вашите родители се грижат за вас, за вашите браќа/сестри? | |
| 6. | Дали вашите родители работат нешто? | |
| 7. | За кое кривично дело си тука? | |
| 8. | Сам го стори делото, или имаше уште некој со тебе? | |
| 9. | Колку вкупно лица бевте? | |
| 10. | Сите бевте деца или имаше и некој возрасен со вас? | |
| 11. | Од каде ги познаваш тие лица? | |
| 12. | Чија беше идејата да го сторите делото...твоја? | |
| 13. | Ако не беше твоја, зошто го стори делото? Те натера некој? | |
| 14. | Дали претходно го планиравте делото, се договаравте како, што ќе правите? | |
| 15. | Ако беше сам ќе можеше да го извршиш делото? | |
| 16. | Тогаш зошто се здруживте? | |
| 17. | Други дела имаш сторено? | |
| 18. | Со истите лица или со други? | |
| 19. | Дали повторно ќе бидеш во комуникација со тие лица откако ќе излезеш од тука? | |